**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# *ЈОВАН СКИЛИЦА КАКО ИЗВОР ЗА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА*

(ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)

Кандидат:
м-р Ѓорѓиева Даниела

Ментор:
проф. д-р Александар Атанасовски

**Скопје**

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД…………………………………………………………………… 4**

**ГЛАВА ПРВА…………………………………………………………….6**

1. *ЖИВОТОТ И ДЕЈНОСТА НА ЈОВАН СКИЛИЦА*…………………..,…**6**

2. *РАКОПИСНА ТРАДИЦИЈА И ИЗДАНИЈА*............................................**12**

**ГЛАВА ВТОРА…………………………………………………………..14**

*ЈОВАН СКИЛИЦА ЗА СОЗДАВАЊЕТО НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА 969 ГОДИНА*..........................................................................................................**14**

1. *ОБНОВУВАЊЕ НА ВИЗАНТИСКО - БУГАРСКИОТ ДОГОВОР И СМРТТА НА БУГАРСКИОТ ЦАР ПЕТАР*…………………………………………………**14**

2.*ВОСТАНИЕ НА КОМИТОПУЛИТЕ ОД 969 ГОДИНА*…………………....**19**

**ГЛАВА ТРЕТА…………………………………………………………..29**

*ЈОВАН СКИЛИЦА ЗА СУДИРИТЕ ОД 976 ДО 986 ГОДИНА*……………..**29**

1. *ВОСТАНИЕТО ОД 976 ГОДИНА*……………………………………...**29**

2. *ПРВИТЕ ГОДИНИ ОД ВОЈУВАЊЕТО*……………………………….**34**

3. *ПРОШИРУВАЊЕ НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА НА ЈУГ*……………….**35**

4. *ОСВОЈУВАЊЕТО НА ЛАРИСА 985 ГОДИНА*……………………………..**37**

5. *БИТКАТА КАЈ ТРАЈАНОВАТА ПОРТА 986 ГОДИНА*……………………..**45**

6.*ПОХОДОТ НА ЗАПАД-КОН ДУКЉА И ДАЛМАЦИЈА*…………………......**56**

**ГЛАВА ЧЕТВРТА…………………………………………………………73**

*ПОСЕТАТА НА ЦАРОТ ВАСИЛИЈ II НА СОЛУН И ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ОДБРАНА НА ГРАДОТ*……………………………………………………..**73**

1. *СКИЛИЦА ЗА ПОХОДОТ НА САМУИЛ НА СОЛУН 995 ГОДИНА*……..**80**

2. *БИТКАТА КАЈ РЕКАТА СПЕРХЕЈ 996 ГОДИНА*…………………………**82**

**ГЛАВА ПЕТТА…………………………………………………………96**

1. *ИМПЕРАТОРОТ ВАСИЛИЈ II ГО НАПАЃА ВИДИН 1002 ГОДИНА*…….**96**

2. *БИТКАТА КАЈ СКОПЈЕ 1004 ГОДИНА*.....................................................**105**

**ГЛАВА ШЕСТА……………………………………………………….108**

1. *ВОЈНАТА ОД 1004 ДО 1014 ГОДИНА*……………………………………**108**

2. *БИТКАТА КАЈ БЕЛАСИЦА 1014 ГОДИНА*………………………………**113**

3. *СКИЛИЦА ЗА НАСЛЕДНИЦИТЕ НА ЦАРОТ САМУИЛ*…………………**121**

4. *ПРОПАСТА НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА 1018 ГОДИНА*………………**148**

**ГЛАВА СЕДМА……………………………………………………….170**

*СКИЛИЦА ЗА ВОСТАНИЈАТА ВО ЕДИНАЕСЕТТИОТ ВЕК*………………….**170**

**ЗАКЛУЧОК………………………………………………………………208**

*ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА*…………………………………………………….**213**

# ВОВЕД

Јован Скилица е византиски хроничар кој што ги следи историските настани што се случувале низ целата Империја. За нас значаен е оној дел од неговата работа во кој што се зборува за настаните поврзани со македонската средновековна држава, како и со византиско - македонските воени судири. Хроничарот своите истражувања ги вршел од временска дистанца од речиси еден век од врмето кога тие настани се случиле. Резултат на неговата работа е хрониката *Synopsis Historiarum* - Преглед на настаните, која што е релевантен извор од византиска провиниенција за погоре споменатите настани, а за некои од нив и единствен извор.

Според советот на мудрецот прво ќе одговориме на прашањето кој бил и од каде потекнувал нашиот извор Јован Скилица а потоа ќе се навратиме на неговат хроника. Според она што самиот го вели за себе дознаваме дека бил современик на големиот мислител и филозоф и многупочитуваниот Псел. А за тоа од каде потекнувал дознаваме од податокот дека Скилица бил познат како Јован наречен Тракезијанецот, оттука се доаѓа до заклучокот дека Јован Скилица потекнува од темата Тракезија. Јован Скилица живеел кон крајот на XI век. и му бил современик и човек од доверба на византискиот цар Алексиј I Комнен (1081 - 1118) кому што во 1092 година му испратил труд од областа на правото, на што овој му оговорил во форма на новела. Нашиот извор извршувал високи државни функции како куропалат и друнгар на вигла, и поради длабокото пријателство со царот бил добро упатен во се што се случувало на дворецот и ги знаел и најдобро чуваните тајни и на дворецот и во целото царство.

Делото на Скилица, хрониката *Synopsis Historiarum - Преглед на настаните,* го опфаќа периодот од 811 до 1057/79 година.[1] Хрониката што ја имаме пред нас е од редот на царските хроники, бидејќи во неа му е отстапено посебно поглавије на секој цар за кого што пишува.[2] Но историчарот не се придржува кон хронолошкиот ред, така што случувањата за време на еден владетел знае да ги употреби како основна тема на која што ќе ги надоврзе

[1] *Византиски извори за историју народа Југославије*, том III, Београд, 1966, (понатаму *Византиски извори,* III), 51

[2] *Византиски извори,* III, 52

подоцнежните настани.[3] Исто така се случува да се врати наназад за да опише споредни настани кои што довеле до одредени ситуации, да поврзува во една целина настани кои што се случиле предходно, да антиципира други настани, да повторува веќе споменати настани заради нивно подобро разбирање, без оглед на нивниот хронолошки тек.

Скилица си дал за задача врз основа на усните сведоштва и постари извори кои што според него биле неточни и теденциозни да напише ново историско дело исчистено од сите недостатоци. За времето од 811 година до средината на X век нашиот автор се служи со Теофановиот Продолжувач и со делото на Генесиј. Што се однесува за времето од крајот на X и почетокот на XI век и за првата половина на XI век хроничарот се служи со дела на автори кои што се денес недостапни за нас, како што се : Теодор од Севастија, односно Теодор од Сид, Димитрија од Кизик и Јован од Лид.[4] Значењето на Склица лежи токму во тоа што за речиси еден цел век неговата историја е највреден и најрелевантен извор [5]

Хрониката *Synopsis Historiarum* - *Преглед на настаните,* за нас е значајна затоа што во себе содржи податоци поврзани со средновековната македонска држава, го опишува времето на нејзиното постоење, односно ги следи настаните од нејзиното создавање преку востанието во 969 година се до паѓањето под византиска власт 1018 година. Исто така хрониката на Скилица содржи податоци и за востанијата кренати во Македонија во единаесетиот век.

На крајот дозволете ни да кажеме дека токму поради тоа што оваа хроника во себе содржи значајни податоци за македонската средновековна држава беше доволен предизвик да се зафатиме со проучување на ова историско четиво со цел во поглавјата што следат да ги разгледаме подетално известувањата на Скилица за тие настани и со тоа да дадеме придонес кон расветлувањето на настаните од нашата средновековна историја.

---

[3] *Византиски извори* III, 52
[4] *Исто*, 52
[5] *Исто*, 52

## ГЛАВА ПРВА

### 1. *ЖИВОТОТ И ДЕЈНОСТА НА ЈОВАН СКИЛИЦА*

Римјаните велат : Historia magistra vitae est. Историјата е учителка на животот. Византијците себе си се сметеле за Римјани и се нарекувале Ромеи. Подоцна некој учен рекол : Пред да ја проучиш историјата проучи го историчарот што ја пишува. Историчарот Јован Скилица е Ромеј и го напишал делото *Synopsis Historiarum* - *Преглед на настаните*, кое што е предмет на ова истражување.

Јован Скилица зазема значајно место кога станува збор за македонската историја, за периодот од втората половина на X и XI век, тој е најрелевантниот извор од византиска провиниенција. За него знаеме многу малку. Кедрен според едни собирачот а според други препишувачот на хрониката на Скилица, во предговорот на својот труд вели : „ ο πρωτοβεστιάριος Ιωάννης ο Θρακησιος το επωνιμον протовестиарот Јован наречен Тракезијанецот ” Оттука се доаѓа до заклучокот дека Јован Скилица потекнува од темата Тракезија[6].

Самиот Скилица за себе вели дека е современик на Михаил Псел (1018 - 1078) „ ἐπεχείρεσαν μὲν γάρ τινες οἷον ὁ Σικελιώτης διδάσκαλος καὶ ὁ καθ᾽ ημᾶς ὕπατος τῶν φιλοσόφων καί ὑπέρτιμο ὁ Ψελλος, καὶ πρὸς τούτοις ἑτερι. Имено значи потекнувам од времето на единствениот Сикелски учител и од никого не надминатиот философ и многупочитуваниот Псел[7] ”.

Унгарскиот учен Моравчик[8] наведува дека Скилица живеел во втората половина на X и XI век. Српскиот историчар Б. Прокиќ уште 1910 укажал на овој податок и тоа на многу конкретен начин : „ Од меморандумот што во 1092 година Скилица му го испратил на царот Алексиј I Комнен (1081 - 1118), се гледа дека авторот живеел во тоа време и додава дека „ за време на неговото владеење Скилица како што е наведено бил на висока државна функција и

---

[6] Антолјак С., *Средновековна Македонија*, том први, Мисла, Скопје, 1985, 89 (понатаму Антолјак, Средновековна Македонија).

[7] Ioannis Scylitzae, *Synopsis Historiarum*, editio princes recensuit Ioannes Thurn apud W alter de Gruyter et socios Berolini et novi eboraci MCMLXXIII, 3 ; Michel Psellos, Chronographie I - II, ed. E. Renauld, Paris, 1926, 1928 ; *Византиски извор.* III, 219 - 226.

[8] Gyla Moravscik, *Byzantinoturcica I, Die byzantinishen quellen der geschichte der tũrkvolkvlker; II : Sprachreste der Turkvfolker in den byzantinischen Quellen, Budapest,* 1942, 1943. Ново издање 1958.

истовемено и творел.” Понатаму Прокиќ истакнува дека авторот на меморандумот бил носител на висок ранг и чин на куропалат и друнгар на царската телесна гарда”[9].Имено според Прокиќ, куропалатот и друнгар на вигла, во 1092 година му го испратил на царот Алексиј својот труд од областа на правото, на што овој му оговорил во форма на новела[10]. Додека Прокиќ со сигурност тврди дека составувачот на овој текст е Јован Скилица, Ѓ. Моравчик го застапува мислењето дека е мошне веројатно тој да е авторот, исто како и Ј. Ферлуга кој се надоврзува на предходниов[11].

Постои уште еден податок кој што според Прокиќ се однесува на Скилица. Тој вели : , ако Јован Скилица што е сосема веројатно е писател на вториот дел на хрониката која започнува со 1057 а завршува со 1079 година, тогаш тоа преставува уште еден доказ дека тој живеел и работел кон крајот на XI век. Затоа што писателот на вториот дел на хрониката раскажува за востанието во Македонија во 1073 година, под водство на Бодин (1081 - 1101 година), и вели дека Бодин владеел во Дукља во негово време, значи во времето кога писателот живеел[12].

Б. Радојчиќ го преведува овој дел од текстот од така наречениот продолжувач на Скилица со следниве зборови : „ Тој (Бодин) по смртта на неговиот татко не ја загуби својата моќ, речиси до денешен ден ”[13]. Инаку овој анонимен автор, на едно место во истото дело во поглавјето во кое зборува за истото востание вели : „ за што погоре се раскажува во детали ”. Како што е познато продолжувачот на хрониката на Скилица која започнува со 1057 година не го опфаќа времето на встанието на Делјан и токму поради тоа не дава никакви податоци за него, вели Радојчиќ. Според него продолжувачот се повикува на хрониката на Скилица во која што ова востание е опишано во детали[14].

Додека Прокиќ врз основа на овој податок во врска со владеењето на Бодин, претпоставува дека Скилица живеел и работел кон крајот на XI век,

---

[9] Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 90.

[10] *Исто*, 90.

[11] *Византиски извори,* III, ...51 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 90 - 91.

[12] Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 91. ; Прокиќ Б., *Постанак једне словенске царевине у Маћедонији у X веку*, Глас Српске краљевске Академије, (СКА), LXXVI, Београд, 1908.

[13] *Византиски извори,* III, 51, ; А нтолјак С., *Средновекона Македонија*, 91.

[14] *Византиски извори,* III, 51, ; Антолјак С., *Средновекона Македонија Исто,* 91.

Радојчиќ го тврди токму спротивното. Тој всушност смета дека „ овој интересен податок заслужува посебно внимание бидејќи од него се гледа дека продолжувачот на хрониката на Скилица творел за време на владеењето на Бодин, а и потоа, и дека делото го завршил најрано во првите години на XII век. Со тоа уште повеќе се намалува можноста за утврдување на авторството на Скилица за овој втор дел од хрониката[15] ". Ние овде ќе додадеме дека Скилица или според некои неговиот продолжувч вели дека ; „ по смртта на неговиот татко владее до денешно време ", а тоа значи дека тој владеел и живеел во исто време со авторот на хрониката. Сето тоа се случувало во XI век, поточно во последните години од тој век.

И конечно во Wiener Schrift (Cod. Vindobon. Hist grace. 35) се запишани споменатите почести на Скилица, куропалат и друнгар на вигла. Насловот на неговата хроника гласи : Ἰωάννου Κουροπαλάτου και γεγονότος Δρουγγαρίου της Βιγλας του Σκυλίτζης επιτομη ιστοριας.

Тоа би било се што досегашната историска наука знае за овој истакнат византиски писател, врз основа на изворите кој - според Моравчиќ - умрел во последните години на XI век, и уште додава дека за животот и личноста на Скилица ништо повеќе не е познато[16]. Ј. Ферлуга „ исто така смета дека хроничарот умрел во последните години на XI век " и пишува дека тој „ и покрај тоа што бил истакната личност, не се спомнува во ниеден современ извор и дека тоа е се што се знае за неговиот живот и творештво[17] ".

Но пред да изнесеме нешто повеќе во врска со Скилица, ќе се обидеме да заклучиме поконкретно до која година овој писател бил составувач на својата хроника. Ова е мошне важно за поточно запознавање на неговата личност. Имено во предговорот на Мињеовото издание на хрониката на Скилица се споменува дека во 1065 година Кедрен ја прекинал својата хроника а Скилица ја продолжил до 1080 година. Прокиќ[18] смета дека е многу веројатно Скилица да е составувач на оној дел од хрониката што го зафаќа периодот од 1057 до 1079 година. Ѓ. Моравчик обработувајќи го животот и делото на Скилица, кои што според негово мислење се опфатени во временскиот период од 811 до 1058

---

[15] *Византиски извори,* III, 173.

[16] Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 92.

[17] Gyla Moravscik, *Byzantinoturcica, I, Die byzantinishen quellen der geschichte* ; *Византиски извори,* III, 51

[18] *Византиски извори,* III, 51 ; Прокиќ Б., *Постанак.*

година, вели дека некои ракописи ги регистрираат настаните од 1057 до 1079 година. Сепак според заклучокот на Моравчик, а врз основа на неговите истражувања, продолжението не е дело на Скилица туку на неговиот продолжувач „ (continuatus) ”. Г. Острогорски според кого Скилица својата хроника ја напишал кон крајот на XI век, го застапува истото мислење како и Моравчик, не само во поглед на одредувањето на временскиот период (811-1057), туку и во поглед на фактот што врз основа на новите истражувања укажува на тоа дека продолжението на хрониката од 1057 до 1079 година „ преставува компилација на еден непознат автор ”. Потоа додава дека тоа продолжение „ нема никаква вредност[19] ”. Ј. Ферлуга во тој однос оди уште подалеку. Тој тврди дека некои ракописи од Скилица завршуваат со 1078 година. Сепак кога се имаат предвид и другите податоци, нему му се чини „ дека продолжението од 1057 година не е дело на Скилица, туку на некој непознат писател[20] ”

Ова дело „ е напишано кон крајот на XI век, во времето на владењето на царот Алексеј I Комнен (1081 - 1118) ”. Некои од неговите ракописи досегаат до 1057 година, а латинскиот превод на Габиус завршува со доаѓањето на власт на Исак I Комнен. „ На прашањето со која година завршува делото на Скилица во науката сеуште нема прецизен одговор, бидејќи има ракописи во кои тоа завршува со 1078 па дури и 1081 година, заклучува Ферлуга во своето излагање.[21] ” Б. Радојчиќ е уште порешителен од Ферлуга, затоа што потпирајќи се врз тврдењата на Моравчик ги прифаќа „ подоцнежните истражувања ” кои „ водат кон убедувањето дека ова продолжение не потекнува од Јован Скилица, туку од еден непознат автор ” и додава : „ од зборовите на самиот автор може да се види дека тој творел во првите години на XII век ” [22].

И покрај сите овие мислења, ние сметаме дека прашањето за двојното авторство на Скилица воопшто не е решено, но се прават обиди и покрај скудните изворни материјали, конечно да се даде одговор на ова прашање а со тоа да се зголеми вредноста на хрониката во целост. Познато е дека во насловот на оваа ракописна хроника на Скилица, авторот се нарекува Јован Скилица

---

[19] Gyla Moravscik, *Byzantinoturcica I, Die byzantinishen quellen der geschichte* ; Острогорски Г., *Историја на Византија*, Наша Книга, Скопје, 1992. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 93.

[20] *Византиски извори,* III, 51.

[21] *Исто,* 51.

[22] *Византиски извори,* III, 173. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 94.

куропалат и друнгар на вигла. Никој до сега не се занимавал со оваа титула на Скилица. Дури ни Диканж не наведува дека Скилица бил носител на овие чинови. Во секој случај, оваа значајна и ретка титула на куропалат им се доделувала само на истакнати личности и на оние кои му биле блиски на владетелот.[23]

Тоа значи дека Скилица за време на владењето на царот Алексиј I Комнен бил во голема милост и стекнал голем углед, така што покрај постојаната титула куропалат, која доаѓа веднаш по титулата цезар (caesar) и нобилисим (nobilisimus), ја добил и титулата велики друнгар и протовестијариј. Високата титула на Скилица прво куропалат па потоа велик друнгар на вигла, укажува на тоа дека тој бил многу угледен и истакнат човек, во ранг на војсководец, кој дури како повозрасен се задоволил со титулата протовестијариј[24].

Врз основа на се што досега е кажано, може да се заклучи следното : Во изворите се среќава само името на хроничарот Јован а само на едно место се среќава и неговото презиме Скилица. Според веќе наведените изворни цитати од хрониката на Скилица, како и од правниот запис од 1092 година може да се утврди дека писателот живеел во времето на цар Бодин од Дукља кого што го наджовеал[25].

Тоа значи дека нашиот хроничар живеел до крајот на XI век, но во никој случај во почетокот на XII век. Јован Скилца ја напишал својата хроника кон крајот на XI а не во почетокот на XII век односно во времето на владеењто на Бодин. Според изворните цитати од истата хроника како и според она „ за што погоре се раскажува во детали ” (кога станува збор за Делјан) и „ речиси до денешен ден ” (кога станува збор за востанието на Војтех и Бодин), може да се заклучи дека Јован Скилица е составувач на целата хроника која го опфаќа периодот од 811 до 1078/79 година, а не само до 1057 година, а доказ за тоа е целата нејзина содржина и нејзиниот континуитет[26].

Кој всушност бил Скилица и од каде потекнува, (дали е тоа Мала Азија - ако се има предвид само изразот „ Тракезија ” или можеби во Јужна Италија ако за Јован се прифати само презимето „ Скилица ”). Тоа прашање сеуште останува без одговор, исто како и неговото презиме во латинска транскрипција Scylitzes,

[23] Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 94 - 95.
[24] Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 95.
[25] *Исто,* 95.
[26] *Исто,* 95.

(сочувано во генитив)[27]. Врз основа на внимателното споредување на целиот текст од оваа мошне важна хроника со останатите современи и малку подоцнежни хроники може приближно да се утврди каква личност бил тој - имено дека бил близок со царот со кого бил во постојана комуникација, дека ја имал царската доверба, имал слободен и непречен пристап до дворската архива и бил упатен во најголемите тајни на дворецот[28].

На крајот од сето погоре наведено може да се заклучи дека пред нас го имаме делото на Јован Скилица или Јован Тракезијанецот, кој што бил на високи државни функции како куропалат и друнгар на вигла, и човек кој бил близок пријател на византијскиот цар а воедно и негов човек од доверба, поради тоа бил добро упатен во се што се случувало на дворецот и ги знаел и најдобро чуваните тајни и на дворецот и во целото царство.

Што се однесува до неговото творештво познато е дека Скилица е автор на хрониката *Synopsis Historiarum - Преглед на настаните,* напишана кон крајот на единаесеттиот век. Ова дело за нас е значајно затоа што зборува за востанието во 969 година кренато од нашите македонски принцови, четирите браќа Давид, Мојсеј ,Арон и Самуил, и за периодот кога државата била во зенитот на својата моќ на чело со нашиот храбар цар Самуил, се до паѓањето под византиска власт 1018 година. Исто така хрониката на Скилица содржи податоци и за востанијата кренати во Македонија во единаесетиот век едното предводено од Петар Делјан а другото од Георги Војтех.

Хрониката *Synopsis Historiarum - Преглед на настаните*, го опфаќа периодот од 811 до 1057/79 година.[29] Таа се вбројува во редот на царските хроники, затоа што на времето на владеењето на секој цар за кого што пишува му е посветено посебно поглавје.[30] Но историчарот не се придржува кон хронолошкиот ред, така што случувањата за време на еден владетел знае да ги употреби како основна тема на која што ќе ги надоврзе подоцнежните настани.[31]

---

[27] Можеби презимето Scylitzes сочувано во генитив може да послужи како потврда за авторството на споменатиот автор на хрониката *Synopsis Historiarum - Преглед на настаните,* затоа што генитивот како падеж означува припадност или дел од целината, затоа може да се каже дека генитивската форма во која што е зачувано презимето на авторот значи дека хрониката му припаѓа на Јован Скилица, односно е настаната од неговото перо, со други зборови дека е напишана од Јован Скилица.

[28] *Византиски извори,* III, 178, 179, 185 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 96

[29] *Византиски извори,* III, 51

[30] *Византиски извори,* III, 52

[31] *Византиски извори,* III, 52.

Исто така се случува да се врати наназад за да опише споредни настани кои што довеле до оредени ситуации, да поврзува во една целина настани кои што се случиле предходно, да антиципира други настани, да повторува веќе споменати настани заради нивно подобро разбирање, без оглед на нивниот хронолошки тек.

*2. РАКОПИСНА ТРАДИЦИЈА И ИЗДАНИЈА*

Оргиналниот текст на делото на Скилица се уште не е објавен, но постојат бројни ракописи. Објавен е единствено латинскиот превод направен врз основа на ракопис од венецијанската библиотека Марчане (XIII - XIV век) од крајот на XVI век, приредено од J. B. Gabius. Во употреба е исто така и компилацијата на Георги Кедрен. За животот на Георги Кедрен многу малку се знае. Познато е само дека најверојатно бил монах. Неговото дело *Историја од создавањето на светот до 1057* го носи истиот наслов како и делото на Склица. Се работи за механичка компилација врз основа на постари дела, а тоа особено важи кога станува збор за периодот од 811 - 1057 година. За тој период Кедрен речиси буквално ги пренел зборовите на Скилица. И покрај тоа што оваа компилација нема самостојна вредност, сепак останува во употреба и има значење се до појавата на критичкото издание на делото на Скилица[32]

Поради отсуството на критичко издание на делото на Скилица, употребувани се некои подобри варијанти на ракописи какви што биле оние што ги користел издавачот на делото на Кедрен, Бекер но и некои други ракописи Тоа се следните ракописи : A - Vindobon. hist. grace. 35 (XII v.) ; C - Paris. - Coislin. 136 (XII v. ) ; O3 – Охридски бр 79 (XI в.) и U – Vindob, hist. grace. 74. (XIII - XIV v.) [33]

Особено е важен за македонската историја ракописот U. За тој ракопис De Boor утврдил дека се датира од крајот на XIII и почетокот на XIV век, но дека препишувачот пред себе имал примерок од почетокот на XII век. Тој примерок завршувал со времето на почетокот на владеењето на Исак I Комнен, 1057 година и го напишал епископот Михаил Деволски[34].

Значењето на овој ракопис е во тоа што Деволски внел во него 66 дополни и исправки за периодот од 976 до 1057 година. Во тој ракопис

32 *Византиски извори,* III, 52 - 53
33 *Исто,* 52 - 53.
34 *Византиски извори.* III, 53.

последните четири измени и тоа No.66 - 70 се однесуваат на времето по 1057 година но не ги направил Деволски затоа што ракописот кој што тој го препишувал завршувал со 1057 година[35].

Не е познато кои извори ги користел Деволски за време на внесувањето на исправките и дополнувањата. Според Де Бор може да се утврди дека тие дополни и преправки можеле да бидат направени и врз основа на истите оние извори со кои што се служел самиот Скилица, како на пример од хрониката на Теодор од Севастија. Но тој вестите од неа не ги препишувал буквално туку некои ги скратувал па дури и комплетно ги менувал[36].

Веројатно Михаил Деволски имал и други извори. Но бидејќи Деволската диецеза потпаѓала под градот Охрид, нему секако му била позната историјата на Охридската архиепископија. Се добива впечатокот дека Деволски многу од податоците ги црпел од своето сопствено познавање на историјата на областа во која што живеел[37]. Во внесувањето на исправките многу му помогнало и тоа што го познавал јазикот на локалното население (македонскиот). Сите исправки и дополни се поврзани со историјата на македонскиот народ или со историјата на Охридската архиепископија. Токму од таму доаѓа нивното големо значење[38].

---

[35] *Византиски извори* III, 53.
[36] *Византиски извори.* III, 53.
[37] *Исто,* 53.
[38] *Исто,* 53.

# ГЛАВА ВТОРА

## *ЈОВАН СКИЛИЦА ЗА СОЗДАВАЊЕТО НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА 969 ГОДИНА*

### *1.ОБНОВУВАЊЕ НА ВИЗАНТИСКО - БУГАРСКИОТ ДОГОВОР И СМРТТА НА БУГАРСКИОТ ЦАР ПЕТАР*

За посетата на царот Никифор II Фока на Тракија и за неговото барање до бугарскиот цар Петар да им го забрани на Унгарците преминот преку бугарската територија при нападите на Византија а на тој начи и индиректно за обновувањето на мировниот договор помеѓу Византија и Бугарија од Скилица дознаваме дека : „ τετάρτω δὲ τῆς αὐτοῦ βασιλείας ἔτει μηνι Ἰουνίῳ, της δεκάτη ἰνδικτωνος τὰς ἐν τῇ Θρᾴκῃ πόλεις ἐξῄει ἐπισκεψομενος, καὶ γενόμενος ἄχρι τῆς λεγυμένης μεγάλης τάφρου ἔγραψε Πέτρω τῷ Βουλγαρίας ἄρχοντι, μὴ εἄν τοὺς Τούρκους διαπερᾶν τὸν Ἰστρον καὶ τὰ Ῥωμαίων λυμαίνεσθαι. τούτου δὲ μη᾽ προσέχοντος αλλα παντοίαις ἀφορμαῖς παρακρούντας. τὸν τοῦ ἐκ Χερσῶνος πρωτεύντος υἱὸν ὁ Νικηφόρος τὸν Καλοκουρον πατρικιότητι τιμής ποὸς τὸν ἄρχοντα Ῥωσίας ἔκπἐμπει Σφενδοσλάβον, δωρεῶν ὑποσχἐσεσι καὶ φιλωτιμιῶν οὐκ ολίγων ἀναπειθων ἐκστραττεῦσαι κατὰ Βουλγάρων. πεισθἐντες οὖν οἱ Ῥῶς καί ἐπελθοντες τῇ Βουλγαρίᾳ κατά τὸν Αὔγουστον μῆνα, τῆ ἐνδεκὰτης ἰνδικτιῶνος, πἐμπτῳ τῆς βασιλεὶας ἔτει αὐτοῦ Νικηφόρου, πολλὰς πόλεις χώρας ἠδαφισαν τῶν Βουλγάων, και λεἰαν ὅτι πλεἰστην περιβαλλὁυμεν πέρστρεψαν εἱς τά ἴδια[39] (Четвртата година од неговото владеење во месецот јуни во десетиот индикт замина во контрола на градовите во Тракија и кога пристигна до Големиот Ров му пиша на Петар архонтот на Бугарија да не им дозволи на Турците да го преминат Дунав и да ги уништуваат ромејските поседи. Но бидејќи тој не се покоруваше, туку одбиваше со секакви изговори, Никифор го почести Калокер синот на еден првенец од Херсон со патрикиски чин и го испрати кај руският

---

[39] Scylitzae, *Synopsis Historiarum,* 276 – 277 ; Gorgius Cedrenus, Ioannis Scylitzae ope, Immanuele Bekero, supletus et emendatus, Tomus alter, Bonae impensi ed. walter MDCCCXXXIX, 372 ; Византиски извори, III, 55.

кнез Свјатослав за да се обиде со подароци и почести да го убеди да ја нападне Бугарија, и навистина Русија ја нападна Бугарија во месец август во единаесетиот индикт. Во петата година од неговото владеење Никифор поведе војска во Бугарија и откако уништи многу градови и села и собра голем плен се повлече од таму.)[40]"

Современикот на овие настани византискиот историчар Лав Ѓакон за ова го пишува следното : Ἄρτι δὲ περὶ ταῦτα σχολαζοντι ἄγγελοι τῶν Μυσῶν, πρὸς αὐτόν ἀφιγμένοι τοὺς εἰθισμένους ἀπαιτεῖν ἒλεγον φὀρους τόν ἀρχεγόν ἑαυτων, εφ' ᾡ καὶ αὐτὸς πρὸς τὸν αὐτοκράτορα στεῖλαι τὰ νυν. ὁ δὲ θυμῶν παρὰ τὸ εἰωθός πληρωθεὶς (ἰισχυρογνῴμων γάρ τις ἦν καὶ μὴ ὀργῆ ἅλισκόμενος), καὶ ἀνοιδῄσας ὑππερ τὸ μέτρον, γεγωνοτέρα, τε χρησάμενος, ἥπερ εἲθιστο, τῆ φωνῆ „δεινά Ρωμαιοις " ἔφη „ περιέστηκε νῦν εἰ τοῖς ὅπλοις τὸ ἀντιξουν ἅπαν καταστρεφόμενοι ἒθνει Σκυθικῶ πενιχρῴ τε τῆν ἅλλως καὶ μαιρῷ δίκην ἀνδραπόδων φὀρους ἐκτίσουσι Βάρδαν δὲ τὸν αὔτου γενέτην ἐπιστραφεὶς (ἔτυχε γάρ συνεδρίαζων αὔτῷ, Καῖσαρ ἀναδειχθείς), ἤρετο διαπορούμενος, „ ὁ τι βοὺλοιτο τοῖς Μουσοῖς ἡ τῶν φρόων ἦν τῶν Ῥωμαίων αἰτουσιν εἶσπραξις οἰκέτην ἀρά με γεγεννηκὼς λὲληθας καὶ ὁ τῶ Ῥωμαίων σεβάσμοις βασιλεῦς ἔθνει πενεστάτω καὶ μιαρῷ φὀρουςν τελῶν ἑποκέσομαι " ραπιζεὶν οὖν κατά κοῤῥης θᾶττον τοὺς ἀγγέλους προσέταττε, καὶ „ ἅπιτε " ἔφ η „ καὶ τῷ σκυτοτρώκτη καὶ διαφθερία ὑμῶν ἄρχοντιμ ἀπαγγείλατε, ὡς ὁ τῶν Ρωμαίων κράτιστος καὶ μέγιστος, βασιλεὺς ἐξαυτῆς τῆν σῆν μετελεὺσεται χῶραν, ἐντελεῖς σοι τοὺς φὀρους ἀποδιδοὺς ὡς μάθης τρίδουλος ὢν ἐκ προγόνων, δεσπὸτας τοὺς Ρωμαιων ἡγεμόνας ἀνακηρὺττειν, οὐχ ὡς ἀνδράποδα τούτους φόρους αἰτεῖν[41]" (Кога императорот[42] беше зафатен со тоа[43], кај него пристигнаа пратеници на Мизите и му кажаа дека нивниот господар го бара вообичаениот данок и затоа ги испрати сега кај него. Тој пламна од гнев спротивно на вообичаеното (зашто како човек, со цврст карактер не се лутеше

[40] Scylitzae, *Synopsis Historiarum,* 276 - 277 ; Gorgius Cedrenus, Ioannis Scylitzae ope 372 ; Византиски извори, III, 55. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, издателска къща Анубис, София, 1999, 291, 293, 294, 295, 296, 297. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, издателство на Българската Академия на науките, София, 1994, 15 - 32

[41] Diaconis, *Historia,* 61, 12 - 62, 9 ; Диакон, *История,* 36 ; *ГИБИ* V, 246 - 247 ; *Византиски извори,* III, 55.

[42] Се работи за императорот Никифор II Фока (963 - 969).

[43] Во времето на доаѓањето на бугарските пратеници во Цариград, Византија била во војна со Арабите.

лесно) и многу загрижен рече со повисок глас од вообичаеното : Жално е за Ромеите кои што ги победија сите противници и сега треба да му плаќаат данок како робови на еден беден и презрен скитски народ. Потоа се сврте кон својот татко Варда, кој што ја делеше власта со него, затоа што беше крунисан за цезар и го запраша со двоумење : Што значи тоа дека треба да го соберат тој данок кој што Мизите го бараат од Ромеите? Да не си ме родил и мене роб, без и самиот да знаеш? И јас семоќниот ромејски император да му бидам потчинет на најбедниот и презрениот народ и да му плаќам данок. Потоа заповеда да ги натепаат пратениците и им рече : вратете се и кажете му на вашиот господар облечен во кожи, кожогризец[44], дека семоќниот и велик ромејски император ќе дојде веднаш во твојата земја и ќе ти го плати целиот данок така што ќе научиш ти три кратен роб уште од дедо прededо да ги признаеш за господари ромејските владетели а не да бараш данок од нив како од робови) “[45].

Лав Ѓакон понатаму известува дека императорот Никифор II Фока го испратил патрикиј Калокир во Русија за да со пари и подароци го придобие рускиот водач Свјатослав, да ја нападне Бугарија. Ѓакон ги преставува Русите како користољубиви и алчни и вели дека биле лесно поткупливи. Тој за овој настан пишува : „ ἤλαυνε καὶ Καλοκΰρην ἐκεῖνον τῶ τῶν πατρικίων τιμίσασ αξιώμαι ἅνδρα ἁρμητίαν τἡν ἁλλως θερμουργον, ἐς τοὑς Ταυρουσκὑθος ἐξἐπεμψεν οὔς ἡ κοινἡ διἁλεκτος Ῥῶς εἵςθεν ὁνομαζειν ἐφ᾽ ᾧ διανεἰμαντα τοὑτοις χρυσὁν ὅν αυ᾽τῷ εν᾽εχείρισεν, εἵς κεντηνἁρια πεντεκαίδεκα συγκεφαλαυν μενον ἐς τἤν χὡριν καταγαγεῖν τῶν Μυσῶν, ταὑτην αἴρἡσοντας α᾽λλα᾽ ἁ μἑν Καλοκὑρης ἑς τοὑς Ταυροσκυ᾽θας ἠπειγετο[46]. (Откако го удостои со чин патрикиј некој Калокир кој бил смел човек, и го испрати кај (Тавроскитите во обичниот говор се нарекуваат Руси).

[44] Терминот кожогризец се однесува на бугарскиот цар Петар

[45] Diaconis, *Historia,* 61, 12 - 62 ,9 ; Диакон, *История,* 36 ; *ГИБИ* V, 246 - 247 ; *Византиски извори,* III, 55. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 291, 293, 294, 295, 296 ,297. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 15 - 32.

[46] Diaconis, *Historia,* 61, 12 - 62, 9 ; Диакон, *История,* 36 ; *ГИБИ* V, 246 - 247 ; *Византиски извори,* III, 55

Му даде петнаесет кентенарии злато, за да ги раздели меѓу нив и да ги придобие да отидат во земјата на Мизите, за да ја освојат) "[47].

Според податоците кои што Јован Скилица и Лав Ѓакон ги изнесуваат за византиското пратеништво во Киев, можеме да констатираме дека меѓу двата византиски извори постојат битни разлики. Имено од Ѓакон дознаваме само дека патрикиј Калокир како византиски пратеник заминал во Киев, додека од Скилица дознаваме и дека тој бил син на некој архонт, византиски административен управник во Херсон. Втората разлика помеѓу овие два извори е тоа што Л. Ѓакон не ја наведува годината на византиското пратеништво кај Свјатослав, додека Ј. Скилица соопштува дека пратеништвото на Калокир во Киев пристигнало во 967 година[48].

Од погоре наведеното може да се заклучи дека по смртта на својата сопруга царицата Марија - Ирена која што била гаранција за византиско-бугарскиот мировен договор склучен 927 година, бугарскиот цар Петар знаел дека мора да го обнови мирот со Византија. Поради тоа тој испратил свои пратеници во Цариград за да го земат заостанатиот данок што според него и го должела империјата на Бугарија. Но кога византискиот василевс Никифор II Фока (963 - 969) слушнал што бараат од него многу се разлутил и наредил прво да ги натепаат а потоа да ги вратат пратениците кај нивниот господар со порака дека Византија треба да се почитува како господар, а не од неа да се бара некаков си данок, и дека василевсот ќе дојде да го увери во тоа. Така започнала нова војна со Бугарија, која што се водела во периодот 965 - 966 година.

Византискиот цар Никифор II Фока (963 - 969) со војска навлегол на бугарска територија каде разурнал многу тврдини и собрал голем плен, со што

---

[47] Diaconis, *Historia*, 247 - 248 ; *Повесть времених лет*, Санкт, 244 - 249. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 291, 293, 294, 295, 296, 297

[48] *Византиски извори,* III 55 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 349 - 350 : *Историја на македонскиот народ*, том први, Македонија од предисториско време до потпаѓањето под турска власт (1371 година), ИНИ, Скопје, 2000, 357 - 358. ; Прокиħ Б., *Постанак,* 237 - 238. ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и црковно дипломатските врски на Самуил со Киевска Русија*, 527 - 532. ; Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България VII - XIV век, том 1, 291, 293, 294, 295, 296, 297 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 15 - 32. ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале, Самуиловата држава во историската, воено - политичката, духовната и културната традиција на Македонија*, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица, 2015, 18 - 25.

само го разлутил локалното население и потоа поради зафатеноста со воените судири на истокот се вратил во престолнината. Но тој не ги оставил работите нерешени, имено го испратил патрикиј Калокир во мисија во Киев во 967 година, за да го убеди великиот кнез Свајтослав (946 - 972) да ја казни Бугарија во името на Византија. Работата била добро завршена затоа што веќе наредната 968 година руските кнез ја преминал реката Дунав и водејќи со себе шеесетиљадна војска удрил на Бугарија која што и покрај пружениот отпорот од Бугарите на крајот ја освоил. По овој руски успех Византија сватила дека Русите биле поголема опсност отколку Бугарите и затоа повторно била употребена познатата визнтиска тактика на интриги и подбуцнување и на тој начин ги убедиле Печенезите да го нападнат Киев. Поради тоа Свјатослав се повлекол од Бугарија и заминал да ја одбрани својата престолнина Киев[49]. Но и властите во Цариград не губеле време и во 968 година дошло до потпишување на нов византискио - бугарски мировен договор, а како гаранција на мирот бугарскиот цар Петар ги дал своите два сина Борис и Роман и набргу потоа на 30 јануари 969 година умрел. На бугарскиот престол со дозвола на Византија се искачил неговиот син Борис кој што останал на тронот од 969 до 971 година. Но по успешната одбрана на Киев од печенешката наезда руските велики кнез Свјатослав во летото таа 969 година повторно се појавил во Бугарија, но овој пат со намера да го освои Переславец, Мал Преслав и таму да го направи центарот на своето царство. Успеал во намерата да го освои тој град при што го заробил Борис II со неговото семејство. Византискиот цар Никифор II Фока се обидел нешто да стори но и тој паднал како жртва на атентат истата 969 година[50]

[49] *Византиски извори,* III 55 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 349 - 350 : *Историја на македонскиот народ 1,* 357 - 358. ; Прокиќ Б., *Постанак,* 237 - 238. ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,,* 527 - 532. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 291, 293, 294, 295 ,296, 297 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 15 - 32 ; Атанасовски А., Саракински В. *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,,* 18. -. 25.

[50] *Византиски извори,* III, 55 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 349 - 350 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 357 - 358. ; Прокиќ Б., *Постанак,* 237 - 238. ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 291, 293, 294, 295, 296, 297 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 15 - 32. ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25.

## *2.ВОСТАНИЕ НА КОМИТОПУЛИТЕ ОД 969 ГОДИНА*

Бурните настани од времето на византиско - бугарската и византиско - руската војна биле далеку од македонската територијата. Поради меѓусебните воени судири и поради судирот со киевско - руските сили предводени од кнезот Свјатослав бугарските позиции во делот на Македонија кој што бил под бугарска власт биле ослабени. Во тие краишта иако ослабена сепак постоела бугарската административна управа составена од комитати на чело со месни словенски кнезови комеси кпо што и дотогаш биле на чело на поранешните кнежевства но сега под под бугарска доминација. Така било и во Југозападна Македонија, односно онаму каде што се наоѓало некогашното кнежевство Берзитија, кое што било претворено во комитат на чело со месниот словенски (македонски) кнез (комес) Никола. Неговите синови будно ги следеле предходно наведените случувања и го искористиле моментот погоден за кревање на ослободително востание од бугарската доминација. Така веднаш по смртта на бугарскиот цар Петар во 969 година младите кнезови Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, синовите на кнезот Никола кренале востание против бугарската власт. На тоа Византија одговорила така што побрзала да ги испрати синовите на починатиот бугарски цар Петар, Борис и Роман кои што пак биле во заложништво во Цариград да го земат татковиот престол и да го спречат успешното напредување на младите кнезови, но не успеале во тоа затоа што востанието бргу се проширило и во другите делови на Македонија како резултат на тоа настанало моќното македонско царство на чело прво со тетрарсите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил а потоа на чело решителниот и храбар Самуил.

Византискиот хроничар Јован Скилица[51]вака известува за востанието на македонските кнезови од 969 година : Πέτρως δὲ ὁ τῶν Βουλγάρων βασιλεὺς τῆς γυναικὸς αὐτοῦ θανούσης τὴν εἰρήνην τάχα ἀνανεούμενος σπονδὰς πρὸς τοὺς βασιλεῖς ἔθετο, ὁμήρους δοὺς καὶ τοὺς οἰκείους δύο υἱος Βορίσην καὶ Ῥωμανόν, καὶ μετὰ μικρὸν ἀπειβἰω. οἱ δὲ υἱοὶ αὐτοῦ ἐν Βουλγαρίᾳ ἐπέμφθησαν μετά ταῦτα ἐφ᾽ ᾧ τῆς πατρῴας ἀντισχέσθαι βασιελίας, καὶ τοὺς κομητοπώλους ἀπείρξωσι τῆς πρόσω φορᾶς. Δαβιδ γάρ καί Μωσῆς καὶ

[51] Scylitzae, *Synopsis Historiarum* 255 - 256 ; Cedreni *Compen historiarum*, 81 ; Gorgius Cedrenus, Ioannis *Scylitzae ope, Immanuele* Bekero, supletus et emendatus, Tomus alter, Bonae impensi ed. walter MDCCCXXXIX, 346 - 347. ; *Византиски извори,* III, 55 - 57.

Ἀαρων καὶ Σαμουήλ ἑνὸς ὄντες παῖδες τῶν μέγα δυνηθέντων ἐν Βουλγαρίᾳ κομήτων πρός ἀποστασὶαν ἀπεῖδον καὶ Βουλγάρων ἀνέσειον, καὶ ταῦτα μὲν συνηνέχθη ὧδε. (Петар царот на Бугарите по смртта на својата жена го обнови мирот со царевите и како заложници ги даде своите синови Борис и Роман и набргу почина. Потоа неговите синови беа испратени во Бугарија за да го заземат татковото царство и да ги спречат Давид, Мојсеј, Арон и Самуил синовите на еден многу моќен кнез кои се одметнаа и ја вознемируваа Бугарија, и така се случи.)[52]

За појавата на Комитопулите на историската сцена пишува и византискиот историчар Зонара[53]. Според него : Ὁ μέντοι τῶν Βουλγάρον ἀρχηγετῶν Πέτρος τῆς γυναικὸς αὐτοῦ θανούσης τὰς πρὸς Ῥωμαίους ἀνακαινίζων σπονδὰς ὁμήρους παρεσχε δύο οἰκείους υἱοὺς Βαρίσην καὶ Ῥωμανόν καὶ ὁ μὲν ἀπεβίω, οἱ δ᾽ἐκεινου παῖδες ἀπελθεῖν εἰάθησαν εἰσ τὰ οἰκεῖα καὶ τὴν πατρῴαν ἀρχὴν καταθήσασθαι, ἑνὸς γὰρ τῶν κομήτων τῶν ἐν Βουλγάροις τέσσαρες παῖδες Δαβίδ, Μωσῆς, Ἀαρών, Σαμουήλ ἀποστήσαντες τοὺς Βουλγάρους ἀνέσειον (Петар еден од предводниците на Бугарите откако умре жена му за да го обнови договорот со Ромеите ги даде своите два сина Борис и Роман како заложници и умре. На неговите деца пак им беше дозволено да одат и да ја земат татковата власт, затоа што четирите сина на еден од комитите во Бугарија : Давид, Мојсеј, Арон и Самуил одметнувајќи се ги разбунтуваа Бугарите)[54].

---

[52] Scylitzae, *Synopsis Historiarum,* 255 - 256 ; Cedreni *Compen historiarum,* 81 *Византиски извори,* III, 55 - 57. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 357. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 - 35 ; Прокиќ Б,. *Постанак,* 240 - 256. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 358 – 359 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25. ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и* 527 - 532.

[53] Ioannis Zonarae *Epitomae historiarum,* tomus III libri XIII - XVIII ed. Th. Buttner - Wobst, Bonnae 1897. : *Византиски извори,* III, 55 - 57 ; *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојниост и за национална држава,* том први, Скопје, 1981, 89.

[54] Zonarae *Epitomae historiarum* ; *Византиски извори,* III, 55 - 57 ; Молонген - Лероа А., *Синовите на Петар бугарски и Комитопулите, Зборник Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на самуиловата држава,* Скопје, 1973, 63 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 357. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X - XV век /, 32 – 35 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 358 - 359. ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532.

Византискиот поет Јован Геометар исто така се осврнал на настаните поврзани со востанието од 969 година и со појавувањето на Самуила и неговите браќа на историската сцена. Од друга страна тој го означил и моментот на смртта на византискоит император Никифор II Фока кој бил убиен таа 969 година. Тој својот осврт го направил во песната „ Εισ τον κομιτοπουλον На комитопулот[55] ”. Во неа тој вели :

„ Ἑίς τὁν Κομμιτὸπουλον”

Ανω κομἱτης ἔφλεγε τὸν αἰθἑρα,
Κάτω κομήτης πυρπολεῖ τὴν Ἑσπὲραν,
᾿Αστὴρ ἑκεῖνος σὑμβολον τοῦ νῦν σκότους,
῾Εκεῖνος ἡμεροῦτο φοτὶ Φωσφὁρου,
᾿Αλλ ῾αὔτος ἤγθη τῆ δὁσει Νικηφόρου,
Τυφὡς ὁ δεῖνος οὔτος ἑξ᾿ ἀλαστὲρων,
Τά πάντα πιμπερᾶ ποῦ βρχὴματα κράτος
Τοῦ σοῦ στρατηγε` τῆς ἀνικετου ῾Ρώμης,
Φὑσει βασιλεῦ πράγμασι Νικήφορε,
Μικρό προκὑψας τοῦ τἀφου, βροξον λέων,
Δίδαξον οἱκεῖν τὰς αλωπὲκας πέτραις

На комитопулот

Комета го потпалуваше небото,
а комес долу го запалуваше западот,
симбол онаа ѕвезда е на мракот сегашен
тој згаснуваше со сјајот на деницата
се јави овој со заодот на Никифор
овој страшен тифон меѓу злосторниците
Гори се, а кај се рикањата на силата твоја ,
Водачу на непобедливиот Рим по природа

[55] Patrologiae cursus completus - Series Graecus, T. 106 Ed J. P. Migne, Paris, 1883, p 920. ; *Византиски извори,* III, 55 - 57 ; *Документи,* 1, 88.

Ти цару, по дела победнику, поткрени се малку

Од гробт рикини лаве, ти научи ги лисиците

Да живеат во пештери[56].

За востанието од 969 година зборува и попот Дукљанин во своето дело *Летописот на попот Дукљанин* Иако тој не донесува прецизни податоци за тоа која година се случило тоа востание, сепак самиот факт дека го споменува тој настан го прави за нас значајано ова дело. Имено тој вели : …Eo tempore surrexit in gente Bulgarinorum quidam Samuel, qui se imperatorem vocari iussit et commisit proelia multa cum Graecis proicitque eos ex tota Bulgaria ita, ut in diebus eius Graeci non auderent propinquare illuc. (Во тоа време сред народот на Бугарините се издигна некој си Самуил, кој им заповеда да го нарекуваат цар. Тој водеше многу битки со Грците и ги истера од цела Бугарија, така што во негово време Грците не се осмелуваа ни да се доближат таму)[57]

Во врска со ова важно прашање од македонската средновековна историја во историската наука се развила голема дискусија и е публикуван обемен материјал. Голем број историчари прифаќаат дека македонските кнезови кои што тие ги нарекуваат комитопули, Давид, Мојсеј ,Арон и Самуил поттикнале две востанија едното во 969 година, а другото во 976 година, додека помал број од нив го отфрлаат податокот за првото востание од 969 година и го прифаќаат мислењето дека имало само едно востание во 976 година[58].

Кон оваа втора група припаѓаат и познати византолози (А. Гилфердинг, Ф. Рачки, М. Дринов, К. Јиричек, Г. Шлумбергер и др.) кои што сметаат дека е

[56] *Patrologiae cursus completus,* p 920. ; *Византиски извори,* III, 55 - 57. ; *Документи,* 1, 88.

[57] *Византиски извори,* III, 55 - 57 ; Mošin V,. *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXIII, 79 - 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин како извор за средновековната историја на Македонија, Споменици на средновековната и поновата историја на Македонија,* том V. Прилеп. 1988, 172 - 173 167. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 – 35.

[58] *Византиски извори,* III, 55-57 ; Молонген - Лероа А., *Синовите на Петар бугарски и Комитопулите,* 63 ; Антолјак С., *Вистината за востанието од 969 година, Средновекона Македонија,* 604 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 45. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 357. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 308 - 314 ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 358 - 359. ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25. ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 312. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 - 35.

неосновано тврдењето дека 969 година дошло до востание. Тие го отфрлаат мислењето на Прокиќ со аргументација дека тој немал доволно изворни податоци, а уште во 1902 година во полемиката со С. Станоевиќ тврдел дека во 969 година четирите браќа кренале востание против синовите на Петар (а не пртив Петар) а во 976 година против Византија.[59]

Извадоците од хрониката на Јован Скилица[60] која се однесува токму на овие два датуми го потврдува гледиштето за кое се застапуваат помалиот број на историчари. За жал првобитниот текст од хрониката од овој првокласен извор за настаните од тоа време до денес се уште не е објавен и покрај тоа што постојат повеќе преписи - ракописи од него. Во секој случај ракописот што кон крајот на XIX век Успенски го пронашол во Охрид е најважен и најстар. Покрај овој, постојат и други ракописи од Скилица од периодот од XII до XVII век. Бидејќи оргиналниот текст од Хрониката на Скилица сеуште не е објавен во употреба е обработката на Кедрен. Досега во целост е објавен само латинскиот превод на хрониката на Скилица од Габиус во 1570 година, како и текстот на грчки јазик во латински превод како и некомплетната компилација од парискиот ракопис (Cod.Coisl.136), во бонското издание на Хрониката на Кедрен и онаа на Миње.

Во врска со востанието од 969 година кај Габиус се вели дека „ бугарскиот крал по смртта на неговата жена, со цел да го обнови мирот помеѓу царевите[61] склучи сојуз при што ги даде своите синови Борис и Роман како заложници, а набргу потоа умре. Неговите синови беа испратени во Бугарија за да го преземат кралството на нивниот татко и да го спречат напредувањето на Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, синови на еден комит кои во Бугарија имаа

[59] *Византиски извори*, III, 55 - 57 ; Антољак С., *Средновекона Македонија*, 605 ; Прокиќ Б., *Постанак, 236 - 256* ; Острогорски Г., *Историја на Византија*, 357. ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале*, 18 - 25 ; *Историја на македонскиот народ, 1*, 358 - 359 ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и*, 527 - 532. ; *Историја Црне Горе*, I, 382. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 31.

[60] Во делотот на Скилица *Synopsis Historiarum* - Преглед на настаните од 1973 година на страна 255 - 256 се зборува за востанието од 969 година што значи дека не е точно дека од податоците што ги дава овој византиски автор може да се заклучи дека имало само едно востание односно она од 976 година, напротив Скилица го бележи и востанието на нашите кнезови од 969 година. Со други зборови тој го бележи и македонското ослободително востание од 969 и востанието на Бугарите од 976 со кое тие се обидувале да се ослободат од византиската доминација.

[61] Се мисли на Василиј II и Константин VIII, 606

голема власт, сакаа да кренат востание и ја вознемирија бугарската држава. Така се случи тоа[62] ".

Во текстот што Миње го објавил според Хилендар овој текст гласи : „ Во тоа време Петар бугарскиот цар откако умре неговата жена, склучи договор со царевите и ги даде своите синови Борис и Роман како заложници, набргу потоа умре. Неговите синови беа испратени во Бугарија за да го преземат царството на нивниот татко и да го запрат продирањето на Комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил синови на еден од моќните комити, кои што подготвуваа преврат и ги разбунија Бугарите. Така се случи[63]. "

Што се однесува до востанието од 976 година Габиус вели : „ Но тогаш царот штотуку беше умрел[64]. Бугарите кренаа востание и за свои господари ги избраа (земаа) четворицата браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, синови на некој кнез, кој беше многу моќен кај Бугарите и за тоа беа наречени Комитопули[65] ".

Печатениот текст на овој извадок кај Кедрин гласи : „ Веднаш штом почина Јован Бугарите се одметнаа и за свои господари ги избраа (земаа) четворицата браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, синови на еден моќен кнез кај Бугарите и затоа ги нарекоа комитопули[66] ".

---

[62] Антолјак С., *Вистината за востанието на комитопулите, Средновекона Македонија,* 606. ; Прокиќ Б., *Постанак,* 240 - 256 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 308 - 314 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 45. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 - 35 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 358 - 359 ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532.

[63] Антолјак С., *Вистината за востанието на комитопулите, Средновекона Македонија,* 607 ; Прокиќ, Б. *Постанак,* 240 - 256 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 308 - 314 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 45. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 - 35 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25 ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 358 - 359 ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532.

[64] Во случајов се работи за византискиот цар Јован Цимискиј, 607

[65] Антолјак С., *Вистината за востанието на комитопулите, Средновекона Македонија,* 607. ; Прокиќ Б., *Постанак,* 240 - 256 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 45. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV *век*, том, 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 - 35 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 358 - 359. ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532.

[66] *Византиски извори,* III 55 - 57 ; Антолјак С., *Вистината за востанието на комитопулите, Средновекона Македонија,* 607. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 357. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България VII- XIV* век, том 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 -

Ако се споредат текстовите во кои се зборува за востанието од 969 година и за она од 976 година веднаш може да се заклучи дека се работи за две а не за едно востание. Дека во 969 година македонските кнезови навистина кренале востание против бугарската централна власт и дека извеле преврат непобитно докажува последниот пасус „ Καὶ ταῦτα μὲν συνηνέχθη ὧδε токму така се случи.” Овој дел од текстот го среќаваме само во латинскиот превод и кај Кедрен на грчки јазик, а токму него сите научници го заобиколувале и не му посветувале никакво внимание. Тоа значи дека врз основа на латинскиот превод на Габиус дека Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, како македонски кнезови (comites) и синови на најмоќниот комит - кнез во „ Бугарија ” односно во Македонија не само што го организирале востанието туку имале и успех во тоа, што понатаму значи дека и се „ заканувале на бугарската држава ” односно го ослободиле делот од Македонија кој што бил под бугарска доминација.[67]

Според текстот на Кедрен на кого што според Антолјак помалку може да му се верува отколку на преводот на Габиус се вели дека комитопулите синови на еден моќен комит во „ Бугарија ” а не комитите подготвиле преврат и ги побуниле Бугарите[68] .

Но и покрај условите какви што биле во тоа време јасно е дека браќата го кренале востанието токму во оваа година (во 969 година), што како факт го потврдува и Зонара кој што се служи со Скилица (Кедрен), но затоа пак тој не го додава дополнението „ токму така се случи ” Што се однесува до востанието од 976 година, тоа е дело на самите Бугари кои веднаш по смртта на царот Јован Цимискиј (10. 1. 976 година) се ослободиле од власта на Византија и за свои

---

35 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18-25. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 358 - 359 ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532.

[67] *Византиски извори,* III 55 - 57 ; Антолјак С., *Вистината за востанието на комитопулите, Средновекона Македонија,* 607 - 608 ; Прокиќ Б., *Постанак,* 240 - 256 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 45 ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 - 35 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 357 ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 358 - 359 ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532.

[68]Антолјак С., *Вистината за востанието на комитопулите, Средновекона Македонија,* 608. ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 312. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 - 35.

principes ги избрале четворицата браќа - комитопули. Така стои во преводот на Габиус, додека во грчкиот текст постои мала разлика „ Бугарите откако се одметнаа ги избраа четворицата комитопули за свои владетели[69] ”

Додека Михаил Глика кој се служи со Скилица пишува слично иако малку покусо на излагањето на Зонара. Тој вели дека бугарската држава (τὰ δὲ Βουλγάρων) „ неодамна” (αὖθις) се дигнала штом се дознало за смртта на Цимискиј, дека Бугарите им ја предале власта на четворицата браќа.[70]

Тому со ова негово малку поинакво толкување Зонара како и Скилица во превод на Габиус и во текстот на Кедрен ја разнишува теоријата дека имало само едно востание во 976 година. Ако внимателно се анализира текстот на Поп Дукљанин кој хронолошки не е сосема точен, може да се види дека тој јасно разликува две востанија. Дукљанин воопшто не го побива податокот што се среќава кај Скилица и што се однесува на востанието од 969 година[71]

Од погоре наведените изворни податоци може да се заклучи следното : Кога царот Петар синот на царот Симеон умрел (30. 1. 969 година) Бугарија се нашла во незавидна положба која што четирите македонски кнезови браќата Давид, Мојсеј, Арон и Самуил ја искористиле и кренале ослободително востание против бугарските поробувачи и тие успешно ја отфрлиле бугарската доминација.

Бидејќи ова востание земало се поголем замав и се ширело како бура како што е опеано од страна на Јован Геометар современик на Самуил (X век). Византија ги испратила синовите на Петар, Борис и Роман со цел да го задушат или спречат востанието и да го преземат престолот на нивниот татко. Со тоа

[69] *Византиски извори* III, 55 - 57 ; Антолјак С,. *Вистината за востанието на комитопулите, Средновекона Македонија,* 608. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 357. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 - 35 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25. ; Панов Б., *Средновековна Македонија* 45 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* ..308 - 314. ; *Историја на македонскиот народ1,* 358 - 359 ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532.

[70] *Византиски извори* III 55 - 57 ; Антолјак С., *Вистината за востанието на комитопулите, Средновековна Македонија,* 608 – 609 ; Острогорски Г., *Историја на Византија..*357. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 358 - 359 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 45. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 - 35 ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532.

[71] Шишиќ Ф., *Летопис попа Дукљанина,* САН, Београд - Загреб, 1928, 324, 325 , 330

само било постигнато Борис да го наследи престолот на својот татко и во 969 година да биде заробен од рускиот кнез Свјатослав[72]

Меѓутоа комитопулите ја искористиле оваа беспоштедна војна како на Балканот така и кога се водела помеѓу Цимискиј и Свјатослав, а се однесувала на Цариград. Тие успешно си го реализирале замисленото и успеале да го ослободат поголемиот дел од македонската територија што тогаш се наоѓала под бугарска власт. Од друга страна пак на византискиот цар Јован Цимискиј му пошло од рака да го изгони рускиот кнез Свјатослав од Балканскиот полуостров и да го детронира бугарскиот цар Борис II. Во таква ситуација за да си го зачуваат дотогаш постигнатото и за да можат мирно да се подготвуваат за она што им било во состав на нивните идни планови, комотопулите ја признале номиналната власт на овој император кој што целиот Балкан го свел на интересна свера на Византија. Доказ за тоа дека македонските кнезови само номинално ја признавале врховната власт на Цимискиј е посетата што ја оствариле Самуил и уште еден од неговите браќа, веројатно Арон во 973 година во Кведлинбург каде што ” двајцата бугарски првенаци „ му го честитале Велигден на германскиот цар Отон I. Треба да се истакне дека под изразот „ двајца бугарски првенци (duo bulgarorum principes) “ се кријат македонските принцови Самуил и Арон кои што секако со дозвола од василевсот на Византија го реализирале тоа патување и го искористиле за воспоставување на контакти на македонската држава со другите европски земји. А што се однесува до Бугарите, имено знаеме дека две години порано во 971 година бугараската држава била уништена а нејзиниот владетел детрониран и почестен со љубезен чин магистер, така што невозможно било да добие дозвола за да излезе од дворецот а камоли да направи така значајна посета.

Во фрагментот од магдебуршките анали се вели дека : „ Post haec Quiedlingeburch adiens, advenientibus Polanici ac Boemici ducum, Grecorum quoque, Beneventorum, Ungariorum, Bulgariorum, Danorum et Sclavicorum legatis,

---

[72] *Византиски извори,* III 55 - 57 ; Антолјак С., *Вистината за востанието на комитопулите,* Средновековна Македонија, 609 ; Острогорски, Г., *Историја на Византија,* 357. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 358 - 359 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 45. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X - XV век /, 32 – 35 ; Атанасовски А., *Влијанието на Русија за создавањето на самуиловата држава и,* 527 - 532.

cum totius regni principum concursu paschalia. (Потоа појдоа и пристигнаа во Кведлинбург Полјаци од Бохемија, Грци исто така и Беневентијци, Унгарци, Бугари, Данци и пратеници на Словените, на царот да му го честитаат Велигден)[73] ".Според овој исечок може да се заклучи дека македонските кнезови при таа посета имале можност да се сретнат со преставниците и на други народи кои што биле таму присутни и на тој начин постигнале и меѓународно признавање и вклучување во кругот на европските држави на средновековна Македонија[74].

Но по смртта на Јован Цимицкиј сега Бугарите кренале востание против Византија а поради одсуство на претставниците на нивната царска куќа затоа што Борис бил детрониран и сведен на магистер и задржан во Цариград а неговиот брат Роман не бил соодветен за царската почест затоа што бил скопец, тие ги повикале односно како што стои во изворите ги избрале македонските кнезови да им бидат владетели и им ја предале власта, што со други зборови значи дека самите Бугари ја признале врховната власт на македонските кнезови, односно станале поданици, вазали на Македонија[75] .

---

[73] *Monumenta Germaniae historca,* inde ab anno christi quingentisimo usque ad annum milesimum et quingentisimo, auspiciis Societatis aperiendis fontibus rerum germanicorum medii avei ed. Georgius Henricus Pertz, scriptorm t. xvl, Hannoverae, impensis bibliopolii hahniani, MDCCCLVIIII ; Според Антолјак С., (*Историја на македонскиот народ* 1, 361) „ германскиот цар Отон I кој го знаел словенскиот (македонскиот) јазик покрај со другите гости, разговарал и со македонските пратеници. По нивното заминување, тој ги дарувал со богати подароци. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 46. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 357.

[74] *Византиски извори* III 55 - 57 ; *Историја на македонскиот народ,* (кратка Историја, gen. М. Б. Панов), Скопје, 2008, 101 - 102 ; *Историја на Македонскиот народ, 1,* 358 - 360. ; Прокиќ Б., *Постанак,* 250 - 252 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 45 - 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 312 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X - XV век /, 32 - 35.

[75] *Византиски извори* III 55 – 57 ; Антолјак С., *Вистината за востанието на комитопулите, Средновековна Македонија,* 609 - 610 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 45 - 48 ; *Историја на Македонскиот народ, 1,* 358 - 360. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 357. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 312. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 - 35.

## ГЛАВА ТРЕТА

### *ЈОВАН СКИЛИЦА ЗА СУДИРИТЕ ОД 976 ДО 986 ГОДИНА*

### 1. *ВОСТАНИЕТО ОД 976 ГОДИНА*

Византискиот цар Јован Цимискиј откако успешно ја завршил војната против рускиот кнез Свјатослав и откако по битката кај Доростол во 971 година бил постигнат мировен договор со кој што рускиот кнез се повлекол од византиските поседи, поточно од Бугарија, таа паднала под византиска власт. На враќање во престолнината византискиот император Цимискиј со себе го водел и бугарскиот цар Борис II (969 - 971) и кон него се однесувал со почит достојна за владетел и му се обраќал со титулата цар на Бугарите. Но кога пристигнал во Цариград каде што му бил приреден свечен пречек од жителите на градот, Цимискиј го сменил однесувањето и без двоумење му заповедал на Борис да ги симне од себе си царските знаци а потоа го почестил со титула магистер, на тој начин конечно престанала да постои бугарската држава. Тоа траело се до смртта на византискиот император Јован Цимискиј во 976 година кога Бугарите се кренале на востание, а бидејќи останале без преставници од нивната односно на бугарската владетелска куќа, за свои владетели ги повикале четирите македонски кнезови. синовите на македонскиот кнез Никола, браќата Давид Арон, Мојсеј и Самуил.

За овие настани нашиот извор Јован Скилица во неговата хроника ” *Synopsis Historiarum* - Преглед на настаните „ вели : τῶν δέ Βουλγάρων ἅμα τῇ τελευτῇ τοῦ βασιλέως Ἰωάννου ἀποστατησάντων, ἄρχειν αὐτῶν προχειρίζονται τέσσαρες ἀδελφοί Δαβίδ, Μωυσῆς, Ἀαρὼν καὶ Σαμουήλ ἑνός τῶν παρὰ Βουλγάροις μέγα δυνηθέντων κόμητος ὄντες παῖδες καὶ διὰ τοῦτο κομητόπωλοι κατονομαζόμενοι. Τῶν γάρ κατὰ γένος δέ προσηκόντων τῷ Πέτρῳ οἱ μὲν ἄλλοι θανάτῳ δεικόπησαν, Βορίσσης δέ καὶ Ῥωμανὸς οἱ τούτου υἱοὶ εἰς τὴν πόλιν εἰσαχθέντες, ὡς ἐν τοῖς ἔμπροσθεν εἴρηται, ἔμενον ἐν αὐτῇ, ὁ μὲν μάγιστρος παρὰ τοῦ βασιλέως τιμηθεὶς Ἰωάννου, ὁ δὲ Ῥωμανὸς ἐκτμηθείς τὰ παιδουδγὰ μόρια παρὰ τοῦ παρακοιμωμένου πρότερον Ἰωσήφ. καὶ ἐπεὶ συνέβη τὸν βασιλέον Ἰωάννην ἀποθανεῖν, ἐκεῖθεν ἀποδιδράσκουσι,

καὶ τὴν Βουλγαρίαν φθάσαι ἠπείγοντο, καὶ ὁ μὲν Βουλγαρίαν καὶ ὁ μὲν Βορίσης τόξω βληθεὶς ἐν τῷ δυέναι κατά τινα λόχμην παρά τινος Βουλγάρου νομίσαντος Ῥωμαῖον αὐτὸν εἶναι (ἐνεδέδυτο καὶ γάρ τινος στολὴν Ῥωμαΐκήν) ἀπόλλυται, Ῥωμανὸς δὲ διασῷζεται εἰς Βιδίνην, καὶ χρόνω ὕστερον ἐπάνεισι πάλιν εἰς τὴν βασιλίδα ὡς ἐν τῶ ἰδιω τόπω λελέξεται[76]. (По смртта на царот Јован во Бугарија се крена востание, а власта им ја предадоа на четирите браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самуил синови на еден меѓу Бугарите многу моќен комес и затоа беа Комитолули наречени, бидејќи од оние кои што му припаѓаа на петровиот род некои умреа, а Борис и Роман, неговите синови како што беше претходно речено беа одведени во Цариград и таму првиот од нив беше почестен од царот со магистерска чест, а Роман беше скопен од предходниот паракимомен Јосиф. И кога царот Јован умре тие избегаа од таму и побрзаа да се вратат во Бугарија. И додека Борис минуваше низ некоја шума загина од стрелата која што ја пуштил некој Бугарин, кој што мислеше дека е Ромеј затоа што носеше ромејска облека, додека Роман избега жив и нешто подоцна се врати во Цариград како што ќе биде изложено на соодветно место.)[77]

Византискиот хроничар Јован Зонара исто така се осврнува на настаните од 976 година и тој во својата работа се служи со податоците изнесени во хрониката на Скилица. Според Зонара : Τὰ δὲ Βουλγάρων αὖθις κακίνητο ὡς γὰρ ἡ τοῦ Τζιμισκῆ κατήγγελτο τελευτή, τέσσαρσιν ἀδελφοῖς ἀνατιθέασι τὴν σφετέραν ἀρχήν, Δαβίδ, Μωυσῆ, Ἀαρών τε καὶ Σαμουήλ, οἵ κομητόπωλοι ὠνομάζοντο, ὅτι υἱοὶ γεγόνασιν ἑνὸς τῶν παρ’αὐτοῖς ἐπισήμων καὶ λεγομένων κομήτων. Οἷ γὰρ ἐκ τοῦ βασιλείου γένους σφίσιν ἐπιλελιίπασι μόνου περιλειφθέντος ἑνὸς τῶν παίδων τοῦ Πέτρου, φημὸ δῆτα τοῦ Ῥωμανοῦ, ὅς ἐκτομίας ἦν[78]. (А Бугарите започнаа востание веднаш штом беше јавено за

---

[76] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 328 ; Cedrenus, Scylitzae ope, 434 – 435 ; *Византиски извори,* III, 59 - 71

[77] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 328 ; Cedrenus, Scylitzae ope, 434 – 435 ; *Византиски извори,* III, 59 - 71 ; Молонген - Лероа А., *Синовите на Петар бугарски и Комитопулите,* 62 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 360 ; Прокиќ Б., *Постанак,* 256 - 270. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 313 - 317 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 – 35 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 342 – 351 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 46 - 48 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 361.

[78] Zonarae, *Epitomae historiarum,* 547 ; *ГИБИ VII,* 185 ; *Византиски извори,* III, 59 - 71

смртта на Цимиски и власта им ја предадоа на четирите браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, кои што се нарекуваа комитопули затоа што беа синови на еден од нивните комити, бидејќи нивниот царски род беше прекинат затоа што остана само еден од синовите на Петар, зборувам имено за Роман кој што беше скопец)[79]

Од наведените цитати може да се заклучи дека по смртта на византискиот цар Јован Цимискиј самите Бугари кои што во 971 година биле сведени на византиски поданици, кога сега починатиот цар ја уништил бугарската држава, а нејзиниот владетел го задржал во Цариград откако го детронирал и го почестил со титулата магистер, го кренале востанието. По смртта на василевсот детронираниот Борис заедно со брат му Роман избегале од Цариград во обид да се вратат во татковината и да застанат на чело на веќе востанатите сонародници, но не успеваат во тоа затоа што на тој пат Борис бил убиен кога се обидел да влезе на ослободената македонска државна територија која што сеуште некои се обидуваат да ја прецтават како бугарска земја што е далеку од вистината, и бил застрелан од страна на македонските стражи кои што секако биле известени за текот на настаните и знаеле кој се обидува да им ја мине државната граница, а не како што се вели дека наводно некој бугарин случајно пуштил стрела кон Борис затоа што не го познал поради византиската облека, напротив Самуил и неговите браќа имале добро развиена и организирана разузнавачка служба и знаеле што се случува на границата и согласно на тоа издавале и такви наредби. Така кога Борис загинал а Роман останал жив, но бил заробен и не соодветен за владетел, тогаш Бугарите поради отсуство на претставниците на нивната владетелска лоза решиле да ги повикаат комитопулите и под нивно водство да го реализираат своето востание, но познато е дека македонските кнезови интерес за ова покажале само толку колку што им било потребно за да си ја заштитат државната територија и границите, а за останатиот дел од бугарската територија меѓу Дунав и Стара Планина не

[79] Zonarae, *Epitomae historiarum,* 547 ; *ГИБИ VII,* 185 ; *Византиски извори,* III, 59 - 71 ; Молонген - Лероа А., *Синовите на Петар бугарски и Комитопулите,* 62 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 360 ; Прокиќ Б., *Постанак,* 256 - 270. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 342 - 351 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 46 - 48 ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 313 - 317 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 32 – 35 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 361.

покажувале речиси никаков интерес што значи дека ова востание од 976 година го кренале самите Бугари и тие самите решиле да се стават под македонска власт односно да им ја предадат власта врз нив (врз Бугарите) на четирите браќа (ἄρχειν αὐτῶν προχειρίζονται τέσσαρες ἀδελφοί,) што значи дека тоа нема никаква врска со средновековна Македонија предводена од младите кнезови Давид Мојсеј Арон и Самуил затоа што тогаш на територијата на Македонија нема византиска власт односно веќе комитопулите си организирале своја власт која што успешно функционирала од востанието од 969 година, така што востанието од 976 било обид на Бугарите да се ослободат од византска доминација, а нашите македонски кнезови го искористиле моментот на светот да му објават дека постои уште една суверена држава на балканот која успешно се развива и која подоцна ќе прерасне во моќна средновековна Македонија под водство на прво кнезот а потоа царот Самуил[80].

## 2. *ПРВИТЕ ГОДИНИ ОД ВОЈУВАЊЕТО*

Во првите години од војувањето се случиле два значајни настани за македонската владетелска куќа, имено првиот е загинувањето на постарите браќа на Самуил, а вториот е предавството и ликвидацијата на Арон.

За смртта на Давид и Мојсеј известува нашиот извор Скилица, Според неговите зборови : Τούτων δὲ τῶν τεσσάρων ἀδελφῶν Δαβίδ μὲν εὐθύς ἀπεβἰω ἀναιρεθεὶς μέσον Καστορίας καὶ Πρέσπας εἰς καὶ λεγομένος Καλἀς δρῦς παρά τινων Βλάχων ὁδιτῶν. Μωσῆς δὲ τὰς Σέρρας πολιορκῶν λίθω ἀπό τοῦ τείχους βληθεὶς ἐτελεύτησε, ἀλλοί δὲ οὐ λίθω βληθῆναι γράφευσι (λέγουσι A) τὸν Μωῦσην, ἀλλά τοῦ ἵππου συμπεσόντος αὐτῷ ὑπό τινος τῶν περὶ τὸν δοῦκα Μελισσηνὸν ἀποσφαγεσθαι (ἀποσφαγῆναι A)[81], ( Од овие четири браќа Давид веднаш умре, убиен меѓу Костур и Преспа на местото

[80] *Византиски извори,* III, 59 - 71 ; Молонген - Лероа А., *Синовите на Петар бугарски и Комитопулите,* 62 ; Острогорски Г., *Историја на Византија* 360 ; Прокиќ Б., *Постанак,* 256 - 270. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 342 – 351 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 46 - 48 ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 313 - 317 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X - XV век /, 32 - 35 ; Атанасовски А., Саракински В., *Кои биле комитопулите и од кого отпаднале,* 18 - 25. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 361.

[81] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 329 - 330 ; *Византиски извори,* III, 71 - 79. ; *ГИБИ VI.* 275 - 276. ; Cedrenos, *Historiarum compendium,* 435.

наречено Убави Дабови, од некои Власи скитиници. Мојсеј загина при опсадата на Сер погоден со камен од ѕидините бидејќи коњот му беше убиен од некои од потчинетите на дуксот Мелисин U ; некои велат дека Мојсеј не бил погоден со камен туку дека откако коњот му падна, беше убиен од некој од придружниците на дуксот Мелисин. И Самуил стана единствен владетел на цела Бугарија (Македонија))[82]

За загинувањето на Давид и Мојсеј зборува и Зонара, за тоа тој вели : τῶν δὲ τεσσάρων συγγόνων τῶν κομητοπώλων ὁ μὲν Δαβὶδ τάχιστα ζωὴν ἐξεμέτρησεν, ὁ δέ γε Μωυσῆς τὰς Σέρρας πολιορκῶν λίθω βάλλεται καὶ θνήσκ ἐυθύς. καὶ τῆς Βουλγαρίας ἀρχὴ εἰς μόνον περιέστη τὸν Σαμουήλ[83] ( Од тие четири синови комитопули Давид најрано го заврши животот, Мојсеј беше удрен со камен при опсадата на Сер и веднаш умре,. И власта во Бугарија ( во Македонија ) му остана само на Самуил)[84]

За ликвидацијата на Арон Скилица вели : καὶ τὸν Ἀαρὼν δὲ τὰ Ῥωμαίων, ὡς λέγεται, φρονοῦνται, ἀνεῖλεν ὁ ἀδελφὸς Σαμουὴλ παγγενῆ, κατὰ τὴν ιδ᾽ τοῦ Ἰονίου (Ἰουλίου C) μηνὸς ἔν τῇ τοποθεισίᾳ τῆς Ῥαμετανίτζα (Ῥωμετανίτζας, A. Ῥαμιτζανίτζας U), μόνου Σφενδοσθλάβου τοῦ καὶ Ἰωάννου διασωθέντος, τοῦ υἱοῦ αὐτοῦ παρὰ Ῥαδομηροῦ τοῦ καὶ Ῥωμανοῦ, τοῦ υἱοῦ τοῦ Σαμουήλ, καὶ καθίσταται μόναρχος Βουλγαρίας ὁ Σαμουήλ[85]. (Арон пак, било затоа што, како што се зборува се приклонил кон Ромеите, било затоа што сакаше за себе да ја пригграби власта со целото семејство беше убиен од брат му Самуил на 14 ден од месецот јули во околината на Раметаница, единствено Владислав неговиот син беше спасен од Роман (Гаврил) Радомир самуиловиот син.)[86]

---

[82] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 329 - 330 ; Cedrenos, *Historiarum compendium,* 435 ; *ГИБИ IVI.* 275 - 276 ; *Византиски извори,* III, 71 - 79. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 360 - 361 ; Прокиќ Б., *Постанак,* 262 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 357 - 362 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 362 ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1 318.

[83] Zonarae, *Epitomae historiarum,* 547 - 548 ; *ГИБИ* VII, 185. ; Scylitzae - Cedrenos, *Historiarum compendium,* .435.

[84] Zonarae, *Epitomae historiarum,* 547 - 548 ; *ГИБИ* VII, 185 ; Прокиќ Б., *Постанак,* 262 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 357 - 362 ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 362.

[85] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 329 - 330 ; *Византиски извори,* III, 71 - 79. ; *ГИБИ* VI 275 - 276. ; Cedrenos, *Historiarum compendium,* 435.

[86] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 329 - 330 ; *ГИБИ* VI, 275 - 276 ; *Византиски извори,* III, 71 - 79. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 360 - 361 ; Прокиќ Б,. *Постанак,* 262 ;

Зонара погубувањето на Арон заедно со неговото семејство го опишува вака : τὸν δ᾽ Ἀαρὼν παγγενῆ τοῦ βίου ἐξήγαγεν ὁ ἀδελφὸς Σαμουήλ, ἢ τὴν ἀρχὴν ἑαυτῷ μόνω περιποιούμενον ἢ τὰ Ῥωμαίων αἱρούμενον (λέγεται γὰρ ἀμφότερα), ἑνὸς μόνου τῶν παίδων ἐκείνου περισωθέντος, ὃς Σφενδοσθλάβος καὶ Ἰωάνηης διωνύμως ἐκέκλητο[87]. (Арон заедно со целиот род беше погубен од својот брат Самуил било затоа што сакаше да ја пригради власта за себе, било затоа што се приклони кон Ромеите, затоа што се зборуваше и едното и другото. Остана само еден од неговите синови кој што носеше деве имиња - Светослав и Јован ( Јован Владислав ) )[88]

Како што може да се види од погоре наведените извори прв загинал Давид. Него го убиле номадските Власи во близина на Преспа. Со тоа престанала да постои тетрархијата и настанала триархија која што станала уште по офанзивна. Имено, Мојсеј продолжил со освојувањето на териториите што овде - онде, сеуште ги држеле Византијците. Така сигурно со голема и добро извежбана војска ја минал реката Струма и го опколил градот Сер, на кој што му дошол напомош дуксот Мелисин. За време на битката на некого од мелисиновата придружба му успеало да го искористи погодниот момент, и да го убие кнезот Мојсеј. Со тоа привремено била запрена офанзивата диригирана од Преспа, чија што цел била двојна : освојување на Тесалија преку Давид и обид за навлегување на Мојсеј преку стримонската тема во Тракија, каде што според изворите тогаш се наоѓал Василј II кој што бил во обиколка на тамошните утврдени места[89].

Сега останале на власт само Арон и Самуил, односно на власт била диархија. Врз нив паднал товарот да се продолжи војната против Византија. Исто така требало да се определат за тоа во кој правец ќе оди новата офанзива.

---

Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 357 - 362 ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 318. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 362.

[87] Zonarae, Epitomae historiarum, 558 ; *ГИБИ* VII, 187 ; Cedrenos, *Historiarum compendium,* 435 ; *Византиски извори,* III, 71 - 79.

[88] Zonarae, Epitomae historiarum, 558 ; *ГИБИ* VII, 187 ; Cedrenos, *Historiarum compendium,* 435 ; *Византиски извори,* III, 71 - 79 ; Прокиќ Б., *Постанак,* 262 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 359 - 362 ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 318. ; *Историја на македонскиот народ, 1,* 362. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 357.

[89] *Византиски извори,* III, 71 - 79 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 359 - 362. ; Прокиќ Б., *Постанак,* 273 - 274. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 318.

Така додека Самуил бил решен да продолжи со воените дејствија и да ја брани својата татковина со сите сили од кого и да е па дури и од член на своето семејство, дотогаш Арон додека сеуште не стивнала болката по изгубените браќа ја истакнал својата амбиција за да ја земе власта во свои раце, но тоа сакал да го направи со помош на Византија со која што веројатно бил во контакт. Кога за тоа слушнал неговиот помлад брат, кнезот Самуил се судрил со него, при што тој (Арон) бил убиен заедно со целото негово семејство на 14 јули во околината на Раметаница. Преживеал само аронивиот син Јован Владислав кој што бил спасен од неговиот братучед Гаврил Радомир[90].

Единствен владетел на средновековната македонската држава станал нашиот храбар тогаш сеуште кнез Самуил. Се наметнува заклучокот дека е забележлива и извесна симпатија со која предходно наведените византиски извори зборуваат за приклонувањето на македонскиот кнез Арон кон византискиот василевс[91]

## 3. *ПРОШИРУВАЊЕ НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА НА ЈУГ*

Во тоа време додека византиското царство и неговата армија биле ангажирани на Исток сите други византиски поседи на Балканот останале препуштени на милост и немилост на македонскиот кнез Самуил кој што вешто ја користел ситуацијата за да ги реализира своите планови кои што се однесувале на целиот Запад и не само Тракија и Македонија како и пределите околу Солун туку и Тесалија, Елада и Пелопонез.

Според Скилица : οὗτος πολεμικὸς ἄνθρωπος ὢν καὶ μηδέποτε εἰδὼς ἠρεμεῖν, τῶν Ῥωμαϊκῶν στρατευμάτων ταῖς πρὸς τὸν Σκληρὸν μάχαις ἀσχολουμένων ἀδείας τυχὼν κατέδρομε πᾶσαν τὴν ἑσπέραν, οὐ μόνον Θρᾴκην καὶ Μακεδονίαν καὶ τὰ τῇ Θεσσαλονίκῃ πρόσχωρα, ἀλλὰ καὶ Θετταλίαν καὶ Ἑλλάδα καὶ Πελοπόννησον, καὶ πολλὰ φρούρια παρεστήσατο[92].

---

[90] *Византиски извори,* III, 71 - 79 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 359 - 362. ; Прокиќ Б., *Постанак,* 273 - 274. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 318.

[91] *Византиски извори,* III, 71 - 79 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 359 - 362. ; Прокиќ Б., *Постанак,* 273 - 274. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 318. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 36 - 38.

[92] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 330 ; *ГИБИ* VII 187 ; *Византиски извори,* III, 81 - 83.

(И тој како воинствен човек кој што не знаеше да мирува и искористувајќи ја приликата додека ромејските војски беа зафатени против Склир, го опустоши целиот запад, не само Тракија, Македонија и околината на Солун туку и Тесалија, Елада и Пелопонес. )[93]

А Зонара за походот на југ што го презел кнезот Самуил вели дека : Τοῦ Σαμουὴλ δὲ τοῦ τῶν Βουλγάρων ἐξάρχοντας οὐ τὰ Θρᾳκῶν οὐδὲ τὰ κατὰ Μακεδονίαν μόνα ληζομένου, ἀλλὰ καὶ τὴν Ἑλλάδα καὶ αὐτὴν Πελλοπόννησο[94] (Самуил егзархот на Бугарите ограбувал не само во Тракија и Македонија туку и во Елада и во Пелопонес )[95].

Според изворите се гледа дека овој како што вели Кекавмен генијален војсководец кој што според Скилица не знаел да мирува, сега имал потполно определен завојувачки план којшто вклучувал во себе напад и заемање на јужните делови од Балканот почнувајќи од Тракија па преку ослободување на оној дел од Македонија со Солун кој што сеуште бил под византиска управа и потоа заземање на Грција се до нејзиниот најјужен дел и Пелопонез. Во опишувањето на овие настани Зонара накусо вели дека кога Самуил видел дека ромејските трупи се зафатени со граѓанската војна и неказнето поминувал преку западните ромајски покраини, не само ограбувајќи туку и потчинувајќи цели област заедно со градовите[96]. За време на овие операции кнезот Самуил секако имал поддршка од македонското население кое што сеуште било под византиска власт поради што тој можел да постигне толку блескави успеси.

---

[93] Scylitzes, *Synopsis historiarum*, 330 ; *ГИБИ* VII 187 ; *Византиски извори,* III, 81 - 83 ; *Историја на македонскиот народ,* 1 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 367 - 370 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 318 - 319. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X - XV век /, 36 - 38

[94] Zonarae, *Epitomae historiarum,* 558 ; *ГИБИ* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 81 - 83

[95] Zonarae, *Epitomae historiarum,* 558 ; *Византиски извори,* III 81 - 83 ; Антолјак С., *Средновековна Македониј*а, 367 - 370 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 371 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 318 - 319. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 36 - 38

[96] *Византиски извори,* III, 81 - 83 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 367 - 370 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 319 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 36 - 38

## 4.*ОСВОЈУВАЊЕТО НА ЛАРИСА 985 ГОДИНА*

Додека византиската војска била зафатена со воените случувања на истокот дотогаш македонскиот кнез Самуил можел непречено да си го реализира добро испланираниот воен поход на југ. Секако тој умеел успешно да ја искористи таквата состојба. Доказ за тоа е и мајсторското освојување на неколку тврдини на територијата на денешна Грција меѓу кои и Лариса која што била освоена околу 985 година.

За освојувањето на Лариса известува и хроничарот Јован Скилица.[97] Еве како Скилица го опишува падот на Лариса во македонски раце : ὧν ἦν τὸ κορυφαῖον ἡ Λάρισσα, ἧς τοὺς ἐποίκους μετῴκισεν εἰς τὰ τῆς Βουλγαρίας ἐνδότερα πανεστίους καὶ τοῖς καταλόγοις τῶν ἑαυτοῦ κατατάξας στρατιωτῶν συνμάχαις ἐχρῆτο κατὰ Ῥωμαίων. μετήγαγε δὲ καὶ τὸ λείψανον ἁγίου Ἀχιλλίου ἐπισκόπου Λαρίσσης χρηματίσαντος ἐπὶ Κωνσταντίνου τοῦ μεγάλου κἀν τῇ μεγάλῃ καὶ πρώτῃ συνόδῳ παρόντος σὺν Ῥηγένῳ Σκοπέλων (Σκοπέλου A) καὶ Διοδώρῳ (Διοδώρου AC) Τρίκκης (Τρίκης ACE), καὶ εἰς τὴν Πρέσπαν ἀπέθετο, ἔνθα ἦσαν αὐτῷ τὰ βασίλεια, οἶκον κάλλιστον καὶ μέγιστον ἐπὶ τῷ ὀνόματι αὐτοῦ δομησάμενος (Заседе многу тврдини меѓу кои што главна беше Лариса, а нејзините жители со семејствата ги пресели во внатрешноста на Бугарија[98] и ги внесе во своите воени списоци и ги употребуваше заедно со него да се борат против Ромеите. Ги зеде моштите на свети Ахил, епископот лариски од времето на Константин Велики, кој што учествувал на првиот синод заедно со Регин Скопел и со Диодор од Трик и ги донесе во Преспа каде што беше неговата престолнина и каде што големи и величествени дворци имаше кои што свој дом ги нарекуваше)[99]

Византискиот историчар Кекавмен во неговото дело *Стратегикон* зборува за освојувањето на Лариса од страна на Самуил во 985 година. Тој

---

[97] Scylitzes, *Synopsis historiarum*, 330, 92 - 8 ; *Византиски извори*, III, 77 - 82.

[98] Во внатершноста на Македонија.

[99] Scylitzes, *Synopsis historiarum*, 330, 92 – 8 ; *Византиски извори*, III, 81 - 83 ; Острогорски Г., *Историја на Византија*, 370 ; *Историја на македонскиот народ*, 1 365. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*, 370 - 371. ; Панов Б., *Средновековн Македонија*, ...48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 36 - 38

својот осврт го дава во контекст на советите кои ги дава за однесувањето на стратезите и благородницие за време на воени немири, востанија или бунтови при што ги советува секогаш да покажуваат верност кон императрот. Овие совети ги поткрепува со примери од византиската историја. Еве како гласат советите на овој византиски хроничар : Ἐάν τις μουλτεύση καὶ βασιλέα ἑαυτὸν ἐπιφημίζη, μὴ ἔλθης εἰς αὐτοῦ, ἀλλ᾽ ἀπόστηθι ἐξ αὐτοῦ. καὶ εἰ μὲν δυνηθῇς πολεμῆσαι καὶ καταβαλεῖν αὐτὸν πολέμησον ὑπὲρ τοῦ βασιλέως καὶ τῆς τοῦ παντος εἰρήνης. εἰ δ᾽ οὐ δύνασαι τοῦτον πολεμῆσαι ἀπόστηθι, ὡς εἴρηται, ἀπ᾽ αὐτοῦ καὶ κρατῆδας τινὸς ὀχυρωματος μετὰ τῶν ἀνθρώπων σου, γράψον πρὸς τὸν βασιλέα καὶ ἀγωνίζου ὅσον δύνασαι ποιῆσαι σου. εἰ δ᾽ οὐκ ἔχεις τινὰς ἱνα κρατῆσει ὀχυρώματος κατάλιπε πάντα καὶ πρόφυγε πρὸς τὸν βασιλεα. εἰ δ᾽ ἴσως διὰ τὴν φαμιλία σου οὐ τολμᾷς φυγεῖν, ἔσο μὲν μετ᾽ αὐτοῦ, ὁ δὲ νοῦς σου ἔστω πρὸς βασιλέα, καὶ ὁπόταν δυνηθῇς, δεῖξον ἔργον ἐπαίνου ἄξιον. ὧν γὰρ μετ᾽ αὐτοῦ ὑπόσυρόν τινας οὓς ἔχεις φίλους ὑπερψυχίους καὶ ἔργασαι αὐτὸν καὶ ἔχε πίστιν πρὸς τὸν βασιλέα ἐν Κωνσταντινουπόλει, καὶ οὐ μὴ διαμάρτης τῆς ἐλπίδος σου. γράφε δὲ αὐτῷ κρυφίως. καὶ εἰ μὲν οἰκεῖς κάστρον τῆς ἀνατολῆς εἴτε τῆς δύσεως ἔχον κουλὰ, καὶ γένηται ἀποστασία διανάστηθι καὶ περισύναξόν τινας καὶ πολέμησον τῷ ἀποστατήσαντι εἰ δὲ καταγύρωθεν ὅλα θέλουν ἀποστατήσουν, περισύναξον τὰ γεννήματά σου καὶ τὰ παραβλήματά σου ἃ ἔχεις εἰσάγαγε αὐτὰ ἐκεῖσε, καὶ ἔχε ἐναπόθετον γέννημα ὅσον ἀρκεῖ σοί τε καὶ τῇ φαμιλίᾳ σου καὶ τοῖς δούλοις καὶ ἐλευθέροις τοῖς ὀφειλεουσι μετὰ σοῦ ἐποχεῖσθαι τοῖς ἵπποις καὶ ἐξέρχεσθαι εἰς παρατάξιν[100]. τό δ᾽ αὐτὸ ποιησάτωσαν καὶ οἱ λοιποὶ μικροί τε καὶ μεγάλοι τῇ συμβουλῇ σου. ἔχων δὲ ἔνδον τὰ γεννήματὰ σου εὖ οἶδα ὡς ὁπηνίκα δοκιμάσωσιν οἱ ἐναντίοι πολεῆσαί σοι Θεοῦ χάριτι καταβαλεῖς αὐτοὺς καὶ φυγάδας ποιήσεις. εἰ δὲ καὶ μὴ καθώς σοι ἐνετειλάμην ποιήσεις, παθεῖν μέλλεις ὅπερ ἔπαθον ἐπὶ τῷ Σαμουὴλ οἱ γονεῖς τοῦ Νικουλιτζᾶ εἰς Λάρισαν[101] Ἕως γὰρ ἦν ὁ μακαρίτης μου πάππους ὁ Κεκαιμένος ἐν Λαρίση τὴν ἀρχὴν ἔχων τῆς Ἑλλάδος ἐκδοκίμασε πολλάκις ὁ τύραννος Βούλγαρος Σαμουὴλ τό μὲν ἀπο

[100] Cecaumeni, Strategicon, et incerti scriptoris de officiis regiis libelus, ediderunt B. Wassilewski, V. Jernsted, accredit exemplum codicis phototypicum, Petropoli, typis academiae caesareae scientarum, MDCCCLXXXVI, 64 - 65 ; *ГИБИ* VII, 22 - 24 ; *Византиски извори,* III, 81 - 82.

[101] Cecaumeni, Strategicon, 64 - 65 ; *ГИБИ* VII, 22 - 24 ; *Византиски извори,* III, 81 - 82.

πολέμου τό δὲ καὶ μετὰ δολιότητος κατασχεῖν τὴν Λάρισαν καὶ οὐκ ἠδυνήθη, ἀλλὰ ἀπεκρούσθη καὶ ἐνεπαίχθη ὑπ᾽ αὐτοῦ. καὶ τὸ μὲν πολεμήσας ἐδίωξεν αὐτὸν τὸ δὲ καὶ δώροις αὐτόν τε καὶ τοὺς περὶ αὐτὸν ἐκμειλιξάμενος, καὶ ταῦτα ποιῶν τήν τε γῆν ἐν ἀδείᾳ σπείρων ἐθέριζε καὶ τὸν ἴδιον λαὸν περιέσωζεν αὐταρκεία. ὁπόταν δὲ εἶδεν αὐτὸν δυναστεύσαντα παντελῶς, ἐφήμισεν αὐτὸν, καὶ οὕτως πάλιν αὐτὸν πραγματευσάμενος ἔσπειρε καὶ ἐθέρισεν. ἔγραψεν δὲ καὶ πρὸς τὸν πορφυρογέννητον κῦρ βασίλεον ὅτι ἐγὼ, δέσποτά μου ἅγιε ἀναγκασθεὶς παρὰ τοῦ ἀποστάτου προσέταξα τοῖς Λαρισαίοις καὶ εὐφήμισαν αὐτὸν, καὶ ἔσπειραν καὶ ἐθέρισαν σὺν Θεῷ. καὶ διὰ τῆς ἀντιλήψεως τῆς βασιλείας σου συνέβαλα τοὺς καρποὺς ἀρκοῦντας τοῖς Λαρισαίοις ἐπὶ χρόνοις τέσσαρσι, καὶ ἰδοὺ, πάλιν εἰσὶ τῆς βασιλείας σου δοῦλοι. Μαθὼν δὲ τοῦτο ὁ βασολεὺς ἀπεδέξατο τό σόφισμα τοῦ πάππου μου. καὶ μετὰ τρεῖς ἐνιαυτοὺς προεβάλετο ἕτερον στρατηγὸν εἰς Ἑλλάδα. μὴ ἐνδημοῦτος δὲ τοῦ πάππου μου ἐν Λαρίσῃ, ἀλλ᾽ ἐν τῇ πόλει ὄντος, μήτε μὴν τοῦ στρατηγοῦ ἔχοντος ἐνέργειαν τοιαύτην εἰς τὸ σοφίσασθαί τι στρατηγικὸν ἐλθὼν ὁ Σαμουὴλ οὐκ εἴασεν αὐτοὺς θερίσαι, αλλ᾽ ἐν μὲν τῇ σπορᾷ ἐδίδου αὐτοῖς ἄδειαν σπείρειν, ἐν δὲ τῷ θέρει οὐ παρεχώρει αὐτοῖς τοῦ ἐξελθεῖν τὸ σύνολον[102].τοῦτο δὲ ἐπὶ τρισὶ χρόνοις ἐποίει ὥστε καὶ ἐπιλιπούσης αὐτοῖς τῆς τροφῆς κυνῶν καὶ ὄνων καὶ ἄλλων τινῶν μιαρῶν ἀπεγεύσαντο κρεῶν ἐπιλιπόντων δὲ καὶ αὑτῶν δέρματα τὰ ἐν ταῖς κοπρίαις κείμενα συλλέγοντες ἔψεναν αὐτὰ καὶ ἔτρωγαν παραμυθήσασθαι βουλόμενοι τὸν λιμόν. ἀλλὰ καὶ γυνὴ τεθνηκότος τοῦ ἀνδρὸς αὐτῆς ἔφαγεν τὸν μηρὸν αὐτοῦ[103]. καὶ ἀπὸ τῆς ἀνάγκης τοῦ ἀφορήτου λιμοῦ παρέλαβεν αὐτοὺς ἀναμωτὶ ὁ Σαμουὴλ καταδουλωσάμενος πάντας τοὺς Λαρισαίους ἐκτὸς τῆς γενεᾶς τοῦ Νικουλιτζᾶ. αὐτοὺς γὰρ μόνον μετοίκσεν ἀβλαβεῖς καὶ ἐλευθέρους μετὰ καὶ τῶν ὑπαρχόντων αὐτοῖς εἰπὼν τοῦτο ὅτι. εὐχαριστῶ πάνυ τῷ πορφυρογεννήτω κῦρ βασιλείω ὅτι ἐδέξατο τὸν συμπέθερόν σας τὸν Κεκαυμένον ἀπὸ τῆς Ἑλλάδος καὶ ἀπήλλαξέ με τῶν τούτου σοφισμάτων[104]. (Ако некој крене бунт и се прогласи за цар не влегувај во спогодби со него, но не се оддерувај од него. И ако можеш да го победиш и совладаш, бори се со него за императорот и за општиот мир. И ако не можеш да го победиш оддели

[102] Cecaumeni, Strategicon, 65 - 65 ; *ГИБИ* VII, 22 - 24 ; *Византиски извори,* III, 81 - 82.
[103] Cecaumeni, Strategicon, 65 ; *ГИБИ* VII, 22 - 24 ; *Византиски извори,* III, 81 - 82.
[104] Cecaumeni, Strategicon, 65 ; *ГИБИ* VII, 22 - 24 ; *Византиски извори,* III, 81 - 82.

се од него како што реков и заземи некоја тврдина со твоите луѓе. Тогаш напиши му на императорот дека ја извршуваш својата должност па макар и да бидеш заробен и ти и твоите деца и твоите луѓе. А ако немаш луѓе со кои што ќе освоиш некое утврдување, остави се зад себе и избегај кај императорот. Во случај да не се осмелуваш да избегаш поради своите деца тогаш остани со него, но во мислите биди со царот и кога ќе можеш изврши дело достојоно за пофалба. Додека си со него привлечи ги на своја страна пријателите што ги имаш и намами го и убиј го бунтовникот, остани му верен на царот во Цариград и нема да се излажеш во своите надежи. Пиши му тајно[105]. Ако живееш во тврдина на Исток или на Запад и ако избувне востание, крени се, собери луѓе и бори се заедно со востанатите. Ако сите наоколу сакаат да се кренат на востание собери храна и сточна храна за добитокот кој што го имаш и внеси ги внатре во ѕидините и купи и друга храна и прибери ја внатре и ќе имаш доволно кога ќе ти притреба и за тебе и за твоето семејство и за робовите и за слободните луѓе кои што треба заедно со тебе да се качат на коњи и да излезат во битка. Истото по твој совет да го направат и останатите и мали и големи. Уверен сум дека ако внатре во тврдината имаш храна кога непријателите ќе намислат да те нападнат, со божја помош ќе ги одбиеш и ќе изгониш. Но ако не постапиш како што те советував ќе поминеш исто како што поминаа и родителите на Николица во време на Самуил. Додека мојот покоен дедо Кекавмен бил во Лариса како управник во Елада, бугарскиот (македонскиот) владетел Самуил се обидуваше со итрина и со војна да ја заземе Лариса и не успеваше и беше одбиван и надмудруван од него (мојот дедо) и го принудуваше на битка и го умилостувуваше со подароци и него и неговите луѓе, и кога постапуваше така, без страв ја сееше земјата и жнееше и така ги спасуваше своите луѓе со она што самите го произведуваа. Но кога виде дека се стекна со надмоќ тој му ја призна власта и кога повторно го залажа повторно посеа и ожнеа. Тој му пиша за

[105] Cecaumeni, Strategicon, 65 ; *Византиски извори,* III, 81 - 82. ; Острогорски Г., *Историја на Византија*. 370 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 365. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија* 370 – 371 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Белчовски Ј., *Совети и раскази од Кекавмен* Македоника Литера, Скопје, 2015, 217, 218, 219, 220, 211. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 36 - 38

истото на порфирородниот господин Василиј : Јас, величествен мој господару принуден од одметникот им заповедав на ларисчаните и тие го признаа за владетел И како застапник на твоето царството собрав храна за ларисчаните доволна за четири години и ете сега тие се повторно поданици на твоето царство. Кога дозна за тоа императорот го одобри лукавството на мојот дедо. По три години тој постави друг стратег. Бидејќи мојот дедо не живееше во Лариса туку беше во престолнината, ниту пак стратегот беше способен да смисли некаква итрина, Самуил не ги оставаше да ја соберат летината. За време на сеидбата тој им дозволувше да сеат но за време на летото не им дозволуваше да излезат од тврдината. Тоа го правеше три години и кога немаа повеќе храна тие јадеа кучиња и магариња и други нечисти меса. Кога и тоа немаа собираа кожи фрлени на ѓубриштата и ги готвеа и ги јадеа за да ја намалат гладта. Една жена кога и умрел мажот му го изеде бедрото. Принудени од неиздржливата глад тие му се предадоа на Самуил без борба и тој ги пороби сите ларисчани, освен родот на Никулица. Само нив ги пресели слободни и зедно со нивниот имот, и тој рече: Му благодарам на порфирородниор господар Василиј што го зеде твојот сват од Елада и ме спаси од неговите итрини.)[106].

Интересно е да се споредат податоците во врска со освојувањето на Лариса од страна на кнезот Самуил околу 985 година што ги наоѓаме кај Скилица и кај Кекавмен. Скилица од една страна само накусо вели дека откако Самуил користејќи ја зафатеноста на византиската војска на исток го презел походот на југ и дека зазел многу тврдини меѓу кои најважна била утврдената Лариса. Понатаму тој известува дека македонскиот владетел жителите на градот ги преселил во внатрешноста на македонската држава и дека ги внел во своите воени списоци за да војуваат со него против Византија. Од истиот извор дознаваме дека од освоениот град кнезот Самуил ги зел со себе и моштите на св Ахил Лариски и дека ги донел во македонската престолнина Преспа каде што имал величествени дворци кои што свој дом ги нарекувал, каде што била

[106] Cecaumeni, Strategicon, 65 ; *Византиски извори*, III, 81 - 82. ; Острогорски Г., *Историја на Византија*. 370 ; *Историја на македонскиот народ*, 1, 365. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*. 370 - 371 ; Панов Б., *Средновековна Македонија*, 48. ; Белчовски Ј., *Совети и раскази од Кекавмен*, 217, 218, 219, 220, 211. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 36 - 38

изградена црква посветена на тој светец и во која што биле положени неговите мошти[107].

Од друга страна византискиот хроничар Кекавмен во своето дело Стратегикон зборува за освојувањето на Лариса од страна на македонскиот кнез Самуил, но тој тоа го прави со намера да му оддаде признание на својот дедо истоимениот стратег Кекавмен кој што според изворот со итрини и разни досетки успевал да им одолее на нападите на војската на македонскиот кнез Самуил и дека со тоа успеавал да го одложи дефинитивното паѓање на Лариса во македонски раце. Според изворот таквото надмудрување помеѓу македонскиот кнез Самуил и византискиот стратег Кекавмен траело цели три години. Хроничарот вели и дека дури кога состојбата станала крајно лоша и кога веќе била видлива воената надмоќ на македонскиот кнез Самуил неговиот дедо заедно со целото население го признал кнезот Самуил за свој владетел, се разбира тоа го сторил со поддршка на царот Василиј II и со намера да добие во време за нови итрини  и така жителите на градот извесно време живееле во мир обезбедувајќи си прехранбени производи за четири години[108].

Но по тој период Византискиот владетел назначил нов стратег за управник на темата Елада кој пак не му бил дораснат на македонскиот кнез и - според Кекавмен - по нова тригодишна опсада проследена со глад македонскиот владетел конечно успеал во намерата да го заземе овој важен град во свои раце. Од погоре наведеното се наметнува заклучокот дека сепак освојувањето на Лариса не одело лесно и брзо туку дека тоа се одвивало со опсади на градот во неколку наврати  и најпосле бил освоен од македонската војска[109].

---

[107] Scylitzes, *Synopsis historiarum*, 330, 92 - 8 ; *Византиски извори*, III, 81 - 82. ; Острогорски Г., *Историја на Византија*. 370 ; *Историја на македонскиот народ*, 1, 365. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*. 370 - 371 ; Панов Б., *Средновековна Македонија*, 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII- XIV век, том 1, 319. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 36 - 38

[108] Cecaumeni, Strategicon, 65 ; *Византиски извори*, III, 81 - 82. ; Острогорски Г., *Историја на Византија*. 370 ; *Историја на македонскиот народ*, 1, 365. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*. 370 - 371 ; Панов Б., *Средновековна Македонија*, 48. ; Белчовски Ј., *Совети и раскази од Кекавмен*, 217, 218, 219, 220, 211. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 36 - 38

[109] Cecaumeni, Strategicon, 65 ; *Византиски извори*, III, 81 - 82. ; Острогорски Г., *Историја на Византија*. 370 ; *Историја на македонскиот народ*, 1, 365. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*. 370 – 371 ; Панов Б., *Средновековна Македонија*, 48. ; Белчовски Ј., *Совети и раскази од Кекавмен*, 217, 218, 219, 220, 211. ; Божилов И., Гюзелев В., *История*

Кекавмен исто така ги потврдува податоците дека жителите на Лариса биле поробени и однесени во внатрешноста на македонската држава и биле внесени во воените списоци како македонски војници користени како сојузници против Ромеите. Од сите нив само семејството на Николица кое што му било верно на својот македонски кнез, што пак значи дека било видно македонско семејство, си ги задржало и слободата и имотот, тие пак биле роднини на Кекавмен што значи дека и самиот тој (самиот Кекавмен) колку и да прикривал и негирал бил македонец по потекло, со други зборови се обидувал да покаже презир кон Самуил и неговите успеси и воени победи, а воената храброст и надмоќ да му ги припишувал на византискиот император. Тоа го прави можеби и за да му се додвори на василевсот, а уште повеќе и поради тоа што сакал да го истакне своето византиско потекло, а да го прикрие словенското односно македонското потекло по мајкина страна што наведува на заклучокот дека тој се срами од сопственото македонско потекло. Со заземањето на Лариса Самуил победоносно ја завршил првата фаза на својот поход[110]

## 5. *БИТКАТА КАЈ ТРАЈАНОВАТА ПОРТА 986 ГОДИНА*

По ликвидацијата на паракимоменот Василиј во 985 година започнало вистинското владеење на Василиј II кој што сега решил лично да ја нападне македонската држава и како што вели Скилица да му се одмазди на кнезот Самуил за се што сторил.

Еве што конкретно вели Скилица[111] за тоа : Ἀμῦνασθαι δὲ τοῦτον ὁ βασιλεὺς τῶ εἰργασμένων γλιχόμενος, ἐπείρ ἀπετινάξατο τὰς περὶ τοῦ Σκληροῦ φροντίδας τὰς Ῥωμαΐκὰς ἀθροίσας δυνάμεις αὐτὸς δι᾽ ἑαυτοῦ εἰσβολὴν ἐν Βουλγαρίᾳ ἐδόκει ποιήσασθαι, Βάρδαν τὸν Φωκᾶν ἔτι δομέστικον ὄντα τῶν σχολῶν καὶ τοὺς λοιποὺς ἑῴους δυνάστας μηδ᾽ ἀξιώσας λόγου. εἰσερχόμενος δὲ ἐν Βουλγαρίᾳ διὰ τῆς παρὰ τῇ Ῥοδόπη καὶ ποταμῷ

*на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 36 - 38

[110] Cecaumeni, Strategicon, 65 ; *Византиски извори,* III, 81 - 83 : Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 370 - 371 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 365. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Белчовски Ј., Совети и раскази од Кекавмен, 217, 218, 219, 220, 211. ; Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България VII - XIV век, том, 1, 319 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 36 – 38

[111] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 330 - 331 ; *Византиски извори,* III, 85 - 86 ; *Документи,*1, 88.

Εὔρω τὸν μάγιστρον Λέοντα τὸν Μελισσηνὸν κατόπιν εἲασε, τὰς δυσχωρίας φυλάτειν προστάξας. αὐτὸς δὲ τἀ μεταξὺ Τριαδίτζης, ἥτις πάλαι Σαρδικὴ ἐπωνομαστο (ἐν ᾗ καὶ τῶν δυτικῶν τριακοσίων ἐπισκόπων σύνοδος γέγονε Κώνσταντος τοῦ τῆς δύστως καὶ Κωνσταντινου (Κωνσταντίου Ε) τοῦ τῆς ἀναστολῆς βασιλέως κελεύσει τῶν υἱῶν τοῦ μεγάλου Κωνσταντίνου) στενὰ διελθὼν καὶ τὰς λόχμας καὶ ἓν τινι τό τοπω Στοπονίω λεγομὲνω γενόμενος ἔθετο χάρακα, ἐκεῖσέ τε διενοεῖτο, πῶς ἂν ἐπιχειρήση τῇ πολιορκίᾳ τῆς Σαρδικῆς[112]. ἠκουέτο δὲ καὶ ὁ Σαμουὴλ τὰς κορυφὰς τῶν κύκλωθεν ὀρέων κατέχων (πρὸς φανερὰν γὰρ συμπλοικὴν καὶ ἀγχέμαχον ἐδειλία), καὶ πάντοθεν ἐνεδρεύων, εἲ πως δυνηθείν βλάψαι τοὺς ἐναντίους. ἐν ᾧ δὲ ταῦτα ἐγίνετο τοιοῦτος ἦν τῷ βασιλεῖ ὁ σκοπός, Στέφανος ὁ δομέστικος τῶν σχολῶν τῆς δύσεως, ὅν διὰ τὸ βραχὺ τῆς ἡλικίας Κοντοστέφανον ἐπωνόμαζον, ἀπεχθέστατος ὢν Λέοντι τῷ Μελισσηνῷ πρόσεισι νυκτὸς ἤδη καταλαβούσης τῷ βασιλεῖ καὶ ἀναζευγνύειν ὡς τάχιστα παρεκάλει, καὶ τὰ ἂλλα λογιζόμενον δεύτερα, καὶ τὴν βασιλίδα καταλαβεῖν, ὡς τοΰ Μελισσηνοῦ ἐποφθαλμιῶντος τῇ βασιλείᾳ κἀκεῖσε ἀπιόντος ἂρτι σὺν τάχει πολλῷ. ἐθρόσην ὁ λογος τὸν βασιλέα, καὶ ἀναζυγὴν εὐθεως ἐκήρυξεν. ὁ δὲ Σαμουὴλ τὴν ἀσύντακτον ἀναχώρησιν φυγήν ὡς εἰκός εἶναι ὑποτοπάσας ἐπιπεσὼν ἀθρόως μετ᾽ ἀλαλαγμοῦ καὶ βοῆς τούς τε Ῥωμαίους κατέπληξε καὶ φυγεῖν ἠνάγκασε, καὶ στρατόπεδον κατέσχε, καὶ τῆς ἀποσκευῆς ἁπάσης ἐγένετο κύριος καὶ αὐτῆς βασιλικῆς σκηνῆς καὶ τῶν βασιλικῶν παρασήμων. μόλις δὲ ὁ βασιλεὺς τὰ στενά διελθὼν εἰς Φιλιππούπολιν διασῴζεται[113]. ἐν ᾗ γενόμενος, καὶ τὸν Μελισσηνὸν ἀμετακίνητον εὑρὼν καὶ τὴν ἐμπιστευθεῖσαν αὐτῷ φυλακὴν ἐπιμελῶς τηροῦντα τῷ Κοντοστεφάνω ἐλοιδορεῖτο ὡς ψευσαμένω καὶ παραιτίω γεγονότι τοσούτου κακοῦ. οὗτος δὲ μὴ ἐνεγκὼν πράως τὴν ἐπιτίμησιν, ἀλλ᾽ ἔτι μᾶλλον τραχυνόμενος καὶ δίκαια συμβουλεῦσαι ἰσχυριζόμενος ἠνάγκασε τὸν βασιλέα δὶα τὴν ἀναίσχυντον ἰταμότητα ἀναπηδῆσαι τε τοῦ θρόνου καὶ τῶν τριχῶν αὐτοῦ καὶ τῆς γενειάδος λαβόμενον κατασπάσαι εἰς γῆν[114] (Царот реши да му се одмазди за

[112] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 330 - 331 ; *Византиски извори,* III, 85 - 86 ; *Документи,* 1, 88.
[113] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 330 – 331 ; *Византиски извори,* III, 85 – 86 ; *Документи,* 1, 88.
[114] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 330 - 331 ; *Византиски извори,* III, ..85 - 86 ; *Документи,* 1, 88.

она што го стори и откако се ослободи од грижите околу Склир, ја собра ромеј - ската војска и реши самиот лично да изврши упад во Бугарија без да го удостои да му каже за тоа на Варда Фока кој што сеуште беше доместик на Схола ниту на другите благородници. Откако влезе во Бугарија низ областа покрај Родопите и реката Хебар и го остави зад себе магистерот Лав Мелисин со наредба да го чува теснецот, самиот откако мина низ стрмните долини и грмушки помеѓу границата и Тријадица која што некогаш се викаше Сердика стигна до местото наречено Штипоне[115]. Тука го постави логорот и почна да размислува како да ја постави опсада околу Сердика. Се пронесе гласот дека Самуил ги зазел врвовите на околните ридови и бидејќи се плашеше од отворен судир од сите страни демнеше за да може да им наштети на непријателите. Додека се случуваа тие подготовки и таков беше планот на царот, Стефан доместикот на Схолите на Запад, кого што поради малиот раст го нарекуваа Кондостефан, кој што беше многу непријателски настроен кон Лав Мелисин, кога се спушти ноќта пристапи кон царот и почна да го убедува веднаш да го крене логорот и да замине во престолнината и се друго да остави на страна, затоа што Мелисин се стремеше кон царската власт и веќе беше тргнат кон Цариград со голема брзина. Овие зборови го исплашија царот и тој веднаш нареди да се даде сигнал за кревање на логорот. А Самуил секако ова безредно повлекување го сметаше за бегство, и со викотници и бучава ненадејно ги нападна ромеите, ги исплаши и ги натера во бегство. Тој (Самуил) го освои логорот и зароби се што имаше во него, дури и царскиот шатор заедно со царските обележја. А царот едвај мина низ теснините и се спаси во Филипопол. Кога стигна таму и го најде Мелисин на истото место како ја извршува доверената задача, го разобличи Кондостефан дека е лажго и виновник за тоа зло. Но то не ги трпеше мирно прекорите, туку стана уште погневен и продолжи да тврди дека правилно го советувал царот. Таа негова дрска

---

[115] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 330 - 331 ; *Византиски извори,* III, 85 – 86 ; *Документи,* 1, 88 ; Diaconis, *Historia,* 171, 1-173, 11 ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго*, 27, 23 - 29 ; *Всеопщя историї Степана Таронскаго*, гл. XXIII, 175 - 177, гл. XXIV 177 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363 ; *Историја на македонскиот народ,*1, 366 - 367. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 373 - 379. ; *Й. Заимов, В. Заимова, Бьитолски натпис на Иван Владислав, самодржец български*, 33 - 34, 97 - 98. ; *Историја на македонскиот народ*, *книга* 1, 121 ; *Историја на македонскиот н*арод, 1, 365 - 367. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319 - 320 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска воена история през средновековието* / X – XV век /, 39 – 44.

бесрамност го натера царот да скокне од престолот и откако го фати за косата и брадата да го фрли на земја)[116].

Според современикот на тие настани Лав Ѓакон[117] вели : Εἶτ᾽ αὖθις, ἐπεὶ τὸ ληστρικὸν τῶν συνωμοτῶν τοῦ Σκληροῦ Βάρδα τελέως ἐσκίδνατο, τὰς δυνάμεις ἀνειληφὼς ὁ αὐτοκράτωρ Βασίλειος ἠπείγετο κατὰ τῶμ Μυσῶν. ἡ γὰρ ἐκείνων αὐθάδεια καὶ ἀπήνεια, φονικὸν περιπνέουσα, τὴν Ῥωμαικὴν ἐσίνετο ἐπικράτειν, καὶ τὰ τῶν Μακεδόνων ἀφειδῶς ἐληιζετο, ἡβηδὸν ἅπαντας διαφθείρουςα. τῷ τοι καὶ θερμότερον ἤπερ ἔδει μᾶλλον κινηθεὶς ἢ προμηθέστερον, αὐτοβεὶ καθελεῖν ταύτην ἠπείγετο. ἀλλὰ τῶν ἐλπίδων ἐπηρείᾳ τύχης ἡμάρτανεν[118]. ἐπεὶ γὰρ τὰς ἐστενωμένας καὶ κρημνώδεις ἀτραποὺς διοδεύσας, κατὰ τὴν Σαρδικὴν ἐπεχωρίασεν, ἥν καὶ Τράλιτζαν ἡ Σκθικὴ συνήθεια κέκληκεν ἐνταῦθα τὸν τοῦ στρατοπέδου ἐπήξατο χάρακα, καὶ αὐτὴν παρακαθισάμενος ἐφ᾽ ἡμέραις εἴκοσιν ἐφροὺρει. ἀλλ᾽ οὐδέν εἶχεν ἀνύσειν, τῇ κακοπραγίᾳ τῶν στρατηγῶν ἐς ῥᾳστώνην καί νωθείαν ἀποκλινάσης τῆς στρατιᾶς. τοίνυν πρότερον μὲν τοὺς ἐπὶ χιλὸν καὶ χορτάσματα τοῦ χάρακος ἐξιόντας ἐνεδρεύσαντες οἱ Μουσοί, πολὺν φόνον εἰργάσαντο, καὶ πλῆθος ὑποζυγίων καὶ ἵππων ἀπήγαγον. ἔπειτα τῶν ἑλεπόλεων καὶ τῶν λοιπῶν μηχανημάτων ἀπειρίᾳ τῶν προσαγηοχότων ταῦτα τοῖς τείχεσιν ἀπρακτησάντων, καὶ πυρποληθέντων παρὰ τῶν δυσμενῶν ἐπεὶ καὶ σπάνις τῶν ἀναγκαίων κατεῖχε τὴν στρατιὰν, τῶν συμπεφορημένων ἐπιστισμῶν ἤδη ἀναλωθέντων τῷ μὴ πεφεισμένως αλλ᾽ ἄδην κατεμφορεῖσθαι αὐτῶν, ἐνσκευσάμενος συνάμα τῇ στρατιᾷ τὴν ἐπὶ τὸ βυζὰντιον ᾖει. πανημέριος δὲ διοδεύσας ἐπί τινα λόχμην διεσκηνίσατο, καὶ τὴν πληθὺν

---

[116] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 330 - 331 ; *Византиски извори,* III, 85 – 86 ; *Документи,* 1, 88 ; Diaconis, *Historia,* 171, 1-173, 11 ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго*, 27, 23 - 29 ; *Всеопщя историi Степана Таронскаго*, гл. XXIII, 175 - 177, гл. XXIV 177 ; Острогорски Г., *Историја на Византија*, 363 ; *Историја на македонскиот народ*, 1, 366 - 367. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 373 - 379. ; *Й. Заимов, В. Заимова, Бъитолски натпис на Иван Владислав, самодржец български*, 33 – 34, 97 - 98. ; *Историја на македонскиот народ*, *книга* 1, 121 ; *Историја на македонскиот н*арод, 1, 365 - 367. ; Панов Б., *Средновековна Македонија*, 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319 - 320. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 39 - 44.

[117] Diaconis, *Historia*, 171, 1 - 173, 11 ; *Византиски извори,* III, 85 - 86 ; *Документи*, 1, 88.

[118] Diaconis, *Historia*, 171, 1 - 173, 11 ; *Византиски извори,* III, .85 - 86 ; *Документи*, 1, 88

διανέπαυε[119]. μήπε δὲ τῆς πρώτης φυλακῆς νυκτὸς συμπεραιωθείσης ἐξαίφνης ἀστηρ παμμεγέθης ἐκ τοῦ ἑῴου μέρους τοῦ χάρακος ὁρμηθεὶς καὶ τὰς σκηνὰς περιλάμψας ἀπλέτω φωτὶ, ἐπὶ τὸ ἑσπέριον μέρος παρ᾽ αὐτὴν τὴν ταφρείαν καταπεσὼν, καὶ εἰς σπινθῆρας συνχνοὺς διαιρεθεὶς ἀπεσβέσθη. τὴν αὖθις δὲ τοῦ στρατοῦ παρεδήλου διαφθορὰν ἡ τοῦ ἀστέρος καταφορά. ἶνθα γὰρ τοιλουτότροπόν τι γενέσθαι συμβέβηκε, τοῦ ὑποκειμένου πανολεθρίαν ἐσήμηνε.[120] τεκμήριον τοῦτο σαφὲς ὁ ἐπὶ τῆς Τρωικῆς πληθύος κατενεχθεὶς ἀστὴρ, ὁπηνίκα Πάνδαρος τῷ Μενελάω ἐπετοξάζετο ἐκεῖ γὰρ αὐθημερὸν ἡ Τρωικὴ φάλαγξ πρὸς τῶν Ἀχαιῶν εἰς φυγὴν ἀγεννῆ συνεκλείετο. καὶ ἐπὶ τῶν Ῥωμαικῶν δὲ πολέμων εὕροι τις ἂν, τὴν ἱστορίαν μετιὼν, τὸ τοιοῦτον πολλάκις συμβὰν, καὶ τὸ στράτευμα διαφθαρὲν, ἵνα τὸ φάσμα ἐπέσκηψεν. εἴδομεν δὲ καὶ ἐπὶ τῆς προέδρου Βασιλείου ἑστίας τοιοῦτόν τι κατενεχθὲν καὶ μήπω καιροῦ συχνοῦ διαρρεύσαντος ἐκεῖνόν τε τοῦ βίου ὑπαπελθόντα, καὶ εἰς διαρπαγὴν καὶ προνομὴν ἐκδοθέντα τὰ αὐτῷ διαφέροντα. ἀλλὰ περὶ μὲν τῆς τοῦ ἀστέρος φαντασίας ὧδέ πη ἐχέτω τότε δὲ, κατὰ τὴν ὑστεραίαν, διά τινος ὑλώδους καὶ σηραγγώδους αὐλῶνος διῄει τὸ στράτευμα ἐκεῖνον δὲ μόλις παραδραμὸν, χαραδρώδεις καὶ ἀναντεις κατελάμβανε χώρους ἐν οἷς οἱ Μυσοὶ Ῥωμαίοις ἐπιθέμειον πλεῖστον ὅτι πλῆθος ἀνδρῶν διέφθειραν, καὶ τήν τε βασίλειον ἀρχὴν καὶ τὸν πλοῦτον εἰλήφεσαν, καὶ τὴν ἀποσκευὴν τῆς στρατιᾶς ἐλαφυραγώγησαν ἅπασαν. τότε δὴ καὶ αὐτὸς ὁ ταῦτα ἐκτραγωδῶν ἐκεῖσε παρήμην, τῷ κρατοῦντι δυστυχῶς συνεπόμενος καὶ τῇ τοῦ διακόνου λειτουργίᾳ ὑπηρτούμενος. καὶ κᾂν ἐξεχύθη μου παρὰ μικρὸν τὰ διαβήματα, καὶ μαχαίρας Σκυθικῆς γέγονα παρανάλωμα, εἰ μή με θεία τις ἐξ αὐτοῦ τοῦ κινδύνου ἀπήγαγε πρόνοια, ἥτις ἐξιππάσασθαι τάχος πεποίηκε, πρὸ τοῦ καταληφθῆναι τὴν φαραγγώδη πρὸς τῶν δυσμενῶν ἄνοδον, παρελθεῖν τε ταύτην καὶ δρομαίως καταλαβεῖν τὴν ἀκρώρειαν. μόλις οὖν διὰ δυσβάτων ὀρέων τὸ περιλειφθὲν τοῦ στρατεύματος τὴν καταδρομὴν διέφυγε τῶν Μυσῶν, τὴν ἵππον σχεδον ἀποβαλὸν ἅπασαν καὶ τὴν ἐπικομιζομένην ἀποσκευὴν, καὶ

119 Diaconis, *Historia,* 171, 1 - 173, 11 ; *Византиски извори,* III, 85 - 86 ; *Документи,* 1, 88.

120 Diaconis, *Historia,* 171, 1 - 173, 11 ; *Византиски извори,* III, 85 - 86 ; *Документи,* 1, 88.

πρὸς τὰ Ῥωμαικα ἐπανέζευξεν ὅρια[121]. (Потоа откако го разби и растури заговорот на Варда Склир императорот Василиј откако собра војска тргна во поход против Мизите (Македонците) затоа што нивната дрскост и жестокост мирисаше на убиство и ја плашеше византиската држава. Тие ја ограбуваа Македонската земја и ги убиваа сите способни да се бранат. Затоа воден попрво од гнев отколку од разум тој брзаше да ги збрише во еден налет. Но по лошата војла на судбината тој се измами во своите надежи. Откако помина низ тесни и стрмни патеки императорот пристигна пред Сердика која што Скитите ја нарекуваа Тралица.[122] Таму постави воен логор и го опсади градот. Го држеше под опсада во време на дваесет дена, но ништо не можеше да направи затоа што војската се беше оддала на мрзеливост и безделничење поради неспособноста на воените заповедници. Најпрво кога војниците беа излезени по сено и фураж од страна на Мизите беа напаѓани од заседа и направија голем колеж и однесоа многу впрегнати животни и коњи. Потоа катапултите и други борни машини не служеа за ништо поради неспособноста на оние кои што ги доближуваа до ѕидините и непријателите ги гореа. Истовремено војската страдаше од недостаток на храна затоа што она што ја носеа со нив неразумно и прекумерно ја трошеа. Ете затоа императорот се приготви за пат и тргна со војската кон Константинопол.[123]

Откако цел ден патуваше, тој постави логор на една безбедна рамнина и даде одмор на војската. Во текот на ноќта уште не беше поминатата првата ноќна стража, од источната страна на небото се појави голема ѕвезда и ги осветли

---

[121] Diaconis, *Historia,* 171, 1 - 173, 11 ; *Византиски извори,* III, 85 - 86 ; *Документи,* 1, 88.

[122] Diaconis, *Historia,* 171, 1 - 173, 11 ; *Византиски извори,* III, ..85 - 86 ; *Документи,* 1, ..88 ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго*, 27, 23 - 29 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 365 - 366 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; *Й. Заимов, В. Заимова, Бъитолски натпис на Иван Владислав, самодржец български.* 33 - 34, 97 - 9 ; *Историја на македонскиот народ, книга* 1, 121 ; *Историја на македонскиот н*арод, 1, 365 - 367. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България VII - XIV век, том 1, 319 - 320. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 39 - 44.

[123] Diaconis, *Historia,* 171, 1 - 173, 11 ; *Византиски извори,* III, 85 - 86 ; *Документи,* 1, 88 ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго*, 27, 23 - 29 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 365 - 366 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; *Й. Заимов, В. Заимова, Бъитолски натпис на Иван Владислав, самодржец български.* 33 - 34, 97- 9 ; *Историја на македонскиот народ, книга* 1, 121 ; *Историја на македонскиот н*арод, 1, 365 - 367. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България VII - XIV век, том 1, 319 - 320. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 39 – 44.

шаторите со силна светлина, падна на западната страна до самиот ендек и се распрсна на многу парчиња и изгасна. Паѓањето на ѕвездата предскажуваше уништување на војската, кое што се случи подоцна. Затоа што појавувањето на ѕвездата каде и да се случи навестува пропаст на се наоколу. Очигледен доказ за тоа е ѕвездата што паднала врз тројанската војска[124] кога Пандар[125] се борел со лак со Менелај[126]. Истиот ден тројанската војска била принудена на безглаво бегство од Ахајците. И во време на римските војувања секој што би ја проучувал историјата би открил дека тоа често се случувало и дека секаде каде што тоа се случувало гинела војската[127]. Кога ѕвездата се појави над домот на проедарот Василиј не помина многу време и тој го напушти овој познат свет а имотот му беше изложен на грабеж и разнесување. Другиот ден војската поминуваше преку еден премин исполнет со шума и грмушки. Едвај ја премина и стигна до стрмни и непроодни места каде што Мизите ги нападнаа Ромеите и откако убија голем број војници го заробија царскиот шатор со богатството и комората. Таму бев и јас раскажувачот на тој настан, којшто ја имав несреќата да го придружувам императорт во служба на ѓакон[128]. Малку недостасуваше да ми се лизнат стапалата и да станам жртва на скитскиот меч, ако божјото провидение не ме избави од опасноста така што ме поттикана да му се препуштам на коњот и да ги преминам стрмните патеки и бргу да стигнам до врвот на планината. Целата војска едвај се извлече од нападот на Мизите во непроодните планини и ја загуби речиси целата коњаница и комората која што со себе ја носеше и се врати во византиските земји)[129].

---

[124] Овој податок потврдува дека Л. Ѓакон ја читал Илијадата на Хомер и други хеленски историчари.

[125] Хеленскиот јунак и учесник во битката под Троја бил син на Ликаон од Кизик во Ликија.

[126] Менелај бил кралот на Спарта и брат на Агамемнон кралот на Микена и учесник во тројанската војна на страната на Ахајците.

[127] Податокот потврдува дека Л. Ѓакон имал широки познавања од римската воена историја.

[128] Овдека Лав Ѓакон ни опишува во какво својство бил за време на битката кај Трајановата врата.

[129] Diaconis, *Historia,* 171, 1 - 73, 11 ; Scylitzae, Synopsis historiarum, 331, 39 - 43 ; Cedrenos, *Historiarum compendium,* 436 - 4 38 ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго*, 27, 23 - 29 ; *Византиски извори, III,* 85 - 86 ; *Документи* 1, 88 ; *ГИБИ, VI,* 276 – 277 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 373 - 379. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 365 - 366 ; *Й. Заимов В. Заимова, Бъитолски натпис на Иван Владислав, самодржец български,* 33 - 34, 97 - 98. ; *Историја на македонскиот, Народна книга,* 1, 121 ; *Историја на македонскиот н*арод, 1, 365 - 367. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на*

Според Зонара[130] : ὁς τῶν Ῥωμαικῶν στρατευμάτων τοῖς ἐμφυλίοις ἀσχολουμένων ἄδειαν εὑρηκὼς τὰ τῆς Ῥωμαικῆς ἡγεμονίας ἑσπέρια ξύμπαντα περιῄει, οὐ ληιζόμενος μόνον, ἀλλὰ καὶ τὰς χώρας ἅμα καὶ τὰς πόλεις περιποιούμενος ἑαυτῷ ἐπεὶ δέ, ὡς ἱστόρηται, τὴν τοῦ Σκληροῦ τυραννίδα ὁ βασιλεὺς ἀπεσείσατο ὥργα πρὸς ἄμυναν τοῦ βαρβάρου καὶ δι᾽ ἑαυτοῦ ἔδοξεν αὐτῷ τὴν ἐκστρατείαν ποιήσασθαι. ἔξεισιν οὖν μήτε τῷ μαγίστρω Βάρδᾳ τῷ Φωκᾷ καίτοι δομεστίκω ὄντι τῶν σχολῶν τῆς ἀνατολῆς περὶ τῆς πράξεως κοινωσάμενος μήτε μὴν ἑτέρω τῶν τῶν ἑωων στραταρχούντων δυνάμεων. ἤδη δὲ πρὸς τὰ Βουλγάρων εἰσιὼν τὸν μάγιστρον Λέοντα τὸν Μελισσηνὸν κατόπιν ἐκέλευσεν εἶναι καὶ τὰς δυσχωρίας τηρεῖν. αὑτος δ᾽ εἰσελθὼν πολιορκίᾳ τῆς Σαρδικῆς (αὕτη δ᾽ ἐστὶν ἡ Τριάδιτζα) ἐπιχειρεῖν ἡτοιμάζετο[131]. τῶν δυτικῶν δὲ ταγμάτων δομέστικος ὤν ὁ Κοντοστέφανος Στέφανος καὶ λογισάμενος ὡς εἰ εὐτυχηθείη τὰ τῆς στρατείας τῷ βασιλεῖ, οὐκ ἄν ποτε παύσαιτο δι᾽ ἑαυτοῦ τοὺς πολέμους διατιθέμενος, καὶ οὔτ᾽ αὐτος οὔθ᾽ οἱ λοιποὶ στρατιάρχαι ἔτι αὐτῷ λόγου πολλοῦ νομισθήσονται ἄξιοι, σφῆλαί οἱ διεμελέτησε τὴν ἐπιχείρησιν καὶ τὴν ὁρμὴν ἀνακόψαι. προσελεὼν οὖν φησι τὴν Μελισσηνὸν τυραννίδι ἐπιχειρῖν καὶ ἀπιέναι σὺν ταχυτῆτι πρὸς τὸ Βυζάντιον τὴν βασιλείαν καθέξιντα. καὶ ἠξίου μὴ μέλλειν, ἀναζευγνύειν δὲ καὶ μὴ ὑπερτίθεσθαι. Τοῦτο τὸν βασιλέα ἐτάραξε καὶ ἐπάνοδον ἐσήμανε τῷ λαῷ. ὁ δέ γε Σαμουὴλ ταῖς τῶν ὀρέων ἐμφιλοχωρῶν κορυφαῖς (οὐ γὰρ ἐθάρρει κατὰ συστάδην μαχέσασθαι) καὶ τὴν ἀθρόαν ἀναζυγὴν ἰδὼν δειλίαν ἔκρινε τὸ πραττόμενον καὶ ἔπεισι τοῖς Ῥωμαίοις καὶ τῷ ἀνελπίστω ἅπαντας κατεθρόησε καὶ εἰς φυγὴν ἔτρεψε. καὶ τῆς τε παρεμβολῆς ἐκράτησε καὶ τῆς σκηνῆς τῆς βασιλικῆς καὶ τῶν παρασήμων τῆς βασιλείας. ὁ δὲ βασιλεὺς μόλις εἰς Φιλιππούπολιν διασέσωστο κἀκεῖ τὸν Μελισσηνὸν εὑρηκὼς κατὰ τοῦ Κοντοστεφάνον ἐξώδγιστο καὶ ὕβρεις κατέχεε τοῦ ἀνδρός. δὲ δυσανασχετῶν ἐτραχύνετο καὶ ἀναζέσασ ὁ βασιλεὺς τῷ θυμῷ ἀνέθορέ τε τοῦ θρόνου καὶ τῆς κόμης τοῦ

---

*средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 319 - 320. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 39 - 44.

130 Zonarae, *Epitomae historiarum,* 548 – 549 ; *Византиски извори, III,* 85 - 86 ; *Документи,* 1, 88

131 Zonarae, *Epitomae historiarum,* 548 – 549 ; *Византиски извори, III,* 85 - 86 ; *Документи,* 1, 88

Κοντοστεφάνου δραξάμενος καὶ τοῦ πώγωνος προσήραξε τὸν ἄνδρα τῇ γῇ[132] (Додека војските беа зафатени со меѓусебни војни тој храбро одеше низ западните области на ромејската држава и не само што ги ограбуваше туку и ги освојуваше и областите заедно со градовите. А кога императорот како што се раскажува го одби обидот на Склир да дојде до власта беше обземен од желбата да му се одмазди на варваринот и реши самиот тој да замине на поход против него. Тој замина самиот без да каже никому ништо, ниту на магистерот Варда Фока кој што тогаш беше доместик на схолите на Истокот ниту на некој друг од војсководцте. Кога навлезе во Бугарија му заповеда на магистерот Лав Мелисин да остане и да ги чува тешкопроодните места. А тој кога пристигна почна да се подготвува за опсадата на Сердика нарекувана Триадица. Доместикот на тагмите беше Стефан Кондостефан мислеше дека доколку се оствари походот, импрераторот сам никогаш нема да ги прекине борбите и ниту тој ниту другите војсководци нема да бидат удостоени со почести и се обиде да го уништи планот и да го сопре во намерата. Затоа отиде кај него (кај царот) и му рече дека Мелисин се обидува да ја заземе власта и дека со голема брзина се упатил кон Византион и го убедуваше да остави се настрана и да се повлече без одложување. Тоа го вознемири императорот и тој заповеда повлекување на војската. А Смуил кој што ги беше освоил врвовите на планините затоа што не се осмелуваше да се бори одблизу и кога го виде неочекуваното повлекување помисли дека се повлекуваат од страв и се втурна среде Ромеите. И откако внесе паника ги натера во бегство го освои логорот заедно со царскиот шатор и царските знаци. Царот едвај се сапси и се врати во Филипопол и кога виде дека Мелисин е таму многу му се налути на Кондостефан и почна да го кара со погрдни зборови. Тој пак не можеше трпеливо да го поднесе тоа и се налути и тогаш императорот разгневен скокна од тронот и откако го фати Кондостефан за косата и за брадата го фрли на земја)[133].

---

[132] Zonarae, *Epitomae historiarum,* 548 – 549 ; *Византиски извори, III,* 85 - 86 ; *Документи,* 1, 88

[133] Zonarae, *Epitomae historiarum,* 548 – 549 ; Diaconis, *Historia,* 171, 1 - 73, 11 ; *ГИБИ* VI, 276 - 277 ; *Византиски извори, III,* 85 - 86 ; *Документи,* 1, 88 ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго*, 27, 23, *ГИБИ,* VII, 185 - 186 ; *Всеопщя истори Степана Таронскаго*, гл. XXIII, 175 - 177, гл. XXIV 177 ; *Й. Заимов, В. Заимова, Бъитолски натпис на Иван Владислав, самодржец български,* 33 - 34, 97 - 98. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 373 - 379. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 365 - 366. ; *Историја на македонскиот народ, книга,*

Точниот датум на битката кај Трајановата врата, „ вторник 17 август 986 година “, на блескавата победа на македонските војски на чело со кнезот Самуил над византиската војска ја соопштува летописецот Јахја Антиохијски. Тој за битката кај Трајановата врата пишува : „ И тргнал против нивниот цар со голема војска и стигнал пред градот Абариј (Сердика) и го опсадил. Ноќта кај неговата војска се прочул глас дека отстапницата им е затворена. И тогаш се дал во бегство царот и сета негова војска во вторник на 17 Аба (Август) 1297 (986) т.е. 7 Рабиа II 376. И го нападнале Булгарите и го поразиле, ја ограбиле комората сосе богатството и загинал дел од неговата војска“[134]

Најилустративен опис на Битката кај Трајановата Врата во која стрелите на Мизите (Македонските војски) испаднале посилни од копјата на Авзоните (Византијците), а која болно одекнала во византиската јавност дава еден современик на настаните. Јован Геометар византиски поет кој што живеел во X век, чии песни се зачувани во ракопис од XIII, во поетска форма ќе запише : „ Никогаш не би помислил дека некогаш ќе се случи, дури ни кога сонцето би се преместило, стрелите на Мизите (τῶν Μυσῶν) да бидат појаки од копјата на Авзоните ( ’Αυσῶνον) Пропаднете дрвја, злокобни планини! Пропаднете, мрачни планини! Пропаднете, недостижни стени, таму каде лавот се уплашил да излезе против срните (младите елени)! Сонце (Фајрете), скриј се под земјата во твојата златноблескава кочија, и кажи му го на великиот дух на императорот ова: Истарот (Искарот) го грабна венецот на Рим. Веднаш земи го оружјето, оти стрелите на Мизите се посилни од копјата на Авзоните ”[135].

Ерменскиот историчар Стефан Таронски - Асолик, исто така современик, на настаните во времето на кнезот Самуил, во 23 глава од својата „ Историја “, известува за победата на кнезот Самуил во битката кај

---

1, 121 ; *Историја на македонскиот н*арод, 1, 365 - 367. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319 - 320. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 39 - 44.

[134] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 331 , 39 - 43 ; Diaconis, *Historia,* 171, 1 - 173, 11 *Византиски извори* III, 15 - 21 ; *Документи,* 1, 88 ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго*, 27, 23 - 29 ; *Всеопщя историi Степана Таронскаго*, гл. XXIII, 176 - 177, гл. XXIV 177 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 365 - 366. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 373 - 379. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV *век*, том 1, ..319 - 320. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 39 – 44.

[135] *Византиски извори,* III, 26 - 27, бел. 10 и 11 ; *ИБИГИБИ* IX/V, 320, бел. 9.

Трајановата врата. Без да ги наведе нивните имиња, тој пишува : „ ...царот Василиј откако собрал војска, самиот лично отишол во земјата на Булхарите. Тој тргнал со голема воена сила и поставил широк логор во средината на нивната држава. Булхарите побрзале и ги зазеле тесните места и планинските премини, по кои требало да помине непријателот : тоа биле непроодни места покриени со густи грмушки. На ваков начин опкружувајќи го царот со целата негова војска, тие сите ги подложиле на мечот. Само ерменската пешадија, која однапред и одзади го обезбедувала царот Василиј, по друг планински пат го извела во Македонија. А сета грчка коњаница, со опремата и царскиот шатор му се предала на непријателот “. Во следната, XXIV глава, истиот автор пишува : „ Во таа година, т.е. Во 435 г. Според ерменското броење на годините (= 986), кога во тешки маки умрел Гаврил севастијскиот митропоит, а вината за неговата смрт во Булхарија била резултат на одмаздата на Бога[136.] Во таа земја војската на Василиј доживеала пораз “.[137]

За македонската победа во Битката кај Трајановата врата, дознаваме од кирилски натпис на македонскиот цар Јован Владислав од 1015/1016 година, по повод изградбата на битолската тврдината. Во натписот се вели дека тој бил : „ ... внук на Никола и Рипсимија благоверни, син на Арон кој е брат на Самоил царот самодржец кој што ја разби грчката војска на царот Василиј, каде беше запленето злато ...“[138].

Ако направиме споредба на податоците што ги наоѓаме кај Јован Скилица и кај Лав Ѓакон и Јован Зонара во врска со судирот кај Трајановата порта 986 година можеме да заклучиме дека Василиј II ја собрал својата војска и ја повел со брз марш како што вели Ѓакон кон Мизите (Македонците) чија што дрскост и упорност и нанесувала штета на Византиската држава бидејќи немилосрдно ограбувале и убилвале се што било возрасно. Поради тоа воден повеќе од страст и чувства отколку од разум царот тргнал еднаш за да ја заврши работата еднаш за секогаш.

---

[136] *Всеопщя историi Степана Таронскаго*, гл. XXII, с. 175.

[137] *Всеопщя историi Степана Таронскаго*, гл. XXIII, 176-177, гл. XXIV 177.

[138] *Й. Заимов, В. Заимова, Бъитолски натпис на Иван Владислав, самодржец български,* 33 - 34, 97 - 98. ; Аџиевски К., *Пелагонија во средниот век,* (Од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт), Скопје, 1994, 63. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII – XIV век, том, 1, 319 - 320. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 39 – 44.

Тој навлегол во Бугарија преку граничните предели на Родопите и преку реката Марица, а во задницата го оставил магистерот Лав Мелесин да ги чува клусурите. Откако се пробил низ тесните и стрмни патеки Василиј II се запрел на местото кое се викало Штипоне (Στοπώνιον) каде што го поставил својот логор и почнал да го разработува планот како да ја опсади Софија (Triadtitza, Serdica). Во таа споредба на податоците кај наведените хроничари може да се види дека Скилица и Зонара зборуваат само за планирање и подготовки за опсадата на Сердика а кај Ѓакон кој што е современик и учесник во таа битка и очевидец на настаните се гледа дека сепак царот поставил опсада на градот која што траела дваесетина дена но поради како што вели самиот извор нетрпеливоста меѓу стратезите и мрзеливоста на војската не го постигнал очекуваниот резултат.

Во меѓувреме Самуил избегнувајќи го претпазливо секој отворен судир со противникот со својата војска ги запоседнал високите врвови на околните планини и го следел секое движење и секој чекор на византиската армија. Така кога Византијците излегувале од логорот за да се снабдат со потребните прехранбени производи и сточна храна македонските војници од заседа ги напаѓале и ги убувале и им го одземале работниот добиток и коњите. И не само тоа македонските војници им ги гореле и големите опсадни машини за освојување на градовите кои што биле во форма на повеќекатни кули на тркала. Поради таквата ситуација кога на византиската војска се повеќе и недостасувала храна.

Од друга страна пак според зборовите на нашите извори Василиј II им поверувал на лажните тврдења на Стефан Кондостефан домиестикот на Схола на Западот и наредил повлекување на својата армија кон Цариград. Но бидејќи ова повлекувлекување било бавно и безредно и повеќе личело на бегство кнезот Самуил ненадејно ја нападнал византиската војска која што се улогорила во некоја клисура[139].

---

[139] Scylitzes, *Synopsis historiarum*, .330 - 331 ; *Византиски извори,* III, 85 – 86 ; *Документи* 1, 88 ; Diaconis, *Historia*, 171, 1 - 173, 11 ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго*, 27, 23 - 29 ; *Всеопщя историi Степана Таронскаго*, гл. XXIII, 175-177, гл. XXIV 177 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 366 - 367. ; *Й. Заимов, В. Заимова, Бъитолски натпис на Иван Владислав самодржец български. Старобьлгарски паметник от* 1015 - 1016 година,

Овој напад го предводел кнезот Самуил зедно со неговиот син Гаврил Радомир и неговиот според некои извори внук Јован Владислав. Така македонската војска со борбени извици и големи викотници се втурнала во редовите на византискат војска која била во без редие и кои што немилосрдно ги убивале. Тогаш била разбиена големата византиска армија, која што била обземена од паника и сите се дале во бегство. Во таа прилика бил заробен целиот византиски логор заедно со целокупниот воен материјал, архивата, царскиот шатор и царската каса со богатството и царските знамиња со што му бил нанесен голем срам и понижување и на Василиј II лично и на византиската војсака и на самото византсико царство. Овој пораз византискиот цар Василиј II го претрпел според известувањето на Јахја Антиохијски на 17 август 986 година. Победениот Василиј II од таа битка едвај се извлекол жив и се повлекувал со она што останало од неговата војска низ клисурите и најпосле според раскажувањето на Скилица среќно стигнал во Филипопол каде што ја разбрал измамата на Кондостефан која што скапо го чинела, а со измамникот и физички се пресметал.

Сега византискиот цар некое време не можел да мисли на одмазда за претрпениот пораз затоа што во Византија повторно се разгорела граѓанска војна. Затоа не е за чудење тврдењето на Асолик (Асохих) кој што вели дека тогаш Василиј II преку пратеништво се обидел да склучи мир со Самуил до што сепак и не дошло[140]. За тоа време македонскиот кнез Самуил имал отворен пат и понатаму да ја шири својата власт.

---

София, 1970, 33 - 34, 97 - 98. ; *Историја на македонскиот народ*, книга 1, Скопје, 1969, 121 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 373 - 379 ; *Историја на македонскиот н*арод, 1, (под редакција на Б. Панов), Скопје, 2000, 365 - 367. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319 - 320. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век / 39 – 44.

[140] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 330 – 331 ; *Византиски извори,* III, 85 – 86 ; *Документи* 1, 88 ; Diaconis, *Historia,* 171, 1 - 173, 11 ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго*, 27, 23 - 29 ; *Всеопщя историi Степана Таронскаго*, гл. XXIII, 175-177, гл. XXIV 177 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363 ; *Историја на македонскиот народ,*1, 366 - 367. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 373 - 379. ; *Й. Заимов, В. Заимова, Бьитолски натпис на Иван Владислав, самодржец български*, 33 - 34, 97 - 98. ; *Историја на македонскиот народ*, *книга* 1, 121 ; *Историја на македонскиот н*арод, 1, 365 - 367. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319 – 320.

За битката кај Трајановата порта од авторите од современата историографија пишувале : Стјепан Антољак[141], Георги Острогорски[142], Бранко Панов[143], Срѓан Пириватиќ[144],од научнопопуларен аспект Драган Ташковски[145] а од воен аспект детално се произнесол Ванче Стојчев[146]

## 6.*ПОХОДОТ НА ЗАПАД-КОН ДУКЉА И ДАЛМАЦИЈА*

Кон крајот на 986 или 987 година Самуил по извојуваната блескава победа кај Трајановата порта ги свртел очите кон Западот и ненадејно влегол во делови од Далмација и како што вели Дукљанин почнал да ја напаѓа земјата на младиот крал Владимир[147].

Навестување за Самуиловите дејствија од пошироки размери имаме и кај нашиот извор Скилица. Тој вели : Ἀπολοθεὶς δὲ τῶν ἐμφυλὶων και φροντίδον ὁ βασιλεύς πῶς ὤν διάηται τὰ κατὰ τοῦ Σαμουὴλ ἐσκόπει καί τοὺ λοιποὺς τόπαρχας, ὅντινες ταῖς ἀποστασίαις ἐνακαλυμένου ἄδεια εἰληφοντες οὐ μικρὰ τὰς τῶν Ῥωμαίων ἐπικρατείας ἐλύπησαν (Откако се ослободи од граѓанските војни царот почна да размислува како да излезе на крај со Самуил и другите месни топарси, кои ја искористија неговта зафатеност со бунтовите и направија големо зло на ромејските земји)[148]

---

[141] *Византиски извори,* III, 85 - 86 ; *Историја на македонскиот народ, книга* 1, 121 ; *Историја на македонскиот н*арод, 1, 365 - 367. ; Панов Б., *Средновековна Македонија* 42, 50. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 319 – 320.

[142] Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50

[143] Острогорски Г., *Историја на Византија,* Скопје, 1992, 363

[144] Пириватић С., *Самуилова држава,* Београд, 1998, 93 - 94.

[145] Ташковски Д., *Самуиловото Царство*, Скопје, 1961, 106 - 109.

[146] Стојчев В., *Воена историја на Македонија,* Скопје, 2000, 248 - 250 (3.1).

[147] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 447 ; Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 79 - 80 ; Антољак С., *Средновекона Македонија,* 380 - 385. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* Матица часопис задруштвена питања, науку и културу, бр. 65, Цетиње, Подгорица, 2016, 296 - 297 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 367 – 368 ; Антољак С., *Средновековна Македонија,* 1, 380 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 189 - 200, ; *Историја Црне Горе,* I, 382 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

[148] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 447. ; Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 79 – 80 ; Антољак С., *Средновекона Македонија,* 380 - 385. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 297 - 298. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 367 – 368 ; Антољак С., *Средновековна Македонија,* 1, 380 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 189 - 200, ; *Историја Црне Горе,* I, 382 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И.,

Податоци за походот на македонскиот кнез Самуил на запад наоѓаме во делото на поп Дукљанин. Според неговите зборови во младите години на владеењето на дукљанскиот крал Владимир....„Samuel Bulgarinorum congregato mango exercito, advenit in partibus Dalmatiae supra terram regis Vladimir ( … гореспоменатиот Самуил собра голема војска и пристигна во пределите на Далмација, во земјата на кралот (кнезот) Владимир).

За походот на македонскиот владетел Самуил Летописот на поп Дукљанин понатаму не известува дека Владимир бил vir sanctus (свет маж) „ nolebant aliquem de suis perire in bello, seccesit humiliter et ascendit in montem qui Oblicus dicitur, cum omni gente sua (...кој што не сакаше во војната да загине никој од неговите, понизно се повлече и се искачи на планината Облик со целиот свој народ).”. Според зборовите на Дукљанин може да се заклучи дека тоа место преставувало исклучителен стратешки пункт. Затоа македонскиот владетел „ Veniens post haec imperator cum exercitu et cernens quod regi praevalere non posset, partem sui exercitus ad montis pedem reliquit, partemque secum ducens ad expugnandam civitatem Dulcinum perrexit. ( Откако царот со војската виде дека не може да го надвладее кралот, остави дел од војската во подножјето на планината, а останатиот дел од војската се упати да го освојува Улцињ) ”.

За време на опсадата дукљанскиот кнез пружал отпор и се покажал тврд орев поради тоа и опсадата се оддолжила и затоа македонскиот владетел решил да се обиде преку дипоматски пат да го придобие кнезот Владимир и - како што вели поп Дукљанин „ Interea misit imperator regi Vladimiro nuncios, ut cum omnibus, qui cum eo errant de monte descendrent. Sed rex non acquevit„ . Меѓутоа царот (Самуил) испрати гласници кај кралот Владимир за да се симне од планината заедно со сите што се околу него, но кралот не прифати.

Потоа кнезот Самуил со разни ветувања придобил на своја страна еден дукљански жупан кој што пак го убедил Јован Владимир да се предаде[149]. Доказ

---

Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

[149] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina*, cap. XXXVI, 79 - 80 ; *Историја на македонскиот народ,*1, 367 – 368 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*, 1, 380 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин*, 192, Сп. *Историја Црне Горе,* I, 382 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 298 - 299. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

за тоа наоѓаме во зборовите на попот Дукљанин кој вели : Iupanos autem eiusdem loci, Iudae traditori simillis effectus, misit ad imperatorem dicens : Domine, si tuae placet magnitudini ego tibi tradam regem, cui imperator remisit : Si hoc agere praevales, ditatum te scies a me et magnificum valde (Жупанот на истото место сличен на предавникот Јуда му прати на царот (порака) велејќи му : Господару, ако му е драго на твоето величество јас ќе ти го предадам кралот (кнезот). Царот му одговори : Ако успееш да го сториш тоа, да знаеш дека ќе те направам богат и моќен)".

Жупанот го одржал своето ветување и успеал да го убеди дукљанскиот владетел дека е безнадежно и понатаму да ги поднесува неволјите на опсадата и затоа Владимир решил дека е подобро тој самиот како bonus pastor (добар пастир) да се жртвува за своето стадо за да ги поштеди своите луѓе од глад и меч (fame et gladio) и му се предал на македонскиот кнез Самуил Quem imperator statim rellegavit in exilum in partibus Achridae, in loco qui Prespa dicitur ubi et curia eiusdem imperatoris erat ( кого што царот веднаш го испрати во прогонство во пределите на Охрид, во местото што се нарекува Преспа каде што беше дворецот на истиот цар ).

Откако македонскиот кнез ја средил ситуацијата со тоа што го испратил Владимир во прогонство во Преспа започнал со освојувањето на неговата земја. Така тој според Дукљанин - со сета своја војска се свртел против Улцињ но не успеал да го освои. Следен на удар бил градот Котор кого што го изгорел. Палењето на Котор од страна на македонскиот кнез Самуил останало длабоко во сеќавањата на Котораните. За тоа сведочи и старата легенда за Св. Трифун, дело кое што настанало во дваесетите години на XI век и кое што известува дека за време на освојувачкиот поход по далматинските градови, Самуил го освоил градот Котор. Оттаму ги зел моштите на Свети Трифун заштитникот на градот. Легендата вели дека " некој Самуил долго време бил во бунт против римскиот цар Василиј. Во таа тиранска побуна ги ограбувал и опустошувал областите на Бугарија, Македонија и некои градови на Далмација и ја довел војската под Котор. И жителите на Котор, од страв за животот го напуштија градот, а тој тогаш нареди телото на Св. Труфун да го земе со себе. Телото на светецот по море и поземја направи многу Чуда и славата за него се прошири насекаде ". Понатаму во легендата се вели дека граѓаните на Котор испратиле писмо до

византискиот император во кое молеле да им помогне да ги вратат моштите на Св.Трифун [150]

По неуспешниот обид да го заземе Котор и откако го запалил и Дубровник македонскиот кнез Самуил се упатил понатаму и ги минал и приморските и загорските оболасти се до Задар и кога увидел дека секој обид за освојување на Далмација останал без резултат и преку Рашка и Босна се вратил во Македонија. За тоа сведочи и Дукљани кој вели... congregato exercitu debellavit Dulcinum longo tempore, sed eum capere nullatenus valuit. Inde ascendit iratus, caepit destructer, incendere ac depraedare totam Dalmatiam, Decatarum autem atque Lausium civitates incendit nec non et totam provinciam devastavit, ita ut terra videretur esse sine habitore. Pertransivit imperator sic devastans tam maritiam quam montans regiones usque Jadram, per Bosnam et Rassam reversu est in licum suum ( Откако ги соедини војските (сцил. онаа што го опсадувала Облик и онаа што била кај Улцињ) долго го напаѓаше Улцињ. Оттаму разгневен се крена и почна да ја руши, пали, ограбува цела Далмација. Градовите Котор и Дубровник ги запали па ги опустоши селата и целата област до таа мера што се чинеше дека земјата останала без жители. Пустошејќи така царот ги премина приморските и планинските области се до Задар. Потоа преку Босна и Рашка се врати во своето место[151].

Кога македонскиот кнез Самуил од походот се вратил во Македонија му престоело решавање на прашањето со дукљанскиот кнез Владимир. Но работата му била олеснета затоа што македонската принцеза и негова ќерка Косара во

---

[150] Chronice di Ragusa, opera di Ggiugno Resti ed. S. Nodilo, Zagrabiae, 1893, 30. ; Живковиќ Т., *Поход бугарског цара Самуила на Далмацију,* 17 - 18. ; Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 79 - 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 192, ; *Историја Црне Горе,* I, 382 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 1, 380. ; Пулески Ѓ., *Славјано-македонска општа историја,* ..403 ; Klajić N., Povest Hrvata, 326 - 327, bel. 165 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Estrattio de miser san Triphon marfireconfulon et protector de Citade de Catharo, ed. Gelchich G., Storia dela Marinnezza Bochezze Ragusa,* 1889. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

[151] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 79 - 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 192, Сп. *Историја Црне Горе,* I, 382 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 1, 386 - 387 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 298 - 299. ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго,* 27, 23 - 29 ; *Всеопщя историi Степана Таронскаго,* гл. XXIII, 176-177, гл. XXIV 177. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII – XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

една прилика заедно со своите придружнички со дозвола на својот татко се симнала во занданите за да ги посети затворениците и тогаш го видела и Владимира во кого се вљубила и побарала од татко и да и дозволи да се омажи за него во спротивно се заканила дека ќе се самоубие доколку не и биде исполнета желбата. Мудриот македонски владетел сватил дека најприфатливо решение за тој проблем било воспоставување на вазален однос кој што би бил потврден со брак помеѓу неговата ќерка и македонска принцеза Косара и дукљанскиот кнез Владимир. Така и било, бракот меѓу Косара и Владимир бил склопен и Дукља станала вазалана држава кон Македонија[152].

Овие случувања нашле свое место и во народните умотворби во Дукља, поточно тие настани биле отсликани во легендата за св. Владимир која што до нас е дојдена преку Летописот на поп Дукљанин. Таму се вели дека во Преспа Јован Владимир „ tenebatur in vinculis, ieiunis et orationibus vacans die notque (го држеа во затвор а тој ноќите и деновите ги поминувал во пост и молитви) [153] Но еден ден „quidam itaque die imperatoris Samuelis filia Cosara nomine conpuncta et inspirata a spiritu sancto accesit ad patrem et petivit ab eo, ut descenderet cum suis ancillis et lavaret caput et pedes vinculatorum et capitorum…Inter haec cermens Vladimirum et videns quod esset pulcher, in aspectu humilis manuetus atque modestus et quod esset repletus sapientia et prudentia domini…sed quia condulit iuventuti et pulhritudini illius, et quoniam auditer eum esse regem et ex regali prosparia ortum, dilexit eum et salutato eo recessit" продолжува легендата за св. Јован Владимир „ (ќерката на цар Самуил по име Косара поттикната и вдахновена од Светиот дух дојде кај татка си и побара од него да се симне и да им ја измие главата и нозете на окованите и заробените....Меѓутоа кога таа го здогледа Владимира и гледајќи колку е убав на лик, покорен и скромен, полн со мудрост и божја разумност...се сожали на неговата младост и убавина и зашто

[152] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI ; Антолјак С. *Средновекона Македонија,* 380 - 384. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 298 -299. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 195 - 196. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

[153] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 195 - 196. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 380 - 384. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 298 - 299. ; *Историја на македонскиот народ,*1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII – XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

слушна дека е крал и од кралска лоза го засака и откако се поздрави си замина)[154]„

Понатаму во легендата за Св. Владимир се вели дека Косара откако се вљубила во младиот Владимир „Volens post haec a vinculis liberare eum, accesit et imperarorem et postrata pedibus illius taliter locuta est : Mi pater et domine, scio quia daturus es mihi virum sicut moris est. Nunc ergo, si tuae placet magnitudini, aut des mihi virum Vladimirum regem quem tenes in vinculis, aut scias me prius morituram quam alium accipam virum. Imperator haec audiens, quia valde diligebat filiam suam et quia scibat Vladimirum ex regali progenie ortum, lactus effectus est, annuit fieri petitioinem illius; statimque mitten ad Vladimirum et balneatum vestibusque indutum regiis iussit sibi praesentari; et benigne intuens atque osculans coram magnitibus regni sui, tradidit et ei filiam suam in uxorem (сакајќи да го ослободи од оковите, дојде кај царот му падна пред нозе и вака му рече : 'Мој татко и господару, знам дека имаш намера да ме омажиш како што е обичајот. А сега ако е по волја на твоето величество, или дај ми го за маж Владимир кого што во окови го држиш или знај дека поскоро ќе умрам одошто да земам друг маж.' Кога го слушна ова царот, бидејќи многу ја љубеше својата ќерка, а бидејќи знаеше дека Владимир е од кралско потекло се израдува и се согласи да и ја исполни желбата. Веднаш испрати по Владимира да го избањаат и да го облечат во кралска облека и пред великодостоинствениците на својата држава му ја даде својата ќерка за жена)[155] „

Бракот помеѓу Владимир и Косара според изворните кажувања бил во согласност со македонското високо благородништво, кое што во вазалната подреденост на дукљанското кнежевство кон Македонија гледало добивање на сигурен сојузник на запад од византиската империја, со кој што тие ќе можеле да си ги заштитат своите интереси. За свадбената свеченост зборува и попот

---

[154] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 193 ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 380 - 384. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 298 - 299 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

[155] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 380 - 384. ; Атанасовски А, *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 298 - 299 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

Дукљанин во својот летопис. Тој вели : Celebrantus itaque nuptis filiae suae more regali, consistuit imperator Vladimirum in regem et dedit ei terram et regnum partum suorum totamque Duracenorum (Откако според кралскиот обичај ја прослави свадбата на својата ќерка, царот го постави Владимира за крал и му ја даде земјата и татковото кралство, како и целата земја на Драчаните)[156] "

По прославата на свадбата на Владимир и Косара македонскиот кнез Самуил ги средил и односите со зетскиот кнез Драгомир. Ваквиот развој на настаните нашол одраз и во Летписот на попот Дуклјанин кој што вели дека Deinde missit imperator ad Dragomirum partum regis Vladimiri, ut descenderet et acciperet terram suam Tribuniam et congregoret et inhabitaret terram quod et factum est... „ (Потоа царот му испрати порака на Драгомир, чичкото на кралот Владимир да се симне и да ја преземе својата земја Травунија, да го собере народот и да ја насели земјата) "[157]

Од погоре споменатото може да се заклучи дека кнезот Драгомир кој што му бил и чичко на дукљанскиот крал Владимир, за време на походот на кнезот Самуил на Дукља заедно со своите соработници и истомисленици и со целото население се повлекол во непристапните планински предели и одбивал да му се покори на освојувачот. Сега по свадбата на Косара и Владимир повеќе не постоело непријателство помеѓу двете држави, туку Дукља била вазал на Македонија. Поради тоа македонскиот кнез го повикал својот вазал и сојузник заедно со својот народ да се врати во градовите и повторно да ги заживее напуштените области и повикот бил со задоволство прифатен. Така Дукља станала вазална држава на Македонија, а истовремено и сојузник против византиските напади, таквата состојба останала се доедка на престолот во Македонија бил кнезот, а потоа царот Самуил, а понего и неговиот син Гаврил

[156] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina*, cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин*, 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 380 - 384 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку*, 299 - 300 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

[157] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina*, cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин*, 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 380 - 384. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку*, 299 – 300. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

[157] Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго*, 27, 23 – 29 ; *Всеопщя историi Степана Таронскаго*, гл. XXIII, 176 - 177, гл. XXIV 177.

Радомир, но со стапувањето на престолот на Јован Владислав работие се измениле.

За тоа кога се случил походот на македонскиот кнез Самуил во Дукља во науката се води широка дебата. Според тоа Самуиловото навлегување на територијата на Хрватска и Далмација според Антолјак морало да се случи пред 992 година. Имено познато е дека дуждот Петар II Орсело (991 - 1000) успеал во март 992 година од Василиј II и Константин VIII да добие хрисовула. Поради неа Венеција остварила голема трговска корист, но истовремено морала да и се обврзе на Византија дека ќе ја брани таа империја од непријателските напади и тоа особено јужноиталијанската тема Лангобардија и дека секогаш ќе и го става на располагање на византиската војска потребниот број воени и товарни бродови. Ние всушност од тогашните извори, особено од Хрониката на Јован Ѓакон во периодот од 992 година па натаму не наоѓаме ниту еден доказ кој што би укажувал на тоа Венецијанците морале да ги извршуваат своите обврски кон Василиј II а особено во поглед на одбраната на многуважната тема Далмација[158].

Тоа со други зборови би значело дека ова навлегување на Самуил морало да се случи пред овој договор односно пред 992 година. Се поставува прашањето каков став имало Кралството Хрватска и зошто го напаѓал и преминувал преку неговата територија. Секако дека тоа се случило од за нас не познати причини. Но сепак би можело да се претпостави дека Хрватите со својот тогашен владетел Стјепан Држислав му биле сојузници на Василиј II и на неговиот брат Константин VIII, кои што господари на византиска Далмација[159].

Обајцата браќа му испратиле на Држислав кралски знаци и го именувале за епарх или патрикиј. И така како што вели Тома Архиѓакон Држислав и другите негови наследници се нарекувани кралеви на Далмација и Хрватска и

158 Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina*, cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин*, 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 391 - 392 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку*, 289 - 306 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија*, 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 322

159 Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina*, cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин*, 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 392 - 393 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку*, 289 - 306 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија*, 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 50.

тие со правото на наследство од своите татковци и прататкoвци имале власт над Хрватска и Далмација.

Кога обата цара му го доделиле ова право со круна на Држислав неможе со согурност да се каже. Но сепак може да се претпостави дека тоа се случило многу пред навлегувањето на Самуил. Од еден многу подоцнежен спис под наслов Catalogus ducum et regum Dalmatie et Croatie кој е напишан по се изгледа во првата половина на XVIII век, се дознава дека Држислав откако го соборил својот постар брат завладеал во 970 година и му се приклучил на цариградскиот император от кого што примил инвеститура со закон така што неа ја носела и неговите потомци[160].

Иако тој податок нема некоја посебна хронолошко – историска вредност, сепак укажува и потврдува дека Држислав примил круна од Византија, со која бил во тесни врски и чија врховна власт барем номинално ја признавал. Според тоа, тогаш не можела да изостане и награда, а тоа било доделувањето на управа над Долна Далмација а не над Далмациите. Веќе со тоа Хрватите со својот владетел кој што бил сојузник на Василиј II морале да го налутат силниот завојувач Самуил. Тој во своите планови секако го имал и освојувањето на целиот Балкански полуостров а тука спаѓале : Србија, Босна, Хрватска и Далмација[161].

Затоа за таков потег бил потребен макар и незначителен повод за да ја започне својата експедиција до ѕидините на Задар. Ако има и ронка вистина во оној документ од 9. II. 994 година, тогаш тука би се наоѓал еден од тие поводи. Имено, Самуил ги истерал од својата држава Пинциус и неговите браќа, синот и внуците и тие избегале прво во Мезија, а потоа оттаму стигнале во Хрватска каде што Држислав ги сместил во предградието на Клис[162]

[160] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina*, cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин*, 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 393 - 394 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку*, 289 - 306 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

[161] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina*, cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин*, 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 394 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку*, 289 - 306 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век 50

[162] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina*, cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин*, 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија*, 394 - 395 ; Атанасовски

Ваквото засолнување и бегање на емигрантите во Хрватска пред теророт на еден владетел и не било ништо ново. Затоа што уште во времето на царот Симеон околу 924 година српскиот жупан (кнез) и еден дел од Србите побегнале во Хрватска, кој неколку години подоцна истиот овој владетел (Симеон) ја нападнал но бил поразен. Инаку Пинциус и неговите роднини како припадници на едно племе или род, како нселеници живееле најпрво во околината на Клис, а подоцна во Сплит. Самиот Пинциус бил во многу добри односи со кралот Држислав и со сплитскиот надбискуп Мартин. Тој заедно со својот род ги признавал за свои господари Василиј II и Константин VIII, а тоа тој и писмено го посведочил[163].

Пинциус тогаш заедно со своите преминал во католичка вера. Се разбира дека од овој податок не може сосема определено да се заклучи дали Пинциус бил православен или богомил како што тоа некои го преставуваат. Но секако би можело да се каже, ако во науката се зацврсти автентичноста на овој документ од 994 година дека Самуил „ sacriligus et profanus imperator … in terra Bulgarorum in caeteribusque regionibus ” како и Симеон ја нападнал Хрватска од истите причини : поради непријателско расположение кон некои емигранти кои што нашле засолниште во таа земја. Но ни Самуил не ја постигнал целта кон која се стремел бидејќи сите негови роднини останале и понатаму на територијата на хрватската држава а тој морал да се задоволи само со огромниот плен што го зел и го однел до себеси во својата престолнина. Но со сигурност може да се каже дека сега неговата власт ја признавале Дукља, Травунија, Захумје, Босна и Рашка (Србија), тоа не може да се каже за Хрватска и дел од Далмација. Имено далматинските градови и понатаму ја признавале врховната власт на Василиј II и Константин VIII, посебно Задар и Сплит, а во Хрватска

---

А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

[163] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196-197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 395 - 396 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

владеел Стјепан Држислав. Тој дури извесно време во името на овие цареви управувал со Далмација, која набргу ја признала врховната власт на Венеција[164].

Значи и тоа е еден од доказите дека овие земји (Задар, Сплит, Хрватска и дел од Далмација) биле сосема независни од Самуила, кој што и самиот со своето брзо враќање од нивните подрачја потврдил дека не успеал да ги освои. Тоа и не можел да го постигне затоа што за такво нешто била потребна силна морнарица која што во водите на Јадранот ја немала ниту средновековната македонска држава ниту Византија, туку со силна морнарица располагале само Венеција и Хрватска[165].

Во однос на хронологијата на изведувањето на Самуиловиот поход на запад кон Далмација во историографијата постојат и други различни мислења. Еден дел од историчарите смета дека походот бил изведен во периодот од 986 до 989 година по победата на Самуил над Василиј II кај Трајановата порта. Други се на мислење дека тоа се случило 997 година, по поразот што Самуил го претрпел кај реката Сперхеј, а во најново време српскиот историчар Тибор Живковиќ походот го датира во 1008 година[166].

Веднаш да напоменеме дека изворите на кои што се повикуваме не го датираат походот, додека Летописот на попот Дукљанин индиректно ни кажува дека Самуил се издигнал за време на дукљанскиот владетел Тугемир и потоа ни раскажува за поход против земјата на Владимир кого што го заробил и го однел во Преспа во заточеништво, каде што овој се запознал со ќерката на кнезот Самуил, Косара со која што подоцна се оженил и бил вратен на татковиот престол. Попот Дукљанин за Самуил и за неговиот поход на Дукља зборува во

---

[164] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 396 - 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII- XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 50.

[165] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196-197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 290 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII- XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 50

[166] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 290 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII- XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 50.

36 - та глава, која што се истакнува со својата особеност и композиција во однос на целиот останат текст на оваа хроника. Од историски аспект, многумина историчари се согласуваат дека ова поглавје од Летописот на попот Дукљанин е „ веродостоен историски извор ” и дека „ тоа што го зборува попот Дукљанин не се прикажува како легенда туку како историска вистина ” и дека „ всушност целата приказна на Дукљанин е вистина[167] ”.

Ова поглавије за нас е интересно затоа што преставува еден вид житие на дукљанскиот кнез Владимир и содржи значајни и потврдни податоци за периодот на постоењето и пропаста на средновековната македонскац држава на чело со Самуи и за нејзините контакти со територијата на Дукља. Почетокот на ова поглавије зборува за тоа дека Владимир уште како момче ја презел власта и владеел во Дукља по смртта на неговиот татко Петрислав. Во тоа време „ гореспоменатиот „ бугарски ” цар Самуил собра голема војска дојде во далматинските краишта на земјата на кралот Владимир..... ”. Во преводот на Орбини овој дел гласи : „ Во негово време, Самуил, гореспоменатиот цар на Бугарија влезе во Далмација со голема војска и почна да ја вознемирува земјата на кралот Владимир[168]”.

Индиректни податоци за тоа кога се случил походот, ни дава Јахја Антиохијски кога зборува за судбината на Владимир, кој што се повлекол на планината Облик. Неговото повлекување било само маневар за да добие во време и можеби да ја почека помошта од Византија, која што како заштитник на тие земји веројатно имала и обврска да ги брани од евентуални страски напади. Но тогаш како што пишува Јахја Антиохијски, Византија имала поважни грижи, а тоа било задушувањето на бунтот на Ваеда Фока кој што 987 година по победата над Варда Склир се прогласил за цар. Во таква ситуација Дукља и „ останатите грчки области на Запад ” не можеле да се надеваат на помош од

---

[167] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 290 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

[168] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 290 - 291 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

Византија. Знаејќи го тоа Владимир увидел дека се наоѓа во безнадежна ситуација, решил да не пружа отпор и се предал во рацете на моќниот освојувач, кој што веднаш го испратил во престолнината Преспа како заробеник. Токму делот што зборува за бунтот на Варда Фока ни укажува на фактот дека походот на Дукља бил изведен 987 - 988 година, веднаш по победата на кнезот Самуил кај Трајановата порта[169].

Овие податоци на попот Дукљанин наоѓаат индиректна потврда и кај Јахја на она место каде што зборува за бунтот на Варда Фока, додека Василиј II бил зафатен со војната против него „ Бугарите ја искористиле приликата и неколкупати војувале во грчката земја и го опустошиле градот Солун, а ги нападнале и грчките области на запад ". тука под „грчки области на запад" се подразбираат Дукља, Далмација, Босна и Рашка кои што дотогаш директно или индиректно ја признавале власта на Византија. Навестување на овие дејства на Самуил имаме и кај Скилица - Кедрен кој што вели : „ Откако се ослободи од граѓанските војни царот почна да размислува како да излезе на крај со Самуил и другите месни топарси, кои ја искористија неговта зафатеност со бунтовите и направија големо зло на ромејските земји ". Бунтот на Варда Фока бил задушен 988 година и по тоа Василиј II можел да прави планови за тоа како да се пресмета со кнезот Самуил[170].

Друга група научници како аргумент за своето мислење дека походот бил изведен по 997 година го наведуваат фактот дека 90 -те години бил обновен трговскиот договор помеѓу германскиот цар Отон III и венецијанскиот дужд Петар II Орсело (991 - 1020) и дека тогаш Венеција побарала трговски олеснувања од Византија. Во 992 година византиските цареви Василиј II и неговиот брат Константин VIII и издале на Венеција хрисовула со која што им даваат трговски олеснувања (намалување на таксите од 30 на 17 солиди). Во

---

[169] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 291 - 292 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

[170] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 292 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

услови на зафатеност на византискиот цар на Исток, Венеција „ имала должност " да ги заштитува византиските интереси во градовите долж Јадранското море, во темата Далмација, Дукља го признавала византискиот суверенитет, а по смртта на хрватскиот крал Држислав Венеција размислувала за тоа за претендент на хрватскиот престол да го поддржи Светослав Сурониј на местото на просамуиловиот претендент Крешимир и неговиот совладетел Гоислав. Меѓу другото во периодот 998 и 1000 година Венеција интервенирала со својата флота за да ја спречи хрватската помош на царот Самуил и за да ги заштити своите интереси. Според Милан Бошкоски главна цел на самуиловиот поход била да се спречи коалицијата на Јадранското море чии главни сојузнички би биле Венецијанската република и провизантиската Зета и освојување на далматнските градови и помош на хрватскиот крал Крешимир и неговиот брат Гоислав во борбата за зајакнување на престолот[171].

Сето тоа би било прифатливо само ако Самуил 996/997 не претрпел катастрофален пораз кај реката Сперхеј, битка во која што бил тешко ранет и најверојатно му требало време да ги залечи раните а од друга страна Василј II бил во врвот на својата сила и постојано бил присутен на балканското боиште и во такви услови тешко дека Самуил би се решил на еден таков поход. Од друга страна овие аргументи може и поинаку да се толкуваат. Имено кога Самуил продрел кон Дукља и Далмација, Византија се ослободила од обврските околу бунтот на Варда Фока и побарала сојуз со Венеција, за да не мора да издава хрисовула за трговски олеснувања и да ја придобие на своја страна. Во тој момент фактички Венеција била зависна од Византија и била обврзана да ги штити градовите на Јадранскпото море кои што припаѓале на темата Далмација[172].

---

[171] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 292 - 293 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

[172] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 293 - 294 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII- XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

Можно е походот на Самуил во Далмација да бил инициран од хрватскиот крал Држислав за да ја зајакне својата позиција во борбата против Византија и Венеција. По неговата смрт противниците се обединиле за да го истиснат влијанието на Самуил од Хрватска и да ги зајакнат позициите на неговите противници. Секако во тој период, на крајот на X век, Самуил не бил во состојба да му помогне на својот пријател во Хрватска. Можеби токму во тоа е суштината на кажувањето дека : „ откако Василиј се ослободи од бунтот на Варда Фока коваше планови како да се пресмета со Самуил ” и дека во тие планови било и зајакнувањето на византиските позиции на Јадранското море[173].

Друг аргумент на кој што се повикуваат привржаниците на второто гледиште е така нареченото српско пратеништво во Византија во 993 година, за кое што и самиот Острогорски не е сигурен од кои „ српски ” земји било испратено и со која цел. Тој дозволува дека можеби било испратено од Рашка. Мора да се напомене дека вестите за ова пратеништво се несигурни. Можел да го испрати и Владимир, кој што му бил зет на Самуил и во негово име управувал со својата земја, но немаме податоци во какви односи бил со Византија. Дали таа делегација можеби ја испратил да бара посредништво од Византија за враќање на моштите на Св. Трифун кои што Самуил своевремено ги зел од Котор? Делегацијата можеле да ја испратат и жителите на Котор, за кои што не знаеме дали му биле потчинети на Самуил, и барале начин да им бидат вратени светите мошти на нивниот патрон. Исто така таа делегација можела да биде во врска со преместувањето на црковното седиште на Дукља од континенталниот дел во градот Бар. Тој настан се случил во 993 година[174].

Од друга страна ако се земе во предвид походот на Самуил во североисточна северна и северозападна Бугарија кој што се одвивал во 990 - 991, година, може да дозволи и можноста таа српска делегација да била

---

[173] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антољак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 294 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII- XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50

[174] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антољак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 294 - 295 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

испратена од областите кои што своевремено и припаѓале на темата Морава а токму таа 991 година се нашле на удар на војските на Самуил. Доколку тоа се докаже дека е точно тогаш може сосема јасно да се согледа и целта на таа делегација, а тоа е сојуз за заедничка борба против Самуил. Делегацијата била примена во воениот логор на Василиј II, што укажува на тоа дека тој веќе бил на поход против Самуил. Во таква воено - политичка состојба на постојана закана од воена интервенција Самуил не можел да остави својата држава без одбрана и да замине на долг поход кон Далмација[175].

Друг аргумент кој што оди во прилог на првото гледиште дека походот се случил по 997 година е тоа дека Самуил ја омажил својата ќерка Мирослава за Ашот кој што претходно го заробил кај Солун, и младенците ги испратил да го чуваат Драч. Тоа значи дека Самуил предходно го освоил градот, во спротивно нема никаква смисла да испраќа свој човек да ја штити обласа со која што не владеел. Предходно наведеното ја доведува во прашање хронолошката одреденост на походот на Самуил во Дукља и Далмација на крајот на X век и му оди во прилог на мислењето дека сепак походот се случил во времето по битката кај Трајановата врата од 986 година до 988 година. Во таа 988 година Самуил го освоил Бер. Неможе да се прифати второто гледиште затоа што по еден така тежок пораз кај Сперхеј каде што бил ранет самиот македонски владетел Самуил невозвожно е да се решил да појде на поход кон Далмација. Како би ја бранел својата теритотија додека бил отсатен од овие простори а Василиј притискал од сите страни? Присуството на Василиј на балканскотот боиште е постојано забележливо и тој бил во постојан судир со Самуил[176].

Но ако се има во предвид политичката состојба во Византија по 986 година и бунтот на Варда Склир и Варда Фока, мора да се знае дека Василј бил

---

[175] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 295 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – X век /, 50

[176] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 295 - 296 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 50.

во целост преокупиран со задушувањето на тој бунт. Во врска со овој бунт зачестиле контактите на Василиј со Киевска Русија и нејзиното покрстување 988/9 година. Токму таквиот ангажман на Василиј на источното боиште му одело во прилог на Самуил. Тој можел безгрижно да војува на Запад. Откако ги средил работите на Исток се свртел кон Западот и почнал да ги унапредува односите со Венеција и можеби склучил сојуз со Србите за борба против Самуил. Во врска со Самуил може да се доведе и пратеништвото кај Василиј од 992 - 993 година. Не мора да се прифати гледиштето на Острогорски дека српското пратеништво било испратено пред падот на српските земји под власта на Самуил. Тоа можело да биде испратено подоцна, со цел Византија да помогне им помогне на Србите да се ослободат од власта на Самуил, иако треба да се напомене дека никаде не е наведена целта на тоа пратеништво, ниту пак од кои српски земји било испратено[177].

[177] Mošin V., *Ljetopis popa Dukljanina,* cap. XXXVI, 80 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 196 - 197. ; Антолјак С., *Средновекона Македонија,* 397 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 296 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 367 - 368 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 50.

## ГЛАВА ЧЕТВРТА

### *ПОСЕТАТА НА ЦАРОТ ВАСИЛИЈ II НА СОЛУН И ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ОДБРАНА НА ГРАДОТ*

Византискиот цар Василиј веднаш по задушувањето на бунтот на Варда Склир се упатил во Тракија каде што ги посетувал тамошните градови и села и во текот на истото патување го посетил и градот Солун каде што за стратег на градот го поставил Григориј Таронит кому му оставил се што му било потребно за престојниот судир со македонскиот владетел Самуил и од таму се вратил во Цариград[178].

За оваа посета зборува и нашиот извор Јован Скилица во неговото дело Преглед на настаните : Ἀπολυθεὶς δὲ τῶν ἐμφυλίων πολέμων καὶ φροντίδων ὁ βασιλεύς, πῶς ἄν διάθηται τὰ κατὰ τὸν Σαμουὴλ ἐσκόπει καὶ τοὺς λοιποὺς τοπάρχας, οἵντινες ταῖς ἀποστασίσις ἐνασχολουμένου ἄδειαν εἰληφότες οὐ μικρὰ τὰς τῶν Ῥωμαίων ἐπικρατείας ἐλύπησαν. Ἔξεισι γοῦν εἰς τὰ ἐπὶ Θρᾳκης καὶ Μακεδονίας χωρίας καὶ κάτεισιν εἰς Θεσσαλονίκην, ἀποδώσων τὰ εὐχαριστήρια τῷ μάρτυρι Δημητρίῳ. ἐκεῖσέ τε Γρηγόριον μάγιστρον τὸ Ταρωνίτην ἄρχειν λιπών, δοὺς αὐτῷ καὶ στρατὸν ἀξιόμαχον, ἐφ᾽ ᾧ εἴργειν καὶ ἀνακόπτειν τὰς ἐπιδρομὰς τοῦ Σαμουήλ, αὐτὸς ὑποστρέψας κἀν τῇ βασιλίδι γενόμενος ἄνεισιν εἰς Ἰβηρίαν[179]. (Ослободен од грижите за меѓусебните војни царот започна да размислува како да се справи со Самуил и неговите топарси кои што ја искористија неговата зафатеност многу ги навредија ромејските поседи. Тој откако помина низ областите на Тракија и Македонија и се спушти во Солун за да му оддаде благодарност на великомаченикот Димитриј. Таму го остави за управник магистерот Григориј

[178] *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 417 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV *век*, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д.,Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 44 - 48

[179] *Scylitzae, Synopsis historiarum*, 339 ; Cedreni G., *Historiarum compendium*, 447 ; *ГИБИ* VI, 278 ; *Византиски извори,* III, 86 – 87.

Таронит и откако му даде доволно војска за да ги одбие и запре нападите на Самуил се врати во престолнината и од таму замина во Иверија.[180]

Византискиот историчар Јован Зонара исто така зборува за патувањето на византискиот цар Василиј II низ Тракија и неговата посета на Солун. Еве го неговото известувањето на оваа тема : Ὁ δὲ βασιλεὺς τὰς τῶν ἀποστασιῶ φροντίδας ἀποφορτισάμενος ἐπὶ τὴν Θρᾴκην ἐξῄει καὶ εἰς Θεσσαλονίκην ἐφοίτησε, τῷ περιωμνύμω μάρτυρι ἀνθομολογούμενος. καταλείψας δ᾽ ἐκεῖ στρατάρχην τῶν ἐπισήμων μετὰ βαρείας δυνάμενως ἵνα κωλύη τὰς τοῦ Σαμουὴλ ἐκδρομάς, ἐπάνεισι πρὸς τὴν Βύζαντος καὶ εἰς Ἰβηρίαν ἀπῄει[181] (Царот ослободен од грижите околу востаниците замина во Тракија и отиде во Солун за да му оддаде благодарност на познатиот великомаченик. Откако таму постави за управник еден од познатите војсководци со голема војска за да ги сопре нападите на Самуил се вратил во Византион а оттаму заминал во Иверија )[182].

Од податоците изнесени кај погоре споменатите византиски извори може да се резимира дека византискиот цар Василиј откако ги средил работите на истокот можел да му посвети внимание на според него проблемот во Македонија, односно на успешниот поход на Самуил. Поради тоа тој минал низ градовите и селата во Тракија и како што вели нашиот автор и Македонија со намера да ги зацврсти и утврди тамошните градови и потоа слегол во Солун каде што му искажал благодарност на големиот светител и великомаченик

---

180 Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 339 ; Cedreni G., *Historiarum compendium,* 447 ; *ГИБИ* VI, 278 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 417 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 44 - 48

181 Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87

182 Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, ....86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 417 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 44 – 48.

Димитрија Солунски но и ја зајакнал одбранбената способност на градот и поставил нов управник во ликот на магистер Григориј Таронит кому што му доверил доволно извежбана и подготвена војска и намирници потребни за успешна одбрана на градот за време на очекуваниот напад.

За посетата на василевсот Василиј II на Тракија и во тие рамки и посетата на Солун и неговото подготвување за престојниот напад на Самуил зборува и Стјепан Антолјак во неговото дело Средновековна Македонија. Тој вели дека според Скилица византискиот василевс на своја рака повел војна против Самуил, без советување со Варда Фока и другите големци. Така Варда Фока и не учествуавал во таа војна, а другите кои што учествувале во неа доживувале разни понижувања. Меѓу оние кои што трпеле понижуања бил и Евстатиј Малесин кој што бил срамно отпуштен од војната. Поради тоа сите незадоволници се собрале во домот на Малесин во кападокискиот град Харсијан и на 15. VIII. 987 година го за цар и го украсиле со дијадема и со други царски знаци[183].

Во меѓувреме Варда Фока се вратил од калифовиот дворец во Византија и таму од своите приврзеници повторно бил прогласен за цар. На тој начин Василиј II имал коалиција од „ двајца нови цареви ” против себе. Но таа коалиција траела кусо, затоа што Фока со измама го намамил Склир кај себе во Кападокија, ветувајќи му дека царството ќе го поделат штом ќе се ослободат од Василиј II. Но кога го затворил Склир, Варда Фока се ослободил од соперникот и почнал офанзива против царот Василиј II. Во крајна невоља младиот владетел им се обратил за помош на Русите чии што кнез Владимир преку свои пратеници, како што може индиректно да се заклучи од Нестор, уште во 987 година стапил во директен контакт со македонскиот кнез Самуил по повод покрстувањето на рускиот народ[184].

---

[183] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 397 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 44 - 48

[184] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* . 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 – 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 397 - 398 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 44 – 48.

Тие под лична команда на Василиј II ја разбиле војската на Фока кај Херсон. Тогаш царот наредил заповедникот на разбиената војска патрикиј Клоцир Делфин да биде набиен на колец. Но дури битката кај Абидос ја довела кон крај оваа граѓанска војна. Таму под неразјаснети околност умрел Фока во април 989 година. Тогаш Василиј II сурово им се одмаздил на своите противници. Варда Склир од своја страна пак се согласил на чесна спогодба со василевсот, но како што вели Скилица, на пат кон Цариград ненадејно ослепел[185].

Така двете истовремени и паралелни бунтовнички движења кои што имале за цел освојување на Цариград и симнување од власт на Василиј II и неговиот брат Константин VIII го доживеале својот крај. Но токму кога Русите го освоиле Херсон (989) навредени поради тоа што Василиј II не го одржал даденото ветување за возврат на ефикасно укажаната помош во граѓанската војна „ Мизите" според зборовите на Лав Ѓакон го освоиле Бер. Тоа значи дека Самуил останал доследен на својот план во поглед на заземањето на Грција до работ на Пелопонез, истовремено со тоа освојување на Бер. Со тоа бил загрозен и градот Солун, кој што на тој начин се нашол приклештен од сите страни[186].

Но кнезот Самуил не останал само на тоа. Дека е така сведочи Јахја Антиохијски, според кого што за време на бунтот на Фока, кога Василиј II бил зафатен со војната против него (против Фока) „ Бугарите " го искористиле тоа и неколкупати војувале во грчката земја, опустошувајќи ја се до градот Солун. Дури во 995 година при едно свое навлегување македонскиот владетел стигнал до тој град според кажувањето на Јахја Антиохијски, Самуил поставил заседи на

---

[185] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, ...370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 399 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV / 44 - 48

[186] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 400 – 401 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 44 – 48.

погодни места и жив го фатил дуксот на Солун патрикиј Јовн од Халдеја, како што стои во дополнувањата на Михаил Деволски на хрониката на Скилица[187].

Затоа разбирливо е што Василиј II, кога дознал за ова грабнување, го довел Григориј Таронит во Солун и го поставил за управник на градот со задача да ги спречува сите планирања на македонскиот кнез Самуил. Но кнезот Самуил не обрнувал внимание на оваа промена што ја направил византискиот владетел, туку неговите луѓе како што вели Јахја Антиохиски продолжиле со пустошењето на областите на Запад[188].

Самуил со своите „ Мизи ” истовремено ја опустошил и цела Тесалија во која наполно престанала да функционира византиската власт, била загрозена и јавната безбедност, а населението било изложено на опасност да биде продадено во робје или убиено. Кога Василиј II, се обидел да ја докрајчи ваквата состојба, во тоа не успеал а неговата војска доживува порази[189].

Затоа има право Јован Геометар кој вели дека на Запад кружи војската на „ Скитите ”како во своја земја. Истиот поет со мошне живи бои и со солзи во очите раскажува за тоа дека овие бестрашни и челични Скити убиваат се и одведуваат деца, и ги претвораат во прав некогаш моќните градови и така во пламен исчезнуваат и пропаѓаат земји и населби. Но за тоа не бил виновен само „ скитскиот оган ” туку и според мислењето на Геометар за страдањата на

[187] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 – 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 401 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 44 - 48

[188] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 402 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 44 - 48

[189] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* .339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 402 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 44 – 48.

македонската земја виновни се и нејзините пријатели и сојузници кои што правеле исто такви дела[190].

Оваа тешка ситуација најпосле многу добро ја воочил, тогаш веќе искусниот војсководец и државник, царот Василиј II, но и покрај тоа тој и понатаму останал своеглав и не слушал совети од никого. Откако на наведениот начин се ослободил од втората граѓанска војна и од грижите и работите поврзани со неа, имал многу повеќе време од порано за да размисли како да ги спроведе во дело своите планови против кнезот Самуил и другите топарси. Имено тие, како што вели Скилица се чувствувале безбедно поради зафатеноста на царот со востаниците и не малку зло им нанеле на ромејските области, поради тоа тргнал во местата на Тракија и Македонија и се спуштил во Солун за да му се заблагодари на големиот маченик Димитрија. Таму го оставил за управник магистерот Григориј Таронит и му дал голема војска за да ги одбие и да ги запре нападите на Самуил. Потоа се вратил во Цариград и оттаму заминал во Иберија[191].

Од овој податок приближно може да се заклучи дека додека Василиј II бил зафатен на Исток со борбите за престолот, дотогаш покрај Самуил и некои топарси ја искористиле ситуацијата и со успех ги нападнале византиските поседи. Кои топарси биле тие? Ј. Ферлуга смета дека е тоа тешко да се каже, затоа што од контекстот не се гледа дали се мисли на топарсите кои некогаш биле во зависност од Византија или станува збор за топарсите зависни од Самуил. Ако земеме дека во самуиловата држава се знае врз основа на Скилица, дека постоел само топарх на внатрешните тврдини тогаш би излегло дека станува збор за топарсите кои што биле зависни од Самуил. Меѓутоа според Кекавмен се гледа дека постоел и друг вид топарси како што биле, во прв ред некој архонт и топарх Доброња во Далмација (1028 - 1055) каде што се

---

[190] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, . 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum*, III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори*, III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ*, 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*, 402 ; Панов Б., *Средновековна Македонија*, 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија*, 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 44 - 48

[191] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum*, III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори*, III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ*, 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*, 403 ; Панов Б., *Средновековна Македонија*, 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија*, 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII- XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 44 - 48

градовите Задар и Салона (Солин), потоа Петар Дељан топархот на „ Бугарите ” и топархот Воислав Дукљанин кој што бил во градовите на Далмација, во Зета и во Стон, а областите со кои што владеел биле нарекувани топархова земја. Според ова не може да се каже, како што наведува Ферлуга дека Кекавмен го нарекува топарх само владетелот на помала област на византиската граница кој што не е - судејќи по се – во некоја определена обврска кон Царството, туку е тоа владетел на многу поголема област или територија, па дури и на еден цел народ кој е сосема независен од Цариград[192].

Значи ако повторно се вратиме на текстот на Скилица кој што говори за Самуил и топарсите, ќе забележиме дека може да стане збор и за владетелите кои што сепак биле независни и биле во непријателсли односи со Византија, а каков став имале кон Самуила не може ништо определено да се каже, туку само може да се претпоставува дека имале определени врски поради заедничките интереси. Тоа значи дека би можеле да бидат „ топарсите ” односно владетелите во Далмација и во Дукља а исто така и во другите делови на Грција и Тракија. Тие значи ја искористиле зафатеноста на Василиј II во Мала Азија и не само што сосема се осамостоиле, туку успеале дури и да ги прошират своите територии. Затоа разбирливо е патувањето на Василиј II преку некои предели на Тракија и Македонија кои секако биле под негова власт. Таму тој презел мерки за нивната одбрана, а потоа стигнал и во Солун под изговор дека сакал да му се заблагодари на св. Димитрија за сторените добрини[193].

Во тој град - тврдина, која што била сигурно упориште против непријателите како што се вели во Пофалното слово на св. Фотиј Тесалиски (напишано во XI век), царот го зел во својата придружба Фотиј Тесалијски, тој светец – монах, кој го придружувал во неговите походи против Самуиил. Имено Василиј II го повел со себе под изговор дека му е потребен за да му

---

[192] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 403 - 404 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X - XV век /, 44 - 48

[193] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 404 – 405 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X - XV век /, 44 - 48

помага со неговите молитви за време на воените судири, а всушност ги користел неговите совети и искуството, кое што кај Фотиј било огромно затоа што тој долго време живеел во околината на Солун и во самиот град и затоа мошне добро го познавал начинот на војувањето на танмошните Словени, нивните навики, карактеристики и пределите во околината на градот. Според тоа тој можел да му биде само од огромна корист[194].

Јасно е дека Василиј II веднаш забележал кон што се насочени нападите на кнезот Самуил и дека главната цел му била освојување на градот Солун. Поради тоа и го зајакнал и така добро утврдениот град со силна и добро опремена војска на чие чело го поставил искусниот војсководач, магистерот Григориј Таронит, член на владетелското семејство на една мала државичка во Ерменија. Овој искусен војник добил тешка задача како дукс на солунската тема не само да ги спречи навлегувањата и нападите на кнезот Самуил туку и на секој начин да ги запре, но не успеал во тоа[195].

## 1. *СКИЛИЦА ЗА ПОХОДОТ НА САМУИЛ НА СОЛУН 995 ГОДИНА*

Познато е дека градот Солун го привлекувал вниманието на македонскиот владетел поради неговата важност, затоа по двете големи победи во 985 кај Лариса и една година подоцна во 986 по победата кај Трајановата порта кнезот Самуил повторно својот поглед го свртел кон Солун. Но мора да се признае и дека Василиј II бил искусен војник и владетел и не му требало многу да претпостави дека неговиот македонски противник ќе се обиде да го освои важниот град Солун, токму затоа тој го посетил и извршил подготовки за

---

[194] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 405 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век/ 44 - 48

[195] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* .339 ; Zonarae, I, *Epitomae historiarum,* III, 557 ; *ГИБИ* VII, 186 ; *Византиски извори,* III, 86 - 87 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 370 - 371. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 405 - 46 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 42 - 50. ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 363. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X - XV век /, 44 - 48

одбрана на градот. Во 995 година предвидувањата на византискиот владетел се оствариле.

За походот на Самуил на Солун пишува и нашиот извор Јован Скилица кој што е предмет на ова истражување : Τοῦ δὲ Σαμουὴλ ἐκστρατεύσαντος κατὰ Θεσσαλονίκης καὶ τὸ μὲν ἄλλα πλῆθος εἰς λόχους καὶ ἐνέδρας διαμερίσαντος ὀλίγους δέ τινας εἰς ἐκδρομὴν ἄρχι Θεσσαλονίκης
αὐτῆς πεπομφότος ἐπιγνοὺς τὴν ἔφοδον ὁ δούξ Γρηγόριος τὸν μὲν οἰκεῖον υἱὸν ᾿Ασώτιον ἔπεμψεν ἰδεῖν καὶ κατασκοπῆσαι τὸ πλῆθος καὶ αὐτῷ γνῶσιν δοῦναι, αὐτος δὲ ὄπισθεν εἵπετο. ὁ δὲ ἐξελθὼ καὶ τοῖς προδόμοις συμπλακεὶς καὶ τρεψάμενος ἔλαθεν εἰς μέσους τοὺς λόχους περιληφθείς. τοῦτο ὡς ὁ Γρηγόριος ἔμαθεν, ἐβοήθει διὰ ταχέων τὸν παῖδα τῆς αἰχμαλωσίας γλιχόμενος ἐκλυτρώσασθαι. ἀλλὰ καὶ αὐτὸς κυκλωθεὶς ὑπὸ τῶν Βουλγάρων καὺ ἡρωΐκῶς ἀγωνισάμενος ἔπεσεν[196]. (Самуил тргна на поход против Солун и главнината од војската ја распореди по околината во заседи, а само мал дел испрати да го нападне самиот Солун. Кога дозна за неговото наближување дуксот Григориј го испрати својот син Ашот во извидница да види колкава е силата на војската и да го извести за тоа, а самиот тој се движеше зад него. Ашот излезе и веднаш се судри со извидницата на Самуил и ја разби, но веднаш упадна во заседа и беше заробен. Кога слушна за тоа Гигориј веднаш тргна да му помогне на својот син за да го ослободи од заробеништво, но и тој беше опколен од бугарите (македонците) и храбро загина во херојската битка)[197].

Како што се гледа од цитатот Самуил го нападнал Солун 995 година, но тоа го сторил со добро смислен план и тактика за напад. Имено само мал дел од војската испратил кон градот а останатиот дел го распоредил по заседи во околината. Кога се пренел гласот за наближување на непртиајтелкската војска солунскиот дукс Григориј Таронит го испратил својот син Ашот во извидница

[196] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 341 ; *ГИБИ* VI, 278 ; Cedreni, *Historiarum Compendium,* 449 ; *Византиски извори,* III, 88

[197] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 341 ; *ГИБИ* VI, 278 ; Cedreni, *Historiarum Compendium,* 449 ; *Византиски извори,* III, 88 ; *Исрорија на македонскиот народ,* 1, 370-371 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 417 - 418 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 320 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48 - 49.

за да собере податоци за непријателот, но самиот Григориј тргнал веднаш по него во случај да не му треба помош. Претпоставката се остварила, Ашот упаднал во македонска заседа и бил заробен а татко му Григориј во обид да му помогне на својот син влегол во битка со самуиловите војски и во текот на судирот и самиот загинал. Ашот Таронит бил испратен во македонската престолнина Преспа во заробеништво, а кнезот Самуил продолжил на југ и се пробил се до Пелопонес. Кога вестите за смртта на солунскиот управник Григориј Таронит и за заробувањето на неговиот син Ашот од страна на Самул стигнала до василевсот во Цариград тој веднаш реагирал така што за нов управник на градот го испратил Никифор Уран кому му дал задача да го реши овој проблем што се викал Самуил. Но кога Никифор Уран приситигнал во Солун кнезот Самуил веќе бил заминат од таму и Уран тргнал по него и го стасал дури кај реката Сперхеј каде што се случил следниот византиско-македонски судир.

## 2. *БИТКАТА КАЈ РЕКАТА СПЕРХЕЈ 996 ГОДИНА*

За битката кај реката Сперхеј која што се случила во 996 година кога била поразена самуиловата војска зборува и хроничарот Јован Скилица во неговата *Synopsis historiarum*. Според Скилица кога : ἀγγελθείσης δὲ τῷ βασιλεῖ τῆς τοῦ δουκὸς ἀναιρέσεως πέμπεται πάσης δύσεως ἄρχων ὁ μάγιστρος Νικηφόρος ὁ Οὐρανός. ἔφθασε γὰρ καὶ οὗτος τὴν ἐκ Βαβυλῶνος φυγὴν ὠνησάμενος καὶ τὴν βασιλίδα καταλαβών. ὅστις ἐν Θεσσαλονίκη γενόμενος, ἐπεὶ ἔγνω τὸν Σαμουὴλ τῇ τοῦ δουκὸς Γρηγορίου τοῦ Ταρωνίτου σφαγῇ καὶ τῇ ἁλωσει τοῦ υἱοῦ ἐπαιρόμενον, καὶ διὰ τοῦτο τά τε Θετταλικὰ διαβάντα Τέμπη καὶ τὸν Πηνειὸν περαιωσάμενον ποταμόν, Θετταλίαν τε καὶ Βοιωτίαν καὶ τὸν Ἀττικὴν εἰσβαλόντα τε καὶ ἐν Πελοποννήσω διὰ τοῦ ἐν Κορίνθω ἰσθμοῦ, καὶ πάντα ταῦτα δηοῦντα καὶ ληΐζόμενον ἄρας καὶ αὐτὸς μετὰ τῶν περὶ αὐτὸν στρατευμάτων καί τὰς ὑπωρείας διελθὼν τοῦ Ὀλύμπου καὶ ἐν Λαρίσση γενόμενος κἀκεῖσε λιπὼν τὴν ἀποσκευὴν καὶ εὔζωνον λαβὼν τὸν στρατὸν τὴν Θετταλίαν ὁδοιπορία συντόνω διελθὼν καὶ τὸ τῆς Φαρσαλίας πεδίον καὶ τὸν Ἀπιδανόν διαβὰς ποταμόν, κατὰ τὸ χεῖλος τοῦ Σπρχειοῦ πήγνυσι τὴν στρατοπεδείαν, εἰς τὴν περαίαν καὶ αὐτοῦ τοῦ

Σαμουὴλ αὐλιζομένου. ὄμβρων γὰρ ἀπλέτων ὑσθέντων ἐξ οὐρανου καὶ τοῦ ποταμοῦ πλημμυροῦᾳτος καὶ πελαγίζοντος ἀπέγνωστο τὸ νῦν ἔχον ἡ συμπλοκή. αλλ᾽ ὁ μάγιστρος ἄνω καὶ κάτω τὸν ποταμὸν περισκοπήσας καί τινα τόπον εὑρών, δι᾽ οὗ ᾠήθη δυνατὸν ἔσεσθαι τούτω περαιωθῆναι, ἀγείρας νυκτὸς τὸν στρατὸν περαἰοῦται τὸν ποταμὸν καὶ τοῖς περὶ τὸν Σαμουὴλ ἀμερίμνως καθεύδουσιν ἐπιτίθεται. καὶ σφάζονται μὲν ἀριθμοῦ κρείττους μηδενὸς πρὸς ἀλκὴν ἀπιδεῖν τολμήσαντος ἐπλήγη δὲ καὶ αὐτὸς ὁ Σαμουὴλ καὶ ὁ τούτου υἱὸς Ῥωμανὸς βαθείας πληγαῖς. καὶ κἂν ἑάλωσαν, εἰ μὴ τοῖς νεκροῖς συμμίξαντες ἑαυτοὺς ἔκειντο ὡς τεθνεῶτες, καὶ νυκτὸς ἐπιγενομένης ἔλαθον διαδράντες εἰς τὰ ὄρη τῶν Αἰτωλῶν, κἀκεῖθεν διὰ τῶν κορυφῶν τῶν τοιούτων ὀρέων διελθόντες τὴν Πίνδον διεσώθησαν ἐν Βουλγαρίᾳ. ὁ δὲ μάγιστρος τοὺς αἰχμαλώτους Ῥωμαίους ἐλευθερώσας, σκυλεύσας δὲ καὶ τοὺς πεσόντας Βουλγάρους, διαρπάσας δὲ καὶ τὸ τῶν πολεμίων στρατόπεδον καὶ πλοῦτον ὅτι πλεῖστον περιβαλλόμενος, σὺν τῇ στρατιᾷ ἐπανέζευξεν εἰς Θεσσαλονίκην[198] (Кога му беше јавено на императорот за загинувањето на дуксот тој веднаш го повика во престолнината заповедникот на сите војски на западот, магистерот Никифор Уран, кој што успеа со откуп да избега од Вавилон и да се врати во престолнината. Кога стигна во Солун дозна дека Самуил охрабрен од загинувањето на дуксот Григориј Таронит и од заробувањето на неговиот син ја премина Тесалската рамнина и реката Пенеј и навлезе во Тесалија, Беотија, Атика и во Пелопонез преку Коринтскиот теснец пустошејќи и ограбувајќи се насекаде. Тогаш и самиот со војската се упати по истиот пат и откако помина низ подножјето на Олимп стигна до Лариса каде што го остави багажот и ја зеде само лесно вооружената војска и со брз марш премина во Тесалија и откако ја премина Фарсалската рамнина и реката Апидан постави логор на брегот на реката Сперхеј, а самиот Самуил логоруваше на другиот брег на реката. Но бидејќи реката беше надојдена од обилните дождови кои што паѓаа од небото никој не очекуваше напад во тој момент. Но магистерот разгледа нагоре и надолу по ракта и пронајде место каде што може да се премине, во закрилата на ноќта ја пренесе војската преку реката и ги нападна заспаните војници на Самуил и голем број од нив загинаа без никој и да помисли да се спротивстави.

[198] Scylitzes, *Synopsis historiarum*, 341 - 342 ; Cedreni G., *Historiarum Compendium*, 449 - 450 ; *ГИБИ* VI, 278 - 279 ; *Византиски извори*, III, 89 - 90

Самиот Самуил и неговиот син Роман (Гаврил Радомир) беа ранети и ќе беа заробени ако не се помешаа со мртвите и лежеа како да се мртви а кога настапи ноќта преку Етолските планини и преку ридовите на планината Пинд се вратија во Бугарија (во Македонија) А магистерот откако ги ослободи заробените Ромеи и го симна оружјето од загинатите Бугари (Македонци) и го ограби непријателскиот логор и со голем плен се врати со војската во Солун).[199]

За судирот што се случил помеѓу македонската и византиската војска кај реката Сперхеј во 996 година зборува и византискиот хроничар Зонара : Τοῦ Σαμουὴλ δὲ τοῦ τῶν Βουλγάρων ἐξάρχοντος οὐ τὰ Θρᾳκῶν οὐδὲ τὰ κατὰ Μακεδονίαν μόναν ληιζομένου, ἀλλὰ καὶ τὴν Ἑλλάδα καὶ αὐτὴν δέ γε τὴν Πελλοπόννησον, τὸν μάγιστρον Νικηφόρον τὸν Οὐρανὸν ἐκπέμπει ὁ βασιλεύς δύσεως ἄρχοντα, ὅς παρὰ τῷ Σπερχαιῷ ποταμῷ τοῦ Σαμουὴλ κατεσκηνωμένου παρὰ τῇ ἀντικρὺς ἠπείρω ηὐλίσατο. ὅτι δ᾽ ὕσε τότε πολλὰ καὶ ποταμὸς ἐντεῦθεν ἄπλωτος ἦν, ἀνέλπιστος ἐδόκει τῷ Σαμουὴλ ἡ τῶν Ῥωμαίων ἐπέλευσις. ὁ Οὐρανὸς δὲ νυκτὸς ἀνερευνήσας καὶ κατά τινα τόπον βατὸν κατανοήσας τὸν ποταμόν, διαβαίνει καὶ κατά τοῦτον ἡσύχως μετὰ τῆς στρατιᾶς καὶ ἀφροντιστοῦσιν ἐμβάλλει τοῖς περὶ τὸν Σαμουήλ. καὶ τῷ ἀδοκήτω καταπλαγέντες οἱ βάρβαροι ἔπιπτον μηδὲ χεῖρας ἀνταίροντες, καὶ τῷ Σαμουὴλ δὲ καὶ τῷ ἐκείνου υἱῷ Ῥωμανῷ πληγαὶ ἐπηνέχθησαν, καὶ ἑάλωσαν ἄν εἰ μὴ τοῖς νεκροῖς συνανεμίχθησαν σώμασι, καὶ οὕτω λαθόντεσ διέφυγον[200] (Самуил архонтот на Бугарите (Македонците) ограбуваше не само во Тракија туку и во Македонија и Елада и во самиот Пелопонес. Василевсот го испрати заповедникот на Западот магистерот Никифор Уран и бидејќи Самуил го постави логорот на брегот на реката Сперхеј и тој постави логор на спротивниот брег. Но бидејќи реката беше надојдена и неможеше да се преплива поради силниот дожд којшто врнеше и Самуил не очекуваше напад од Ромеите. Но Уран во текот на ноќта најде место на кое што можеше да ја помине реката, ја премина реката заедно со војската и ја нападна војската на

[199] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 341 - 342 ; Cedreni G., *Historiarum Compendium,* 449 - 450 ; *ГИБИ* VI, 278 - 279 ; *Византиски извори,* III, 89 - 90 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 371 - 372 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 417 - 418 ; Острогорски Г., *Историја на Византиј*а, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48 - 50. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 295

[200] Zonara, *Epitomae historiarum,* XVII, 558 - 558 ; *ГИБИ* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 88 - 90 ; *ГИБИ VI,* 278 – 279.

Самуил кој што ништо не насетуваше. Варварите збунети од неочекуваниот удар паѓаа без дури и рацете да ги кренат. Беа ранети и Самуил и неговиот син Роман (Гаврил Радомир) и ќе беа заробени ако не се измешаа со телата на умрените и така тајно избегаа)[201].

Според погоре наведените цитати може да се резимира дека по походот на Солун 995 година кога го заробил Ашот Таронит синот на солунскиот управник Григориј Таронит а таткото загинал во истата битка, кнезот Самуил продолжил кон југ и откако ја поминал тесалската долина Темпе и реката Пенеј се пробил во Тесалија а оттаму во Беотија и Атика и низ Коринтскиот теснец навлегол на Пелопонез. За тоа време вестите за настаните околу Солун дошле до ушите на византискиот владетел. Тој веднаш именувал нов управник на градот во ликот на магистерот Никифор Уран. Овој пак веднаш се упатил на својата нова должност, но кога пристигнал на својата цел македонскиот кнез веќе одамна бил заминат оттаму и византиецот веднаш тргнал по него.

Тој го поминал истиот пат по кој минал и македонскиот владетел и откако поминал во подножјето на планината Олимп стигнал според зборовите на Скилица во Лариса и таму го оставил багажот а со себе ја зел само лесно вооружената војска и продолжил понатаму. Од овој податок може да се заклучи дека магистерот Уран успеал Лариса повторно да ја врати во византиски раце. Откако со себе ги зел само лесновооружените војници византискиот војсководец продолжил да го следи македонскиот кнез Самуил. Така на тој пат ја преминал Фарсалската рамнина и реката Апидан и пристигнал на брегот на реката Сперхеј каде што поставил и логор. На спротивната страна од реката веќе биле улогорени македонските војски предводени од кнезот Самуил. На бреговите на реката Сперхеј се случил судирот помеѓу византиската и македонската војска во 996 година. Според зборовите на изворот поради лошото

---

[201] Zonara, *Epitomae historiarum,* XVII, 558 - 558 ; *ГИБИ* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 88 - 90 ; *ГИБИ VI,* 278 - 279 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 371 - 372 ; *Византиски извори,* III, 89 - 90 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 418 - 419. ; Острогорски Г., *Историја на Византиј*а, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48 - 50. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 295

време и обилните дождови реката била излеана и не можело ни да се помисили дека во такви услови бил возможен судир. Но византискиот војсководец успеал да пронајде место каде што можело да се помине надојдената река и така ја превел војската на другата страна и користејќи го моментот на изненадување ја нападнал македонската војска која што според Скилица мирно си спиела не очекувајќи никаков напад и успеал катастрофално да ја порази а самиот Самуил и неговиот син Радомир кого што нашиот извор погрешно го нарекува Роман биле тешко ранети и секако дека би биле заробени доколку не се измешале со мртвите и под закрилата на ноќта успеале преку Етолските ридови и преку Пинд безбедно се вратиле во својата татковина Македонија, а магистерот Уран како што било вообичаено по извојуваната победа ги ослободил заробените Византијци и го симнал оружјето од загинатите непријателски војници во случајот од македонските загинати војници и потоа со својата војска се вратил во Солун.

Исто така од делата на Склица и Зонара може да се заклучи дека тие кога зборуваат за Самуил  го преставуваат како безмилосен и суров варварин кој што уништува и ограбува се каде што ќе стигне, а од друга страна сосема разбирливо византискиот војсководец, магистерот Никифор Уран го преставуаваат како вешт војсководец кој со својата војска храбро и чесно и послушно ги извршува наредбите на својот владетел и успева да го порази непријателот кој што го пустоши она што византијците го сметаат за свој посед. Овој впечаток се потврдува особено кога истите автори ја опишуваат битката која завршила со пораз на македонската војска од која македонскиот кнез Самуил заедно со син му Гаврил Радомир едвај успеале да се спасат и здрави и живи да се вратат во својата татковина. Имено и во овој случај овие византиски извори ги преставуваат македонскиот кнез Самуил и неговиот син Гаврил Радомир како страшливци кој што во закрилата на ноќта бегаат и успеваат да се спасат. А всушност станува збор за мудрост и итра досетка за да можат да преживеат и да се вратат во татковината за да можат уште многу работи да направат за доброто на својата татковина Македонија и за својот македонски народ кој што многу ја сакал и почитувал својата владетелска куќа предводена од Самуил.

Бидејќи Скилица не го кажува точниот датум на битката на брегот на реката Сперхеј, сепак тоа врз основа на податоците од него може да се стави во

995 или во 996 година, а многу тешко дури во 997 година како што некои се обидуваат да го сторат тоа. Борбата на кнезот Самуил за Солун и неговиот пораз кај Спрехеј нашироко се опишани единствено кај Скилица. Додуша и кај Јахја се наоѓа една куса белешка поврзана со другите настани. Тука Јахја Антиохијски накусо го опишува судирот на доместикот Уран со „комитопулот" односно со Самуил, кого што не само што го победил туку и „ уништил големо мноштво Бугари ". Потоа Никифор Уран однел во Цариград илјадници нивни глави и со себе водел 12000 заробеници. И не само тоа, Самуил тогаш толку се понизил што му пишал на Василиј II ветувајќи му послушност. И кога веќе изгледало дека византискиот владетел ќе ја прифати неговата понуда, Самуил се прогласил за цар откако дознал дека „ бугарскиот цар " умрел во затворот во Цариград. Поради тоа Василиј II повторно го испратил Уран во војна против „ Бугарите " и овој војсководец не наидувајќи на отпор непречено навлегол до средината на нивната земја, насекаде палејќи и ограбувајќи и по три месеци се вратил во царската престолнина - го завршува според Антолјак - , Јахја Антиохијски својот опис[202].

Рачки смета дека овој пораз на Самуил треба да се припише единствено на „ немарноста на бугарското војводство " и дека тој бил пресвртница во „ оваа голема војна меѓу двете држави " Византија не само што ја зацврстила својата власт во Пелопонез и во Елада, и ја ослабела „ бугарската власт во Тесалија " туку пак преминала во офанзива. Според Шишиќ пак овој пресуден настан „ означувал пресвртница во историјата на бугарско - византиското војување во времето на Самуил и Василиј II " и „ оттогаш Бугарија по дваесетгодишниот подем се повеќе била истиснувана во дефанзива, додека најпосле по натамошни дваесетгодишни борби не пропаднала". По поразот кај Сперхеј било спречено навлегувањето на Самуил на Пелопонез и исторвремено било оневозможено опсадувањето на Солун каде што имало силна византиска

[202] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 341 – 342 ; Zonara, *Epitomae historiarum,* XVII, 558 - 558 ; *ГИБИ* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 88 - 90 ; *ГИБИ VI,* 278 - 279 ; *Историја на македонскиот народ*, 1, 371 - 372 ; *Византиски извори,* III, 89 - 90 ; Антолјак С. *Средновековна Македонија*, 420 - 421. ; Острогорски Г., *Историја на Византија*, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век, 48 - 50. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем век* 295.

војска. Неа своевремено ја поставил лично Василиј II за да ги оневозможува и спречува сите напади на Самуил, што таа успешно го правела[203].

Но оваа ненадејна и не очекувана катастрофа кај Сперхеј не го обесхрабрила во голема мера за миг поколебаниот Самуил, затоа што тој и натаму останал силен и храбар не губејќи речиси ништо од своите територии што се чувствувало на секој чекор. Дури може да се каже дека Самуил во оваа битка изгубил многу малку а тоа што пак бил во дефанзива значи дека се вратил на својата стара омилена поранешна толку успешна и испробана тактика која само го разводнувала секој понатамошен успех на византиската армија во пробивот кон центарот на неговата држава. Впрочем познато е дека ваков вид на одбранбена тактика применувале и дукљанските и српските владетели во XI век и таа им донесувала само позитивни резултати[204].

Според податоците кнезот Самуил кога се вратил во македонската престолнина по поразот од битката кај реката Сперхеј ја омажил својата ќерка Мирослава за заробениот Ашот Таронит. Скилица за мажачката на Мирослава за Ашот Таронит како и за предавството кон кнезот Самуил вели дека : Ὁ Σαμουὴλ δὲ πρὸς τὰ οἰκεῖα ἀνασωθεὶς γαμβρὸν ἄγνετα ἐπι τῇ αὐτοῦ θυγατρί Ἀσώτιον τὸν τοῦ Ταρωνίτου υἵον, τῶν δεσμῶν ἐλευθερώσας πρὸς τοῦτον γὰρ ἡ παῖς αὐτοῦ Μιροσθλάβα ἐρωτικῶς διατεθεῖσας ἐξάξειν ἑαυτὴν ἠπείλει, εἰ μὴ νομίμως αὐτῷ συναφθείν. ἐκτελέσας δὲ τοὺς γάμους ἐκπέμπει μετ᾽ αὐτῆς τοῦτον εἰς τὸ Δυρράχιον, ἐπὶ φυλακῇ τάχα τῆς χώρας. ὁ δὲ ἐκεισε γενόμενος καὶ τῇ συζύγω κοινολογησάμενος καὶ πείσας φεύγει μετ᾽ αὐτῆς εἰς τὰς ἐν τῷ τόπω φυλακῆς χὰριν παραπλεούσας Ῥωμαῖκὰς τριήρεις καὶ δι᾽ αὐτῶν εἰς τὸν βασιλέα ἀνασῴζεται, τιμηθεὶς μάγιστρος καὶ ἡ τούτου σύζυγος ζωστή. διεκόμισε δ᾽ οὗτος γράμματα δυνάστου τινός ἑνὸς τῶ ἐν

[203] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 341 - 342 ; Zonara, *Epitomae historiarum,* XVII, 558 - 558 ; *ГИБИ* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 88 - 90 ; *ГИБИ VI,* 278 - 279 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 371 - 372 ; *Византиски извори,* III, 89 - 90 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 421. ; Острогорски Г., *Историја на Византиј*а, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48 - 50. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку* 295

[204] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 341 - 342 ; Zonara, *Epitomae historiarum,* XVII, 558 - 558 ; *ГИБИ* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 88 - 90 ; *ГИБИ VI,* 278 - 279 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 371 - 372 ; *Византиски извори,* III, 89 - 90 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 421 - 422 ; Острогорски Г., *Историја на Византиј*а, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48 - 50

Δυρραχίω, Χρυσηλίου τοὔνομα ὑπισχνουμένου παραδοῦναι τὴν τοῦ Δυρραχίου πόλιν τῷ βασιλεῖ, εἰ τιμηθείη αὐτός τε καὶ οἱ δύο υἱοί αὐτοῦ πατρίκιοι. γράμμασι δὲ τοῦ βασιλέως ἐπιτελεῖς τὰς ὑποσχέσεις ποιῆσαι βεβαιώσαντος, παρεδόθη τό Δυρράχιον Εὐσταθίω πατρικίω τῷ Δαφνομήλῃ καὶ οἱ τοῦ Χρυσηλίου υἱοὶ τετίμηντο πατρίκιοι, ἐκείνου φθάσαντος καταστρεψαι τὴν ζωήν[205]. (А Самуил кога се врати дома ја омажи својата ќерка Мирослава за Ашот синот на Таронит кого што го ослободи од затвор бидејќи таа се вљубила во него и се закануваше дека ќе самоубие ако законски не се омажи со него. Откако ја направи свадбата Самуил го испрати Ашот заедно со неа во Драч за да ја чува областа. Кога стигна таму се договори и ја убеди својата сопруга да дојде со него и на ромејските триери кои што пловеа наоколу за да надгелдуваат. Со неа отиде кај василевсот и беше почестен со титулата магистер, а неговата сопруга со титулата зости. Тој таму однесе и писмо од еден благородник од Драч кој што се викаше Хрисилиј во кој што ветуваше дека ќе му го предаде градот Драч на василевсот ако тој и неговите два сина бидат почестени со титулата патрикиј. Василевсот со писмо се согласи дека ќе го исполни ветувањето и Драч му беше предаден на патрикиј Евстатиј Дамнофил и синовите на Хрисилиј беа почестени со титулата патрикиј а самиот тој беше веќе умрен )[206]

Според известувањето на Скилица[207] може да се заклучи дека тешкиот пораз кај реката Сперхеј (996) кој што го претрпел македонскиот кнез Самуил не го обесхрабрил и тој жив и здрав стигнал дома. Таму во македонската престолнина кнезот Самуил имал пријатна должност да ја организира свадбата на својата ќерка Мирослава со синот на загинатиот солунски управник Григори Таронит, Ашот кој што бил заробен во истата битка во која што загинал неговиот татко. Но Ашот ја имал таа среќа да стане македонски зет затоа што

---

[205] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 342 – 343 ; Cedreni G., *Historiarum Compendium,* 451 ; *ГИБИ* VI, 279 - 280 ; ГИБИ VI, 279 - 280 ; *Византиски извори,* III, 91 - 95

[206] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 342 - 343 ; Cedreni G., *Historiarum Compendium,* 451 ; *ГИБИ* VI, 279 - 280 ; ГИБИ VI, 279 - 280 ; *Византиски извори,* III, 91 - 95 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија.* 422 - 428 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 372. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48.

[207] Антолјак *С., Средновековна Македонија, 425.* ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго,* 34, 16 - 18. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* .422 – 428 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 372 ; Острогорски Г., *Историја на Византија*, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, .321 - 322 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48

македонската принцеза Мирослава се вљубила во него и побарала и добила дозвола од својот татко да се омажи за него затоа што и на нејзиниот татко македонскиот кнез Самуил му одговарало да биде во роднински врски со едно така угледно византиско семејство секако од политички причини. Но повторно се појавила византиската превртливост овој пат во ликот на Ашот кој што по свадбата заедно со неговата сопруга бил испратен во Драч за да го раководи во името на македонскиот владетел и да ја надгледува целата драчка област. Но тој наместо послушно и покорно да ја извршува задачата што му била дадена успеал да ја убеди и својата сопруга и заедно пребегнале кај византискиот василевс Василиј II кој што ги почестил со високи титули, за Ашот титулата магистер, а за Мирослава титулата зости односно дворска дама. Оваа награда не им била дадена онака туку затоа што со себе го носеле и писмото од драчкиот благородник Хрисилиј[208] во кое што тој ветувал дека ќе го предаде градот во византиски раце во замена за благороднички титули за него и за неговите синови, кога пристигнал позитивниот одговор од царот градот бил предаден во византиски раце на новиот управник патрикиј Евстатиј Дамнофил а со патрикиските титули се закитиле синовите на Хрисилиј кој што според нашиот извор веќе бил мртов.

Од овој податок за Драч кој му бил даден на Ашот не е во спротивност со самуиловото дарување на Владимир. Имено македонскиот владетел Самуил тоа го сторил секако во договор со дукљанскиот крал. Тоа го потврдува и Попот Дукљанин, кој што со ниеден збор не вели дека Владимир ја презел подредената драчка област, како што наспроти тоа изрично во истиот пасус наведува дека Драгомир го сторил тоа во Травунија. Јасно е едно - дека поради предавството на Ашот и Хрисилиј и тајното пактирање со Византија, Драч бил изгубен за Самуил за извесно време. Но се наметнува прашањето кога потпаднал Драч под Самуил и кога му е предаден на Василиј II. Тоа може да се заклучи од нехронолошкиот податок на Поп Дукљанин кој што опширно раскажува дека Самуил тргнал со голема војска во пределите на Далмација, во земјата на кралот Владимир (in patribus Dalmatiae supra terram regis Vladimiri)[209].

---

[208] Хрисилиј е татко на мајката на Мирослава и сопругата на Самуил, Агата, што значи дека тој и е дедо на Мирослава.

[209] Антољак *С., Средновековна Македонија,* 424 - 425. ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго* 34, 16 - 18. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 372 ;

Секако дека оваа Далмација била онаа Горна Далмација за која што зборува Дукљанин (superior Dalmatia), која што се протегала од местото Далма се до градот Бамбалоне кое што сега се вика Драч (Durachium). Според тоа може да се претпостави дека Самуил во овој свој воен поход прво го зазел Драч а потоа и владимировото кралство, со исклучок на Улцињ што двапати залудно го опседнувал. Тоа секако се случило по 986 година а многу пред 992/3 година. Ваквото хронолошко датирање на овие настани врз база на второстепен извор каков што е Поп Дукљанин сепак не доведува до сознзнието дека сегашното датирање на Острогорски кое што го прифаќа и Ј. Ферлуга за паѓањето на Драч по битката кај Сперхеј е сосема неприфатливо[210].

Јасно е дека Владимир никогаш не бил во Драч и никогаш не владеел како намесник, иако Самуил му ја подарил целата област на драчаните, односно Драч со целата негова територија. Според тоа јасно е дека Самуил можел непречено да го испрати својот втор зет Ашот во Драч за будно да внимава на таа област, која никогаш не ја презел во свои раце Владимир. Значи дека во изворите нема никаква контрадикторност во поглед на овие личности на кои што Самуил во различно време им го предал Драч со неговата област. Имено тој не само што го назначил Владимир за крал и му ја дал земјата и кралството на неговите татковци, туку и целата област на драчаните (totamque terram Duracorum), додека многу подоцна истиот овој владетел го испратил Ашот во Драч само да ја брани оваа област[211].

Значи ни од оваа страна нема контрадикторности во овие извори кои што настанале во различно време. Се поставува прашањето кога преминал Драч во рацете на Византија. Скилица кога зборува за предавањето на Драч преку синот на Хрисилиј, Евстатиј Дамнофил не ја наведува и годината на тој акт. Но и

---

Острогорски Г., *Историја на Византиј*а, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48

[210] Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 425 - 426. ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго,* 34, 16 - 18. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 372 ; Острогорски Г., *Историја на Византиј*а, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48

[211] Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 426 - 427. ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго,* 34, 16 - 18. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 372 ; Острогорски Г., *Историја на Византиј*а, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48

покрај тоа очигледно е дека ова предавање не се случило во 996 година туку подоцна и тоа по смртта на Хрисилиј. Инаку со хронологијата на паѓањето на Драч под Василиј II се занимавале различни автори. Така Рачки тој настан го става 996 година, Шлумбергер околу 1000 година додека Прокиќ побивајќи го Рачки го следи Лупус Протоспатариус и смета дека тоа се случило во 1005 година преку Теодор син на Јован Хрисилиј. Кон ова мислење се придружиле и Златарски, Рунциман и Острогорски, додека Адонц смета дека Драч и припаднал на Византија дури по 1018, а тоа Ферлуга успешно го побива. И на крајот датирањето на Златарски го сметаа за веројатно и издавачите на Гръцки извори..., а Ферлуга пишува дека е невозможно да се одреди датумот кога Драч повторно дошол под византиска власт, а Ј. Миличевиќ и покрај сето тоа не се сомнева дека овој град и е предаден на Византија во 1005година[212].

Ако се спореди податокот на Скилица, кој говори за тоа како дошло до предавањето на Драч на Византија со оној пасус од Лупус Протоспатар кој што ја означува 1005 година како датум на враќањето на овој град под Василиј II, тогаш сепак може да се создаде хронолошки заклучок – особено во врска со натамошниот текст, што следува кај Скилица, каде што се наведува византиската година и индикацијата дека ова предавање е извршено секако пред 1000 а не во 1005 година[213].

Кон крајот на 10 век во рамките на македонската држава влегувале цела Македонија без Солун, дел од Бугарија, дел од Грција, поголемиот дел од Албанија, дел од Далмација, Дукља, Травунија, Захумје, Босна и Србија. На тој начин биле создадени условите за македонскиот кнез Самуил да може да ги истакне своите амбиции за царска круна, односно созреало времето Македонија да стане царство. За прогласувањето на Самуил за цар не наоѓаме податоци кај нашиот извор Јован Скилица, од разбирливи причини тој избегнувал да каже

---

[212] Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 427. ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго,* 34, 16 - 18. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 372 ; Острогорски Г., *Историја на Византиј*а, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48

[213] Антолјак *С., Средновековна Македонија,* .428. ; Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго,* 34, 16 - 18. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 372 ; Острогорски Г., *Историја на Византиј*а, 375. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 321 - 322 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 48

убав збор за некој владетел на друга држава и може да се заклучи дека и останал верен на византиската надменост и игнорирање на оние личности и настани на кои што не сакал да им обезбеди место во историјата, но истовремено сакал и да му угоди и на византискиот император за време на чие што владеење го работел своето дело и со кого што бил близок пријател. За тие настани дознаваме од други автори.

За време на походот на Зета и Далмација македонскиот кнез Самуил воспоставил контакт со Римските папи Гргур V (9. 05. 996 – 18. 02. 999) и Силвестер II (999 - 1003) бидејќи не можел да добие царска круна од Византија, во таа прилика македонските благородници стапиле во контакт со Папата во Рим со цел да му дадат поддршка на својот владетел во реализцијата на амбицијата за добивање на царската круна, при што му било предочено дека преку св. Климент, кој што во 869 година, за време на папата Адријан II (867-872) за време на престојот во Рим заедно со браќата Кирил и Методиј од папата Адријан II бил ракоположен за свештеник и го добил Климент во чест на маченикот св. Климент Римски веќе ја имаат папската поддршка. Поради неговата апостолска улога во ширењето на христијанството помеѓу словенскиот свет како Словенски епископ може сосема слободно да се каже дека во времето на папата Силвестер II св. Климент веќе бил канонизиран и прифатен како патрон на македонската црква. Откако му биле предочени предходно споменатите факти и откако биле успешно завршени преговорите стасал позитивниот одговор, од папата Гргур V (996 - 999) следувало свеченото прогласување на Самуил за цар (996/7 - 1000). На церемонијата на крунисувањето за цар, на Самуил му предходело издигањето на Преспанската Архиепископија (Македонската црква) во ранг на Патријаршија. Свечениот чин на крунисувањето од страна на патријархот Филип, бил извршен во црквата Св. Ахил во Преспа, во присуство на папските легати, странски преставници владетелското семејство и високи преставници на македонското благородништво[214].

Македонскиот цар Самуил секако имал свои приврзаници и поддржувачи во редовите на византиските првенци и благородници За нив пишува и

[214] *Scylitzes, Synopsis historiarum,* 342, 52 – 57 ; *Византиски извори,* III, 95 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 372 - 373 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 432 - 442 ; *Историја Црне Горе,* књ. 1, 181.

хроничарот Јован Скилица во своето дело *Synopsis historiarum* - Преглед на настаните. Според него : Τούτω τῷ χρόνω Παῦλος μάγιστρος ὁ Βωβός, ἀνὴρ τῶ ἐν Θεσσαλονίκη τὰ πρῶτα, καὶ Μαλακινὸς πρωτοσπαθάριος ἐπὶ συνέσει καὶ λόγω ἐμπρέπων, διαβληθέντες ὡς τὰ Βουλγάρων φρονοῦντες μετωκίσθησαν ὁ μέν Παῦλος εἰς τὴν ἐν Θρᾳκησίῳ πεδιάδα, ὁ δὲ Μαλακινὸς ἐς Βυζάντιον. Τοῦτο παθεῖν φοβηθέντες καί τινες τῶν ἐκ τῆς Ἀδριανουπόλεως ἰλλούστριοι καὶ στρατηγικαῖς ἀρχαῖς διαπρέψαντες, διὰ τὸ ὑποπτεύεσθαι τῷ Σαμουὴλ προσερρύησαν, ὁ μὲν Βατάτζης πανοικί, μόνος δὲ Βασίλειος ὁ Γλαβᾶς. οὗ τὸν υἱὸν ὁ βασιλεὺς καθεῖρξε καὶ ἐπὶ τρεῖς ὅλους ἐνιαυτοὺς κατεῖχεν, εἶτα ἀπέλυσε[215].(Во тоа време магистерот Павле Вов највидниот од жителите на Солун и протоспатарот Малакин човек истакнат по својот ум и говорништво поради сомнеж дека се приврзеници на Бугарите беа преместени, Павле Вов во Тракезиската рамнина а Малакин во Цариград. Некои од видните големци од Одрин кои што се истакнуваа по воено - командните вештини плашејќи се да не ги снајде истата судбина ако бидат осомничени пребегнаа кај Самуил и тоа Ватац со целото свое семејство а Василиј Главас сам. Царот го затвори неговиот син и во зандана го држеше цели три години)[216]

Според погорниот цитат може да се заклучи дека крунисувањето на македонскиот владетел Самуил за цар значело дека тој цврсто ја држи власта во свои раце и храбро и решително раководи со Македонија, што секако имало одглас и во самата Византија каде што тоа им го привлекло вниманието на некои преставници на византиското благородништво. Имено според Скилица едни од најугледните благородници од Солун магистерот Павле Вов и протоспатарот Малакин истакнат по својата мудрост и говорништво само поради тоа што биле осомничени дека му се наклонети на македонскиот владетел биле преместени надвор од градот и тоа Павле Вов во Тракесија а Мклакин во Цариград. Малакин подоцна успеал да ја врати довербата на византискиот цар а пак Павле Вов најверојатно и понатаму останал прогонет. Ова предизвикало несигурност кај другите поддржувачи на царот Самуил меѓу византиските благодродници поради што некои од нив директно побарале

[215] *Scylitzes, Synopsis historiarum,* 342, 52 - 57 ; *ГИБИ,* VI, 280 ; *Византиски извори,* III, 95

[216] *Scylitzes, Synopsis historiarum,* 342, 52 - 57 ; *ГИБИ,* VI, 280 ; *Византиски извори,* III, 95 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 428 - 429 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 374 - 375.

заштита од македонскиот владетел така што пребегнале на македонскиот дворец. Тоа го сторил Ватац со целотот свое семејство а Василиј Главас сам пристигнал во македонската престиолнина, а за да го казни неговото семејство за постапката на Главас, византискиот император го затворил неговиот син Никита и го држел цели три години[217].

Од погоре наведеното исто така се гледа и дека иако изворите се обидуваат да му дадат помало или како што прави Зонара никакво значење со тоа што не дава никакви податоци за состојбата, сепак угледот што македонскиот цар Самуил го имал меѓу дел од византиското благородништво не бил занемарлив туку напротив бил значителен. Тоа се гледа и од известувањето на Скилица дека само поради сомнеж за наклонетост кон Самуила магистерот Павле Вов и протоспатарот Малакин биле преместени од градот секако со намера да бидат спречени во понатамошните кокнатакти со македонскиот цар а од друга страна и некои видни луѓе од Одрин меѓу кои што имало и истакнати воени стратези како што биле Ватац и Василиј Главас кои што претчувствувајќи ја опасноста или со целите свои семејства како што било случајот со Ватац или сами како што сторил Василиј Главас сепак барале заштита на дворецот на македонскиот владетел каде што се чувствувале и тоа како безбедни од гневот на василевсот Василиј II. Овие примери укажуваат на тоа дека на клучните точки во Византиското царство од каде што почнувале сите походи против Самуил, власта на Василиј II била лабилна. Против василевсот биле највлијателните личност во Солун и во Одрин. Со тоа се потврдува и тоа дека во тие градови и предели во тоа критично време Самуил ја имал поддршката на тамошните византиски големци и дека малку недостасувало, да не била будноста од страна на Цариград, тие градски центри да паднат во рацете на македонскиот владетел. Интересно е и тоа дека во Солун и во Одрин на чело на самуиловите приврзеници застанале најугледните воени личности. Тоа значи дека тие не го одобрувале ставот на византискиот цар кон Самуила и дури се подготвувале во погоден момент да ги предадат овие градови во рацете на

[217] *Scylitzes, Synopsis historiarum,* 3 42, 52 – 57 ; Cedreni G., *Historiarum Compendium,* .451 ; *Византиски извори,* III, 95 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 428 - 429 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 374 - 375.

Самуил кој што умеел многу вешто да ги привлече овие големци на своја страна[218].

## ГЛАВА ПЕТТА

### 1. *ИМПЕРАТОРОТ ВАСИЛИЈ II ГО НАПАЃА ВИДИН 1003 ГОДИНА*

Веста за крунисувањето на Самуила за цар византискиот василевс ја примил на боиштето на истокот каде што бил зафатен со средувањето на тамошните состојби и немал можност веднаш да се врати и да се пресмета со натрапникот и затоа таа работа морал да ја остави за подоцна. Тоа подоцна било во 1000 или **1**001 година кога се вратил од воената кампања во Азија и веднаш започнал четири годишна воена кампања против македонскиот цар Самуил. Византискиот цар најпрво презел поход во Бугарија каде што ги освоил бугарските престолнини Голем Преслав и Мал Преслав и Плиска.

Според Скилица вака се одвивале работите : Τῷ δὲ ἑξακισχιλιοστῷ πεντακοσιοστῷ ὀγδόῳ ἔτει, τῆς τρισκαιδεκάτης ἰνδικτιῶνος, δύναμιν βαρεῖαν ἐκπεμψας ὁ Βασιλεὺς κατὰ τῶν πέραν τοῦ Αἵμου Βουλγαρικῶν κάστρων, ἀρχηγοὺς ἔχουσαν τὸν πατρίκιον Θεοδωροκάνον καὶ Νικηφόρον πρωτοσπαθάριον τὸν Ξιφίαν, τήν τε μεγάλην εἷλε Περσθλάβαν καὶ τὴν μικρὰν καὶ τὴν Πλίσκοβαν, καὶ ἀσινις καὶ τροπαιοῦχος ἡ Ῥωμαικὴ ὑπενόστησε δύναμις[219] (Во 6508 година (=1000година) во тринаесетиот индикт царот испрати силна војска против бугарските тврдини од другата страна на планината Хемус (на Балкан Планина) предводена од патрикиј Теодоркан и протоспатаријот Никифор Ксифија. Византиската војска ги заседе Голем и Мал Преслав како и Плиска и се врати без загуби и со голема победа)[220]

---

[218] *Scylitzes, Synopsis historiarum,* 342, 52 - 57 ; *ГИБИ,* VI, 280 ; *Византиски извори,* III, 95 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 429 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 374 - 375.

[219] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 343 - 344 ; *ГИБИ* VI, 280 ; *Византиски извори,* III, 96

[220] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 343 - 344 ; ГИБИ VI, 280 ; *Византиски извори,* III, 96 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 445 – 446 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, .376. ;

Зонара вели : Εἶτα καὶ ὁ βασιλεὺς ἐξεστράτευσε κατὰ τῶν Βουλγάρων καὶ τῶν ἐν Σαρδικῇ φρουρίων καταστρεψάμενος ἔνια ἐπανῆλθεν εἰς Μοσυνούπολιν. εἷλε δὲ καὶ τὴν μεγάλην Περσθλάβαν καὶ τὴν μικρὰν καὶ τὴν Πλίσκοβαν διὰ στρατηγῶν[221] (Потоа царот се упати на поход против Бугарите и откако разурна некои утврдувања во Сердика се врати во Мосинопол, а преку своите војсководци ги заседе Голем и Мал Преслав и Плиска)[222].

Византискиот цар Василиј II откако продрел до Сердика, според однапред утврдениот воен план во 1000/1 година испратил голема војска против бугарските утврдени градови од другата страна на Балкан (Стара Планина). Оваа војска ја предводеле патрикиј Теодоркан и протоспатарот Никифор Ксифија и тие ги заселе некогашните бугарски престолнини Мал и Голем Преслав и Плиска и од таму се вратиле без загуби со големи трофеи[223].

Од ова се гледа дека во овој поход не учествувал Василиј II затоа што во таа 1000-та година според пишувањето на Јахја Антиохијски тој бил во Ерменија. Што се однесува до таа голема војска, која што секако тргнала од Филипопол, каде што се наоѓал заповедникот Теодоркан. За време на тоа навлегување покрај наведените градови, византиската војска освоила и некои други помали места. Сево ова укажува дека Самуил не се интересирал многу за некогашната бугарска престолнина а ни за другите места и предели во предбалканска Бугарија која што во поголемиот дел повторно и припаднала на Византија Токму затоа во тие област византиските сили и не наишле на отпор и

---

Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322 - 323. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 51 - 53.

[221] Zonaras, *Επιτομη ιστοριον,* XVII, 559 ; Cedreni G., Historiarum compendium, 452 ; *ГИБИ,* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 96

[222] Zonaras, *Επιτομη ιστοριον,* XVII, 559 ; Cedreni G., Historiarum compendium, 452 ; *ГИБИ,* VI ; *ГИБИ,* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 96 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* .445 - 446 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 376. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322 – 323. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 51 – 53.

[223] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 343 - 344, ; *Византиски извори,* III, 96 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 445 - 446. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 376 ; Панов, Б. *Средновековна Македонија,* 48. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 322 – 323. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 51 – 53.

според зборовите на Скилица се вратиле оттаму дома без загуби и со голем плен[224].

Кон крајот на 1001 или во почетокот 1002 година византискиот император повторно презел поход но овој пат во Македонија. Според Скилица : Τῷ δ᾽ ἐπιόντι πάλιν ἔτει ἄπεισι κατὰ Βουλγαρίας ὁ βασιλεὺς διὰ Θεσσαλονίκης καὶ προσερρύη αὐτῷ Δοβρομηρός ὁ τῆς Βερροίας κατάρχων, ἐπ᾽ ἀνεψιᾷ γαμβρὸς τοῦ Σαμουήλ, παραδοὺς καὶ τὴν πόλιν τῷ βασιλεῖ καὶ ἀνθύπατος τιμηθείς. ὁ δὲ τὰ Σέρβια φυλάττων Νικόλαος, ὁ δὲ τὰ Σέρβια φυλάττων Νικόλαος, ὁ δὲ τὴν Κολυδρὸν φυλάττων Δημήτριος ὁ Τειχωνᾶς ἐπεὶ μὴ προεδίδου τὴν πόλιν ἠξίωσε δὲ ἐκχωρηθῆναι, αὐτῷ τὰ σὺν τῷ περὶ αὐτὸν στρατεύματα ὑπεκχώρησεν ὁ βασιλεύς ἀφῆκε δ᾽ αὐτὸν σὺν τῷ σὺν αὐτῷ στρατῷ πρὸς τὸν Σαμουὴλ ἀφίξεσθαι, Νικόλαος δὲ ὁ τὰ Σέρβια φυλάττων, ὃν Νικολιτζᾶν ὑποκοριζόμενοι διὰ τὸ βραχὺ τῆς ἡλικίας ἐκάλουν, ἐκθύμως ἀντεῖχε καὶ τὴν ἐπενηνεγμένην αὐτῷ γεγηθότως ἐπέφερε πολιορκίαν. φιλοτίμως δὲ τοῦ βασιλέως  χρησαμένου αὐτῇ, ἑάλω τὸ φρούριον καὶ αὐτὸς ὁ Νικολιτζᾶς. καὶ μετοικίσας ἐκεῖθεν τοὺς Βουλγάρους ὁ βασιλεὺς Ῥωμαίους φυλάττειν ἐπέστησε. καὶ ταῦτα δράσας ἐπάνεισι πρὸς τὴν βασιλίδα, ἐπαγόμενος μεθ᾽ ἑαυτοῦ καὶ τὸν Νικολιτζᾶν, ὃν καὶ πατρικιότητι ἐτίμησεν[225].  ἀλλ᾽ ἀβεβαίου γνώμης οὗτος τυχών, ἐκεῖθεν ἀποδράς ἔλαθεν ἀνασωθεὶς πρὸς τὸν Σαμουήλ, καὶ μετ᾽ αὐτοῦ ἐλθὼν ἐπολιόρκει τὰ Σερβια. ἀλλὰ πάλιν ὁ βασιλεὺς ὀξὺς ἐπιφανεὶς τὴν τῆς πόλεως ἔλυσε πολιορκίαν, δρασμῷ χρησαμένου τοῦ Νικολιτζᾶ σὺν τῷ Σαμουήλ. ἀλλ᾽ οὐκ εἰς τέλος διέδρα ὁ ἄπιστος. λόχῳ γὰρ περιπεσὼν Ῥωμαϊκῷ συνελήφθη, καὶ πρὸς τὸν βασιλέα δέσμιος ἀχθεὶς εἰς φυλακὴν ἐνεβλήθη ἐν Κωνσταντινουπόλει πεμφθείς. ὁ δὲ βασιλεὺς εἰς Θετταλίαν τὰ ἐν αὐτῇ φρούρια ἤδη παρὰ τοῦ Σαμουήλ κατασκαφέντα ἀνωρθώσατο, καὶ τὰ παρὰ τῶν Βουλγάρων κατεχόμενα ἐκπολιορκήσας τοὺς μὲν Βουλγάρους ἐς τὸν λεγόμενον μετῴκισε Βολερόν, φρουρὰν δὲ ἐν πᾶσι καταλιπὼν ἀξιόμαχον ἐπανῆλθεν εἰς τὰ λεγόμενα Βοδινά. φρούριον δὲ τὰ Βοδινὰ ἐπὶ πέτρας ἀποτόμου κείμενον, δι᾽ ἧς καταρρεΐ τὸ τῆς λίμνης τοῦ Ὀστροβοῦ ὕδωρ, ὑπὸ γῆς κάτωθεν ῥέο

---

[224] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 343 - 344  ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 376 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 445 - 446.

[225] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 344 - 345 ; *Византиски извори,* III, 97 - 99 ; *ГИБИ,* VI, 280 - 282

ἀφανῶς κἀκεῖσε πάλιν ἀναδυόμενον. καὶ ἐπεὶ μὴ ἑκουσίως παρεδίδοσαν ἑαυτοὺς οἱ ἔνδον πολιορκίᾳ τοῦτο κατέσχε. καὶ τούτους ὁμοίως εἰς τὸ Βολερὸν ἀποικίσας φρουρᾷ δὲ τοῦτο ὀχυρωσάμενος ἀξιολόγῳ, ἐπάνεισιν εἰς Θεσσαλονίκην. Ὁ δὲ τοῦ φρουρίου κατάρχων Δραξάνις, ἀνὴρ πολεμιστής, ᾐτήσατο κατὰ τὴν Θεσσαλονίκην οἰκῆσαι. ἐπινεύσαντος δὲ τοῦ βασιλέως ἡρμόσατο γυναῖκα τὴν θυγατέρα τοῦ πρώτου τῶν πρεσβυτέρων τοῦ υαου τοῦ ἀθλοφόρου Δημητρίου, καὶ παῖδας ἐξ αὐτῆς ἔσχε δύο. εἶτα ἀποδρὰς ἑάλω, καὶ ἐντεύξει τοῦ κηδεστοῦ ἠλευθερώθη. καὶ δεύτερον ἀποδρὰς ὁμοίς ἀφείθη. καὶ ἕτερα δὲ τέκνα δύο ποιὴσας τὸ τρίτον ἀπέδρα καὶ συλληφθεὶς ἀνεσκολοπίσθη[226] (Следната година царот повторно замина против Бугарите (Македонците) преку Солун. Таму го пречека управникот на градот Бер Добромир, којшто му го предаде градот на царот и ја доби титулата антипат. Но управникот на Сервија, Никола кого што поради малиот раст го нарекуваа Николица пружи отпор и ја издржа опсадата. Сепак царот беше решен да ја освои тврдината и успеа во тоа, а го зароби и самиот Николица. Тој ги исели од таму Бугарите (Македонците) и остави византиски гарнизон таму. Кога го заврши се тоа тој се врати во престолнината и со себе го водеше и Николица кого што го беше почестил со титулата патрикиј. Но непостојаниот Николица избега од таму и тајно се врати кај Самуил и заедно со него започна опсада на Сервија. Но набргу дојде царот и го ослободи градот, а Николица избега со Самуил. Но најпосле овој неверен човек не можеше да и избега на судбината и тој падна во заседа на еден византиски одред беше заробен и во окови беше одведен пред царот и беше испратен во Цариград каде што беше фрлен во зандани. Управник на градот Колидрон беше Димитриј Тихоња и тој го предаде градот но побара од царот да го пушти заедно со својата војска мирно да замине кај Самуил и царот му дозволи и тој замина кај Самуил. Царот замина во Тесалија и ги обнови оние тврдини кои што беа разурнати од Самуил, а ги разурна оние кои што беа во рацете на Бугарите (на Македонците) ги освои со опсада, а Бугарите (Македонците) ги пресели во утврдувањето што се викаше Волерон и откако им остави доволен број подготвена војска замина кон градот Воден. Тврдината Воден лежи на висока карпа низ која што извира вода која што се влева во езерото Острово и понира под земја и повторно таму излегува.

[226] Scylitzes, *Synopsis historiarum*, 344 - 345 ; *Византиски извори*, III, 97 - 99 ; *ГИБИ*, VI, 280 - 282

И бидејќи жителите не се предадоа доброволно тој го заседе градот со опсада и нив ги пресели во Волерон, и откако го зајакна градот со доволен број војска се врати во Солун. Заповедникот на градот Воден Дракшан (Драган?) кој што беше воинствен човек побара да се насели во Солун. Царот му дозволи и тој се насели таму и се ожени со ќерката на еден од градските првенци Димитриј со која што имаше и две деца. Но тој избега и беше фатен, но му беше простено и втор пат избега и кога и овој пат го фатија му беше простено, но кога по трет пат избега го фатија и беше набиен на колец )[227].

Според продолжувачот на делото на Скилица, Јован Зонара : καὶ ἡ Βέρροια δὲ παρεδόθη αὐτῷ παρὰ τοῦ Δοβρομηροῦ προσχωρήσαντος τοῖς Ῥωμαίοις. τὰ μέντοι Σέρβια πολιορκίᾳ ἑάλω καὶ ὁ τὴν αὐτῶν φυλακὴν ἐμπεπιστευμένος Νικόλαος ὅν Νικολιτζᾶν ὡς βραχὺν τὴν ἡλικίαν ὠνόμαζον· ὅς καίτοι πατρίκιος τιμηθεὶς ἀπέδρα πάλιν καὶ πρὸς τὸν Σαμουὴλ ἀπελήλυθεν[228] (Бер му беше предаден од Добромир кој што премина на страната на Ромеите. Сервија беше освоена со опсада и беше фатен нејзиниот управник Никола кого што поради малиот раст го викаа Николица. И покрај тоа што беше почестен со чинот патриции тој избега и отиде кај Самуил)[229].

Византискиот хроничар Кекавмен кој што му бил внук на истоимениот стратег известува за тие настани во неговото дело Strategicon - Стратегикон. Тој вели : Σέρβια πόλις ἐστὶν ὀχυρὰ ἐν Βουλγαρίᾳ. ἐφύλαττε δὲ αὐτὴν στρατηγὸς ῥωμαῖος ὀνόματι Μαγηρῖνος καὶ ταξιάρχαι δύο μετὰ τῶν χιλιαδῶν αὐτῶν. ὁ δὲ μητὸς πάππος μου Δημήτριος ὁ Πολεμάρχιος οὕτω καλούμενος ἦν ὑπερέχουσα κεφαλὴ εἰς τὸ μέρος ἐκεῖνο εἰς τὴν ἄκραν· ὃν μετὰ τό

227 Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 344 - 345 ; *Византиски извори,* III, 97 - 99 ; *ГИБИ,* VI, 280 - 282 ; Zonaras, *Επιτομη ιστοριον,* 559 ; *ГИБИ.* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 96 ; Cedreni G., Historiarum compendium, 452 ; *ГИБИ,* VI, 280 - 282 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 370. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 375 - 376 ; Панов Б. , *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 445 - 446. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 323 - 324 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 51 – 53.

228 Zonaras, *Επιτομη ιστοριον,* 559 ; *ГИБИ.* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 96

229 Cedreni G., *Historiarum compendium,* 559 - 560 ; *ГИБИ,* VII, ..187 ; Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 344 – 345 ; *ГИБИ,* VII, 187 ; *Византиски извори,* III, 97 - 99 ; *Историја на македонскиот* народ, 1, 375 - 376 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 445 - 446. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 323 - 324 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 51 - 53.

εἰρηνεῦσαι τὴν Βουλγαρίαν ἀνεβίβασεν ὁ μακαρίτης κύρις Βασίλειος ὁ πογρφυρογέννητος εἰς τὸ τῶν πατρικίων ἀξίωμα, πεποιηκὼς αὐτὸν καὶ μυστικόν. πολλὰ οὖν οὗτος κοπιάσας καὶ ἀγρυπνήσας ἐνιαυτὸν ὅλον εἰς τό ἑλεῖν αὐτὴν ἀπολέμητον οὖσαν κρατῆσαι οὐκ ἴσχυσεν. ὅθεν καὶ εἰς κενὸν αὐτῷ γέγονεν ὁ τοσοῦτος κόπος. κρημνοῖς τε γὰρ καὶ φάραξι φοβερωτάταις τὴν ἀσφάλειαν ἐκέτητο. ἦν δὲ λοετρὸν κάτωθεν τοῦ κάστρου εἰς τὸν κρημὸν, ἔνθα καὶ ἀπήρχετο ὁ στρατηγὸς καὶ οἱ ταξιάρχαι ὅτε ἠβούλοντο καὶ ἐλούοντο. μηχανᾶται οὖν μηχανὴν τοιαύτην· ἐλθὼν νυκτὸς καὶ ἔστη ἄντικρυς τοῦ κάστρου μετὰ τοῦ λαοῦ αὐτοῦ (ὁ δὲ τόπος ἐστὶν ὑλῶδης ἔχων θάμνος) καὶ προστέταξε τοῖς σὺν αὐτῷ πᾶσι βαστάζειν θάμνους μεγάλους, κρατεῖν δὲ αὐτὰς ἔμπροσθεν αὐτῶν καὶ σκιάζειν καὶ ἀποκρύβειν τοὺς ἵππους καὶ τοὺς ἀναβάτας αὐτῶν, ὥστε φαίνεσθαι οὐκ ἀνθρώπους ἀλλὰ τοπικήν τινα ὕλην. εἶχε δὲ χονσαρίους δύο πλησίον τοῦ κάστρου εἰς τὴν ἀκρώρειαν οἵ ἅμα τῷ κατελθεῖν τὸν στρατηγὸν καὶ τοὺς ταξιάρχας καὶ ἄρξασθαι τοῦ λούεσθαι ἐποίησαν τὸ σημεῖον ὃ προστετάγησαν.[230] Οἱ δὲ καταπτερνίσαντες ἐκύκλωσαν τὸ λοετρὸν, κρατήσαντες τοὺς ἐν αὐτῷ. ὁ γὰρ μὴ προσέχων, ἀλλὰ ἀφυλάκτως πορευόμενος πολλάκις καὶ συμφοραῖς περιπίπτει. κρατηθέντων οὖν αὐτῶν ἀναιμωτὶ τὸ κάστρον παρέλαβεν. πρόσεχε οὖν τούτοις· καὶ ἐαν φυλάττης κάστρον, ἔχε ἀκρίβειαν πολλὴν καὶ εἰς τοὺς ἔξω καὶ εἰς τοὺς ἔσω, καὶ μηδὲ ἀνθρώπῳ σου πιστεύῃς καὶ ἀπολέσεις καὶ ἑαυτὸν καὶ τὸν λαόν[231] (Сервија беше утврден град во Бугарија (Македонија). Го чуваше ромејскиот стратег по име Магерин со двајца таксијарси со нивните одреди од по илјада луѓе. Мојот дедо по мајка Димитрија наречен Полемарх беше заповедник во соседната погранична област. Него блаженоупокоениот господин во пурпур родениот Василиј, по покорувањето на Бугарија (Македонија) го воздигна во патрикиско достоинство и го направи мистик. Тој значи (Димитриј Полемарх) многу се намачи и цела година неможеше да заспие за да го освои, но неможеше да го заземе затоа што беше неосвоив бидејќи беше обиколен со стрмнини и длабоки и страшни бездни, затоа целиот негов труд беше залуден. Но под тврдината имаше место каде што стратегот и таксиарсите одеа кога ќе посакаа да се искапат. Дедо ми ја смисли оваа итрина.

[230] Cecaumeni Strategicon, 28 – 29 ; *ГИБИ,* VII, 17 - 18 ; *Византиски извори,* III, 199 - 202
[231] Cecaumeni Strategicon, 28 - 29 ; *ГИБИ,* VII, 17 - 18 ; *Византиски извори,* III, 199 - 202

Појде ноќе со својата војска и застана наспроти тврдината, а местото беше пошумено со грмушки и им заповеда на своите луѓе да ги соберат големите грмушки и да ги стават пред себе и така да ги покријат и сокријат и коњите и коњаниците, за да не се гледа дека се луѓе туку да изгледа како природна шума. Во близина на тврдината на една височинка постави двајца стражари кои што веднаш штом слегоа стратегот и таксиарсите и почнаа да се капат го известија со однапред договорениот знак. Војниците веднаш пристигнаа и ги опколија и оние внатре и оние надвор и така тие без да се пролее крв беа заробени, а тој ја заземе тврдината. Имај го во предвид следново : кога напаѓаш некоја тврдина набљудувај ги многу внимателно и оние кои што се надвор и оние кои што се внатре и не се доверувај никому дури ни на свој човек ќе загинеш и ти и твојата војска)[232]

Ако ги споредиме податоците за повторното навлегување на Василиј II во Бугарија односно во Македонија 1001/2 година што ни ги даваат Скилица и Зонара во своите известувања можеме да заклучиме дека управникот на Вер Добромир му излегол во пресрет на византискиот владетел и му се предал и себеси и градот во замена за како што велат изворите благородничка титула и привилегии. Тие се согласуваат дека управникот на Сервија Николица прво му се предал и себеси и градот на василевсот, но потоа се премислил и се вратил кај својот владетел Самуил за да најпосле повторно биде заробен и животот да го заврши набиен на колец. Но - според Скилица - управникот на Колидрон Димитриј Тихоња побарал и добил дозвола од византискиот завојувач да замине од градот и да се врати кај македонскиот цар Самуил. Зонара пак од своја страна не ја бележи постапката на управникот на Колидрон Димитриј Тихоња. Во своето излагање Скилица понатаму го опишува и градот Воден и вели дека бил сместен на карпа од која што извира вода, а за неговиот управник Драган вели дека се предал и го предал градот во замена за привилегии и титули. Додека Зонара молчи за настаните околу Воден.

---

[232] Cecaumeni Strategicon, 28 - 29 ; *ГИБИ,* VII, 17 - 18 ; *Византиски извори*, III, 199 - 202 ; Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 344 – 345 ; *ГИБИ,* VII, 187 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 375 - 376 ; Панов Б., *Средновековна Македонија*, 48 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*, 445 - 446 ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 324 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 51 – 53.

За Димитриј Тихоња покрај во ракописот кај Скилица како што може да се види од погоре наведените цитати податоци наоѓаме уште само кај византискиот хроничарот Кекавмен кому што пак тој му бил дедо по мајка. Авторот со цел да го прикрие своето словенско односно македонско потекло по страната на мајка му се обидува да прикаже дека неговиот дедо, односно таткото на неговата мајка им пришол на византиските сили и дека во соработка со нив го зазел македонскиот град Сервија и ги заробил со лукавство градските стратези кои што го бранеле градот, но според податоците што ги наоѓаме кај Скилица може да се види дека вистината е сосема поинаква, односно дека се работи за македонски војсководец кој што го бранел градот Колидрон што најверојатно се наоѓал во непосредна близина на Сервија и бил во состав на одбранбените тврдини на градот Сервиј, кои што секако биле чувани од македонски гарнизони војска и кој што по предавањето на тврдината во византиски раце добил дозвола од византискиот цар Василиј II заедно со својата војска мирно да замине кај својот владетел, царот Самуил, што на крајот и се случило.

Следната 1003 година византискиот император го нападнал Видин. За овие настани податоци наоѓаме кај нашиот извор Јован Скилица во неговото дело *Synopsis historiarum*- Преглед на настаните : Ὁ δὲ βασιλεὺς κατὰ τὸ ἐπὸν ἔτος ἰνδικτιῶνος πετεκαιδεκὰτης ἐκστρατεὺει κατὰ Βιδίνης, ἐφ᾽ ὅλους ὀκτὼ μῆνας ἐμφιλοχωρήσας τῇ προσεδρείᾳ αἱρεῖ κατὰ κράτος τὴν πόλιν. ἔνθα καὶ τῶν Βουλγαρικῶν ἀρχόντων διεδείχθη ἡ πολυπειρία. εἰς ἕν γὰρ ἀγγεῖον παμπληθὲς ὁμιλοῦντες τὸ Μηδικὸν πῦρ διὰ τούτου ἐσβέννυον. ἐν ᾧ δὲ τῇ πολιορκίᾳ οὗτος προσῄδρευεν ὁ Σαμουὴλ εὐζώνῳ χρησάμενος ὁδοιπορίᾳ ἐπιτίθεται ἐξ ἐφόδου τῇ Ἀδριανουπόλει κατ᾽ αὐτὴν τὴν ἡμέραν τῆς κοιμήσεως τῆς ὑπεραγίας θεοτόκου, καὶ τήν τε πανήγυριν, ἥτις εἰώθει ἐτησίως τελεῖσθαι δημοτελής, αἱρεῖ ἐξαίφνης ἐπιπεσών, καὶ λείαν Βιδὶν μάλα καλῶς ὀχυρωσάμενος ἐπανῆλθεν ἀσινὴς εἰς τὴν βασιλίδα, ἐν τῷ διϊέναι πάντα τὰ ἐν ποσὶ Βουλγαρικὰ φρούρια δῃῶν καὶ καταστρεφόμενος[233]. (Царот наредната година во 15-от индикт со војска тргна на Видин и опседнувајќи го цели осум месеци со сила го заседе градот. Додека тој беше

[233] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 346 ; *ГИБИ,* VI, ..282 ; *Византиски извори,* III, 100 – 102.

зафатен со опсадата Самуил движејќи се со брз марш го нападна Ордин на денот на вознесението на пресвета Богородица и на панаѓурот кој што според обичајот на тој ден се одржуваше. И откако ненадејно нападна го освои градот, зеде голем плен и се врати во својата земја. Царот откако убаво го утврди Видин и без загуби се врати во престолнината, а на поминување ги разурна и уништи сите бугарски (македонски) утврдувања каде што ги најде)[234].

Зонара не известува дека: εἶτ᾽ αὖθις κατὰ Βιδίνης ὁ βασιλεὺς ἐξστράτευσε καὶ τὴν πόλιν αἱρεῖ. ἐν ὅσῳ δὲ ταύτην ἐπολιόρκει ὁ βασιλεύς, ἔπεισιν ὁ Σαμουὴλ τῇ ᾿Αδριανουπόλει ἀθρόον καὶ πανηγύρεως ἐκτὸς τελουμένης τάς τε ἐμπορίας λείαν πεποίητο καὶ αἰχμαλώτων πλῆθος λαβὼν ὑπενόστησε (Потоа царот повторно замина на поход против Видин и го освои градот. Но додека го опседнуваше, Самуил изненадно го нападна Одрин и бидејќи надвор од градот имаше панаѓур тој го ограби она што беше изложено за продавање и зеде многу заробеници и се врати во татковината)[235].

Од изворите може да се заклучи дека во 1003 година византискиот имперарот тргнал во поход на градот Видин кој што на крајот од осуммесечната опсада и го освоил, а пак македонскиот цар Самуил на тоа одговорил со ненадеен напад на Одрин на денот на вознесението на пресвета Богородица кога во градот се одржувал голем панаѓур и според податоците откако зел богат плен се повлекол. Може да се заклучи дека нападот од страна на македонскиот цар Самуил на Одрин имал за цел да му го одвлече вниманието на византискиот василевс од опседнатиот град и дури и да го натера да се повлече од таму, но очигледно царот Василиј II го игнорирал овој настан и откако по успешното освојување на градот по долгата опсада тој го утврдил истиот и дури потоа по успешно завршениот поход со богат плен како што вели нашиот извор се вратил во Цариград.

---

[234] Scylitzes, *Synopsis historiarum*, 346 ; *ГИБИ,* VI, 282 ; *Византиски извори*, III, 100 - 102 ; Острогорски Г., *Историја на Византија.* 371. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 375 - 376 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 445 - 446. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 51 - 53.

[235] Zonaras, *Επιτομη ιστοριον,* 560 ; *Византиски извори*, 248 ; *ГИБИ,* VII, 187 ; Cedreni G., *Historiarum compendium,* 454 - 455 ; *ГИБИ,* VI, 282 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 371. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 375 - 376 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 445 - 446. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 51 – 53.

Следниот судир меѓу македонската и византиската војска се случил во битката кај Скопје во 1004 година на византиската страна се појавил и унгарскиот владетел.

## 2. *БИТКАТА КАЈ СКОПЈЕ 1004 ГОДИНА*

За битката кај Скопје од 1004 година известува и нашиот извор Јован Скилица во неговата *Synopsis historiarum* - Преглед на настаните. Таму тој вели : τῇ πόλει δὲ τῶν Σκοπίων ἐγγίσας εὗρε πέραν Ἀξειοῦ τοῦ ποταμοῦ ὅν νῦν Βαρδάριον ὀνομαζουσι,(Ἀξειοῦ- ὀνομάζουσι Ναξίου ποταμοῦ τοῦ νῦν Βαρδαρίου ὀνομαζομένου διὰ τὸ ὑπὸ Βὰρδα τοῦ Σκληροῦ τῆς παλαιᾶς κοίτης μετοχευθῆναι, ἔνθα νῦν ῥέων φαίνεται) κατεσκηνωμένον ἀμερίμνως τὸν Σαμουήλ θαρρῶν γὰρ τῇ πλημμύρᾳ τοῦ ποταμοῦ, καὶ ὡς οὐ διαβατὸς τὸ νῦν ἒχον ἒσεται, ηὐλιζετο ἀμελῶς. τινὸς δὲ στρατιωτῶν πόρον εὑρόντος καὶ δι᾽ αὐτοῦ τὸν βασιλέα διαβιβάσαντος ὁ μὲν Σαμουήλ τῳ αἰφνιδίῳ καταπλαγεὶς ἔφυγεν ἀμεταστρεπτί ἐλήφθη δὲ ἡ τούτου σκηνὴ καὶ τὸ ὅλον στρατόπεδον. ἐνεχείρισε δὲ καὶ τὴν πόλιν τῶν Σκοπίων τῷ βασιλεῖ ταύτης ἄρχειν παρὰ τοῦ Σαμουὴλ τεταγμένος Ῥωμανός ὁ Πέτρου μὲν τοῦ βασιλέως Βουλγάρων υἱος τοῦ δὲ Βορίση ἀδελφός Συμεὼν τῷ τοῦ πάππου ὀνόματι μετονομασθείς· ὅν ὁ βασιλεὺς ἀποδεξάμενος τῆς προαιρέσεως πατρίκιόν τε τιμᾷ καὶ πραιπόσιτον, καὶ στρατηγεῖν ἐκπέμπει Ἀβύδου[236] (Приближувајќи се кон Скопје дозна дека на другиот брег на реката Аксиос која што сега Вардар се нарекува, и која што откако Варда Склир ја отклони од старото корито сега тече таму, Самуил се беше улогорил сигурен дека поради надојдената река е невозможен премин и ненадеен напад. Но некој војник открил место за премин и од таму го пренесе царот. Самуил ненадејно нападнат избега невртејќи се, и беше заробен неговиот шатор и целиот воен логор. Скопје на царот му го предаде Роман, синот на бугарскиот цар Петар и брат на Борис по дедо му наречен Симеон, кого што Самуил го постави за управник на градот, за добро

[236] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 346 ; *ГИБИ,* VI, 282-283 ; *Византиски извори,* III, 100 – 102.

сторената работа царот го награди со чин патрикиј препозит и го испрати за стратег во Абидос)[237]

Јован Зонара вели дека τὴν Βιδίνην δὲ ὑφ᾽ ἑαυτον ὁ βασιλεὺς ποιησάμενος καὶ ἐπανερχόμενος κατέλαβε παρὰ τῷ ᾽Αξιῷ ποταμῷ τὸν Σαμουὴλ αὐλιζόμενον. ὁ Βαρδάριος οὕτως παρὰ τοῖς παλαμοῖς ὠνομάζετο. Πολλοῦ δέ τοῦ ποταμοῦ ῥέοντος ἀμελῶς οἱ βαρβαροι κατεσκήνωντο· οὐ γὰρ ἄν ποτε δυνηθῆναι τὸν ποταμὸν ἤλπιζον τὸ Ῥωμαικὸν σύνταγμα. πόρου δὲ γνωσθέντος δι᾽ αὐτοῦ ὁ βασιλεὺς διέβη καὶ τὸ στρατόπεδον, καὶ πολλοὶ μὲν τῶν Βουλγάρων ἀπώλοντο ὁ δὲ Σαμουλὴν δίεδρα, τῆς τούτου σκηνῆς καὶ τῆς παρεμβολῆς ἁπάσης διαρπαγείσης. καὶ τὴν πόλιν δὲ τῶν Σκοπίων ὁ βασιλεὺς παρειλήφει, δοθεῖσαν αὐτῷ παρὰ Ῥωμανοῦ τοῦ υἱοῦ Πέτρου τοῦ ἄρξαντος τῶν Βουλγάρων, ᾧ ἡ ταύτης φυλακὴ παρὰ τοῦ Σαμουὴλ ἐμπεπίστευτο[238] (Императорот откако го потчини под своја власт Видин на враќање го стигна Самуил кој што логоруваше крај реката Аксиј. Таа река од старина се нарекува Вардар. Бидејќи реката беше надојдена варварите безгрижно логоруваа затоа што не се надеваа дека ромејската војска може да ја мине реката. Но беше откриено место преку кое што и императорт и војската ја преминаа реката. Од бугарите (од македонците) многумина загинаа, а Самуил избега и неговиот шатор како и целиот логор беше ограбен. Императорт го заседе градот Скопје кој што му беше предаден од Роман синот на бугарскиот владетел Петар. Нему Самуил му го довери чувањето на градот.)[239].

Од погоре наведените податоци се гледа дека за битката кај Скопје која што се случила во 1004 година Скилица раскажува дека Василиј II силно го утврдил Видин и почнал да се враќа а попат пустошел во Бугарија (Македонија) и ги разурнувал сите тврдини на кои што наидувал. На тој марш царот Василиј II се приближил до градот Скопје и тогаш дознал дека од другата страна на

---

[237] Scylitzes, *Synopsis historiarum,* 346 ; *ГИБИ,* VI, 282 - 283 ; *Византиски извори,* III, 100 - 102 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 371. ; *Историја на македонскиот* народ, 1, 376 - 377 ; Панов Б., Средновековна Македонија, 48 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 452. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII- XIV век, том 1, 324 - 235 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 52 - 53.

[238] Zonaras, *Επιτομη ιστοριου.* 560 ; *ГИБИ,* VII, 187 - 188

[239] Zonaras, *Επιτομη ιστοριου.* 560 ; *ГИБИ,* VII, 187 - 188 ; Cedreni, *Historiarum compendium,* 455 ; *ГИБИ,* VI, 282 - 283 ; *Византиски извори,* III, 248 - 249 ; Острогорски Г., *Историја на Византија,* 371. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 376 - 377 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 48 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија* 452. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 235 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 52 - 53

надојдениот Вардар се залогорил Самуил. Овој имено таму со војската безгрижно логорувал надевајќи се како и кај Сперхеј надевајќи се во поплавата на Вардар. Но како што му успеало на Уран кај Сперхеј на погодно место да го изненади Самуил и неговата војска на спиење, истото тоа го сторил и Василиј II, кога еден војник го пренел преку јазот на другата страна на Вардар[240]. Вака ненадејно нападнат Самуил безглаво избегал како што пишува Скилица, и при тоа во рацете на Византијците паднал неговиот шатор и целиот логор. Потоа управникот на Скопје Роман Симеон го предал градот на Василиј. Точно е дека за овој настан единствен извор е Скилица, но буди сомнеж тоа што ако Василиј се враќал од Видин тогаш патот секако би го водел преку Перник, Сердика и Мосинопол. Исто така Скилица не спомнува ниту една тврдина, ниту пак настан на патот од Видин до Скопје. Како Василиј наеднаш за еден ден дошол до Скопје? Се поставува и прашањето како е можно Самуил да логорувал со војската од другата страна на реката и бил безгрижен додека Василиј му пустошел низ неговата земја? Да биде работата уште почудна се поставува прашањето бидејќи Самуил го поседувал Скопје, зошто тогаш не ја распоредил војската во градот, во чија што тврдина би била најбезбедна и безгрижна, а не да ја остави на логор надвор од градот? Потоа ако било така како што вели Скилица, тогаш останува нејасно кога Самуил повторно го вратил Скопје во своја власт? Наше мислење е дека Скилица, сакајќи да ја разбије монотонијата во раскажувањето и ја уфрлил оваа епизода која воопшто не се случила, или пак се случила порано во 991 година кога бил заробен Роман како управник на Скопје Имајќи го сето тоа во предвид прашањето за поразот на Самуил кај Скопје останува отворено и понатаму[241].

[240] *Византиски извори,* III, 248 - 249 ; Атанасовски А., *За некои недоречености во средновековната историографија и потребата за нивно корегирање, Зборник 70 години институт за национална историја, 70 години македонска историографија, зборник на трудови од научната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 во Скопје*, УКИМ/ФЗФ, 2017, 172 - 173

[241] *Византиски извори,* III, 248 - 249 ; Атанасовски А., *За некои недоречености во средновековната историогафија и потребата за нивно корегирање,* 172 - 173

## ГЛАВА ШЕСТА

### 1. *ВОЈНАТА ОД 1004 ДО 1014 ГОДИНА*

За воените судири помеѓу Византија и Македонија во периодот 1004 до 1014 нашиот извор Јован Скилица кусо вели дека секоја година византискиот цар навлегувал на македонска територија и правел големи пустошења и не наведува ништо повеќе од тоа. : Ὁ δὲ βασιλεὺς οὐ διέλπε καθ᾽ ἕκαστον ἐνιαυτὸν εἰσιὼν Βουλγαρίᾳ καὶ τὰ ἐν ποσὶ κείρων τε καὶ δῃῶν. ὁ Σμουὴλ δὲ μὴ δυνάμενος τῶν ὑπαίθρων ἀντιποιεῖσθαι, μηδὲ πρὸς ἐμφανῆ μάχην ἀντιστῆναι τῷ βασιλεῖ, ἀλλὰ πάντοθεν θραυόμενος καὶ τὴν οἰκείαν ἀποβάλλων, ἔγνω τάφροις καὶ θριγγίοις ἐπιτειχίσαι τούτῳ τὴν εἰς Βουλγαρίαν εἴσοδον[242]. (Царот не испушташе секоја година да влезе во Бугарија (Македонија) уништувајќи се пред себе. Самуил не можеше ниту логор да постави на отворено, ниту пак во отворена борба да му се спротивстави на царот, затоа што од сите страни беше притиснат и почна да ја губи својата сила и затоа реши со опкопи и прегради да му го затвори влезот во Буарија (Македонија))[243].

Зонара за тоа вели : О δὲ βασιλεὺς συνεχῶν τῇ Βουλγαρίᾳ προσβάλλων ἐκάκου ταύτην καὶ ἐκεράϊζε. μὴ δυνάμενος δέ γε ὁ Σαμουὴλ ἀντιπαρατάξασθαι τῷ τῶν Ῥωμαίων στρατεύματι τάφροις τὰς εἰσόδους ἀποκλεῖσαι αὐτῷ ἐπεχείρησε τὰς δυσωρίας ἀποφράξας οἰκοδομαῖς καὶ φύλακας ἐπιστήας αὐταῖς[244] (Императорот често ја напаѓаше Бугарија и нанесуваше штети. А Самул бидејќи не можеше да и се спротивстави на византиската војска се обиде со ровови да му го попречи патот, а теснеците ги преградуваше со утврдувања во кои што поставуваше стражи) [245].

Но од други автори се дознаваат други податоци за овој период. Така Јован Ѓакон во својата Chronicon Venetum (980 - 1008) вели дека во 1004 година

---

[242] Scylitzae, *Synopsis historiaru*, 348 , 9 - 14. ; *Византиски извори,* III, 105 - 107

[243] Scylitzae, *Synopsis historiaru*, 348 , 9 - 14. ; *Византиски извори,* III, 105 - 107

[244] Zonaras, *Επιτομη ιστοριον,* 563 - 564 ; *ГИБИ,* 7, 188. ; *Византиски извори,* III, 105 - 107

[245] Zonaras, *Επιτομη ιστοριον,* 563 - 564 ; *ГИБИ,* 7, 188. ; *Византиски извори,* III, 105 - 107

Василиј се готвел со голема војска да ја нападне земјата на Бугарите (на Македонците) (de Bulgarorum finibus ). Лупус Спатариус пак накратко пишува дека во 1005 година Драч бил вратен во рацете на византискиот владетел преку Теодор, односно можеби преку оној стар патрикиј Теодоркан кој што се прославил во текот на воениот поход против македонската држава во 1000 година[246].

Тоа би значело дека неколку години пред тоа Василиј II го загубил Драч и дека подоцна повторно го вратил во свои раце, тоа може исто така да значи и дека го освоил со сила од противникот. Многу е тешко да се побие тврдењето на Рачки - вели Антолјак- кој што потпирајќи се токму на тврдењето на Спатаријус кој што вели дека во 1005 година Византија започнала нов поход со цел да го освои Драч и според тоа може да се заклучи дека Самуил го изгубил градот преку предавството на својот зет. Прокиќ тврди дека од белешката на Спатариус не може да се извлече зклучокот дека Самуил во тие мрачни единаесет години водел некаква офанзива или пак дека ги освојувал византијските поседи како што погрешно мислел Рачки[247].

Меѓутоа продолжува Антолјак и вели дека Рачки само го изнесувал своето мислење за преземањето на Драч од рацете на Самуил. Затоа има право Ј. Ферлуга кој што пишува дека не е можно да се определи точниот датум кога Драч бил повторно вратен во византиска доминација. Може да се заклучи дека тврдењата на Рачки и на Прокиќ си остануваат само тоа тврдења и не може да биде прифатен ниту едниот ниту другиот став. За овој период многу е интересна кусата белешка на Матеј Ефески. Во неа се споменува некој воен поход на Василиј II против Самуил во периодот меѓу 1006 - 1007 година. Во врска со оваа белешка не може ништо повеќе да се каже туку да се прифати како точна затоа што Сакилица индиректно ја потврдува кога вели дека византискиот

[246] *Византиски извори,* III, 104 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 -466. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 53 - 56

[247] *Византиски извори,* III, 104 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 -466. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 53 - 56

василевс не пропуштал секоја година да навлезе во Македонија и да направи пустош секаде каде што поминувал[248].

Многу важен податок за Самуил и неговата држава се наоѓа во житието на Св. Никон Метаноит напишано од непознат монах од половината на 12 век. Иако староста на овие житија во препис е мошне доцна сепак тој податок од 1009 година за Самуил и Василиј II е мошне карактеристичен и недоволно проучен. Во него прво се слави Василиј II за кого што се вели дека неговиот живот е славен и времето на славата е најдолго и трофеите од непријателот се безбројни. Понатаму се вели дека од него бил уништен и оној владетел на „ бугарскиот народ " Самуил со сила непобедлив и во моќта несовладлив и целата безбројна војска заедно со него е поразена и како што поопширно го изложува тоа историјата за Самуил[249].

И додека грчкиот текст само во општи црти пишува за поразот на самуиловата војска не поврзувајќи го со никаков особен судир, Сирмондовиот латински превод од 16 век точно говори за победата на Василиј II над Самуил и неговата војска на Крит. Научниците кои го имале пред себе само овој Сирмодонов превод го прифатиле овој податок и дури се обиделе да го убицираат локалитетот Крит. Но подоцнежните научници се поделиле по тоа мислење. Без оглед на сите овие мислења Ферјанчиќ сметал дека самиот факт што веста е зачувана само во латинскиот превод на житието предизвикува сомневање во нејзината веродостојност[250].

Но Ферјанчиќ како и некои други заборавиле дека овој латински превод е всушност превод на пронајдениот барберински грчки текст од 15 век, како што мислел неговиот пронаоѓач Ламирос, а светогорскиот исто така грчки текст е од 1630 година. Значи дека овој латински превод е поавтентичен од барберинскиот, па затоа битно и се разликува од вториот подоцнежен кого што го објавил

---

[248] *Византиски извори,* III, 104 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 - 466. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 53 - 56

[249] *Византиски извори,* III, 104 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 39. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 - 466. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 53 - 56

[250] *Византиски извори,* III, 104 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 39 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 - 466. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, .324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 53 – 56.

Ферјанчиќ. Тоа најдобро може да се уочи во изразот Bulgariae dentis (t.e. gentis) principes. Од овој израз преводот гласи оној владетел на бугарскиот (македонскиот) народ и ut memorant historiae од како што опширно изложува историјата за него потоа sum inumerabili Bulgarorum multitudine и целата бугарска односно македонска безбројна војска заедно со него и слично. Но затоа во грчкиот текст нема ништо од она што се наоѓа во латинскиот превод ниту anno 1009 и Cret што е секако битно и симптоматично[251].

Ако се земе дека Василиј II во 1009 го победил Самуил на Крит како што наведуваат историите поточно хрониките тогаш би можело да се претпостави дека единствено Арапите на своите бродви би можеле да го превезат Самуил и неговата голема војска на Крит кого во X век го изгубиле со цел со помош на овој владетел се обиделе да си го вратат. Но тоа не им помигнало затоа што од страна на византискиот владетел со сила непобедливиот и во моќта несовладливиот Самуил заедно со својата војска таму бил поразен[252].

Ако сега ги погледнеме обата пасуси и од латинскиот и од грчкиот текст тогаш единствено ни останува постарата вест од првиот период или да ја прифатиме или да не ја прифатиме не претпоставувајќи дека можеби постоела некоја хроника која што го опишувала животот и делата на Самуил.[253] За него покрај Јахја единствено пишува Скилица кого секако оној анонимен автор од 12 век морал да го познава. Но токму во хрониката на Скилица за таа акција ништо не се зборува, а особено не во оваа година. Па сепак би можело да се претпостави дека тука има трошка вистина и затоа овој податок не смее така лесно да се отфрли како што сака да го стори тоа Ферјанчиќ[254].

Имено не смее да се заборави дека токму во 1009 година Сарацените го освоиле градот Кисенца (Калабрија), а се побуниле и византиските поданици во

---

[251] *Византиски извори,* III 104 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 -466. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 53 - 56

[252] *Византиски извори,* III 104 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 -466. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 53 - 56

[253] *Византиски извори,* III 104 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 - 466. ; Божилов И. Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, .53 - 56

[254] *Византиски извори,* III 104 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 - 466. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 53 - 56

јужниот италијански град Бари од каде што ги истерале царските чиновници и завладеале со градот. Овој бунт го натерал Василиј II да испрати таму нов катепан на Лангобардија со војска која што навистина пристигнала таму во 1011 и останала во Јужна Италија до 1013. Овие настани му оделе во прилог на Самуил во чија што држава како што вели Скилица, Василиј II навлегувал секоја година. Но сепак тие византиски навлегувања не биле толку силни како поранешните, затоа што да било така Скилица секако опширно би пишувал за тоа. Тоа значи дека тие напади биле сведени на ограбувања и пустошења за кои што ништо не ние познато. Секако за време на овој период од 1004 до 1014 ни Самуил не мирувал како што вели Антолјак и тој преземал - доколку може да се верува на житието на Св. Никон како извор - диверзија на самиот остров Крит која што завршила со неуспех. На истиот начин Самуил го загубил и Драч. Тоа значи дека Самуил насекаде доживувал удари кои што сепак не го обесхрабриле.

Од друга страна овој молк меѓу визнтиските извори за овие наводни навлегувања на македонска територија ограбување и пустошење таму може да се свати како параван кој што го користеле византиските автори со цел да се прикрие фактот дека во тој период бил постигнат премолчен мировен договор помеѓу Василиј II и Самуил кој траел цели десет години од 1004 до 1014 година, кој што им одговарал на двата владетели и кој што од Византија бил искористен да ги среди работите на истокот и да ги заврши подготовките за понатамошната војна со Самуил. Македонскиот цар Самуил тој период го искористил за обновување и зацврстување на разурнатите тврдини и за подигање нови таму каде што било потребно и секако за преземање на подготовки за одбрана од новите напади на Василиј II врз Македонија за кој што царот Самуил како искусен војсководец знаел дека ќе дојдат по завршување на тој десетгодишен релативно мирен период. Тоа и се случило. Така во 1014 година се случила решавачката пресметка помеѓу лутите непријатели Василиј II и Самуил. Тие се пресметале во битката што се случила кај планианта Беласица на 29 VII 1014 година[255].

[255] *Византиски извори,* III, 104. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 - 466. ; *Историја на македонскиот* народ, 1, 379 - 381. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 53 – 56 ; Томовски Т., *Македонија низ вековите, градови, тврдини комуникации,* Матица македонска , Скопје, 199, 72 - 81

## 2. *БИТКАТА КАЈ БЕЛАСИЦА 1014 ГОДИНА*

Десетгодишниот релативно мирен период завршил во 1014 година кога и се случила конечната пресметка помеѓу македонскиот цар Самуил и визнтискиот василевс Василиј II. Тоа се случило на 29 VII 1014 кај планината Беласица. Нашиот извор Скилица вели дека : εἰδὼς οὖν, ὡς ἀεί τῷ βασιλεῖ διὰ τοῦ λεγομένου Κίμβα Λόγγον καὶ τοῦ Κλειδίου ποιεῖσθαι τὰς διελεύσεις, ταύτην ἔγνω τὴν δυσχωρίαν ἐπιτειχίσαι καὶ τῷ βασιλεΐ ἀποκλεῖσαι τὴν εἴσοδον. φραγμὸν οὖν δομησάμενος εἰς εὖρος πολύν καὶ φύλακας ἐν αὐτῷ ἀξιοπρεπεῖς ἐπιστήσας προσέμενε τὸν βασιλεα. ἀφικομένου δὲ καὶ τούτου καὶ ἀποπειρασαμένου τῆς εἰσόδου ἐπείπερ ἀντεῖχον γενναίως οἱ φυλάσσοντες καὶ τοὺς βιαζομένους ἐξ ὑπερδεξίων ἀνῄρουν βάλλοντες καὶ τιτρώσκοντες, καὶ ἤδη ἀπεγνωστο τῷ βασιλεῖ ἡ διάβασις, Νικηφόρος ὁ Ξιφίας τῆς Φιλιππουπόλεως τότε στρατηγῶν τῷ βασιλεῖ συνταξάμενοσ, καὶ αὐτὸν μὲν προσμένειν καὶ συνεχεῖσ προσβολὰς ποιεΐσθαι τῷ δέματι παρεγγυήσας, αὐτὸς δὲ ἀπιέναι φήσας, εΐ πως καὶ δυνηθείη λυσιτελές τι διαπράξασθαι καὶ σωτήριον, τὸν περὶ αὐτὸν εἰληφὼς λαὸν ὑποστρέφει, καὶ περιοδεύσας τὸ πρὸς μεσημβρίαν τοῦ Κλειδίου κείμεμον ὑψηλότερον ὅρος ὅ Βαλασίτζαν κατονομάζουσι, καὶ τραχπορίαις καὶ ἀνοίδαις χρησάμενος, εἰκοστῇ ἐννάτῃ τοῦ Ἰουλίου μηνός, ἰνδικτιῶνος δωδεκάτης ἄνωθεν ἐξαίφνης μετ᾽ ἀλαλαγμοῦ καὶ δούπου κατὰ νώτου γίνεται τῶν Βουλγάρων[256]. Οἱ δὲ τῷ ἀπροσδοκήτῳ καταπλαγέντες τρέπονται πρὸς φυγήν. καὶ ὁ βασιλεὺς μονωθὲν διαρρήξαν τὸ τεῖχος ἐδιωκεν. ἒπεσον οὖν πολλοί καὶ πολλῷ πλείους ἑάλωσαν, μόλις τοῦ Σαμουὴλ διαφυγεΐν δυνηθέντος τὸν κίνδυνον συνεργίᾳ τοῦ ἰδίου τοῦ υἱου γενναἰως τοὺσ ἐπιόντασ, καὶ ἵππῳ τοῦτον ἐποβιβάσαντοσ καὶ ἐς το λεγόμενος Πρίλαπον τὸ φρούριον ἀπαγαγόντος.[257] τὸ δέμα δέ, ὡς εἴρηται, διαβὰς ὁ βασιλεὺς κατὰ Στρούμβιτζαν γίνεται. καὶ παρεστήσατο μὲν φρούριον τὸ καλούμενον Ματζούκιν τῇ Στρουμβίτζῃ δὲ προσεγγίζον, μετὰ δυνάμεως δ᾽ ἐκπέμπει τὸν Βοτανειάτην Θεοφύλακτον τὸν δοῦκα Θεσσαλονίκης ὑπερβῆν κελεῦσας τοὺς ἐν Στρουμβίτζῃ βουνούς καὶ τὰ ἐν ταῖς κατ᾽ αὐτους ὁδοῖς

[256] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 348 ; *Византиски извори,* III, 105 - 107
[257] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 348 ; *Византиски извори,* III, 105 - 107

πυρπολῆσαι δέματα[258]. καὶ εὐπόρευτον αὐτῷ θεῖναι τὴν πρὸς Θεσσαλονίκην ἄγουσαν ὁδόν[259]. ὁ δὲ ἀπελθὼν συνεχωρήθη μὲν ἐν τῷ εἰσιέναι παρὰ τῶν τοποφυλακούντων Βουλγάρων ἀνεμποδίστως δειλθεῖν, μέλλων δὲ πρὸς τὸν βασιλέα πάλιν ὑποστρέφειν μετὰ τὸ τὰ προστεταγμένα πληρῶσαι περιπίπτει λόχοις ἐπ᾽ αὐτῷ τούτῳ προσκαθημένοις καί ἐνεδοεύουσιν ἒν τινι ἐπιμήκει στενοχωρίᾳ ἐν ῇ εἰσηλθὼν καὶ πάντοθεν περιστοιχισθεὶς καὶ ἄνωθεν ὑπὸ λίθων καὶ τόξων βαλλόμενος, μηδενὸς ἀμύνασθαι δυναμένου διὰ τὴν πύκνωσιν καὶ τὸ τῆς στενοχωρίας ἀδειξόδευτον αὐτός τε πίπτει, μηδὲ ταΐς οἰκεσίαις χερσί δυνηθεὶς χρήσασθαι τοῦ Ραδομηροῦ τῇ λόγχῃ ἣν ἐπιφέρετο, τὰ τούτου ἐκχένατος ἔγκατα καὶ πολύ μέρος σὺν αὐτῷ ἀπώλετο τοῦ στρατοῦ. ἅπερ μηνυθέντα τῷ βασιλεῖ πολλῆς αὐτὸν ἐνέπλησεν ἀθυμίας ὅθεν καὶ προσωτέρω χωρεῖν οὐκ ἔκρινεν, ὁ δὲ βασιλεὺς τοὺς ἑαλωκότας τῶν Βουλγάρων ἀμφὶ τὰς πεντεκαὰδεκα ὣς φασιν ὂντας χιλιάδας ἀπετύφλωσε καὶ ἑκάστην ἑκατοντάδα πεπηρωμένων ὑφ ἑνος μονοφθάλου ὁδηγεῖσθαι κελεύσας ἐς τὸν Σαμουὴλ ἀποπέμπει. οὅς ἐκεῖνος κατ᾽ ἀριθμὸν καὶ ταξιν θεώμενος ἀφικνουμένους καὶ τὸ παθος οὐκ ἐνεγκὼν νεανικῶς καὶ εὐψύχως, λειποθυμίᾳ καὶ σκότῳ βάλλεται καὶ εἰς γῆν πίπτει. ὕδατι δὲ καὶ μύροις οἱ παρόντες τὴν πνοὴν αὐτῷ ἀνακαλεσάμονοι ἀνενεγκεῖ μικρὸν πεποιήκασιν. ἀνενεγκὼν δὲ ὕδωρ πιεῖν ἐπεζήτης ψυχρόν. λαβὼν δὲ καὶ πιὼν καρδιωγμῷ καὶ μετὰ δύο ἡμέρασ θνσκειῇ καὶ τὴν ἕκτην τοῦ Ὀκτωμβρίου μηνός. ἀλλ᾽ ὑποστρέψας ἦλθεν εἰς τὰ Ζαγόρια, ἔνθα τὸ λίαν ὀχυρώτατον ἵδρυται φρούριον ὁ Μελνῖκο, ἐπί τινος πέτρας ἱδρυμένον κρημνοῖς καὶ φάραγξι βαθυτάταις πάντοθεν ἐστεφανωμένης. ἐν ᾧ οἱ τῆς περιχώρου πάντες καταφυγόντες Βούλγαροι ὀλίγα τῶ Ῥωμαίων ἐφρόντιξον. πρὸς οὕς ὁ βασιλεὺς Σέργιόν τινα ἐκτομίαν ἕνα τῶ οἰκειοτάτων αὐτῷ θαλθμηπόλω ἐκπέμπει, ἂν δρα φρενήρη τε καὶ δεινὸν εἰπεῖν ἀποπειρώμενος τῆς γνώμης αὐτῶν οὗτος δ᾽ ἐκεῖσε γενόμενος καὶ πολλαῖς χρησάμενος πιθανολογίαις μεταδιδάξαι ἲσχυσε τοὺς ἀνθρώπους τὸ δέον καὶ τὰ ὅπλα καταθεμέμους παραδοῦναι τῷ βασιλεῖ ἑαυτοὺς καὶ τὸ φρούριον. οὕς ἀποδεξάμενος ὁ βασιλεὺς καὶ φιλοφρονησάμενος ἀξιοπρεπῶς, καὶ φρουρὰν τῷ φρουρίῳ τὴν

[258] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 348 ; *Византиски извори*, III, 105 - 107

[259] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 349, 46 55 - 353, ; *ГИБИ*, VI, 284 - 287 ; *Византиски извори*, III, 107 – 123.

ἀρκοῦσαν ἐγκατατῶξας μετέβη πρὸς Μουσυνόπολιν, ἐν ᾗ διάγοντι τούτῳ καὶ ὁ τοῦ Σαμουὴλ ἀγγελέται θάνατος κατὰ τὴν εἰκοστὴν τετὶρτην τοῦ Ὀκτωβρίου μηνός[260]. (Имено знаеше дека царот вообичаено напаѓаше преку теснецот наречен Кимва Лонга и Клуч и затоа одлучи таму да изгради широка тврдина и на царот така патот да му го затвори и на неа одбрана посада остави и го чекаше доаѓањето на царот. Кога тој дојде и кога се обиде насила да помине, а бидејќи бранителите храбро и чесно се бранеа одозгора напаѓајќи и фрлајќи и уништувајќи царот разбра дека нема да може да помине и кога помисли да се откаже кај него дојде Никифор Ксифијас кој што тогаш беше стратег на Филипопол и заедно со царот се бореше и го посоветува да остане и постојано да ја напаѓа тврдината, а самиот (Никифор) рече дека ќе оди да види дали може да направи нешто корисно и спасоносно, Ги зеде своите луѓе и ја помина високата планина наречена Беласица која што лежи на југ од Клидион (Клуч) и минувајќи низ стрмните и непроодни патчиња на 29 во месецот јули во дванаесетиот индикт ненадејно со борбен повик и голема бука од зад грб им се појави на Бугарите (на Македонците) тие неочекувајќи го тоа исплашени се дадоа во бегство. Царот ја помина напуштената тврдина и почна да ги гони. Многумина загинаа, а уште повеќе беа заробени. Самуил едвај ја избегна смртта со помош на сопствениот син, кој што храбро ги одбиваше непријателите и го стави неговиот татко на коњ и го однесе тврдината наречена Прилеп. Кога ја премина преградата како што веќе беше кажано царот стигна до Струмица и ја заседе тврдината наречена Мацукион, која што се наоѓаше во близина на Струмица. Тој го испрати со голема војска солунскиот дука Теофилакт Вотанијат и му нареди да ги мине ридовите околу Струмица и да ги запали преградите по патот и така да му отвори безбеден пат до Солун. Тој (Вотанијат) појде но бугарите (македонците) кои што го чуваа тоа место го пуштија да помине безбедно по патот. Но кога требаше да се врати кај императорот откако ги исполни неговите наредби тој падна во заседи кои што со таа цел беа поставени во една долга теснина. Кога влезе во теснината беше опколен од сите страни и беше опсипан со стрели и камења одозгора и падна убиен без да може некој да му помогне и без да може да се служи со рацете поради тесното и непроодно место. Заедно со него беше убиен и голем дел од војската. Кога за

[260] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 348 ; *Византиски извори,* III, 105 - 107

тоа беше известен императорот тој многу се натажи и реши да не продолжи понатаму. Царот заповеда заробените Бугари (Македонци) да бидат ослепени и нареди секоја група од сто војници да ја води еден едноок и така ги испрати кај Самуил. Кога тој ги виде како доаѓаат во толкав број и во таква состојба, не можеше храбро и издржливо да поднесе несреќата и му се стемни пред очите и падна на земја. Присутните го освестија со вода и мириси, малку се поврати и побара студена вода да пие. Откако ја зеде и ја испи доби срцев напад и по два дена умре на 6 во месецот октомври. Царот пристигна во областа Загориа каде што се наоѓаше и цврстата тврдина Мелник изградена на една карпа и опколена со стрмни и многу длабоки бездни. Бугарите (Македонците) од целата околина се беа засолниле во неа и воопшто не се плашеа од Ромеите. Царот го испрати кај нив Сергиј еден од неговите придружници, човек умен и слаткоречив за да го истражи нивото расположение. Кога отиде таму тој успеа да ги убеди тие луѓе во потребното односно да го положат оружјето и да му се предадат на царот заедно со тврдината. Императорот ги прими и ги почести достојно и откако во тврдината остави доволно војска се врати во Мосинопол. Додека беше таму му беше јавено за смртта на Самуил на 24 октомври. )[261].

За решавачката битка помеѓу Македонија и Византија известува и византискиот хроничар Јован Зонара. Според него : Ὁ δὲ βασιλεὺς συνεχῶν τῇ Βουλγαρίᾳ προσβάλλων ἐκάκου ταύτην καὶ ἐκεράϊζε. μὴ δυνάμενος δέ γε ὁ Σαμουὴλ ἀντιπαρατάξασθαι τῷ τῶν Ῥωμαίων στρατεύματι τάφροις τὰς εἰσόδους ἀποκλεῖσαι αὐτῷ ἐπεχείρησε τὰς δυσωρίας ἀποφράξας οἰκοδομαῖς καὶ φύλακας ἐπιστήας αὐταῖς. ἥκεν οὖν ὁ βασιλεὺς αὖθις καὶ ἐβιάσατο μὲν τὴν πάροδον, ἀπεκρούσθη δὲ τῶν φυλάκων ἀνθισταμένων ἐρρωμενέστερον. πλὴν οὐκ ἀπεστη τῆσ ἐγχειρήσεως, αλλ᾿ αὐτὸς μὲν προσέμενεν ἒτι πειρώμενος τοῦ ὑπ᾿ αὐτὸν τάγματος ἑτέρωθέν ποθεν, εἰ δύναιτο περιελθεῖ καὶ μηχανήσασθαι τι πρὸς τὴν διέλευσιν. ὁ δὲ δι᾿ ὀρῶν καὶ δυσχωριῶν πολλῶν διελθὼν καὶ τοὺς Βουλγάρους λαθὼν ἐμπίπτει κατὰ νώτου τοῖς τοῦ

261 *Византиски извори,* III, 105 - 107 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 - 466 ; Панов Б., *Струмичката област во времето на Самуил, Средновековна Македонија од македонската средновековна историја* том трети, Мисла, Скопје, 1985 426 - 454 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 379 - 381 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку.* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска воена история през средновековието* / X – XV век /, 53 - 56 ; Томовски Т., *Македонија низ вековите,* 72 – 81.

ἐρύματος φύλαξιν οἵ τῷ ἀθρόῳ περιδεεῖς γεγονότες οὐκέτι τῆς φυλακῆς ἐφρόντιζον τοῦ φραγμοῦ, αλλ᾽ ὅπως αὐτοὶ τὸν ὄλεθρον φυλάξωᾳται περὶ πλείστου ἐτιθεντο[262]. τότε δὴ ἀδείας τὸ Ῥωμαΐκὸν δραξάμενον στράτευμα ῥήγνυσι τὸν φραγμὸν καὶ δίεισι καὶ διώκει καὶ πολλοὺς μὲν ἀναιρεῖ πλείονας δέ γεζωγρεῖ μόλις διαδράντος τοῦ Σαμουήλ ὅ γε μὴν βασιλεὺς τοῖς δορυαλτώς εἰς πεντεκαίδεκα χιλιάδας ἀριθμουμένος ἐξέκοψε πᾶσι τὰ ὄμματα ἐφ᾽ ἑκάστῃ ἑκατοστύι ἕνα καταλιπὼν ἑτερόφθαλμον, ἵν᾽ εἶη τούτοις χειραγωγός, καὶ οὕτως αὐτοὺς ἀπιέναι κελεύει πρὸς τὸν σφέτερον ἀρχγόν. οὕς ἐκεῖνος ἰδὼν καὶ τὸ πάθος μὴ ἐνεγκὼν ἰλλιγγιᾷ τε καὶ εἰς γῆν λειποθυμῶν καταβαλλάμεται, μικρὸν δὲ τι ἀνενεγκὼν καρδιωγμῷ περιπίπτει καὶ θνῄσκει[263] (И империророт повторно дојде и се обиде да навлезе со сила но беше одбиен од стражарите кои што храбро се спротивставуваа. Но тој не се откажа од обидите да го освои утврдувањето, а го испрати еден од своите војсководци со војската што му беше потчинета, да се обиде да помине околу и да најде начин за напад. Тој мина низ многу планински патчиња и стрмнини го нападна утврдувањето од зад грб незабележан од Бугарите (Македонците) кои што исплашени и изненадени повеќе не се грижеа за безбедноста на утврдувањето и само мислеа како да се спасат од смрт. Тогаш византиската војска без страв ја урна преградата и минувајќи преку неа започна да ги гони. Многумина беа убиени а уште повеќе беа заробен. А Самуил едвај успеа да избега. Императорот на сите заробеници кои што беа околу петнаесет илјади на број им ги извади очите. На секој сто луѓе оставаше еден со едно око за да ги води. Тој (Самуил) кога ги виде не можеше да ја поднесе несреќата и се струполи на земја, а кога си дојде при себе доживеа срцев удар и умре )[264]

Аталиат за овие настани вели :Ἔμεινε δὲ τῇ μετέπειται γενεᾷ ὥσπερ τις σπιᾳθὴρ ὑπαυγάζων τὸ γένος τῶν Βυτανειατῶν, ἐν τῷ στρατῷ διαλάμπον τοῦ κυρίου Βασιλείου τοῦ πορφυρογενιτήτου ὅς τεσσαρακοστέν ἔτος τοῖς

---

[262] Zonaras, *Επιτομη ιστοριον,* 563 - 564 ; *ГИБИ,* 7, 188. ; *Византиски извори,* III, 105 - 107

[263] Zonaras, *Επιτομη ιστοριον,* 563 - 564 ; *ГИБИ,* 7, 188. ; *Византиски извори,* III, 105 - 107

[264] *Византиски извори,* III, 105 - 107 ; Антољак С., *Средновековна Македонија,* 458 – 466 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 379 - 381. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 53 - 56 ; Томовски Т., *Македонија низ вековите,* 72 - 81

Βουλγάροις ἀντιτασσόμενος καὶ μυρίοις πόνοις καὶ ὅπλοις ἀντιπαραταττομενος ἕνα μόνον εἶχε βοηθὸν καὶ στρατηγὸν καὶ ἱππότην καὶ δεξιὸν ἀρχιστάτηγον τὸν Βοτανειάτην Νικηφόρον ὅς πάππος ἦν τῷ προλελεγμένῳ βασιλεῖ. Τέλος δὲ τοῦ πολέμου, μετὰ τὸ καταπομεμηθῆναι καὶ ἡττηθῆναι τὸ Βουλγάρων ἔθνος ὑπο τῆς αὐτοῦ δεξιᾶς (ἦν γὰρτηνικαῦτα τῷ περιβλέπτῳ τῶν βεστῶν ἀξιώματι τετιμημένος ἐλαμπρύνετο δὲ καὶ τῇ τοῦ δονκὸς περιφανεστάτῃ ἀρχῇ), τὸν εὐγενῆ καὶ ἀληθέσι στρατιώταις ἐράσμον θνήσκει μαχόμενος θάνατον. τρεψάμενος γὰρ τοὺς βουλγάρους, καὶ διώκων ἐν κλεισούρᾳ τῇ λεγομένῃ τοῦ Κλειδίου, οὐκ ἀνίει σφάττων καὶ κατατιτρώσκων αὐτοὺς ἕως εἰς ἀκρωρείας ἀνελθὼν ἔνθα καὶ ἑρους Βουλγάρους καταφυγόντας ἐσφάλη τῆς ἱππασίας τοῦ ἱπποῦ κατολισθήσαντος ἐν πλαξὶ λιθίναις καὶ σὺν αὐτῷ κατακρημνισθέατος ὥστε καταπλαγέντας τοὺς ἐναντίους τὴν ἀνυπέρβλητον ὁρμὴν τοῦ ἀνδρὸς μηκέτι τοῖς Ῥωμαίοις τολμῆσαι είς χεῖρας ἐλθεῖν, ἀλλὰ τὸν μὲν ἄρχοντα τούτων, Σαμουὴλ κατονομαζόμενον, σύντρομον φυγεῖν καὶ ἀποθανεὶν ἐν τῷ λιμνίᾳ νήσῳ τῆς Πρέσπασ, τοὺς δὲ λοιποὺς ἅπαντας ὑποσπόνδους ἑαυτοὺς ἐγχειρίσαι τῷ βασιλεῖ καὶ γενέσθαι δούλους δι᾽ἀρετὴν ἑνὸς ἀνδρος καὶ γενναιότητος μέγεθος[265] (Во времето на следното поколение остана да свети како искра на родот на Вотанијатите одликувајќи се меѓу војската на господарот Василиј Порфирородниот кој што четириесет години војуваше со Бугарите (Македонците) и се изложуваше на илјадни опасности и битки и имаше само еден помошник, другар и советник и војсководец, јавач и вешт заповедник - Никифор Вотанијат, дедото на споменатиот цар. На крајот на војната откако бугарскиот народ (македонскиот народ) беше совладан, и победен од неговата десница (затоа што беше почестен со добро познатата функција дука, тој умре борејќи се – благородна смрт каква што посакуваат сите истакнати и вистински војсководци.) Откако тргнал против Бугарите (Македонците) кои што бегаа и ги гонеше во теснината наречена Клуч, постојано ги убиваше и рануваше додека не стигна до врвот. Таму виде и други Бугари (Македонци) кои што бегаа, но падна при јавањето бидејќи коњот му се лизна од лизгави камења и тој се струполил заедно со коњот. Така противниците се исплашија од нескршливата храброст на тој маж и не помислуваа повеќе да

[265] Michaelis Attaliotae, *Historia,* ed. J. Bekkero, Bonnae, 1853, 185 - 186 ; *Византиски извори*, III, 231 - 233 ; *ГИБИ* VI, 185 – 186.

влезат во борба со Ромеите. Нивниот водач кој што се викаше Самуил избега исплашен и умре на калливиот остров Преспа, а сите останати капитулираа пред императорот и станаа негови робови благодарение на доблеста и големата храброст на еден маж )[266].

И Кекавмен во своето дел Стратеикон известува за катастрофалниот пораз што македонската војска на чело со царот Самуил го претрпела во битката кај планината Беласица во 1014 година. За тоа Кекавмен вели : Ἐὰν δέ ἐστιν ὁ ἐχθρὸς ἔνδον ὀχυρώματος καὶ οὐκ ἐξέρχεται καὶ οὐ γινώσκεις τὴν δύναμιν αὐτοῦ, ἀπ᾿ ἐμοῦ μάθε ὅτι ὀλιγιστός ἐστι καὶ οὐκ ἔχει δύναμιν, μὴ ἐάσῃς αὐτόν καθέζεσθαι, ἀλλὰ ἀπόστελον χονσαρίους ὁδόν τοῦ εἰσελθεῖν λαὸν κατ᾿ αὐτοῦ. καὶ μὴ εἴπῃς μήτε μὴν πιστεύσῃς τοῖς λέγους σοι μὴ εἶναι ὁδόν. Πῶς γὰρ δύναται φυλάσσειν διάστημα πολύ; ἔχει γὰρ πάντως τό ὀχύρωμα αὐτοῦ τέλος. καὶ ἐπειδαν εὕρῃς ὁδὸν, σύ μὲν μὴ σκυλθῇς ἀλλὰ μεῖνον ἐκεῖσε ἐξεναντίας αὐτοῦ, ἀπόστειλον δὲ λαόν τοῦ εἰσελθεῖν ὅθεν εὗρες τὴν ὁδόν. ἐχέτωσαν δὲ ἄνδρα ἱκανὸν τὸν ἄγοντα αὐτούς. ποιησάτωσαν δὲ πυρσόν εἰσελθόντες, εἴπερ ἐν νυκτὶ εἰσῆλθον, εἰ δὲ ἐν ἡμέρᾳ καπνόν. καὶ περόσεχε ἵνα ὁπόταν ζαλισθέντας καὶ ταρασσομένους αὐτοὺς ἴδῃς ἐπέλθῃς καὶ σὺ κατ᾿ αὐτῶν τούτῳ γὰρ τῷ τρόπῳ ὁ πορφυρογέννητος κῦρ Βασίλεὺς ἐχειρώσατο ιδ χιλιάδας Βουλγαρίους εἰς τό δέμα τῶν Ζαγορίων, ἐξάρχοντος αὐτῶν τοῦ στρατηγικωτάτου Σαμουήλ[267] (Ако непријателот е внатре во тврдината и не излегува и не ти е познато со каква војска располага и дознај од мене дека е малуброен и дека нема сила да се спротивстави. Но и покрај тоа немој да го потценуваш, но војска не му дозволувај да утврдат туку испрати извидница за да пронајде пат преку кој што со војска ќе напаѓаш на него. И да не велиш дека нема пат, ниту па немој да веруваш на оние кои што ти го кажуваат тоа. И навистина како би можел непријателот да одбрани голема територија? Неговата тврдина секако има граници. Икогa ќе го најдеш патот не излегувај на отворено, туку остани наспроти него и испрати војска да помине преку патот што го пронајде. Нека ги води вешт војсководец и ако поминат

---

[266] *Византиски извори,* III, 231 - 233 ; Антолјак С,. *Средновековна Македонија,* 458 - 466 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 379 - 381. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* /X - XV век 53 – 56 ; Томовски Т., *Македонија низ вековите,* 72 - 81

[267] Cecaumeni, Strategicon, 17 – 18 ; *ГИБИ,* VII, 17 - 18 17 - 18 ; *Византиски извори,* III, 202.

прекуноќ тогаш нека запалат оган, а ако поминат преку ден тогаш нека направат дим. И кога ќе видиш дека непријателите се во паника и во неред нападни ги и ти. На тој начин и порфирородниот цар Василиј во теснината Загора зароби четиринаесет илјади бугари (македонци) предводени од одличниот војсководец Самуил.)[268].

Од предходно наведените цитати може да се заклучи дека византиските извори Скилица и Зонара во своите осврти на битката на Беласица 1014 година зборувајќи за текот на битката и најпосле за катастрофалниот пораз што македонската војска го претрпела од византиските сили и за грозоморното ослепување на заробените македонски војници се обидуваат да го прикажат македонскиот цар и неговата војска како страшливци и неспособни за војување а воената вештина и слава да му ја припишат на византискиот василевс кој што патем речено при првото доаѓање под демата кај Беласица кога не успеал при првиот обид да ја помине препреката помислувал и да се повлече. Аталијат пак зборувајќи за истата битка го велича Вотанијат, најдобриот пријател и советник на царот кој што бил толку храбар што и кога загинал македонските војски не се осмелувале да му се доближат. Кекавмен и оваа битка ја користи за илустрација на своите совети за тоа како треба, а како не треба да се постапува во тек на воен поход. Исто така може да се забележи и задоволство кај византиските извори дека лутиот непријател на нивната држава конечно е поразен и дека тој пораз ја предизвикал и смртта на македонскиот цар Самуил. По смртта на Самуил на македонскиот престол седнал самуиловиот син Гаврил Радомир кој владеел од 1014 - 1015 а по него и неговиот бваручед Јован Владислав кој владеел од 1015 -1018 година.[269]

---

[268] *Византиски извори,* III, 202 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 - 466 ; *Историја на македонскиот* народ, 1, 379 - 381. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 53 - 56 ; Томовски Т., *Македонија низ вековите,* 72 – 81 ; Белчовски Ј., *Совети и раскази од Кекавмен,* 117 - 121

[269] *Византиски извори,* III, 231 – 233 ; *ГИБИ,* VI, 185 – 186 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 458 - 466 ; *Историја на македонскиот народ,*1, 379 - 381. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 324 - 236 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 – 61 ; Томовски Т., *Македонија низ вековите,* 72 - 81. ; *Совети и раскази од Кекавмен,* 117 - 121

## 3. *СКИЛИЦА ЗА НАСЛЕДНИЦИТЕ НА ЦАРОТ САМУИЛ*

### Гаврил Радомир (1014-1015)

По трагичната смрт на македонскиот цар Самуил 6 октомври 1014 на македонскиот престол се искачил неговиот син и наследник Гаврил Радомир кој што владеел со македонското царство 1014 и 1015 година. Овие настани ги следи и нашиот извор Јован Скилица. Тој за доаѓањето на македонскиот принц Гаврил Радомир на престолот вели : (παραλαμβάνει δὲ τὴν ἀρχὴν τῶν Βουλγάρων ὁ υἱὸς αὐτοῦ Γαβριήλ ὁ Ῥωμανός, ῥώμῃ μὲν καὶ ἰσχὺ πατρὸς ὑπερέχων φρονήσει δὲ καὶ διανοίᾳ πολλῷ λειπόμενος, τεχθείς τῷ Σαμουὴλ εξ Ἀγαθης τῆς θυγατρὸς Ἰωαννου τοῦ Χρυσηλίου ἐν Δυρραχίῳ πρωτεὺατος. ἦρξε δὲ κατὰ τὴν πεντεκαιδεκάτην Σεπτεμβρίου μηνός, ἰνδικτιῶνος τριακαιδεκάτης καὶ μηδ᾽ ὅλον ἀποπηρώσας ἐναιοντὸν σφάττεται, εἰς κυνηγέσιον ἐξελθών παρα Ἰωαννου τοῦ καὶ Βλαδισθλάβου τοῦ υἱοῦ Ἀαρών ὅν αὐτος θνῄσκειν μέλλοντατοῦ θανάτου ἀπλευτρῶσατο[270]. εἶχε δὲ γυναῖκα ὁ Ῥοδομηρὸς τὴν θυγατέρα τοῦ κράλλη οὐγγαρίας. οὐκ οἶδ᾽ οἷς τισι λόγοις ἐμίσησε ταὺτην καὶ ἀπεδίωξεν, ἐγκύμονα ἤδη ἐξ αὐτοῦ γενομένην. ἠγάγετο δὲ Εἰρὴνην τὴν πανωραίαν αἰχμαλωτισθεῖσαν ἐν Λαρὴσσῃ. Πρὸ τοῦ ταῦτα γενέσθαι. Θεοφυλάκτου τοῦ Βτανειάτου ἄρχειν Θεσσαλονίκης μετὰ τὸν Ἁεριανίτην πεμφθέντος Δαβὶδ ὁ Νεστορίτζης εἷς τῶν παρὰ Βουλγάροις μέγα δυναμένων ὑπάρχων, μετὰ δυνάμεως ἁδρᾶς κατὰ Θεσσαλονίκης ἐκπέμπεται παρὰ τοῦ Σαμουήλ. οἷς συναντήσας ὁ Θεοφύλακτος σὺν τῷ υἱῷ Μιχαὴλ καὶ συμπλακεὶς τρέπει τε κατὰ κράτος καὶ λείαν πολλὴν καὶ αἰχμαλώτους συνχνοὺς προσλαβόμενος διακομίζει τῷ βασιλεῖ πολιορκοῦντι τὸ ἐν τῇ κλεισούρᾳ τοῦ Κλειδίου δέμα. καὶ εὐθὺς ὁ βασιλεὺς ἀπάρας ἐκ Μοσυνοπόλεως κάτεισιν εἰς Θεσσαλονίκην, κἀκεῖθεν ἄπεισιν εἰς Πελαγονίαν βμηδὲν λυμηνάμενος τῶν ἒν ποσίν, ἀλλ᾽ ἢ μόνα πυρπολήσας τὰ ἐν βουτέλῃ βασίλεια τοῦ Γαβριὴλ[271]. πέμψας δὲ καὶ στρατιὰν χειροῦται τὸ φρούριον Πριλάπου καὶ τοῦ Στυπείου. ἐκεῖθεν καταλαμβὰνει τὸν Τζερνᾶν λεγόμενον

---

[270] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 349, 46 – 55 - 353. ; *ГИБИ,*VI, 284 – 287 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123

[271] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 349,46 - 55-353. ; *ГИБИ,* VI, 284 - 287 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123

ποταμόν, ὅν σχεδίαις καὶ θυλάκοις πεφυσημένοις διαπεράσας ἐπάνεισιν εἴς τὰ Βοδηνά, κἀκεῖθεν τῇ ἐννάτῃ τοῦ Ἰαννουαρίου μηνὸς ᾖλθεν Θεσσαλονίκην. Ἔσρος δ᾽ ἐπιστάντος ὑπέστρεψε πάλιν εἰς Βουλγαρίαν καὶ τῷ φρουρίω τῶν Βοδηνῶν προσίχει. Ἶφθασαν γὰρ οὗτοι, τὴν πρὸς βασιλέα πίστιν ἀπαρνησάμενοι, ᾆραι κατὰ Ῥωμαίων ὅπλα. κατεράν οὖν ἐνστησάμενοι πολιορκίαν ἠνάγκασε πίστεις λαβόντας ἑαυτοὺς ἐγχειρίσαι τοὺς ἔνδον. οὕς πάλιν ἐν τῷ Βολετρῷ μετοικίας, καὶ ἕτερα φρούρια ἀνεγείρας δύο ἐν τῳ τῆς δυσχωρίας ὧν τὸ μὲν Καρδίαν ὠνόμασε τὸ δ᾽ ἕτερον Ἅγιον Ἠλίαν, ὑπέστρεψεν εἰς Θεσσαλινίκην. ἔπιστάντος Θεσσαλονίκην ἐπιστάντος κατ᾽ αὐτὴν ἡμέραν τοῦ μεγάλου σαββάτου ἐξ ἐφόδου ἐλθὼν παρέβαλε τὰ Βοδηνά καὶ τοὺς οἰκήτορας ταύτης εἰς τὸ Βολερὸν μετώκης. Ῥωμαίους δὲ ἀντ᾽ αὐτῶν τῇ πόλει οἰκήτορας ἐναφῆκε τοὺς καλουμένους Κονταράτους θηριώδεις ἀνθρώπους καὶ φονικούς ἀνελεήμονάς τε καὶ ὁδοστάτας. ἀνήγειρε δὲ ἕτερον τὸν Ἅγιον Ἠλίαν, καὶ ὑπέστρεψεν εἰς Θεσσαλονίκην[272]. ἒν ᾗ Ῥωμανὸς ὁ καὶ Γαβριὴλ διά τινος Ῥωμαίου τετμημένην ἒχοντος τὴν χεῖρα δούλωσιν καὶ ὑποταγήν ὑπισχνεῖτο. ὁ δὲ ὑποπτεύσς τὰ γραμματα, μετὰ τὸν Βοτανειάτην στρατηγὸν γεγονότα Θεσσαλονίκης, μετὰ δυνάμεως ἐκπέμπει ἐν τῇ χώρᾳ τῶν Μογλένων. ὧν τὴν πᾶσαν ληΐσαμένων ἐκείν γῆν καὶ τὴν πόλιν λοπιορκούντων, ἔφθασε καὶ ὁ βασιλεύς καὶ παραρρέοντα τῇ πόλει μετοχεύσας ποταμὸν καὶ τὰ θεμέλια τῶν τειχῶν ὑπορύξας καὶ ξύλα καὶ εὔπρηστον ὕλην ὑποβαλὼν τοῖς ὀρύγμασι καὶ πῦρ ἐμβαλών τῆς ὕλης καταπρησθείς κατέστρεψε τὸ τεῖχος, ὅπερ ἰδόντες οἱ ἔνδον πρὸς ἱκεσίαν μετ᾽ ὀλοφυρμῶν ἐτράποντο καὶ ἑαυτοὺς παρεδίδουν σὺν τῷ φρουρίῳ ἐλήφθη οὖν Δομετιανὸς ὁ Καυκάνος ἀνὴρ δυνάστης καὶ τῷ Γαβριὴλ συμπάρεδος, καὶ Ἠλίτζης ὁ ἆρχων Μογλένων καὶ ἕτεροι δυνάσται πολλοὶ καὶ λαὸς πολεμιστὴς οὐκ ὀλίγος, τοὺς μὲν οὖν ὅπλα δυναμένος κινεῖν εἰς Ἀσπαρκανίαν ἐκπέμπει ὁ βασιλεύς, τὸν δὲ λοιπὸν συρφετώδη λαὸν διαρπαγῆναι προσέταξεν, ἐμπρησθῆναι δὲ καὶ τὸ φρούριον[273]. ἑάλω δὲ καὶ ἕτερον φρούριον Ἔνωτια κεκλημένον, γειτονοῦν τοῖς Μογλένοις. Ἡμέρᾳ δὲ πέμπτῃ ἧκεν ὁ Ῥωμαῖος ἒχων καὶ θεράποντα Ἰωάννου τοῦ Βλαδισθλάβου,

[272] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 349, 46-55-353. ; *ГИБИ,* V, 284 - 287 ; *Византиски извори,* III, 107 -123

[273] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 349, 46 – 55 - 353. ; *ГИБИ,* VI, 284 – 287 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123

υἱοῦ ᾿Ααρών ἐπαγόμενος καὶ γράμματα δηλοῦντα φονευθῆναι ἐν τῷ Πετερισκῷ (Πετρισκῷ U) ὑπ᾿ αὐτοῦ τὸν Γαβριὴλ καὶ τὴν πᾶσαν ἐξουσίαν μετενεχθῆναι,ὑπισχνουμενά τε τὴν πρέπουσαν ὑποταγὴν καὶ δούλωσιν ἐνδείξασθαι προς τὸν βασιλέα[274]. (Власта во Бугарија (Македонија) ја зеде неговиот син Гаврил Роман (Радомир) кој што по физичка сила и храброст го надминуваше татко си но по памет и разум многу заостануваше зад него, му беше роден на Самуила од Агата ќерката на Јован Хрисилиј прочеунот од Драч. Тој почна да владее на 15 во месецот септември во 13 индикт, и не се исполни ни цела година и кога излезе на лов беше убиен од Јован Владислав синот на Арон кого го спаси од смртта кога требаше да загине. Пред тоа да се случи, откако Теофилакт Вотанијат, беше испратен за управник на Солун по Арианит, Давид Несторица еден од бугарските (македонските) благородници беше испратен од Самуил со голема војска кон Солун. Теофилакт заедно со син му Михаил ги пресретна и започна судир со нив и потполно ги разби. Зеде голем плен и многу заробеници однесе кај императорот кој што ја беше опсадил демата кај клисурата Клуч. Царот веднаш замина од Мосинопол и слезе во Солун а оттаму во Пелагонија каде што попат не пустошеше туку ги запали само дворците на Гаврил во Битола. И откако испрати војска ги заседе тврдините Прилеп и Штип. Оттаму стаса до реката Црна која што ја мина на сплавови на надувани мевови и се врати во Воден од каде што на девети јануари замина во Солун. Со доаѓањето на пролетта царот повторно дојде во Бугарија (Македонија) и се упати кон тврдината Воден затоа што жителите откако му ја откажаа верноста кон императорот се кренаа на оружје против Ромеите. Бидејќи царот го опседна градот ги принуди да се предадат и откако им вети дека ништо лошо нема да им се случи. Повторно ги пресели во Волерон и во средината на теснината изгради две тврдини едната ја нарече Кардија а другата Св. Илија и се врати во Солун. Таму Гаврил Радомир му испрати преку еден еднорак Ромеј ветување за мир и покорност. Но царот со презир се однесуваше кон писмото и испрати во областа на Меглен силна војска на чело со Никифор Ксифија и Константин Диоген којшто стана стратег на Солун на

[274] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 349, 46 - 55 - 353. ; *ГИБИ,* VI, 284 – 287 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123

местото на Вотанијат. Кога ја опустошија областа и кога поставија опсада околу градот стигна и императорот. Тој ја сврте реката која што течеше покрај градот и откако ги поткопа темелите на градот и во поткопите фрли дрва и други запалливи предмети ги потпали. Кога изгоре запалливиот материјал се запали и тврдината. Кога го видоа тоа опсадените, плачеа и молеа и се предадоа заедно со тврдината. Тогаш беа заробени Дометијан Кавкан благородник и советник на Гаврил управникот на Меглен Илица и многу други благородници и голем број војници. Царот ги испрари во Аспраканија оние што можеа да носат оружје, а останатиот обичен народ нареди да биде растеран и да биде изгорена тврдината. Падна и една друга тврдина по име Енотија која што беше соседна на Меглен. На петиот ден пристигна еднोракиот Ромеј заедно со слугата на Јован Владислав синот на Арон. Тој донесе писмо во кое Јован Владислав известуваше дека го убил Гаврил во Петерско и дека ја зел целата власт во свои раце и изјавуваше и ветуваше покорност и послушност кон царот) [275]

Откако го поразил царот Самуил во битката на Беласица и откако се омаздил за смртта на Никифор Вотанијат така што ги ослепел 14000 заробени самуилови војници и оставајќи му на секој стоти војник по едно око за да ги води кај нивниот цар, - според Скилица Василиј - стигнал до Мелник во него се собрале Бугарите (Македонците) од целата околина и во таа тврдина се чувствувале сигурни од Ромеите. Тогаш царот го испратил евнухот Сергиј кој со својата говорничка вештина и красноречивост успеал да ги наговори да го положат оружјето и да му се предадат и тие и тврдината на царот. Иако Василиј II бил безмилосен во борбата на Беласица кон оние илјадници војници на Самуил, спрема жителите на Мелник се покажал многу љубезен и пријателски наклонет. Потоа откако оставил во тврдината доволно посада се вратил во Мосинопол, каде што на 24. X. 1014 година му ја соопштиле веста за смртта на Самуил. Само што оваа вест за чудо ја примил многу доцна, ако се има предвид дека Самуил умрел на 6 октомври на така трагичен начин[276].

[275] *Византиски извори,* III, 107 – 123 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 – 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 236 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век / 56 - 61

[276] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 539. ; Басотова Љ., *Летописот на по пот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* …289 - 306 ; *Историја на македонскиот народ,*1, 392 - 402. ; Божилов И.,

Сега власта над Бугарите (Макединците) ја презел Гаврил Радомир на 15 октомври 1014 година. Тој според изјавата на Скилица бил посилен од својот татко но далеку заостанувал од него по разумот и мудроста. Мајката на Радомир била Агата за која дознаваме од дополнувањата на Михајло Деволски. Од истиот овој црковен автор дознаваме дека овој владетел се женел двапати еднаш за унгарската принцеза Марија, а вториот пат за убавата Ирена од Лариса.

Ако се земе како сигурен датумот на смртта на царот Самуил 6 октомври тогаш мора да се постави прашањето според податоците кај Деволски и Скилица зошто Гаврил Радомир почнал да владее од 15 октомври 1014 година. Б. Прокиќ ова одлагање го објаснува со тоа што Радомир своето стапување на власт сакал да го одбележи со некој свечен акт, веројатно со проглас на голем народен собир како и во присуство на благородништвото и свештенството што можело да се реализира дури десетина дена по смртта и закопот на неговиот татко. Рачки дури знае дека новиот владетел го зазел престолот во царскиот дворец во градот Битола чија што положба специјално ја нагласува и опишува.[277]

Меѓутоа тоа се само комбинации на едниот и на другиот, а вистинската причина за вака доцното примање на татковата оставина и власт од страна на Гаврил Радомир и понатаму останува нејасна. За тоа придонел токму Деволски кој што го исправил Скилица во датирањето на стапувањето на Гаврил Радомир на престолот и со тоа ја намалил можноста нешто по решително да се внесе и да се утврди. Но според нас објаснувањето е едноставно, а тоа е дека новиот македонски владетел Гаврил Радомир според христијанскиот обичај почекал да поминат девет дена од татковат смрт, а дури потоа да стапи на македонскиот престол и да го преземе управувњето со државата.

Секако дека кога Василиј II наречен бугароубиец, дознал за смртта на Самуил, знаел дека е дојден моментот да го реализира целиот свој план толку прецизно изработен за уништување на средновековна Македонија. Затоа тој

---

Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[277] *ГИБИ,* VI 287 – 290 ; *Византиски извори*, III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 540 - 541. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин*, 209 – 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 390 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

веднаш го напуштил Мосинопол и прво навратил во Солун. Оттука тргнал во Пелагонија не пустошел туку единствено наредил да се запали дворецот на Гаврил Радомир во Битола. Во меѓувреме византиската војска по негова наредба ги освоила тврдините на Прилеп и Штип. Кога пак Василиј II стигнал до реката Црна тој ја преминал на сплавови и на надуени мевови и го посетил Воден а оттука на 9 ти јануари 1015 година заминал во Солун[278].

Но уште во почетокот на пролетта како што пишува Скилица, повторно се вратил во Бугарија (Македонија) и повторно се појавил пред тврдината Воден и тоа затоа што нејзините жители му ја откажале верноста на царот и кренале оружје против Ромеите, односно против тамошната византиска посада која што таму се наоѓала уште од 1001 година. Тоа јасно укажува дека на Гаврил Радомир му успеало да организира бунт на населението на оваа тврдина зад грбот на Василиј II, додека овој се одмарал од воените дејствија во Солун цврсто убеден дека никој не може да му ја наруши сегашната состојба. Кога Василиј II извршил организирана опсада на Воден населението морало да се предаде со тоа што предходно барало и добило извесни гаранции за себе. Потоа овој владетел повторно ги преселил жителите на Воден во градот Волерон каде што и самиот како што пишува Деволски се вратил[279].

Тоа би значело дека овој пат сето преостанато население на Воден го преселил во Волерон каде што овие бунтовни жители исто така ги преселил во 1001 година, а на нивниот водач Дражан (Драган) великодушно му дозволил да престојува во Солун. На место на овие бунтовни луѓе во стрмниот Воден населил само Ромеи наречени кондарати копјаници и немилосрдни и диви убијци и разбојници како што вели Михаил Деволски. Истовремено во средината на клисурата која што водела до градот Воден изградил две тврдини Кардија и Св. Илија и потоа повторно се вратил во Солун. За време на престојот на Василиј II во Солун Гаврил Радомир му испратил писмо што му го донел

[278] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антољак С., *Средновековна Македонија,* 541 - 542. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[279] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антољак С., *Средновековна Македонија,* 541 - 542. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В ., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

некој еднорак Ромеј. Но царот не му верувал на ова писмо на Радомир кој што во него му ветувал покорност и потчинетост[280] .

И додека Рачки како причина за овој ненадеен обид на Радомир да воспостави мир со Византија го смета раздорот меѓу членовите на македонската царска куќа што бил погубен за Македонија, дотогаш Прокиќ тој пасус воопшто не го коментира. Меѓутоа на него се осврнува Ферлуга кој што откако го изнесува за тоа мислењето на Рачки и Златраски смета дека не се гледа јасно зошто се посомневал царот во писмата на Гаврил Радомир. Како и да е јасно е дека македонскиот владетел увидувајќи ја безизлезната ситуација во која не помагала ни неговата храброст и сила се обидел да му се приближи на царот Василиј II, ветувајќи му искрено дека ќе биде покорен слуга и поданик односно вазал. Се разбира дека тоа само по себе би било условено со тоа што или Василиј II да го остави на власт како вазал или што е речиси исклучено да добие во време да направи нови подготовки за војна против Византија. Но секако е чудно што византискиот цар сепак не ја прифатил оваа понуда добро знаејќи каков одличен војник е македонскиот владетел, кој што неколкупати и нанел пораз на византиската војска и со тоа му оневозможил реализција на многу планови на Василиј II. Поп Дукљанин го потврдува тоа. Овој писател премногу пофално говори за освојувачките походи на Гаврил Радомир кој му грабнал на Василиј II земја до Цариград. Поради тоа царот плашејќи се да не го изгуби царството се обидел преку неговиот братучед Јован Владислав да го ликвидира во што и успеал[281].

Од ова би можело само да се заклучи дека Василиј II не сакал никакви директни преговори со Гаврил Радомир, кому поради неговата воинственост и освојувачки претензии да ги поврати изгубените територии не му верувал туку сакал според страриот византиски рецепт да го отстрани со помош на неговиот алчен за власт роднина. И додека царот работел тајно поврзувајќи се со Јован

---

[280] *Византиски извори,* III, 107 – 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 542 - 543. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[281] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 543 - 544. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

Владислав со цел за што побрза ликвидација на Гаврил Радомир, тој истовремено не верувајќи на писмото од самуиловиот син и на неговата мировна понуда и на сето тоа одговорил со нова воена акција. Имено Василиј II испратил двајца свои војсководци патрикиј Никифор Ксифија и Константин Диоген, кого што по смртта на Вотанијат ги именувал за стратег на Солун во пределот на Меглен. Кога византијците го опустошиле целото подрачје почнале да го опседнуваат градот Меглен чии што заповедник бил Илица, под неговите бедеми стигнал и самиот цар. Тука прво го сменил текот на реката што течела таму, а потоа ги поткопал бедемите на градот и ги разрушил со зпаллива материја. Тогаш опколените жители со плачење и молење побарале милост и му се предале на царот. Меѓу заробените бил и споменатиот Илица како и благородникот Дометијан и советникот на Гаврил Радомир и многу други големци и голем број војници. Со наредба на Василиј II жителите на Меглен кои што биле способни за војна биле префрлени во Аспраканија, а преостанатиот обичен народ наредил да се растера, а тврдината била изгорена. Во исто време ја освоил и блиската тврдина Енотија. На тоа боиште царот ја примил веста за смртта на Гаврил Радомир кој што бил убиен од Јован Владислав синот на Арон, брат на Самуил за време на лов, на најподмолен начин во знак на „благодарност” што своевремено му го спасил животот. Овој нескротлив цар Гаврил Радомир владеел неполна година како што вели Скилица[282]

За датумот на неговта смрт покрај Слкилица од кого што не може нешто повеќе да се дознае пишува и Јахја. Тој вели вака : И во годината 407 (10 јуни 1016 - 29 мај 1017) еден од бугарските (македонските) водачи по име Арон го нападна својот цар Комитопулот слуга Самуилов го уби и завладеа со државата Бугарија (Македонија). И додека Златарски ја прифаќа оваа белешка на Јахја на Прокиќ таа му е нејасна и хронолошки неточна. Нејасна е затоа што во неа Радомир се нарекува Комитопул а неговиот убиец се нарекува Арон наместо Јован Владислав. Хронолошки е неточна затоа што во неа се вели дека Радомир

[282] *Византиски извори,* III, 107 – 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 544 - 545. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,*1 392 - 402 ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII- XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

е убиен во 407 година односно во времето од 10 јуни 1016 до 29 мај 1017 а тој период не се совпаѓа со јасната и прецизна белешка кај Скилица[283]

Според тоа повеќе мора да му се верува на Скилица кој што е поточен во тоа од Јахја, па така Гаврил Радомир е сигурно убиен во Петерско од Владислав, а како месец на неговата ненадејна смрт би можел да биде во краен случај август или септември 1015 година но никако 1016 или 1017 година. За тоа како е убиен овој владетел постојат уште две изворни но подоцнежни верзии. Едната е на Поп Дукљанин, а другата од Јован Ставрикиј (втората половина на XIII век) автор на третиот дел на Чудата на Св. Димитрија Солунски. Во првиот спис многу опширно се опишува на кој начин Васил II го наговорил Владислав да го убие заради одмазда Радомир додека е на лов, нудејќи му да живее со него (со Василиј II ) во мир и да го прими кралството на Самуил. И на вистина кога обајцата јавале заедно на лов Владислав го удира Радомира и го убива[284].

Во Чудата на Св. Димитрија пак Ставрикиј го прикажува како да е човек - ѕверка и безумник, опсипувајќи го со најлоши изрази. Понатаму вели дека владеел со многу земји и области и дека на сите што биле под негова власт им бил страшен а посебно на оние во населбата Соск, каде што на лов го убил со копје самиот св. Димитрија, што е неверојатано. Секако дека од сите овие рани и подоцнежни известувања (Скилица, Поп Дукљанин, Ставрикиј) може да се извлече заеднички заклучок дека Гаврил Радомир бил убиен на лов, додека единствено Јахја пишува дека е убиен од Арон т.е. од Владислав кого Зонара го нарекува гаврилов убиец. Габриел (Гаврил) Радомир уште како совладетел на својот татко и предестиниран владетел неколку пати на бојното поле против Василиј II и неговите искусни војсководци ја покажал својата необично херојска храброст, вештина и досетливост. Тој се обидел по доаѓањето на власт да им пружи што поголем отпро на Византијците. Но кога наскоро увидел дека сепак

[283] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 545 - 546 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289-306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[284] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 546 - 548. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 – 402 ; Божилов И., Гюзелев В. *История на средновековна България* VII.- XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

не им е дораснат, се обидел преку неуспешни преговори да го придобие Василиј II за мир, ветувајќи му дека ќе му се покори. Штом Василиј II непромислено ја одбил таа понуда Радомир ставил се на коцка и ја продолжил борбата. Поради тоа Василиј II увидувајќи најпосле колку згрешил, се обиде и да го убие, во што и успеал трајно да го отстрани преку неговиот браручед Јован Владислав, кој што со нетрпение го чекал својот момент. Инаку чудно е што Ставрикиј го прикажува Радомир како еден вид инкарнација на ѓавол, придодавјќи му и неверојатни епитети на злосторник и ѕверка. Според него тој бил страшен и како човек и како владетел кој што владеел со многу земји и области. Но му признава дека уживал во убавината на природата и во лов на шумски ѕверки[285].

Зошто го строрил тоа и зошто дал ваква слика на еден владетел за кого современите и подоцнежните извори главно говорат убаво останува нејасно. Можеби тука се крие омразата шо еден образуван Грк ја чувствувал кон се што е македонско а особено кон Гаврил Радомир којшто учествувал во сите воени походи на својот татко, а исто така и на оној на Солун каде што можеби со својот став оставил извесна трага во народната традиција од каде што Ставрикиј го пренел во својот бизарен спис[286]

## Јован Владислав (1015-1018)

Јован Владислав (1015 - 1018) поддржан од страна на византискиот цар го убил својот братучед Гаврил Радомир и ја презел целокупната власт во Македонија. За тоа зборува нашиот извор Јован Скилица.Според него: Ἡμέρᾳ δὲ πέμπτῃ ἧκεν ὁ χειρότημος Ῥωμῖος νυ τοῦ καὶ Βλαδισθλάβου, υἱοῦ Ἀαρών, ἑπαγῶμενος καὶ γράμματα δηλοῦνδ τα φονευθῆναι ὑπ αὐτοῦ τὸν Γαβριήλ καὶ τὴν πᾶσαν ἑξουσίαν εἰς ἑαυτὸν μετενεχθῆναι, ὑπισχνυουμενά τε τὴν πρεπουσα ὑπ σταγήν καὶ δούλωσιν ἑνδείξασθαι πρὸς τὸν βασιλεα. ἅπερ ἀναγνους ὁ βασιλεὺς καὶ χρυσοβούλοις γραμμασι τὰ δοκοῦντα πιστωσάμενος ἀπέστειλε πρός τὸν Ἰωάννην, καί μετ ὁλιγας πάλιν ἡμέρας ἐπανῆκεν ὁ

[285] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 546 - 548. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[286] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолја С., *Средновековна Македонија,* 546 - 548. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку…*289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

τετμημένος τὴν χεῖρα Ῥωμαιος, γραφὰς κομίζων Ιώαννου τε καὶ τῶν ἀρχόντων Βουλγαρίας, ὑπηκόους ὁμολογούᾳτων γενέσθαι καὶ δούλους τοῦ βασιλέως[287]. ἅπερ ἀναγνοὺς ὁ βασιλεὺς καὶ χρυσοβούλλοις γράμμασι τὰ δοκοῦντα πιστωσάμενις ἀπέστειλε πρὸς τὸν Ἰωάννην. καὶ μετ᾽ ὀλίγας πάλιν ἡμέρας ὁ τετμημένος τὴν χῖρα Ῥωμαῖος γραφὰς κομίζων Ἰωάννου τε καὶ ἀρχόντων Βουλγαρίας ὑπῃκόους ὁμολογούντων γενέσθαι καὶ δούλους τοῦ Βασιλέως. προσερρύη δὲ τῷ βασιλεῖ καὶ Καυκάνος (Καυκάνος Θεόδωρος ὁ Κπαχάνης) ὁ ἀδελφός Δομετιανοῦ καὶ Μελίτωνος τοῦ ἐν Μογλένοις ἁλόντος[288]. ὅν φιλοτιμησάμενος διὰ τιμῆς ἦγεν ὃς καὶ ὑπέσχετο τῷ βασιλεῖν ἀνελεῖν τὸν Βλαδισθλάβον, ἀπιών δὲ ἐπί Βουλγαρίαν σὺν τῷ θεράποντι τοῦ Ἰωάννου καὶ τὴν σφαγὴν αὐτουργῆσαι ὀφείλοντι δώροις ὑποκλαπτέντι παρ᾽ αὐτοῦ σφάττεται κατά τὸ Στούπιον οἰκητήριον. Διάβολις ὁ τόπος ἐκαλεῖτο ἀνέκαθεν, ἔνθα ἡ τοῦ Θεοδώρου ἐτελέσθη σφαγή. ἐπὶ δὲ ἔγνω τὸν Ἰωάννην δόλῳ καὶ περινοίᾳ γράψαντα τὰ γραφέντα καὶ τἀναμτία, ὧν ὑπισχνεῖτο διανοούμενον ἐπανέστρεψα πάλιν πρὸς Βουλγαρίαν καὶ λεηλαστήσας τὴν περίχωρον Ὀστροβοῦ καὶ τοῦ Σωσκοῦ καὶ τὴν πεδιάδα Πελαγονίας τοὺς ἁλισκομένους πάντας ἀπετύφλου Βουλγάρους. ἄπεσιν οὖν ἄχρι τῆς πόλεως Ἀχρίδος ἐν τῇ τὰ βασίλεια τῶ βασιλέων ἵδρυντο Βουλγαρίας. καὶ τὴν πόλιν παραλαβὼν καὶ πάντα καλῶς διαθεὶς ἔμελλε καὶα προσωτέρω βαδιζειν καὶ τῆς πρὸς τὸ Δουρράχιον ἅψασθαι. ἐδεῖτο γὰρ τῆς ἐπιδημίας αὐτοῦ τὰ ἐκεῖσε[289]. ἕως μὲν γὰρ Τριβαλίας καὶ τῶν ἀγχοστάτω Σερβίας μερῶν ἦρχε Βλαδιμηρὸς ὁ ἐπὶ θυγατρὶ τοῦ Σαμουὴλ κηδεστήσ ἀνὴρ ἡ ἐπιεικὴς καὶ εἰρηνικος καὶ ἀρετῆς ἀντεχόμενος ἠρεμίαν εἶχε τὰ ἐν Δουρραχίῳ. ἐπει δὲ ὁ Γαβριὴλ καὶ τοῖς παρὰ τοῦ Ἰωάννου ἀπώλετο, καὶ οὗτος παρασπονδηθεὶς καὶ τοῖς ὅρκοις πιστεύσας παρὰ ά Ἰωάννου δοθεῖσιν αὐτῷ διὰ Δαβὶδ τοῦ ἀρχιεπισκόπου Βουλγαρὶας ἑαυτὸν ἐνεχείρισε καὶ μετὰ μικρὸν ἀπεσφάγη πολὺν εἶχε τὰραχον καὶ κλόνον τὰ ἐκεῖσε πράγματα, ἐγκειμένου καθ᾽ ἑκάστην καὶ διὰ στρατηγῶν πολλάκις τοῦ

[287] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 353 - 357 ; *ГИБИ,* VI, 287 - 290 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123

[288] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 353 – 357 ; *ГИБИ,* VI 287 - 290 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123.

[289] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 353 - 357 ; *ГИБИ,* VI, 287 - 290 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123.

Ἰωαννου καὶ δι᾽ ἑαυτοῦ πάλιν ἑλεῖν τὴν πολιν[290]. καὶ διὰ τοῦτο ἐβουλετο μὲν ὁ βασιλεὺς ἀπελθεῖν καὶ βοθῆσαι, ἐκωλύθη δὲ δι᾽ αἰτίαν οὐκ ἄλογον. ἀπερχόμενος γὰρ πρὸς Ἀχρίδας κατέλιπε κατόπιν μετό πλήθους στρατιωτῶν Γεώργιον στρατηγὸν τὸν Γονιτζιάτην καὶ Ὀρέστην πρωτοσπαθάριον τὸν αἰχμάλωτον, κατατρέχειν κελεύσας τὰ πεδία Πελαγονίας. οὕς ἐλλοχήσαντες Βούλγαροι ἒχοντες στρατηγὸν τὸν Ἰβατζην φανερώτατον ἂνδρα καὶ δεδοκινμασμένον, ἀναιροῦσι πάντας. ὧν τῇ λύπῃ συγξθεὶς ὁ βασιλεὺς ἐπανέστρεψεν εἰς Πελαγονἰαν, καὶ τὸν Ἰβατζην καταδραμὼν καὶ διώξας ἀπῆλθεν ἐν Θεσσαλονίκῃ. κἀκεῖθεν διέβη εἰς Μοσυνούπολιν λαὸν κατὰ Στρουμβίτζης πεπομφὼς ἡγεμόνα ἒχοντα τὸν πατρίκιον Δαβὶδ τὸν Ἀρειανίτην. ὅς αἰφνίδιος ἐπιφανεὶς εἵλε τὸ φρούριον ὅ Θερμίτζα κατονομάζεται. καὶ ἓτερον πάλιν λαὸν κατὰ τῶν Τριαδίτζῃ φρουρίων, ἒξαρχον τὸν Ξιφίαν, ἐκπέμπει. καὶ οὕτος δὲ τὰ ἐν τοῖς ὑπαίθροις πάντα καταστρεψάμενος εἶλε πολιορκἰᾳ τό ἔρυμα ὃ βοιὼ καλεῖται[291].Ἑξακισχιλιστῷ δὲ πεντακοσιοστῷ εἰκοστῷ τετάρτῳ ἒτει ἰνδικτιῶνος τεσσαρεσκαιδεκάτης, ἀπάρας τῆς βασιλίδος ὁ βασιλεὺς ἄπεισιν εἰς Τριάδιτζαν, καί τὸ φρούριον Πέρνικον περικαθίσας ἐπολιόρκει, τῶν ἒνδον δὲ καρτερῶς καὶ ἐκθύμως ἀγωνιζομένων καὶ πολλῶν Ῥωμαίων πιπτόνων, ἐφ᾽ ὅλας ὀγδοήκοντα καὶ ὀκτὼ ἡμέρας προσλιπαρήσας τῇ πολιορκία, ὡς ἒγνω ἀδυνάτοις ἐπιχειρῶν ἀπρακτος ὑπεχώρησεν καὶ εἰς Μουσυνούπολιν κατῆλθεν[292]. ἐν ᾗ τὸν λαὸν διαναπαύσας ἒραος ἐπιστάντος ἄρας ἐκ Μουσυνουπόλεως εἰς Βουλγαρίαν καὶ περικαθίσας φρούριον τὸ λεγόμενον Λογγᾶν εἵλε πολιορκίᾳ. Δαβὶδ δὲ τὸν Ἀριανίτην καί Κωνσταντῖνον τὸν Διογένην εἰς τὰς Πελαγονίαν πεδιάδας ἐκπέμψας ζῷων πολλῶν καὶ αἰχμαλώντων ἐγένετο κύριος τὸ δὲ ληφθὲν φρούριον ἐμπρήσας ὁ βασιλεύς καὶ τριχῇν τοὺς ἁλόντας μερισάμενος, καὶ μίαν μὲν μερίδα τοῖς συμμαχοῦσι παρεσχηκὼς Ῥῶς, ἑτέραν δὲ Ῥωμαίοις, καὶ ἄλλην ἑαυτῷ παρακατασχών ἐχώρει προσωτὲρω. καὶ μέχρι Καστορίας ἐλθὼν καὶ τῆς πόλεως ἀποπειραθείς, ὡς ᾔσθετο ἀν επιχείρητον αὐτὴν οὖσαν, ὑπέστρεψεν. ἐδέξατο γὰρ καὶ γράμμα τοῦ στρατηγοῦντος ἐν Δοροστὸλῳ Τζοτζικίου, τοῦ υἱοῦ τοῦ πατρικίου

[290] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 353 - 357 ; *ГИБИ,* VI, 287 - 290 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123

[291] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 353 - 357 ; *ГИБИ,* VI, 287 - 290 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123

[292] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 353 - 357 ; *ГИБИ,* VI, 287 - 290 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123.

Θευδάτου τοῦ Ἴβηρος ὡς ὁ Κρακρᾶς λαὸν ὅτι πλεῖστον ἀθροίσας καὶ τῷ Ἰωάννῃ ἑνωθείς προσλαβόμενοι δὲ καὶ Πατζινάκας, μέλλουσιν εἰς βολὴν κατὰ Ῥωμανίας ποιήσασθαι[293]. τούτῳ τῷ γράμματι θορυβηθεὶς ἐπανῄι διὰ ταχέων, ἐν τῶ παιρέναι δὲ τε φρούριον εἷλε τὰ Βοσογραδα καὶ ἐνέπρησα καὶ τὴν Βέρροιαν ἐπικτήσας, δῃώσας δὲ καὶ κατεριώσας τὰ πέριξ Ὀστροβῦ καὶ Μολισκοῦ ἔστη τοῦ προσωτέρω ἰέναι. ἀπηγγέλη γὰρ αὐτῷ ὡς ἡ μελετωμένη τῷ Κρακρᾳ καὶ τῷ Ἰωάννῃ κατὰ Ῥωμαὶων ἔφοδος ἐνεποδίσθη τῶν Πατζινάκων μὴ δόντων συμμαχίαν αὐτοῖς. διὸ καὶ ὑποστρέψας πολιιρκεῖ φρούριον ἄλλο τὴν Σέτεναν, ἐν ᾗ βασίλει ἦσαν τοῦ Σαμουὴλ καὶ σῖτος ἀπέκειτο πολὺς, ὅν τῷ λαῷ διαπράσαι κελεύσας, τᾆλλα πάντα κατέφλεξεν.ὸνὲξέπεμψε δὲ καὶ κατὰ Ἰωαννου οὐ μακρὰν ἀπέχοντος τὸ τàγμα τῶν σχολῶν τῆς δύσεως καὶ τὸ τῆς Θεσσαλονίκης ἡγεμόνα ἔχοντα Κωνσταντῖνον τὸν Διογένην. τούτοις ἀποιοῦσιν ἐνήδρευσεν ὁ Ἰωάννης. μαθὼν δὲ τοῦτο ὁ βασιλεὺς ἐξιππασάμενος, καὶ μηδὲν ἄλλο εἰπών, ἀλλ᾽ ἢ ῞ὅστις πολμιστὴς ἀκολουθεὶτω μοι᾽ ἀπῄει κατὰ σπουδὴν. τοῦτο γνόντες οἱ τοῦ Ἰωαννου σκοπὶ μετὰ φόβου πρὸς τὸ τοῦ Ἰωάννου στρατόπεδον ἔρχονται, καὶ δειλὶας καὶ ταραχῆς τοῦτο ἐνέπλησαν. μηδὲν ἄλλο βοῶντες, ἀλλ᾽ ἢ βεζεῖτε ὁ τζέσαρ. πάντων οὖν φευγόντων ἀκόσμως σὺν τῷ Ἰωάννῃ οἱ περὶ τὸν Διογένην ἀναθαρρήσαντες κατόπιν ἐδίωκον. καὶ κετίνουσι μὲν πολλούς συλλαμβάνουσι δὲ καὶ διακοσίους πανοπλίτας καὶ τοὺς ἵππους καὶ τὴν ἀποσκευὴν Ἰωάννου καὶ τὸν τούτου ἀνεψιόν. ὅν καὶ παραυτίκα στερεῖ τῶν ὀφθαλμῶν. Ταῦτα δράσας ἐπάνεισι πρὸς τὰ Βοδηνὰ καὶ πάντα τὰ ἐκεῖσε καταστησάμενος ἐπαναζευγνύει πρὸς τὸ Βυζάντιον, κατὰ τὴν ἐννάτην τοῦ Ἰαννουαρίου μηνός, ἰνδικτιῶνις πεντεκαιδεκάτης ἒτους ἑξακισχιλιοστοῦ πεντεκαιδὲκατης ἒτους ἑξακισχιλιοστοῦ πεντακοσιοοστοῦ εἰκοστοῦ ἕκτου. Ἀδείας δὲ λαβόμενος ὁ Ἰωῶννης ἄπεισι πολιορκήσων τὸ Δυρράχιον μετὰ φρυάγματος καὶ ὄγκου βαρβαρικοῦ, ἒνθα πολιορκίας συστάσης καί συμπλοκῆς γενομένης πίπτει, πίπτει-καταβεβλ αὐτόν μετὰ τοῦ στρατηγοῦ καὶ πατρικίου Νικήτα τοῦ Πηγωνίτου, ἀπὸ ἱππων μαχομένων , πίπτει, ὑπο δύο πεζῶν ἐπιδραμόντων ἐν τῇ συμπλοκῇ κατὰ τῶν σπλάγχων καιρίαν τυπείς,

---

[293] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 353 - 357 ; *ГИБИ*, VI, 287 - 290 ; *Византиски извори*, III, 107 – 123.

μηδενός δήλου γενομένου τοῦ καταβεβληκόστος αὐτόν ἄρξας βουλγάρων ἐπ᾽ ἐνιαυτοὺς δύο καὶ μῆνας πέντε[294]. (Петитиот ден пристигна еднорак Ромеј заедно со слугата на Јован Владислав синот на Арон носејќи писмо во кое известуваше дека тој го уби Гаврил во Петерско и дека целата власт ја пренесе на себеси, истовремено ветуваше дека кон царот ќе покаже примерна покорност и потчинетост. Кога го прочита царот му одговори на Јован и со хрисовула му ја потврди својата одлука. По неколку дена еднорακиот Ромеј повторно се врати носејќи писма од Јован и од Бугарските (Македонските) архонти кои ветуваа дека ќе се потчинат и ќе му станат поданици на царот. Кога го прочита писмото и откако му ја потврди со хрисовула својата одлука царот испати пратеници кај Јован. По неколку дена еднορακиот Ромеј повторно се врати со писмо од Јован и од бугарските (од македонските првенци) во кое што ветуваа дека се подготвени да му станат поданици и робови на императорот. На царот му се предаде и Кавкан братот на Дометијан кој што беше заробен во Меглен. Царот го прими и покажа почит кон него. Потоа кога разбра дека Јован го напиша писмото со измама и дека мисли спротивно на тоа што го напиша, тој се врати во Бугарија (во Македонија) и откако ја опустоши областа околу Острово, Соск и пелагониското поле ги ослепе сите бугари (македонци). Тогаш тој стигна до Охрид каде што се издигнуваа дворците на царевите на Бугарија (на Македонија) Откако го освои градот и ги уреди добро работите, реши да продолжи напред и до Драч затоа што тамошната состојба го бараше неговото присуство. И навистина додека Владимир кој што беше оженет со ќерката на Самуил, добар и справедлив, мироѕубив и добродетелен човек, ги владееше Трибалија, и земјите околу Сервија во Драч владееше мир. Но кога Гаврил беше убиен од Јован Владислав, поверува на ветувањата што Јован му ги испрати преку посредство на Давид архиепископот на Бугарија (Македонија) се предаде и наскоро беше убиен. Тогаш таму настана голема мешаница затоа што Јован често пати или заедно со своите војсководци или сам се обидуваше одново да го освои градот. Поради тоа царот сакаше да му дојде на помош но го спречи едноставна причина. Затоа што кога стигна кај Охрид тој во позадина го

[294] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 353 – 357 ; *ГИБИ,* VI, 287 - 290 ; *Византиски извори,* III, 107 – 123.

остави стратегот Георги Гоноцијат и заробениот протоспатариј Орест со голема војска и им нареди да ги опустошат полињата на Пелагонија. Но Бугарите (Македонците) предводени од војсководецот Ивец храбар и докажан маж ги фатија и сите ги убија. Обземен од тага по нив царот се врати во Пелагонија следејќи го Ивец стигна во Солун оттаму помина во Мосинопол. Кон Струмица испрати војска под команда на патрикиј Давид Аријанит, кој што се појави неочекувано и ја освои тврдината наречена Термица. Друга војска под команда на Ксифија испрати кон тврдината на Триадица. Кога ги освои сите утврдувања кои беа поставени на отворено, тој ја освои и тврдината Бои. Истата година во четиринаесетиот индикт царот од престолнината тргна кон Триадица. Тој ја опколи и опседна тврдината Перник но бранителите се спротивставуваа херојски и решително и многумина Ромеи беа убиени. Императорот го држеше градот под опсада цели осумдесет и осум дена, но кога разбра дека се зфати за нешто невозможно се повлече во Мосинопол без да ја заврши работата. Таму ја остави војската да се одмори, а кога дојде пролетта навлезе во Бугарија (во Македонија) ја опседна тврдината Лонгон и со опсадата ја освои. Пролетта ги испрати во Пелагонија Давид Аријанит и Константин Диоген тие доведоа многу добиток и заробеници. Царот откако ја запали освоената тврдина ги раздели заробениците на три дела ; еден дел им даде на своите сојузници русите, другиот дел им ги даде на Ромеите, а третиот го задржа за себе. По тоа тој продолжи понатаму и кога стигна до Костур се обиде да ја освои тврдината но свати дека е неосвоива и се врати. Бидејќи тој доби писмо од стратегот на Доростол Цицикиј син на патрикијот ТеводатИвериц кој што му јави дека Кракра собра бројна војска и дека се здружи со Јован и дека се договорија со Печенезите и дека се подготвуваат да ги нападнат Ромеите. Вознемирен од тоа писмо тој веднаш се врати. Попатно ја заседе и тврдината Босоград и потоа ја запали, ја обнови тврдината Бер, а се околу Острово и Молиск опустоши и уништи. Царот го сопре своето напредување затоа што му беше јавено дека планираниот од Кракра и Јован поход беше оневозможен затоа што не им ја дадоа очекуваната помош. Поради тоа царот се врати и ја опседна Сетина каде што Самуил имаше дворци и каде што беше собрано многу жито. Царот заповеда војската да го ограби, а она што остана го запали. Против Јован кој што не беше далеку царот испарти војска составена од схолите од западот и солунскиот одред на чело со Константин Диоген. Но кога тие пристигнаа Јован

им постави заседа Кога за тоа слушна царот се исплаши да не им се случи нешто лошо и тој излезе пред војниците на коњ и го рече следното : Кој е војник нека дојде по мене и бргу замина. Кога го дознаа тоа извидниците на Јован отидоа кон логорот на Јован и го исполнија со мешаница и безредие викајќи Бегајте царот. И затоа сите се разбегаа во безредие заедно со Јован а војниците на Диоген се охрабрија и започнаа да ги следат. Тие убија многумина и заробија двеста тешко вооружени војници и нивните коњ и шаторот на Јован. Кога тоа го заврши царот се врати кај Воден и откако ги среди работите таму се врати во Цариград на девети јануари во петнаесетиот индикт во 1018 година. Јован ја искористи ситуацијата и тргна да го опседне Драч со варварска надменост и возгордеаност. Кога за време на опасадата започна битка Јован падна убиен без да знае кој го удрил. Тој владееше со Бугарите (Македонците) две години и пет месеци) [295].

Од наведените податоци кај Скилица се гледа дека Јован Владислав кого што Деволски го нарекува цар на Бугарија (на Македонија) додека Самуил како и Скилица не го титулира и вели дека бил немилосрден пресметан и ладнокрвен убиец. Тој не само што го убил Радомир како што наведува Скилица и неговата жена, а синот – единец го ослепел, додека неговите две ќерки и другите четири сина ги оставил на мира, можеби затоа што announcement неможел да ги намами да дојдат кај него. Интересо е тоа што и писмото од Владислав на византијскиот цар му го однел оној ист еднорак ромеј кој што го однел и своевремено и писмото од Гаврил Радомир. Само што овојпат овој ромеј стигнал кај царот во придружба на слугите на новиот владетел, Јован Владислав. Во ова писмо Владислав му соопштил дека го убил Гаврил Радомир во Петерско и дека ја презел целокупната власт во свои раце и му ветил на царот покорност и потчинетост. Кога го прочитал ова писмо Василиј II му одговорил на Јован Владислав потврдувајќи ја својата одлука со хрисовула. По неколку дена повторно се појавил пред царот истиот Ромеј носејќи ги овојпат писмата од Јован Владислав

[295] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 353 – 357 ; *ГИБИ,* VI, 287 - 290 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антољак С., *Средновековна Македонија,* 549. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* /X–XV век /, 56 - 61

и архонтите на Бугарија (Македонија) во кои тие се обврзувале и ветувале дека се спремни да станат негови поданици[296].

Токму кога царот дознал дека Владислав го напишал тоа писмо лажно и подмолно и дека мислел обратно од она што го ветувал во неговиот логор пристигнал Теодор Кавкан брат на оној Дометијан заробен кај Меглен. Овој имено избегал од Владислав кај Василиј II кој што убаво го примил и му укажал големо внимание. Секако дека овде се забележува иако не хронолошки прилично глемо совпаѓање на вестите кај Скилица и Јахја во поглед на ветувањата и обврските на Владислав кон царот. Потоа се забележува дека Василиј II се посомневал и во ова писмо од Јован Владислав како и во она предходно испратено од Гаврил Радомир и дека потоа постапил на ист начин како и тогаш. Понатаму Прокиќ има право кога првиот лист на Владислав и Василиевиот договор ги смета како писмен договор за мир меѓу нив двајцата кој бил ратификуван од двете страни[297].

Но Владислав од сето тоа остварил само една обврска, а тое е испраќањето писмо во свое и во името на останатите негово првенци во кое што ветуваат покорност и послушност кон василевсот. Овие благородници и големци секако биле управници на утврдените македонски градови, но со кои точно градови управувале не може точно да се утврди. Најверојатно се работи за големците кои што останале со Владислав, од кого што во исто време и тоа оние најистакнатите почнале да се одметнуваат.

---

[296] *Византиски извори,* III, 107 – 123 ; *ГИБИ,* VI, 287 - 290 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 548 - 549. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 – 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[297] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 353 - 357 ; *ГИБИ,* VI, 287 - 290 ; *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

И додека Скилица ништо не знае за натамошната дејност на Теодор Кавкан, дотогаш Деволски вели дека тој по своето доаѓање кај царот ветил дека ќе го убие Владисав. Според тоа изгледа дека Теодор сам му се понудил на византискиот император да го изврши овој чин и дека царот со задоволство се согласил со тоа бидејќи сакал на таков евтин начин да се ослободи од Владислав исто како и од Радомир. Кога Теодор тргнал на пат за Бугарија односно за Македонија му бил доделен и слугата на Јован Владислав кој бил поткупен со подароци за да го изврши предвиденото убиство. Но токму од тој слуга Теодор Кавкан бил ненадејно убиен на подмолен начин кај Штипоње каде што живеел. Тоа место порано според Деволски се викало Диаболис. Кога Василиј II дознал дека не само што била оневозможена неговата замисла да го ликвидира Владислав туку и дека бил убиен Теодор Кавкан секако дека не се чувствувал пријатно. Оваа вест византискиот василевс Василиј II сигурно го затекнала на нов воен поход кон Бугарија (кон Македонија). Откако ја опустошил околината на Острово и Соск и пелагониската рамнина тој исто како и по битката кај Беласица наредил да бидат ослепени заробените македонски војници. Потоа тргнал понатаму и за прв пат стигнал до градот Охрид каде што се издигнувале дворците на македонските цареви. Откако го зазел тој град и според зборовите на Скилица се убаво уредил решил да продолжи понатаму и стасал во Драч затоа што таму многу работи го барале неговото присуство. Всушност за време на владеењето на Владимир кој што бил оженет со ќерката на македонскиот цар Самуил и бил праведен и мирољубив човек и додека владеел со Трибалија и со земјите во близина на Србија во Драч владеел мир. Но кога Гаврил Радомир бил убиен од Владислав, Јован Владимир им поверувал на ветувањата на Владислав кој што му ги испрати преку македонсиот патријарх  Давид и наскоро бил убиен вели Скилица. Како било извршено гнасното убиство до детали е опишано во делото на Попот Дукљанин, а тие описи се поклопуваат со описите на истата тема ги дава Скилица. Според Дукљанин Владислав сакал да се ослободи од Јован Владимир веднаш по стапувањето на престолот. Поради тоа прво испрати световни пратеници кај него за да го намами во својот дворец во Преспа, но тоа било спречено од неговата сопруга Косара. Но кога повторно му испратил гласници ни тогаш не успеал во намерата. Потоа тој наговорил двајца епископи и пустиник да одат кај Владимир и да му пренесат порака со ветување за пријателство од Владислав и дрвен крст како доказ за тоа тој им поверувал и

тргнал на пат. Веднаш по пристигнувањето му ги пренеле пораките од Владислав и доказот за тоа во форма на дрвен крст на Владимир и кога ги примил бараните гаранции тој веднаш тргнал на пат. Иако му поставил заседи на патот до Преспа Владимир сите вешто ги избегнал и на големо чудење на Владислав среќно стигнал во Преспа и веднаш отишол во црква. Сега царот Владислав наредил војниците да го убијат Владимир и да му ја исечат главата. Гледајќи кралот Владимир дека е опколен ги повикал кај себе свештените лица за да им се пожали дека го измамиле Потоа се простил со епископите и пустиникот и излегол од црквата каде што војниците го убиле на 22 мај.[298]

Сега истите тие свештеници го закопале во дворот на истата црква каде што бил убиен. Подоцна Косара со дозвола од Владислав кој што набргу потоа се покајал за стореното го пренела телото на местото наречено Краина каде што бил дворецот на Владимир и таму во црквата Св. Марија бил погребан, а подоцна и неговата сопруга Косара била погребана до неговите нозе. За легендата за св. Владимир зачувана кај Поп Дукљанин многу се расправало. Така Новаковиќ мислел дека приказната за Владимир не се покажува како легенда туку како историја, додека Рачки ги поврзува Скилица и Дукљанин и тоа накратко го прераскажува (на пример посредувањето на архиепископот Давид во ликвидацијата на Владимир 22.V.1015.) Ако внимателно и критички се анализира овој пасус за св.Владимир од Поп Дукљанин како и податокот кај Склица и податоците на Деволски тогаш може да се заклучи дека овој дукљански владетел кој што сакал да остане неутрален заземајќи мирољубиви позиции му ги попречувал понатамошните воинствени плнови на Владислав кој ја поштедил својата роднина Косара но Владимира не сакал да го поштеди. Понатаму Владислав во потполност им одговарал на интересите на Византија и на Василиј II особено во поглед на Драч. По смртта на Владимир кој што бил сопирачка за воинствениот Владислав овој или преку своите војсководци или самиот постојано се трудел да го врати Драч во македонски раце. Поради тоа настанале големи збрки. И додека Скилица за тоа пишува многу накусо Дукљанин е многу поопширен. Тој известува дека во времето кога било

---

[298] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

пренесувано телото на Владимир од Преспа во Краина, Владислав собрал војска и тргнал да ја освојува земјата на Владимир и градот Драч, како што му ветил на царот Василиј II како награда за убиството што го извршил[299].

Ако сега се обидеме хронолошки да ја усогласиме смртта на Владимир и преносот на неговото тело во Краина со опсадат што Владислав ја поставил кај Драч, тогаш може да се прифати дека сето тоа се случили во 1015 или 1016 година. Нема сомневање дека Скилица е многу посигурен и постар извор во поглед на датирањето на смртта на Владимир од Поп Дукљанин –како второстепен автор, кој што го изнесува само денот и месецот на наговта ненадејна смрт (22.V.). Скилица навистина не го датрира тој трагичен настан но според него тоа сепак се случило во 1015 година бидејќи Гаврил Радомир бил убиен во август или септември 1015 година а македонскиот трон го зазел Јован Владислав кој што владеел две години и 5 месеци според Скилица, тогаш датумот не е никаква пречка да се претпостави дека Владимир бил убиен или 1015 или 1016 година. Имено од еден пасус во текстот на Скилица кој гласи : „А кога Јован го погуби Гаврил, а и кога овој измамен и по кратко време беше погубен....” а исто така и во еден друг пасус во кој што пишува... „тогаш кога го погуби Радомир самуиловиот син со неговата жена и Владимир, неговиот зет” се гледа дека за многу кратко време по убиството на првиот и вториот бил ликвидиран од страна на Владислав. Поради тоа секако би требало да се земе предвид, според Скилица како посигурен извор дека датумот на смртта е во 1015 година. Бидејќи Поп Дукљанин пишува само дека овој бил убиен на 22 V воопшто не ја дава годината за која многумина сакаат и сметаат дека е 1016 годин. Ние немаме ништо против тоа да го прифатиме, зашто сето тоа воопшто не ги менува настаните во нашето понатамошно излагање. Но сепак сме на мислење дека убиството на Владимир се случило во 1015 а не во 1016 и дека

[299] *Византиски извори,* II, I, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

Дукљанин или го измислува овој датим или подоцна го вметнал неговиот препишувач, бидејќи е познато дека единствено тоа е хронолошки нешто поточен податок во неговиот летопис. Што се однесува до поврзувањето што Дукљанин го прави во врска со пренесувањето на телото на Владимир во Краина со походот на Владислав кон земјата на Владимир и градот Драч како што му ветил на византискиот цар Василиј II како и со податокот кај Скилица за подмолностите на Јован Владислав по погубувањето на дукљанскиот крал и освојувањето на Драч сепак може да се збележи дека тука не постои никаква контрадикција помеѓу двата автори напротв тие се надополнуваат [300]. Секако дека Јован Владислав по тоа убиство како што вели Скилица постојано се обидувал да го освои Драч или преку своите војсководци или лично предводејќи војска кон градот кој што од 1005 бил во византиски раце. Причината за тоа што тој им препуштал на своите војсководци повеќе да се занимаваат со заземањето на тој град е тоа дека Владислав подолго време посветил на заземање на освојувањето на земјата на Владимир и поради тоа што бил зафатен и со дефанзивните дејствија против Василиј II [301].

Сподред сето тоа Владислав некоклупати го опседнувал Драч, како што го потврдува тоа Скилица. Последен пат тоа се случило кога било пренесено телото на Владимир во Краина. Тогаш тој лично тргнал против Драч, откако го освоил целото кралство на Владимир. Рековме дека Василиј II веќе бил решен да тргне и да му дојде на помош во битката кај Драч но бил спречен со еден непријатен настан. Имено кога тргнал за Охрид во заднината го оставил стратегот Георги Гоницијат и протоспатарот Орест со многу војска со нардеба да ја опустошат пелагониската рамнина. Но македонците предводени од војсководецот Ивец мошне угледен човек, ги намамиле во некој замок и сите ги испотепале. Обземен од жал по нив императорот се вратил во Пелагонија и го прогонувал Ивец. Потоа заминал во Солун, а оттаму во Мосинопол. Од каде

[300] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572 ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д.,Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[301] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61.

што испратил две војски, едната под команда на Давид Аријанит кон Струмица. Бидејќи таму ненадејно се појавил Ивец и ја совоил тврдината Термица. Другата војска под команда на егзархот Ксифија ја испратил во пределот на Тријадица. Притоа Ксифија не само што ги освоил сите тврдини во рамнината туку и со опсада го освоил и градот Бојон. Така Василиј ја завршил таа воена операција и во јануари 1016 се врати во Цариград од каде што бил зафатен со воените походи против Хазарите на Крим каде што извојувал победа, како и во Аспраканија и двете области ги потчинил на византиската власт[302].

По овие успеси Василиј II на Исток најрано во септември, а најдоцна некој друг месец во 1016 година го напуштил Цариград и се упатил кон Тријадица и ја опседнал тврдината Перник чии жители упорно и храбро се бранеле како и во 1002 година. При опседнувањето на тврдината изгубил многу војници и по осумдесетиосум дневна залудна опсада се повлекол од градот со незавршена работа и заминал во градот Мосинопол. Таму и дал на војската доволно време да се одмори и закрепне и потоа од таму повторно тргнал кон Македонија. Овојпат прва на удар била тврдината наречена Лонгион која што по опсадата ја освоил и потоа ја изгорел. Заробениците ги поделил на три дела и еден дел им дал на неговите сојузници Руси другиот дел им ги дал на војсководците, а тртиот дел го задржал за себе. Во исто време војсководците Давид Аријанит и Константин Диоген по царска наредба биле испратени во пелагониската рамнина од каде што донеле голем број заробеници и добиток. Овие примери на ограбување и заробување се карактеристични за секоја војска па и за византиската. Тоа истовремено укажува и на тоа дека големата рамнина Пелагонија била богата со добиток и густо населена. Значи дека земјоделието во неа сеуште имало второстепено значење додека сточарството и понатаму било на прво место. Понатаму горењето на тврдините и ваквиот вид на ограбување на разни краишта на Македонија на царот му служело не само за тоа на самото место да ја снабдува својата војска со прехранбени производи и робовска работа

[302] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

туку и што повеќе да ги ослаби човечките ресурси и изворните средства кои што Владислав ги добивал од таму[303].

По брзото заземање на Лонгион од страна на Василиј II тој го продолжил својот поход кон Костур и се обидел да го освои градот кој што имал особено значење поради својата положба бидејќи се наоѓал помеѓу Епир и Македонија. Но по некое време сватил дека градот е неосвоив и царот се вратил назад. Тој имено во тој момент добил писмо од стратегот на Доростол Цицикиј синот на патрикијот Теодор Ивец кој што го известил дека војсководецот Кракра собирал голема војска со намера да му се приклучи на Владислав а и дека тие двајца склучиле сојуз со Печенезите со цел заеднички да ги нападнат Ромеите. Кога го добил тоа писмо василевсот веднаш тргнал да се враќа назад и притоа освоил некоклу тврдини а меѓу нив и Босоград кого што до темел го изгорел. Потоа влегол во Бер и го обновил градот. Наспроти тоа ја опустошил околината на Острово и Молиск. Но таму решил да не оди понатаму затоа што му било јавено дека планираната операција од страна на Владислав и Кракра била оневозможена поради тоа што Печенезите одбиле да им ја пружат договорената помош. Затоа царот се вратил назад и ја опсадил тврдината Сетина каде што бил сместен новиот дворец на Самуил и во чии што амбари имало многу жито[304].

Откако била заземана оваа тврдина по наредба на царот била ограбена а она што останало потоа било изгорено. Бидејќи во близина на градот Сетина бил Јован Владислав со својата војска византискиот цар испратил војска против него. И додека таа војска се движала кон позициите на македонскиот цар Јован Владислав, тој толку вешто им дошол во пресрет што не биле свесни што им се случува и во колкава опасност биле и најпосле едвај се извлекле со помош на византискиот император Василиј II кој што во последен момент им дошол на помош и ги извлекол од сигурна смрт. Имено се случило следното, Василиј втори кога дознал во каква состојба е војската што ја испратил против

---

[303] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[304] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

Владислав веднаш храбрејќи ги своите војници велејќи им : Кој е борец нека дојде со мене, а пак кога македонските војници предводени од Јован Владислав кога виделе како во незапирлив налет наближуваат Ромеите предводени од самиот Василиј II се исплашиле и викале : Бегајте цезар односно Бегајте царот доаѓа и потоа само го повторувале зборот Бегајте Бегајте. Овие повици на војската на Јован Владислав се уште еден доказ дека неговата војска била составена од македонци и дека станувало збор за Македонија а не како што некои извори и автори сакаат да прикажат дека се работи за Бугари и за Бугарска држава што е спротивно на вистината[305].

Во таа општа паника која што покрај војската го обземала и самиот македонски цар Владислав, тие бегале без ред. Тогаш Диогеновите војници се охрабриле и почнале да ги гонат и бегалците. Притоа уништиле многу од македонската војска и заробиле 200 тешко вооружени војници со нивните коњи и опремата. Била заробена личната воена опрема на македонскиот цар Владислав дури и еден негов роднина на кого што според зборовите на Деволски му биле извадени очите. Битката кај Сетина по онаа кај Беласица секако била една од пресудните во текот на овој воен поход. Во неа се покажало дека Јован Владислав не му бил дораснат на Василиј II на отворено воено поле туку можел да постигне нешто само со итрини лукавства и заседи. Се разбира дека со исходот на тој поход византискиот цар морал да биде задоволен па преку Воден каде што ја средил тамошната состојба се вратил во Цариград на 9. 1. 1018 година[306].

Прекинот на воените дејствија што тогаш се случил Владислав занел да го искористи. Тој докажал дека Македонија сеуште во тоа време била цврста и од дефанзива поминал во офанзива и војската ја свртел онаму каде што било најмалку очекувано. Имено користејќи ја состојбата според зборовите на Склица тргнал надмено и со варварска гродост да го опседне Драч. Кога битката

---

[305] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549-572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[306] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 403. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

за Драч започнала тој загинал по градот погоден од некој византиски војник. Но Михаил Деволски во дополнувањата точно наведува дека во борбата со коњи тамошниот стратег и патрициј Никита Погонат смртно го раниле двајца кои што притрчале при тој судир. И додека од овој податок не е познато дали го погодиле византиските или неговите војници, Јахја сосема прецизно вели дека тој бил убиен од раката на еден од своите војници. Дека тоа било така индиректно потврдува и Поп Дукљанин. Тој известува дека во времето кога телото на божествениот Владимир било пренесувано од Преспа во Краина царот Валадислав собрал војска и тргнал во земјата на блажениот Владимир и во градот Драч како што му ветил на царот Василиј II, како награда за стореното убиство. Престојувајќи пред Драч и додека еден ден вечерал и се гостел пред него ненадејно се појавил вооружен војник (miles armatus) во лик на светиот Владимир. Јован Владислав исплашен почнал на сиот глас да ги вика своите војници да го бранат велејќи им дека Владимир сакал да го убие и се обидел да избега од местот каде што седел. Но ангелот веднаш го удрил и тој паднал на земја и умрел со тело и со душа. Тогаш кнезовите и неговите војници и сите присутни исплашени и избезумени откако запалиле оган во логорот сите избегале уште истата ноќ во своите места. И така се случило најодвратниот убиец кој што седејќи на ручек наредил да му се пресече главата на Владимир и го направи маченик и самиот за време на вечерата да биде убиен[307].

Ако се споредат обата текста (латинскиот текст и во италијанскиот текст на Попот Дукљанин) ќе се добие малку поинаква слика за убиството на Владислав од она што досега е напишано. Во прв ред во латинскиот текст се вели дека Владислав додека било пренесувано телото на Владимир од Преспа во Краина собрал војска и ја окупирал земјата на Владимир и Драч. Додека во италијанскиот превод на Орбини пишува само дека додека блажениот Владимир бил пренесуван во гробницат Владислав собрал војска и го зазел целото негово кралство. Потоа во првиот текст се вели дека Владислав вечерал пред Драч, а во преводот се вели дека тоа било во самиот град Драч. Понатаму во првиот текст

---

[307] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин*, 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку*, 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VI - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска воена история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

се вели дека пред него се појавил вооружен војник во лик на св. Владимир а во преводот стои човек сличен на Владимир. Во текстот понатаму се вели дека тој почнал да ги вика своите војници да го одбранат. Потоа се вели дека кнезовите и неговите војници и сите народи, а во преводот само дека војниците кога го виделе тоа се исплашиле и почнале да бегаат. Крајот на текстот и во преводот е ист но крајните два збора ја менуваат смислата на се. Имено во текстот пишува дека Владимир за време на вечера бил убиен за да стане ангел на сатаната што е бесмислено, во преводот пак стои дека тој умрел од божјиот ангел што е сосема појасно и сосема на место. Според тоа од се досега наведеното може да се каже дека јадрото на вистината е дека Владислав по преместувањето на моштите на Владимир во Краина собрал војска и го окупирал целото негово кралство. Но кога стигнал пред Драч за кого што сметал дека ќе му се предаде врз основа на спогодбата со Василиј II, бил ненадејно убиен од свој војник за време на вечера при што неговата телесна стража не можела да му помогне[308].

Кога неговите војсководци и припадниците на различни народи кои му дошле на помош виделе дека е мртов се разбегале во своите краишта. Се друго и припаѓа на легендата која сака што повеќе да го подигне култот на Владимир. Сега се поставува друго прашање во врска со Владислав. Кога ја започнал тој војната против Владимировото кралство и Драч и кога умрел. Ако е точно дека Владимир бил убиен на 22. V.1015/16 година а свечено закопан во црквата во Преспа тогаш таму можел да остане се до крајот на 1017 година или почетокот на 1018 година. Имено од Поп Дукљанин може да се зклучи дека се до крајот на 1017 или почетокот на 1018 година. Имено од Попот Дукљанин може да се заклучи дека таму неговото тело лежело подолго време, бидејќи истиот писател вели дека Косара плачела многу денови и дека Владислав ги видел чудесните дела што ги направил Бог таму исплашен се покајал и и дозволил на својата братучетка да го закопа телото на својот сопруг каде што сака. И таа најпосле го закопала во Краина.... Значи токму тоа време кога е пренесувано телото на Владимир од Преспа во Краина, Владислав тргнал на својот воен поход кон Дукља. Тогаш полека ја зазел целата земја на убиениот Владимир, а тоа можело

[308] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 – 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

да биде или кон крајот на 1017 или пак во втората половина на 1018 година кога Василиј II веќе бил во Цариград. Дека било така се гледа и од Скилица, барем во погелед на хронолошкиот податок за ненадејната смрт на Јован Владислав кај Драч[309].

Имено Скилица раскажува како загинал тој и веднаш потоа вели вака : „ Тој (Владислав) владееше со Бугарите (со Македонците) две години и пет месеци ”. Ако се земе предвид дека Владислав седнал на престолот некаде во август или септември 1015 година, тогаш тој умрел во јануари или во февруари 1018 година, а никако подоцна. Јован Владислав „ тој водач на Скитите мошне храбар „ Голијат ”, и „ непобедлив непријател ” како што го нарекува Михаил Псел дошол по убиството на својот предходник на власт како што пишува Јахја, еден од оние на чии предци им припаѓало поголемото право на царувањето над Бугарите (над Македонците). Значи тој чувствувал дека е ограничен во поглед на наследувањето како син на Арон, кого така безмилосно го убил Самуил. И додека на цар Самуил единственото убиство на брат му можат да му се припишат само разни безопасни слабости, Владислав не се воздржувал да го убие својот спасител Радомир, неговата жена и да го ослепи неговиот најстар син а потоа и на сето тоа да се додаде и бескрупулозното убиство на Владимир кој им стоел на патот на неговите понатамошни завојувачки планови. Тој наспроти Самуил кој по поразот умрел од срцев удар, во својата агресивност сепак останал несовладлив па заслужено му припаднал орелот злосторник - убиец. Владислав бил вешт и во офанзива и во дефанзива и мора да му се оддаде признание за тоа дека силно и упорно го бранел центарот на она што останало од македонската држава, па дури и да го исфрли од одредени градови и предели лукавиот Василиј II од чии што заседи и обиди за ликвидација многу лукаво и вешто се бранел. Но иако за се било премногу доцна тој се до својата смрт останал упорен. Дури ја зазел и Дукља и ако не бил ненадејно убиен

[309] *Византиски извори,* III, 107 - 123 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А. *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

најверојатно ќе го освоел и Драч со што ситуацијата во многу би се изменила во негова корист[310].

Смртта на Владислав реално значела и крај на средновековната македонска држав. Нејзините остатоци конечно станале лесен плен на упорниот цар Василиј II кого Јован Владислав на двапати се обидел да го измами затоа што ни на сон не помислувал да му се покори туку напротив него и неговата војска на секој можен начин да ја истера од својата земја односно од Македонија па дури ако за тоа било потребно да навлезе и во византиска територија. Но неговата смрт македонската држава ја оставила без централна власт, препуштена сама на себеси и на одделни војсководци и со тоа го одбележил самракот на големото македонско царство.

## 4. *ПРОПАСТА НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА 1018 ГОДИНА*

За пропаста на македонското царство 1018 година известува Скилица. За овие настани тој вели : μηνυθέντος δὲ τῷ βασιλεῖ τοῦ θανάτου τοῦ Ἰωάννου διὰ τοῦ στρατηγοῦντος Δυρραχίου Νικήτα πατρικίου τοῦ Πηγονίτου,ἔξεισι παραυτίκα ὁ βασιλεύς. γενομένῳ δ᾽ αὐτῷ κατὰ τὴν Ἀδριανούπολιν ὑπαντῶσιν ὁ ἀδελφὸς τοῦ περιφήμου Κρακρᾶ καὶ ὁ υἱος προσχωρεῖν εὐαγγελιζόμενοι τό τε περίπυστον φρούριον τὸν Πέρνικον, καὶ ἕτερα πέντε ἐπὶ τριάκοντα. οὓς τιμήσας ἀξίως καὶ τὸν Κρακρᾶν ἐς τὸν τῶν πατρικίων θρόνον ἀναβιβάσας ἦλθεν εἰς Μουυνούπολιν, ἐνταῦθα δὲ καὶ πρέσβεις ἧκον ἐκ Πελαγονίας καὶ Μωροβίσδου καὶ Λιπενίου, παραδιδόν τῷ βασιλεῖ τὰς πόλεις, ἐκεῖθεν ἄρας ἦλθεν ἐν Σέρραις αἷς ἀφίκετο ὁ Κρακρᾶς μετὰ τῶν ἀρχόντων τῶν πρσρυέντων τριακονταπέντε κάστρων, καὶ καλῶς ὑπεδέθη. προσερρύη δὲ καὶ Δραγομοῦζος, τὰ ἐν τῇ Στρουμβίτζῃ παρεσχηκὼς καὶ πατρίκιος τιμηθείς ἄγων μεθ᾽ ἑαυτοῦ καὶ τὸν πατρίκιον Ἰωαννην τὸν Χὰλδον, τότε τῆς χρονίας ἀπολυθέντα καθείρξεως. ἶτυχε γὰρ ἁλούς παρὰ

[310] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 549 - 572. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 209 - 212 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

τοῦ Σαμοιὴλ καὶ ἐπὶ εἴκοσι καὶ δύο χρόνους ὢν ἐν τῇ φυλακῇ. ἄρτι δὲ τῇ Στρουνβίτζῃ προσήγγισεν ὁ βασιλεύς καὶ ἧκεν ὁ ἀρχιεπίσκοπος Βουλγαρίας Δαβὶδ μετὰ γραμματάτων Μαρίας τῆς Ἰωαννου γυναικός ὑπισχνομέης ἐκστῆναι Βουλγαρίας, εἶ τεύξεται τῶ κατὰ σκοπὸν[311]. ὑπήντησε δὲ καὶ Βογδάνος ὁ τῶν ἐνδοτέρω κάστρων τοπάρχης, καὶ τιμᾶται καὶ οὗτος πατρίκιος, ὡς καὶ πάλαι τὰ βασιλέως φρονῶν καί τόν ἑαυτοῦ πενθερὸν ἀνελών Ματτθατῖζην. ἐκεῖθεν ἄπεισιν εἰς τὰ Σκόπια, ἔνθα συνήντησεν αὐτῷ καὶ ὁ νέος Νικολιτζᾶς, τὴν πρώτην καὶ μαχιωστάτην σύνταξιν τοῦ Σαμουὴλ ἐπαγόμενος, καὶ ἐτιμήθη πρωτοσπαθάρῖος καὶ στρατηγός καὶ στρατηγὸν αὐτοκράτορα λιπὸν ἐν τῇ πόλει Δαβὶδ πατρίκιον τὸν Ἀριανίτην κατεπάνω Βουλγαρίας προσονομάσας αὐτόν ὑπέστρεψε διὰ τῶν φρουρίων Στυπείουτ ε καὶ Προσάκου, μετὰ λιπῶν καὶ ὕμνων εὐφημούμενος καὶ τιμώμενος. Αὖθις δὲ πάλιν πρὸς τὰ δεξιὰ καὶ νεανικῶς ἄπεισιν εἰς Ἀχρίδας κἀκεῖσε στρατοπεδί αν ἐπήξατο, τοῦ λαοῦ παντὸς μετὰ παιάνων καὶ κρότων καὶ εὐφημιῶν προσυπαντῶντος αὐτῷ. πόλις δὲ ἡ Ἀχρὶς ἐπὶ λόφου κειμένη ὑψηλοῦ, ἔγγιστα λίμνης μεγίστης, Λυχνίδοῦ (Λυχνιδόν U) καλουμένης. ἀφ᾽ ἧς καὶ ἡ πόλις Λυχνιδὸς ἐπικαλεῖται (καλεῖται B) ὁμωνύμως λίμνῃ Δασσαρίτης (Δασσαρίτης B, Δασσαρίτις O) ἔκπλαι καλουμένῃ. ἀπὸ δὲ τῆς λίμνης ταύτης ἀγρεύται ἰχθύων εὐχρήστων (ἀχρίστων E) πλῆθος (πλῆθος εὐχρήστων U) ἀμύθητον (ἀμύθ.] πολύ E) (ἀπὸ δε τῆς λίμνης - ἀμύθητον om. B) ἐξ ἧς ποιεῖται τὰς ἐκβολὰς ὁ Δρῖνος ὁ ποταμὸς πρὸς ἄρκτον ἰών, ἀπὸ μὲν τῶν νοτιωτέρων μερῶν τῶν πρὸς τὴν (τὴν] τὸν E, τὴν om. C) Διάβολιν ἐκρέων, διαιρῶν δὲ τὴν εἰρημένην λίμνην οἶον. Ἀλφειὸς λεγεται τό πέλαγος διαιρεῖν (διαιρῶν U) καὶ πρὸς τὴν Ἀρέθουσαν ἀπιὼν καὶ βόρειον μέρος ών. πρὸς δὲ τὸ τέρμα τῆς λίμνης τὰς ἐγχωρίως λεγομένας Στρούγας εὑρηκώς καὶ ταύταις ἑνωθεὶς τε γίνεται ποταμῶν εἶτα νεύων πρὸς δύσιν καὶ εἰσβάλλων εἰς τὸν Ὤρινον περὶ τὸν Εἰλισσὸν τὸ φρούριον, κλεῖται δὲ Λυχνιδος ἡ λίμνη ἀφ᾽ ἧς καὶ πόλις Λυχνιδὸς ἐπικαλεται ὁμωνύμως τῇ λίμνῃ Δασαρίτις ἔκπαλαι καλουμένη. ἀπὸ δὲ τῆς λίμνης ταύτης ἀγρεύται ἰχθύων εὐχρήστων πλῆθος ἀμύθητον μητρόπολις οὖσα πάσης τῆς Βουλγαρίας, ἐν ᾗ

[311] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 357 - 365 ; *ГИБИ*, VI, 290 – 295 ; *Византиски извори*, III, 123 - 135

καὶ τὰ βασίλεια τῶν βασιλέων ἵδρυντο Βουλγαρίας καὶ τὰ χρήματα ἀποτεθησαύριστο. ἅπερ ἀνοίξας ὁβασιλεύς εὗρε χρήματα πολλά καὶ στέμματα ἐκ μαργάρων καὶ χρυσοϋφεις ἐσθῆτας καὶ ηρυσοῦ ἐπισήμου κεντηνάρια ἑκατόν, ἅτινα πάντα εἰς ῥόγας ἐκένωσε τῆς περὶ αὐτὸν στρατιᾶς ἐπιστήσας οὖν ἄρχοντα τῇ πόλει Εὐστάθιον πατρικίον τὸν Δαφνομήλην, καὶ φρουρὰν ἀξιόλογον αὐτῷ δού ἐξῆλθεν εἰς τὴν παρεμβολὴν καὶ ἀχθεῖσαν ὡς αὐτὸν καὶ θυγατράσιν ἐξ ἐπαγομένην καὶ νοθογενῆ υἱὸν τοῦ Σαμουὴλ καὶ πέντε υἱούς ὧν ὁ εἴς πεπήρωτο τοὺς ὀφθαλμοὺς παρά τοῦ Ἰωάννου λωβηθείς ὅτε τὸν Ῥαδομηρὸν τὸν υἱὸν Σαμουὴλ σὺν τῇ αὐτοῦ γυναικὶ καὶ Βλαδιμηρὸν τὸν τούτου γαμβρὸν ἀνεῖλεν. ἦσαν δὲ καὶ ἕτεροι τρεῖς υἱοὶ τῇ Μαρίᾳ ἀπὸ τοῦ Ἰωάννου τεχθέντες, ἀλλ᾽ ἔφθασαν ἀποδρᾶσαι εἰς τό ὄρος τόν Τμόρον, κορυφὴν φυλάττεσθαι προσέταξε μετὰ τῶν ἄλλων[312]. προσῆλθον δὲ τῷ βασιλεῖ καὶ ἕτεροι μεγιστᾶνες τῶν Βουλγάρων ὁ Νεστορίτζης ὁ Λαζαρίτζης καὶ ὁ νέος Δοβρομηρός μετὰ τῶν οἰκείων ἕκαστος ταγμάτων, καὶ ἐδέχθησαν εὐμενως καὶ βασιλικῶς ἐτιμήθησαν. τότε καὶ Βλαδισθλάβου παῖδες οἱ εἰς τὸν Τμόρον φυγόντες ὡς ἔμπροσθεν εἴρηται καὶ χρονίᾳ κατασχεθέντες πολιορκία (στραιῶται γὰρ προσταχθὲν ἐκ βασιλέως προσεδεύοντες ἐτήρουν τὰς καθόδους τοῦ ὄρους) διακηρυκεύονται πρὸς τὸν βασιλέα πίστεις αἰτουντες καὶ ἑαυτούς ἐγχειρίσαι ἐπαγγελόμενοι. καὶ πρὸς μὲν τούτπις ὁ βασιλεὺς φιλανθρώπους ἔδωκεν ἀποκρίσεις, ἄρας δ᾽ ἐξ Ἀχρίδος ἔρχεται εἰς τὴν λίμην λεγομένη Πρέσπαν, ἐν Βασιλίδα ἐπονομάσας, καὶ ἕτερον ἐν τῇ λεχθείσῃ λίμνῃ τῇ βραχυτέρᾳ ὅ καὶ αὐτὸ Κωνστάντιον ἐπωνόμασεν[313]. ἐκ δὲ Πρέσπης εἰς τὴν λεγομένην Διάβολιν, ἐν ᾗ βήματος ἀρθέντος ὑψηλοῦ εἰσιόντας ἐδέξατο τοὺς περὶ τὸν Προυσιάνον ἀδελφούς, καὶ λόγοις ἐπιεικέσι καὶ φιλαθρώποις παραμυθήσαμενος τοῦτον μὲν μάγιστριον, τοὺς δὲ λοιποὺς πατρικίους ἐτίμησεν. ἤχθη δὲ καὶ ὁ Ἰβάτζης πεπηρωμένας ἔχων τὰς ὄψεις. ἀλλ᾽ ἄξιον εἰπεν καὶ τὸν τρόπον τῆς ἐκτυφλώσεως. ἔχει γὰρ ἡδύ τι καὶ θαυμαστὸν ἡ διήγησις[314].

[312] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 357 - 365 ; *ГИБИ,* VI, 290 - 295 ; *Византиски извори,* III, 123 - 135

[313] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 357 - 365 ; ГИБИ, VI, 290 – 295 ; *Византиски извори,* III, 123 - 135

[314] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 357 - 365 ; *ГИБИ,* VI, ..290 - 295 ; *Византиски извори,* III, 123 - 135

Μετὰ γὰρ τὸν τοῦ Βλαδισθλάβου τοῦ καὶ Ἰωάννου θάνατον καὶ τὴν τῆς γυναικός αὐτοῦ Μαρίας καὶ τῶν ταύτης παίδων προσχώρησιν Πρεασιάνου, Ἀλουσιάνου, Ἀαρών, Τραΐανοῦ καὶ Ῥαδομηροῦ (καὶ Κλίμεν) add.E) καὶ τὴν τῶν ἄλλων δυναστῶν ἁπάσης τῆς Βουλγαρίας ὑπακοὴν ὁ Ἰβάτζης οὗτος φυγὼν καὶ ἓν τινι δυσβάτῳ γενόμενος ὄρει (Βροχωτός λκῆσις αὐτῷ) βασίλεά τε ἔχοντι περικαλλῆ (Προνίσταν ταῦτα καλοῦσι)καὶ παραδείσους καὶ ἀπολαύσεις οὐκ ἀπρεπεῖς ὑπεῖξαι θελήμασιν οὐκ ἐβούλετο τοῦ θεοῦ, ἀλλὰ δύναμιν ἐκ τοῦ κατὰ μικρὸν συνεργείρων ἀνεστάτου τὰ παρακείμενα, καὶ ἀποστασίαν ἐμελέτα καὶ τὴν Βουλγαρκὴν ὠνειροπὸλει ἀρχήν. τοῦτο οὐ μικρῶς ἐλύπει τὸν βασιλέα, καὶ διὰ τοῦτο τοῦ κατ᾽ εὐθεῖαν ἀφέμενος προεύεσθαι ἀπέκλινε πρὸς μεσημβρίαν. καὶ κατὰ τὴν εἰρημένην ἐγένετο Διάβολιν, ὡς ἤ καταναγκάσων πάντως τὸν ἀποστάτην καταθεῖναι τὰ ὅπλα ἤ πολέμῳ τοῦτον κατεργασόμενος. καὶ ὁ μὲν βασιλεὺς ἐν τῷ ῥηθέντι τόπῳ φιλοχωρῶν γράμμασιν ἐνουθέτει τὸν Ἰβάτζην μὴ τῆς Βουλγαρίας ὑποσταγείσης μόνον χεῖρας ἀνταίρειν αὐτόν, μηδὲ φαντάζεσθαι τὰ ἀτέλεστα, γινώσκοντα, ὡς οὐκ εἰς ὄνησιν αὐτῷ τὸ ἐγχείρημα τελευτήσει. ὁ δὲ τὰ γραμματα δεχόμενος καὶ ἑτέροις ἀμειβόμενος, καὶ παντοίας προτιθεὶς ἀφορμάς παρεῖλκε καὶ ἀνεδύετο, ὡς ἀναγκασθῆναι τὸν βασιλέα ἐπὶ πέντε καὶ πεντήκοντα ἡμέρας ἐνδιατρῖψαι τῷ τόπῳ, ταῖς ὑποσχέσεσι δελεαζόμενον[315]. ἐγνώσθη τά τοῦ πράγματος τῷ τῆς Ἀχρίδος ἄρχοντι Εὐσταθίῳ τῷ Δαφνομήλῃ, ὅτι μέλει τῷ βασιλεῖ ἡ τοῦ Ἰβατζη καθίρεσεις. καὶ δῆτα καιρὸν ἐπιτήδειον εὑρηκώς, καὶ δυσὶ θεράπουσι τῶν πιστικωτάτων κοινολογησάμενος καὶ τὸ βούλευμα φανερώσας ἐγχειρεῖ τῇ πράξει. δημοτελὴς ἤγετο ἑροτὴ τῷ Ἰβάτζῃ, ἡ κοίμησις πανάγνου καὶ θεομήτορος. κατὰ ταύτην τὴν ἡμέραν εἰώθει συγκαλεῖν εἰς εὐωχίαν οὐ τοὺς ἀγρογείτονας μόνον καὶ ἀγχιτέρμονας, ἀλλὰ καὶ τῶν ὡς πορρωτάτω πολλούς. ἄπεισι γοῦν ὁ Εὐστάθιος αὐτοκλητος εἰς τὴν ἑορτήν, καὶ φυλάττουσιν ἐντυχὼν τὰς διόδους ἀπαγγέλλειν ἐκέλευεν ὅστις εἴη, καὶ ὃτι πάρεστι τῷ ἄρχοντι συνευφρανθησόμενος. ἀπαγγειλάντων δὲ τούτων, ἐν θαύματι ὁ Ἰβάτζης ἐτίθει εἰ δυσμενὴς ἄνθρθπος αὐθαίρετος ἥκει καὶ χερσὶν ἑαυτὸν ἐκδίδωσι

---

315 Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 357 – 365 ; ГИБИ, VI, 290 - 295 ; *Византиски извори,* III, 123 - 135

πολεμίαις. ὅμως ἀφικὲσθαι κελεύει, καὶ ἐλθόντα ἐδέξατό τε περιχαρῶς καὶ ἠσπάσατο. ἄρτι δὲ τελεσθέντος τοῦ ἑωθινοῦ ὕμνου, καὶ πάντων τῶν συνειλεγμένων εἰς τὰς ἰδίσς διασκεδασθέντων καταγωγάς, ὁ Εὐστάθιος πρόσεισι τῷ Ἰβάτζῃ καὶ ἀξιοῖ τοὺς ἄλλους πρὸς μικρὸν ἐκστῆναι ὡς τάχα μέλλων αὐτὸς διαλέξασθαι κατ᾽ ἰδίαν περί τινος ἀναγκαιοτάτου καὶ λυσιττενοῦντος αὐτῷ. ὁ δ τὸν δόλον καὶ τὴν ἀπάντηn μὴ κατανοήσας ἀλλὰ τῷ ὄντι ὑπολαβών, ὡς βούλεται καὶ αὐτὸς εἷς γενέσθαι τῶν συνιστώντων αὐτῷ τὴν ἀποστασίαν, τοὺς θεράποντας μικρὸν ἀποστῆναι κελεύσας τῆς χειρὸς ἐκείνου λαβόμενος ἓν τινι παραδείσῳ εἰσάγει συνηρεφεῖ δέᾳδροις καὶ κοιλότητα ἒχοντι, ὡς μηδὲ φωνὴν ἐξηχεῖσθαι δύνασθαι διὰ τὴν συνδενδρίαν. οὗ ἐντὸς γενόμενος ὁ Εὐστάθιος καὶ μεμονωμένου λαβόμενος τοῦ Ἰβάτζη εἰς γῆν τε αὐτὸν εὐθὺς καταβάλλει καὶ τὸ γόνυ προσερείσας τῷ στῆθει (ἦν γὰρ κατὰ χεῖρα γενναῖος) τοῦτον κατῆγχε, καὶ τοῖς δυσὶν ὑπηρέταις, ἐνκεκελεύετο βοηθεῖν τὴν ταχίστην. Οἱ δέ καθάπερ συνεθειμένον ἦν ἱστάμενοι καὶ καραδοκοῦντες τὸ μέλλον ὡς ἤκουσαν τῆς φωνῆς τοῦ κυρίου ἒδραμόν τε εὐθὸως καί τὸν Ἰβάτζην περισχόντες καὶ τῷ χιτῶνι ἀποφράξαντες αὐτοῦ τὸ στόμα, ὡς μὴ βοήσας πριστήσης πλῆθος αὐτοῖς καὶ ἄπαρκτον ἀποτελέσῃ τὸ ἒργον, ἀποτυφλοῦσι, τυφλωθέντα δὲ ἐκβάλλουσι τοῦ παραδείσου εἰς τὴν αὐλήν[316]. αὐτοὶ δὲ εἴς τι ὑπερῷον ὑψηλὸν ἀναδραμότες καὶ ξίφη ἐκύσαντες ἐξεδέχοντο τοὺς μέλλοντας προσιέναι. γνωσθέντος δὲ τοῦ δράματος συνέρρει πλῆθος ἀμύθητον. Οἱ μὲν γὰρ ξίφη κατέχοντες ἐν χερσίν οἱ δὲ δόρατα, οἱ δὲ τόξα, οἱ δὲ λίθους οἱ δὲ ξύλα, οἱ δὲ δαλοὺς καιομένους ἄλλοι δὲ ὕλην εὔπρηστον ἒθεον βοηδρομοῦντες καὶ κεκραγόντες. σφαττέσθωσαν καιέσθωσαν μεληδὸν κατατεμνέσθωσαν, λίθοις καταχωμννύσθωσαν οἱ παλαμναῖοι καί ἀλιτήριοι. μή τις φειδὼ γενέσθω τῶν ἀλαστόρων. συνδρομὴν δὲ θεασάμενος ὁ Εὐστάθιος καὶ τῆς ἑαυτοῦ ἀπεγνωκώς αωτηρίας παρεκάλει τέως τοὺς ἀμφ᾽ αὐτὸν ἄνδρας ἀγαθοὺς γενέσθαι καὶ μὴ μαλακισθῆναι, μηδ᾽ ἑαυτοὺς προδοῦναι καὶ εἰς ἐξουσίαν πεσεῖν τῶν ἐπιζητούντων τὴν αὐτῶν ἀπώλειαν καὶ παρ᾽ ἐκείνων τὴν σωτηρίαν ἐκδέχεσθαι, ἢ θάνατον οἰκτρὸν καὶ ἐπώδυνον. πρὸς δὲ τὸ πλῆθος

---

316 Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 357- 365 ; *ГИБИ*, VI, 290 - 295 ; *Византиски извори*, III, 123 - 135

ἀπό τινος θυρίδος προκύψας καὶ τῇ χειρὶ κατασιγάσας τὸν ὄχλον τοιῶνδε λόγων ἀπῄρξατο. ὅτι μέν ᾧ ἄνδρες οἱ συνειλεγμένοι, οὐδεμία τις προαπέκειτό μοι ἀπέχθεια πρὸς τὸν ὑμέτερον δυνάστην, καὶ ὑμεῖς αὐτοὶ πάντως ἐρεῖτε ὡς Βούλγαρος μὲν αὐτός Ῥωμαῖος δ᾽ ἐγώ καὶ Ῥωμαος οὐ τῶν ἐπὶ Θρᾴκης καὶ Μακεδονίας οἰκούντων, ἀλλ᾽ ἐκ τῆς Μικρᾶς Ἀσιας, ἥτις ὅσον ἀπέχει ὑμῶν ἴσασιν οἱ γινώσκοντες. ὅτι δὲ καὶ αὐτός τῷ τοιούτῳ ἐπεχείρησα ἔργῳ οὐκ εἰκῃ καὶ μάτην, ἀλλά τίς με κατήπειξεν οὐκ εἰκῇ καὶ μάτην, ἀλλά τίς με κατήπειξεν ἀνάγκη, λογιεῖσθε οἱ φρονιμώτεροι. οὐ γὰρ ἂν οὕτω μανιωδῶς εἰς προὖπτον ἐμαυτὸν ἐνέρριψα κίνδυνον καὶ τῆς ἐμαυτοῦ ζωῆς κατεφρόνησα εἰ μή τις ἦν ἄλλη αἰτία ἡ βιασαμένη με πρὸς τὴν πρᾶξιν ἐλθεῖν. ἴστε οὖν, ὡς τὸ γενόμενον ἔργον πρόσταγμα βασιλέως ἐστίν ᾧ πειθαρχῶν ἐγω ὡς ὄργανον διηκόνησα. καὶ νῦν, εἰ βούλεσθέ με διαχειρίσασθαι, ἰδοὺ ὑφ᾽ ὑμὲν ἐγὼ περιειλημμένος. πλὴν οὐκ εὐκόλως οὐδε ῥᾳδίως ἀποθανοῦμαι, οὐδὲ καταθεὶς τὰ ὅπλα ἐμαυτὸν παραδώσω ὑμῖν ὡς βούλεσθε χρήσααθαι, ἀλλ᾽ ἀγωνιοῦμαι περὶ τῆς οἰκείας ζωῆς καὶ μέχρι θανάτου ἀμυνοῦμαι τοὺς ἐπιόντας ἅμα τοῖς σύν ἐμοί. εἰ δὲ καὶ θανούμεθα, ὅπερ ἀνάγκη παθεῖν τοὺς ὑπὸ πλειόνων περιστοιχηθέντας, εὐδαίμονα καὶ μακάριαν τὸν θάνατον λογιζόμεθα ἕξοντες καὶ τὸν μέλλοντα τὸ ἡμέτερον ἐκζητῆσαι καὶ ἐκδικῆσαι αἷμα πρὸς ὅν βουλεύσαθε, εἰ δυνατὸν ἄχρι πολλοῦ ἀνθἰστασθι τούτων ἀκούσαντες οἱ συνειλεγμένοι τῶν λόγων καὶ τῷ ἐκ βασιλέως δέει καταπλαγέντες κατὰ μικρὸν ὑπορρέοντες ἄλλος ἀλλαχῆ διεσκεδάσθησαν οἱ γηραιότεροι δὲ καὶ φρονιμώτεροι καὶ τὸν βασιλέα εὐφημήσαντες ὑπετάγησαν. ὁ δ᾽ Εὐστάθοις κατὰ πολλὴν ἄδειαν τὸν Ἰβάτζην εἰληφὼς τῷ βασιλεῖ διεκόμισεν. ὅν οὗτος ἀποδεξίμενος τῆς ἀνδραγαθίας στρατηγόν τε εὐθὺς προὐβάλλετο Δυρραχίου καὶ τὴν ἅπασαν κινητὴν ὕπαρξιν ἐδωρήσατο τοῦ Ἰβάτζη. Τοῦτον δὲ παρέδωκα φυλακῇ[317].

Τότε καὶ Νικολιτζᾶς ὁ πολλάκις ληφθεὶς ἔν τισιν ὄρεσι κρυπτόμενος ὡς ἐπέμφθη δύναμις κατ᾽ αὐτοῦ καὶ τῶν οἱ συνότων οἱ μὲν προσεχώρησαν ἐλθεντοί δὲ καὶ ἡλίσκοντο, αὐτόμολος κάτεισιν εἰς τὸ στρατόπεδον καὶ τῇ χειρὶ κρούσας τὴν θύραν προσήγγειλεν ἑαυτόν ὅστις εἴν, καὶ ὅτι παραδίδωσιν ἑκουσίως τὸ σῶμα τῷ βασιλεῖ. ἀλλὰ τοῦτον μὲν ὁ

[317] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 357 - 365 ; *ГИБИ,* VI, 290 - 295 ; *Византиски извори, III,* 123 – 135.

βασιλεὺς οὐδὲ ἰδεῖν ἠνέσχετο ἀλλ᾽ εἰς Θεσσαλονίκην ἐξέπεμψε φρουρείσθαι κελεύσας. αὐτὸς δὲ τὶ Δυρραχίου καὶ Κολωνείας καὶ Δρυΐνουπόλεως, ὥς πῃ ἐδόκεκ αὐτῷ βέλτιστα καταστησάμενος, καὶ φύλακας τοῖς θέμασι καὶ στρατηγοὺς ἐπιστήσας τῶν αἰχμαλώτων Ῥωμαίων τοὺς βουλομένους κατὰ χώραν μένειν κελεύσας, τοὺς δὲ λοιποὺς ἕπεσθαι προστάξας, καὶ τῶ ἀλόντων ποτέ στρατιωτῶν· ἦσαν γὰρ πολλοὶ ἕκ τε Ῥωμαίων καὶ Ἀρμενίων ἕν τε Πελαγονία καὶ Πρέσπα καὶ τῇ Ἀχρίδι ὑπὸ Σαμουὴλ κατῳκισάμενοι, ὧν ἐπισημότατοι οἱ βασιλείου τοῦ Ἀποκαπ᾽ παῖδες Γρηγορᾶς καὶ (sequ. lac.unis vocis ) ἦλθεν εἰς Καστορίαν. ἔνθα προσήχθησαναὐτῷ θυγατέρες δύο Σμουήλ αἵτινες θεασάμεναι, θεασάμεναι- διαχειρισόμεναι] πυθόμεναι τὴν τιμήν ἥν τετίμηται Μαρία ἡ τοῦ Βλαδισθλάβου σύζυγος, ἠπείλησαν αὐτὴν διαχειρίσαθαι τὴν Ἰωάννου γυναῖκα παρισταμένην τῷ βασιλεῖ ὥρμησαν κατ᾽ αὐτῆς ὡς διαχειρισόμεναι Μαρίαν. ἀλλὰ ταύταις μὲν ὁ βασιλεὺς τὸν θυμὸν κατεκοίμισεν ὑποσχόμενος τιμῆσαι καὶ ὑπερπολυτίσαι αὐτάς τὴν δὲ Μαρίαν τῷ τῆς ζωστῆς πατρικίου ἀξιώματι τιμήσας εἰς τὴν βασιλίδα μετά τῶ υἱῶν ἐκπέμπει καὶ τῶν συγγενῶν ἀπάντων σὺν τῷ τοῦ Σαμουὴλ νοθογενεῖ βραχυτάτῳ καθαριεῖ δὲ καὶ τὰ ἐν Σερβίοις καὶ τῷ Σωσκῷ ρούρια πάντα διὰ τοῦ Ξιφίου καὶ εἰς ἔδαφος καταστρέφει. καὶ εἰς τὸ φρουρια Σταγοὺς ἔρχετα ἔνθα κατέλαβεν ὁ Βελεγράδω ἄρχων μετά δουλικοῦ τοῦ σχήματος Ἐλεμάγος ἄρχω - Ἐλεμάγος] ἄρχων Ἐλίναγος ὁ Φραντζῆς μετὰ δουλικοῦ τοῦ σχήματος μετὰ τῶν συναρχόντων αὐτοῦ[318].τὰ δὲ Βελάγραδα φρούριον δύσβατον καὶ τοῖς ἐχθροῖς ἀνεπίβατον, πρὸς μεσημβρίαν γὰρ κρημνοῖς στεφανοῦνται, ἐν οἵς καὶ ποταμὸς ῥεῖ Ἀσῶνα κλῆσις αὐτῷ καὶ μία εἴσδός ἐστι τῷ φρουρίω. ἀλλὰ δὴ κα τῆς Ῥάκοβας ὁ κρατῶν εἰς τὸν βασιλέα κατέλαβεν. ἐκεῖθεν ἄρας ἄπεισιν εἰς Ἀθηνας. ἐν δὲ τῷ διιέναι τὸ Ζητούνιον τὰ ὀστα τῶν πεσόντων ἐκεῖσε Βουλγάρων, ὀπηνὶκα ὁ μάγιστρος Νικηφόρος ὁ Οὐρανὸς τὸν Σαμουὴλ ἐτρέψατο, θεασάμενος ἐθαύμασεν, ὑπερηγάσθη δὲ καὶ τὸ ἐν Θερμοπύλαις γενόμενον τεῖχος, ὅ Σκέλος ἄρτι κατονομάζεται, εἰς ἀποτροπὴν τῶν Βουλγάρων παρὰ τοῦ Ῥουπενὶου. ἐν Ἀθήναις δὲ γενομένος, καὶ τῇ θεοτόκῳ τὰ τῆς νίκης εὐχαριστήρια δοὺς καὶ ἀναθήμασι λαμπροῖς καὶ πολυτελέσι

318 Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 357 - 365 ; *ГИБИ,* VI, 290 – 295 ; *Византиски извори,* III, 123 – 135.

κοσμήσας τὸν ναὸν ὑπέστρεψεν εἰς Κωνσταντινούπολιν. ἐν Θεσσλονίκῃ δὲ διαγνωσθείσης τῶν δυοῖν ἀρχόντων καὶ πατρικίων Ἑλινάγου καὶ Γαβρᾶ τῆς ἐπιβουλῆς ὡς δὴ τὸ Βουλγαρικὸν ἀνδεξαμένων καὶ αὖθις κράτος ὁ μὲν Γαβρᾶς ἤδη ἀποδρὰς εἰς ἰδίαν χώραν καὶ ἁλοὺς πηροῦται τούς ὀφθαλμούς ὀ δὲ Ἑλινάγος ἐτασθείς καὶ πρὸς πᾶν ἔξαρνος μείνας εἰς τὴν ἰδίαν ἀπεκατέστη τιμην εἰσιὼν δὲ εἰς Κωνσταντινούπολιν καὶ διὰ τῶν μεγάλων πυλῶν τῆς Χρυσῆς πόρτης χρυσῷ στεφάνῳ λόφον ἐφύπερθεν ἔχοντι ἐθριάμβευσεν ἐστεφανωμένος προηγουμένης Μαρίας τῆς τοῦ Βλαδισθλάβου γυναικὸς καὶ τῶν τοῦ Σαμουὴλ θυγατέρων. καὶ τῶν λοιπῶν Βουλγάρων καὶ τοῦ ἀρχιερέως Βουλγάρων. ἰνδικτιὼν ἦν δευτέρα ἔτος ἑξακισχιλιοστὸν πεντακοσιοστὸν εἰκοστὸν ἕβδομον. καὶ οὕτω μετὰ τροπαίων καὶ νίκης ἐν τῇ μεγάλῃ ἐκκλησίᾳ εἰσελθὼν καὶ τῷ θεῷ εὐχαριστηρίους ᾄσας ᾠδὰς ἀπῆλθεν εἰς βασίλεια. ὅν ὁ πατριάρχης Σέργιος μετὰ νίκης εἰσελθόντα πολλὰ κατελιπάρει σβέσαι τὸ ἀλληλέγγουν (ἦν γὰρ ὑποσχόμενος ποιῆσαι τοῦτο εἰ τῶν Βουλγάρων ὑπερισχύσειεν), ἀλλ᾽ οὐκ ἔπεισεν. ὅς ἐπὶ εἴκοσιν ὅλους ἐνιαυτοὺς τὴν τοῦ θεοῦ ποιμάνας ἐκκλησίαν Ἰουλίῳ μηνί ἰνδικτιῶνος δευτέρας ἐν ἔτει τῷ ἑξακισχιοστῷ πεντακοσιοστῷ εἰκοστῷ ἑβδόμῳ πρὸς κύριον ἐξεδήμησε. καὶ προεβλήθη πατριάρχης Εὐστάθιος πρῶτος ὤν τῶν πρεσβυτέρων τοῦ ἐν τῷ παλατίῳ ναοῦ[319] (Кога преку стратегот на Драч Никита Погонит му беше јавено на царот за неговата (на Јован Владислав) смрт тој веднаш тргна на пат. Кога стигна до Одрин го пресретнаа братот и синот на прочуениот Кракра кои што му кажаа дека го предаваат градот Перник и други триесет и пет тврдини. Императорот ги почести достојно и откако Кракра го воздигна во патрикијски чин замина во Мосинопол. Тука пристигнаа пратениците од Пелагонија и од Липљан кои што му ги предадоа градовите на царот. Оттаму царот замина во Сер каде што пристигна Кракра заедно со управниците на триесет и петте тврдини кои што се беа предале, тој беше убаво примен. На страната на императорот помина и Драгомуж кој што ја предаде Струмица и беше почестен со чин патрикиј. Тој со себе си го водеше и патрикиј

---

[319] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 357 – 365 ; *ГИБИ,* VI, 290 – 295 ; *Византиски извори,* III, 123 - 135

Јован од Халдеја кој што тогаш беше ослободен од долгогодошното заробеништво (зато што беше заробен од Самуил и помина дваесет и две години во зандани). Веднаш потоа царот наближи кон Струмица и кај него дојде бугарскиот (македонскиот) архиепископ со писмо од Марија сопругата на Јован која што му ветуваше дека ќе ја предаде Бугарија (Македонија) ако и бидат испонети нејзините барања. Пред него се појави и Богдан заповникот на тврдините од внатрешноста и беше почестен исто така со чин патрикиј затоа што одамна го поддржуваше царот и го уби својот тест. Оттаму василевсот тргна кон Скопје. Откако го остави за стратег на градот патрикиј Давид Аријанит заврте кон тврдините Штип и Просек пречекуван со литии и химни. Потоа се упати кон Охрид каде што го постави логорот. Целиот народ го пресретнуваше со воени песни почести и пофалби. А градот Охрид е поставен на еден висок рид блиску до многу големо езеро, од кое што извира реката Дрим, која што тече на север и потоа врти на запад и се влева во Јонското море кај тврдината Илиос (Илион). Охрид беше главен град на цела Бугарија (на цела Македонија) и тука беа изградени и дворците на царевите на Бугарија (на Македонија) и тука го чуваа своето богатство. Кога ги отвори ризниците императорот најде пари, круни со бисери, облека извезена во злато и 100 кентенарии ковани златни пари ; сето тоа го потроши за плата на својата војска. Откако го постави за управник на градот патрикиј Евстатиј Дафномил и му даде извежбана војска тој се врати во логорот. Таму ги прими доведената пред него сопруга на Јован Владислав со трите нејзини синови и шест ќерки. Таа со себе си водеше и еден незаконски син на Самуил и две ќерки и пет синови на самуиловиот син Радомир, едниот од нив беше осакатен од Јован кога му беа извадени очите откако тој (откако Јован) го уби самуиловиот син Радомир со жена му и зет му. Марија имаше уште три сина од Јован, но тие успејаа да избегаат на планината Томор која што беше највисока од Кераиниските планини. Императорот ја прими ласкаво и нареди да биде љубезно чувана заедно со другите. Кај императорот дојдоа и други бугарски (македонски) благородници, секој со својата војска и тоа Несторица, Зарица и младиот Добромир. Тие беа благонаклоно примени и беа почестени царски. Тогаш и синовите на Владислав, Прусијан и двата негови брата кои што беа избегани на Томор, како што беше предходно кажано, измачени од долгата опсада (затоа што војниците поставени од царот таму ги чуваа влезовите и излезите од

планината), му јавија на царот дека бараат гаранции и дека ветуваат дека ќе се предадат. Императорот им одговори човекољубиво и откако тргна од Охрид отиде кај езерото наречено Преспа и минувајќи по сртот на планината и на врвот изгради една тврдина што ја нарече Василида[320], а друга тврдина изгради на споменатото езеро. Од Преспа тој отиде во така наречениот Девол каде што на една изградена бина ги прими пристигнатите браќа на Прусијан. Тој ги смири со благонаклони и човечки зборови и Прусијан го почести со титулата магистер а другите двајца со титулата патрикиј. Доведен беше и Ивец кому што му беше одземен видот. Но треба да се раскаже начинот на кој што беше ослепен затоа што тој раказ содржи нешто пријатно и чудно.

По смртта на Владислав откако жена му Марија и синовите и другите големци на цела Бугарија (на цела Македонија) се покорија, тој Ивец избега на планината Брохот каде што имаше величествен дворец наречен Проништа исполнет со градини и погодни места за уживање. Тој не сакаше да се потчини на божјата воља и откако постепено собра војска започна да се бунтува планирајќи да крене востаније и да ја земе власта во Бугарија (во Македонија) Таа состојба го вознемируваше царот. Поради тоа тој го прекина предходниот пат и заврте кон југ и стигна во кажаниот Девол за или да го принуди бунтовникот безусловоно да го одложи оружјето или со војна да го уништи. Царот се улогори во споменатото место и му испрати писмо до Ивец за да се вразуми и да не му се спротивставува сам кога цела Бугарија (цела Македонија) е покорена и да не сонува невозможни работи и да разбере дека тоа што го започнал нема да му донесе корист. Ивец го доби писмото и му одговори со друго писмо во кое одолговлекуваше и изввртуваше и наведуваше разни изговори, така што царот беше принуден да остане педесет и пет дена на тоа место заглавен од ветувањата. Управникот на Охрид Евстатиј Дафномил дозна дека императорот размислува да го покори Ивец. И така тој одбра погоден момент и откако се договори со двајца свои најверни луѓе на кои што им ја кажа својата намера, се зафати со работа. Ивец го празнуваше сенародниот празник Успение на пресвета Богородица и тој ден имаше обичај да ги покани на гозба не само блиските соседи туку и многумина од подалеку. Тогаш Евстатиј отиде самопоканет на празникот и кога на влезот се сретна со стражарите им кажа кој

[320] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Томовски Т., *Македонија низ вековите*. 76 – 81.

е и дека е дојден да се провесели со благородникот. Кога го известија за тоа Ивец се зачуди дека еден непријателски расположен човек дошол доброволно и се предава во непријателски раце. Сепак тој заповеда да влезе и кога тој дојде го пречека многу срдечно и го прегрна. Откако заврши утринската молитва и сите собрани се разотидоа  по своите краишта Евстатиј отиде кај Ивец и посака да останат малку на само да разговараат затоа што има нешто многу важно и корисно за него. Ивец кој што не ги насети лукавството и измамата и претпостави дека Евстатиј навистина сака да им се придружи на неговите истомисленици и на востанието им заповеда на слугите да се оддалечат малку. Го фати за рака и го одведе во една градина обрасната со дрва каде што имаше една длабнатина каде што ни глас не може да се чуе поради густите дрва.  Кога влегоа таму Евстатиј го фати Ивец кој што беше без придружба и го фрли на земја и откако му го стави коленото на градите и бидејќи имаше силни раце почна да го задушува и ги повика своите пидружници веднаш на помош. А тие како што беа предходно договорени стоеа и нављудуваа што се случува.  Штом го слушнаа гласот на својот господар веднаш цврсто го фатија Ивец и му ја затнаа устата со наметката за да неможе со викање да ги повика многумината свои луѓе и работата да им остане не завршена. Потоа го ослепе го исфрли од градината во дворот. А тој со своите се затвори на највисокитот кат на една висока куќа и откако ги извлекоа мечовите ги чекаа оние кои што сакаа да ги нападнат. Кога се расчу за случувањата големо мнозинство се собра. Едни држеа в рака мечови, други копја, трети стапови, други факели и други запалливи предмети и сите трчаа на помош и викаа : колете ги, сечете ги на парчиња, затрупајте ги со камења убијците и измамниците. Никој од проклетниците да небиде поштеден.  Кога го виде насобраното мнозинство  и ја загуби надежта за спас. Евстатиј ги викна кај себе своите луѓе и ги охрабри да бидат смели и да не дозволат да паднат со духот и да не дозволат да паднат во рацете на тие кои што им ја посакуваа смртта. Затоа што од нив не можеа да очекуваат спас туку само тажна и мачна смрт. Потоа се појави пред мнозинството на еден прозорец и откако им даде знак да замолчат почна вака да зборува : Собрани мажи нема никакво непријателство помеѓу мене и вашиот големец затоа што добро знаете дека тој е бугарин (македонец) а јас ромеј и тоа не од оние кои што живеат во Тракија и во Македонија, туку од Мала Азија која што е многу далеку од нас како што знаат учените. Помудрите ќе разберат дека

јас самиот не се решив на вакво нешто непромислено и брзоплето туку дека некаква мака ме натера на ова. Затоа што јас не би се втурнал така безумно во јавна опасност и не би си го презрел животот да не ме принуди друга причина да постапам така. И вие знаете дека ова дело е направено по наредба на императорот кому што јас послушно му послужив како орудие. А сега ако сакате да ме убиете јас сум во ваши раце. Само што јас нема да умрам покорно и лесно, ниту ќе го одложам оружјето и ќе ви се предадам какко што вие сакате да се случи, туку ќе се борам за животот заедно со моите луѓе. А ако умреме - затоа што треба да пострадаат оние коишто се опколени од помногубројни-ние ќе ја сметаме смртта за среќна и блажена затоа што има кој да побара одмазда за нашата крв и на кого што вие сакате да се спротивставите колку што е можно подолго. Кога ги слушнаа овие зборови и обземени од страв од царот насобраните почнаа малку по малку да се разотидуваат и да заминуваат на разни страни. Постарите пак и по разумните му се потчинија славејќи го императорот. А Евстатиј можеше безбедно да го земе Ивец и да го однесе кај царот. Тој пак го почести (Евстатиј) за храброста и го назначи за стратег на Драч и му го подари целиот движен имот на Ивец. А него (Ивец) го фрли во зандани. Тогаш и Николица кој што често беше заробуван и ослободуван се беше скрил на некоја планина. Кога против него беше пратена војска и еден од неговите луѓе се предаде доброволно, а други беа заробени, тој една ноќ слезе како бегалец во логорот на ( императорот) и кога тропна на вратата со раката и кажа дека му се предава доброволно на императорот. Но царот не сакаше ни да го види туку го испарати во Солун и нареди да го затворат. А тој откако ги среди работите во Драч како што сметаше дека е најдобро и откако остави гарнизони и стратези по темите и им дозволи на заробените ромеи кој што ги ослободил да останат во земјата, а на другите им заповеда да одат со него. Така тој замина во Костур. Таму беа доведени пред него две ќерки на Самуил и кога ја видоа Марија жената на Јован застанатa до императорот и се нафрлија на неа и за малку ќе ја убиеја. Но царот го смири нивниот гнев ветувајќи им дека ќе им даде почести и големи богатства, а Марија ја почести со титулата зости и ја испрати во Цариград со синовите. Со помош на Ксифија царот ги разурна и ги срамни со земјата сите тврдини во Сервија, и во Соск. Тој отиде во тврдината Стаг каде што пристигна и управникот на Белград Елемаг во ропска облека заедно со неговите помошници. Кога тргна од таму замина во Атина. Минувајќи покрај

Зејтун со восхит ги гледаше коските на паднатите бугари (македонци) кои што загинаа таму кога магистерот Уран го победи Самуил. И се восхитуваше на тврдината од Рупен на карпа на Термопилите за одбивање на Бугарите (на Македонците) која што и сега се вика Скелос. Кога стигна во Атина тој отслужи молебен за благодарност кон Богородица за победата и го украси храмот со бројни дарови. Потоа се врати во Цариград. Царот влезе триумфално низ големата врата на Златните порти, овенчан со златна круна. Го следеа Марија жената на Владислав, ќерките на Самуил и другите Бугари (Македонци). Тоа се случи во вториот индикт 1019 година. Така со победничките трофеи влезе во Големата црква, каде што со химни му оддаде благодарност на Бога а потоа се врати во дворецот).[321]

Од погоре наведените зборови на Скилица дознаваме дека и ако Јован Владислав ја оставил зад себе сопругата Марија и неговите шест синови и шест ќерки, сепак никој од тие машки потомци не се прогласил или не бил прогласен за цар. Поради тоа и му било лесно на Василиј II да ја оствари својата крајна цел односно покорување и окупација на Македонија. Сега се наближувал и крајот на таа над 31 годишна воена кампања и сега иницијативата му била препуштена на Василиј II. Поради тоа штом Никита Погонат стратегот на Драч го известил за смртта на Владислав, Василиј II веднаш повторно тргнал и за последен пат против она што останало од средновековната македонска држава. Царот тргнал од Цариград во кој по својот предходен поход не се задржал повеќе од два месеци, некаде кон крајот на фрвуари или на почетокот на март 1018 година а за овој хронолошки податок му должиме на Јахја. Од Јахја дознаваме дека македонските водачи му напишале на царот писмо со полна понизност, изразуајќи ја својата желба тој да ги заземе крепостите и областите што се наоѓале во нивни раце. Молејќи го да им дозволи да дојдат кај него и да работат по неговите наредби[322].

[321] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 357 - 365 ; *ГИБИ,* VI, 290 – 295 ; *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 582 - 584. ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век / 56 - 61

[322] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 572 - 573. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 220 – 222 ; *Историја на македонскиот народ,*1, 392 - 402. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII- XIV век, том 1, .326 – 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век / 56 - 61

И навистина кога византискиот цар тргнал од својата престолнина во споменатото време во пресрет му излеге жената на Арон (на Владислав) бугарскиот цар (македонскиот цар) и неговите деца. Тој ги примил нивните утврдувања и им укажал милост и секому од нив му дал титула според заслугата. Но овој податок кај Јахја сепак е воопштен и краток во однос на она што опширно е напишано кај Скилица за тоа како дошло до заземањето на македонската средновековна држава. Од Хрониката на вториот византиски писател се дознава дека Василиј II од Цариград прво стигнал во Адрианополис (Одрин) каде што му излегле во пресрет братот и синот на Кракра. Тие тогаш му соопштиле дека му ја предаваат тврдината Перник со уште триесет и пет други утврдувања. На тоа царот достојно ги почестил и откако Кракра го издигнал во патрикијска чест заминал во Мосинопол. Таму стигнале пратеници од Пелагонија, Мородвиз и Липљан кои што му ги предале градовите на царот[323].

Оттаму упатувајќи се кон Серес каде што пристигнал и Кракра со архонтите од 35 предадени утврдени градови, византискиот василевс и нив ги примил убаво. Таму му пристапил и Драгомуж кој што му ја предал Струмица по што и тој бил почестен со титула патрикиј. Истиот тој Драгомуж го довел со себе и патрикиј Јован Халдејски. Тој сега бил ослободен од затвор во кој што царот Самуил го држел дваест и деве години. Штом стигнал царот во близина на Струмица пред него излегол архиепископот на Бугарија (на Македонија) Давид. Тој при тоа му го предал писмото на македонската царица Марија вдовицата на македонскиот цар Јован Владислав во која што пишувало дека ќе му ја предаде Македонија ако и исполни некои желби. Што барала за возврат македонската царица може само да се претпостави како што вели Ферлуга. Но мора да се има предвид дека по смртта на Владислав таа веројатно била регент која што управувала макар и номинално со македонското царство. Кога пред Струмица стигнал Богдан топарх на внатрешните тврдини и тој бил почестен со титулата патрикиј затоа што наводно одамна му бил приврзаник на византискиот василевс. Оттука според Скилица Василиј II по втор пат стигал во Скопје каде што како што се вели во дополнувањата од Деволски се сретнал со младиот Николица кој што бил на чело првиот и најхрабриот одред на царот Самуил и

[323] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 573 - 574. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61.

тој бил почестен со титула протоспатар и стратег. За време на престојот во Скопје византискиот император таму го оставил за стратег автократор патрикиј Давид Аријанит ограбувачот на Пелагонинја и според Скилица и според дополнувањето на Михаил Деволски го именува згора на сето тоа за катепан на „Бугарија" односно на Македонија.Тоа значи дека Аријанит прво станал стратег автократор на Скопје, а веднаш по покорувањето на другите делови од бившата самуилова држава и катепан на „Бугарија".

Кога Василиј се враќал преку Штип и Просек насекаде бил пречекуван и поздравуван со молитви и Химни. Оттаму свртел десно и влегол во Охрид и каде што го поставил логорот. Притоа според Скилица бил пречекуван со ракоплескање и весело пеење[324].

Во Охрид за кого Скилица вели дека бил главен град на цела Бугарија одоносно на цела Македонја и во кој што се издигале дворците на бугрските односно на македонските цареви, царот нашол големо богатство кое што било натрупано таму. Кога наредил да бидат отворени ризниците Василиј втори таму нашол големо богатство  но и круни од бисери и со злато исткаена облека и сто кентенарии ковани пари од злато и сето тоа го потрошил за плата на својата војска. Откако го постави за архонт на градот Охрид патрикиј Евстатиј Дамнофил на кого што своевремено синовите на Хрисилиј и роднинини на Самуил му го предале Драч, и откако го снабдил со силна посада се вратил во својот логор. Таму Василиј II ја примил вдовицата на Јован Владислав Марија со тројцата синови и со шест ќерки, додека другите тројца синови уште порано успеале да избегаат во планината Томор која што била највисока во Керанијската гора. Таа со себе ги водела и незаконскиот син на Самуил како и две негови ќерки и петмина синови од кои еден од нив бил ослепен од Јован Владислав, тогаш кога и татко му и мајка му како и Владимир беа погубени. Иако царот сите ги примил љубезно и милостиво, сепак заповедал да ги чуваат сите заедно со другите. Тогаш во логорот стигнале и другите македонски големци, меѓу кои Несторица, Зарица и младиот Добромир секој со својата војска. Тие не само што биле убаво примени туку и царски почестени[325].

---

[324] *Византиски извори,* III, 123 – 135 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 574 - 576. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222. ; Божилов И., Гюзелев В., *История  на средновековна България* VII - XIV век, том  1,  326 - 331

[325] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 577-579. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222. ; Божилов И., Гюзелев В.,  *История на*

Во меѓувреме синовите на Владислав Прусијан, и неговите двајца браќа што како што беше предходно кажано избегале на планината Томор измачени и скршени поради опсадата, - византиските војници добиле наредба од царот да го опколат и да го набљудуваат подножјето на таа планината, - барале од Василиј II гаранција и ветувале дека ќе се предадат. На тоа василевсот им одгворил човекољубиво и веднаш тргнал од Охрид кон езерото наречено Преспа. Преминувајќи преку планината што се наоѓала меѓу Охридското и Преспанското езеро тој подигнал утврдување на нејзиниот и ја нарекол Василида а второто такво утврдување го изградил на споменатото Преспанско езеро[326].

Според ова би изгледало дека византискиот царот извесно време време се задржал на брегот на Преспанското езеро и во самата Преспа некогашната самуилова престолнина каде што можел удобно да се смести и да се одмори затоа што таму бил блескавиот и простран дворец на Самуил. Но секако дека неговиот немирн дух не можел долго да остане таму и затоа тој наскоро ја напуштил Преспа и пристигнал во Девол, каде што на импровизирана бина ги примил Прусијан и неговите браќа. Бидејќи тие биле исплашени, како што велат изворите царот не само што ги смирил со благонаклони и човекољубиви зборови туку и го почестил Прусијан со титула магистер а другите двајца со титулата патрикиј. Инаку царот Василиј II се задржал во Девол повеќе од било кој друг македонски град од следниве причини. По смртта на Јован Владислав и по предавањето на неговата вдовица Марија и синовите по покорувањето на другите велможи од цела Бугарија (Македонија), погоре споменатиот Ивец еден од најистакнатите војсководци на Владислав избегал на планината Брохот каде што имал многу убав дворец наречен Проништа опкружен со паркови и други

*средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б. *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[326] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антољак С., *Средновековна Македонија,* 577 - 579. ; Басотова Љ., *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

сретства за разонода. Тука тој постепено собирал војска и започнал да се подготвува за одметништво, со намера да крене востание и да ја пореземе бугарската (македонската) власт. Сето тоа во не мала мера го загрижило царот кој што поради тој бунтовник се откажал да го продолжил својот пат од Преспа туку скршнал кон југ и пристигнал во споменатиот Девол за да го натера на секој начин Ивец да го положи оружјето или да го покори во борба. Поради тоа и се задржал во Девол од каде што му испраќал писма на Ивец за да како што вели Антолјак да го вразуми за да не му се спротивставува, бидејќи веќе цела Бугарија (Македонија) била покорена и да не сонува за тоа што е невозможно и конечно да свати дека тоа што го започнал немало да му донесе никаква корист[327].

Но Ивец на сите овие писма одговарал со други и го одолговлекувајќи и оптегнувајќи, и така Василиј бил принуден и заведен од ветувањата на Ивец да остане во Девол цели педесет и пет дена. Кога архонтот на Охрид Евстатиј Дафномил видел дека на царот му било важно да се пресмета со Ивец, решил со двајца свои најверни луѓе на кои што им ја открил својата намерата да ја заврши работата. Ивец тогаш со народен собир ја го прославувал празникот Успение на пресвета Богороадица и на тој ден имал обичај да ги повикува на гозба не само блиските соседи туку и многу од подалечни места. Тоа го искористил Евстатиј за својот план, и тргнал непоканет заедно со своите слуги на таа свеченост. Влегувајќи во резиденцијата на Ивец, тој на стражарите им кажал кој е тој и дека доаѓа да се провесели заедно со нивниот заповедник[328].

Иако Ивец бил изненаден од неговото доаѓање тој убаво го примил и го прегнал. Утредента по утринската молитва, кога сите гости се разотишле Евстатиј успеал да го наговори Ивец да ги отстрани сите свои луѓе од себеси затоа што сакал да му соопшти нешто многу важно и корисно за него. Бидејќи

---

[327] *Византиски извор, III,* 123 - 135 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 580 - 581. ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

Ивец кој и не насетувал што му подготвува Евстатиј, бил уверен дека тој сака да им се придружи на неговите истомисленици во одметништвото, им наредил на своите слуги малку да се оддалечат. Потоа го фатил под рака и го одвел во еден парк обраснат со дрвја и каде што имало една длабнатина во која никаков погласен разговор не можел да се чуе поради густината на дрвата. Штом влегле внатре силниот Дафномил веднаш го фрлил Ивец на земја. Потоа со помош на своите слуги кои што на негов повик веднаш дотрчале и на зашеметениот Ивец му ги ископале очите и од таа вдлабнатина го фрлиле во дворот, а тие се засолниле во горните простории на високата куќа и со извадени мечови чекале да бидат нападнати. Кога се огромно мнозинство луѓе вооружени со сите можни видови оружје веднаш се собрале и гласно викале и барале овие предавници и убијци да бидат ликвидирани на најгрозен начин[329].

Кога виде дека им нема спас, Евстатиј решил да стори нешто и му се обратил на разбеснетиот народ со неколку карактеристични и на свој начин импресивни зборови. Во прв ред го уверувал мнозинството народ дека меѓу него и нивниот благородник Ивец немало никаква омраза и дека тие многу добро знаат дека Ивец е Бугарин односно Македонец а тој Ромеј не од тие краишта туку од Мала Азија која што е многу далеку од нив. На тоа дело тој бил принуден и го извршил по наредба на царот, како негово послушно орудије, Затоа ако така опколени ги убијат, нека знаат дека ќе им се одмазди оној кој што за нивната крв ќе бара одмазда и на кого тие не можеле долго да му се спротивставуваат[330].

По овој говор присутните дотогаш борбено расположени приврзеници на Ивец се исплашиле од споменувањето на одмаздата на царот па некои почнале на разни страни да се разотидуваат а други постари и попаметни изјавиле дека му се покоруваат на Василиј II пишува Скилица. Сега Евстатиј можел да го зароби Ивец и без никаква пречка да го одведе во Девол кај царот кој веднаш го

[329] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антољак *С., Средновековна Македонија,* 582 - 584. ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[330] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антољак *С., Средновековна Македонија,* 582 - 584. ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 – 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

фрлил во затвор. Истовремено поради својата храброст Дафномил веднаш бил произведен во стратег на Драч и царот му го подарил целиот недвижен имот на бунтовникот Ивец кој до последниот момент решително и упорно му се спротивставувал на моќниот цар[331].

Со овој свој храбар но злосторнички и измамнички начин Евстатиј го ослободил Василиј II од еден од најсилните и најупорните негови противници и со неговото ослепување и заробување престанал да постои силниот и организиран бунтовен отпор против навлегувањето на Византија на она што останало од една некогаш најмоќна држава. Сега уште останал засолнетиот во планината Николица. Тој бил често заробуван и пуштан на слобода од Василиј кој што своевренено му ја дал и патрикијската чест. Но тој се определил и решил да се бори за ослободување на својата земја од поробувањето, поради што со своите војници упорно се држел по планините се додека било тоа можно. Кога против Николица била испратена војска која го опколила, некои од неговите луѓе почнале доброволно да се предаваат, додека други биле заробени. Во такви околности Николица една ноќ слегол во царскиот логор и изјавил дека доброволно се предава во рацете на царот. Но Василиј II не само што не сакал да го види туку веднаш го испратил во Солун и наредил да го затворат[332].

По предавањето на Прусијан и неговите браќа како и на Ивец и на Николица слободно може да се каже дека во август и септември 1018 конечно бил скршен секаков натамошен отпор на некогашната самуилова држава и царство. Така „Бугарите" (Македонците) по многу подвизи и борби станале дел од земјата на Ромеите, бидејќи според пишувањата на Псел, покојниот Василиј II, кој се истакнувал меѓу сите автократори, нивната земја ја претворил ,што се вели во плен и ја уништил нивната моќ, така што ослабувајќи овој народ сосема и се покорил на силата на Ромеите. И продолжувачот на Георги Мономах живо ги опишал овој драматичен пораз на „ царот на Бугарите (на Македонците) и

---

[331] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 582 - 584. ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[332] *Византиски извори,* III, 123 – 135 ; Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 584. ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII – XIV век, том, 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

неговата војска" и патетично вели ; „Така царот ја скрши дрскоста и надуеноста на Бугарите и ги претвори во робови и потчинети [333]"

За време на ова подолго задржување во Девол (јуил и август) Василиј II според Скилица, ги средил работите како што во одделни околности најдобро му одговарало во Драч, Колонија и Дринопол и оставил посади и стратези во темите. Кои биле тие теми што ги обезбедил и ги средил? Ферлуга претпоставува дека тука станува збор за „ темите кои не биле многу оддалечени од Девол " што може, но немора да е точно. Не се знае ни тоа дали под овие теми од почетокот на XI век треба да се подразберат „ малите области околу една крепост или град " , но и тоа повеќе би можело да биде „ да" отколку „ не ". Исто така сега може да се постави прашањето дали Василиј II во Девол или уште во Скопје го назначил Давид Аријанит за катепан на Бугарија[334]? По веројатно е дека тоа именување не се случило веднаш по Скопје. Но сето тоа и не е толку важно колку самата нова институција на катепанат во Бугарија (Македонија) и определувањето на нејзиното седиште[335].

За ова како прв извор служи хрониката на Скилица и дополнувањата на Деволски а како уште посилно дополнување тоа го потврдува и Јахја со следните зборови : „ И си остави тој за себеси многу крепости и за управители над нив назначи Грци и другите ги разруши. И изврши организација на „ Бугарија" и во неа назначи василики т. е, управници на сите работи и имотот. И „ бугарската држава " беше присоединета кон грчката држава, и тој ја направи катепанат. И тоа стана четириесет и четвртата година од неговото царување " . Ваквиот вид управник на едно подрачје во византиската царство не било ништо ново. Така во Јужна Италија постоеле две византиски теми : лангобардиска и калабријска. Овој посед според Рачки обично се нарекувал Лангобардија, а со

---

[333] *Византиски извори,* III, 123 – 135 ; Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 584 - 585 ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 326 – 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[334] Во конкретниов случај под катепанат Бугарија се подразбира територијата на средновековната македонска држава управувана од царот Самуил и неговите наследници Гаврил Радомир и Јован Владислав.

[335] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 585 - 586 ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

таа покраина управувал еден општ гувернер под името „ катепан "испраќан таму од Цариград[336].

Во споредба со оваа покраина Лангобардија која што била управувана од катепан ни оваа под името „ Бугарија " не била голема туку, всушност помала воено - управна единица. Вистина е дека има право Јахја кога пишува дека царот извршил организација на „ Бугарија " и „ дека бугарската држава " ја присоединил кон „ грчката држава " но дека целата земја ја направил катепанат – нема право. Имено Скилица и неговиот продолжувач многу добро го разликуваат називот „ Бугарија " од оној „ цела Бугарија", така на пример кога говори за Самуил тој пишува дека станал монарх на „ цела Бугарија " Исто така кога го наведува Охрид, тој за овој град вели дека бил метропола на „ цела Бугарија ", исто така и кога говори за тоа дека на царот Василиј му се предале и другите благородници на „ сета (или цела) Бугарија". Но кога зборува пак за Охрид тој ги споменува дворците на царевите на „ Бугарија " и ги цитира архиепископите и архиереите на „ Бугарија ", додека Деволски знае само за катепанот исто така на „ Бугарија " а никако и на „ цела Бугарија " , како што во 1106 година си го присвоил - како архиепископ - Теофилакт Охридски („архиепископ на цела Бугарија")[337]

Значи Скилица како и неговиот продолжувач Деволски, свесно прават разлика меѓу едниот и другиот поим во поглед на Бугарија. Како доказ и потврда на тоа може да послужи и еден пример од хрватската историја од XI век. Имено во една исправа од 1067 година датирана во Задар стои : „ Regnante Domino Constantino Ducit magno imperatore prioratum vero Jadere retinente Domino Leone imperiati protospatario ac totius Dalmaciae catapano " Тоа се потврдува и во повелбата од 1069 година каде што покрај другите се наведува и „ Dominus Leo imperialis protospatarius ac totius Dalmatiae catapanus (C.A) testis " Значи овде точно се разликува поимот „ Далмација " од поимот „ цела

---

[336] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 586 ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 326 – 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска воена история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[337] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 586 - 587 ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска воена история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

Далмација ". Според тоа сега е јасно од овие примери називот „ Бугарија " со која што командувал како воено - административна единица именуван катепан е многу потесен од поимот „ цела Бугарија" или „целата земја на Бугарите" со која 1072 година управувал од царот именуван дукс[338].

Овие примери укажуваат на тоа дека создадениот катепанат не ја опфаќал цела Бугарија, туку само извесни предели на самуиловата држава, што индиректно го потврдува и Кекавмен кога зборува за востанието на Грците. Власите и Словените во Тесалија (1066) година во планините на „ Бугарија " и задржувањето на Андроник Филокал катепан на „ Бугарија " во Петерско, ако малку повнимателни се проанализира пасусот на тој текст во врска со геогравските податоци. Според тоа ни Јахја не мисли на „ цела Бугарија " туку само на „ Бугарија " и на „ Бугарската држава " т. е. само на како што вели Антолјак онаа државна творба на Самуил и Гаврил Радомир и Владислав која што постоела до 1018 година. Со други зборови тоа е средновековната македонска држава на чело со цар Самуил и неговите наследници. Седиште на овој катепанат станал стратегиски важниот град Скопје чии стратег и автократор станал катепан на „ Бугарија ". Со тоа значи Охрид за секогаш престанал да биде метропола на „ цела Бугарија " односно на средновековното македонско царство[339].

[338] *Византиски извори,* III, 123 - 135 ; Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 587- 588 ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

[339] *Византиски извори,* III, 123 – 135 ; Антолјак *С., Средновековна Македонија,* 588 - 590 ; Басотова, *Летописот на попот Дукљанин,* 220 - 222 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; Божилов И., Гюзелев В., *История на средновековна България* VII - XIV век, том, 1, 326 - 331 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 56 - 61

# ГЛАВА СЕДМА

## *СКИЛИЦА ЗА ВОСТАНИЈАТА ВО ЕДИНАЕСЕТИОТ ВЕК*

### Востанието на Петар Делјан од 1040 година

По покорувањето на македонската средновековна држава од страна на Византија во 1018 година започнал период на репресалии и угнетувања од секаков вид врз македонското население од страна на византиската власт. Македонците сеуште живо ги паметеле славните денови кога на чело со македонскиот владетел Самуил храбро им одолевале на налетите на Ромеите. Тие спомени уште повеќе ја поттикнувале желбата за отфрлање на византиската доминација и за обновување на македонското царство. Тоа довело до кревање на востание во 1040 година за ослободување на Македонија од византиска власт на чело со Петар Дељан.Тоа не останало не забележано од Скилица. Еве што вели нашиот извор за тоа : Τούτῳ τῷ ἔτει καὶ ἡ ἀποστασία γέγονε βουλγαρίας μετὰ εἰκοστὸν πρῶτον ἔτος τῆς αὐτῶν καταδουλώσεως καὶ ὑποταγῆς τοῦτον τὸν τρόπον. Πέτρος τις Βούλγαρος, Δελεάνος τὴν προσηγορίαν, δοῦλος Βυζαντίου τινὸς ἀνδρὸς ἀποδρὰς ἐκ τῆς πόλεως ἐπλανᾶτο ἐν βουλγαρίᾳ Δελεάνος τὴν προσηγορίαν, δοῦλις Βυζαντίου τινὸς ἀνδρὸς ἀποδρὰς ἐκ τῆς πόλεως ἐπλανᾶτο ἐν Βουλγαρίᾳ καὶ κατήντησεν ἄχρι Μοράβου καὶ Βελεγράδων (φρούρια δὲ ταῦτα τῆς Πανονίας τὴν περαίαν τοῦ Ἴστρου διακείμενα καὶ γειτονοῦντα τῷ κράλῃ Τουρκίας), καὶ υἱὸν ἑαυτὸν ἐφήμιζε Ῥωμανοῦ τοῦ υἱοῦ τοῦ Σαμουήλ, τεχθέντα αὐτῷ ἀπὸ τῆς θυγατρὸς τοῦ Οὐγγαρίας, ἣν ἒτι ζῶντος αὐτοῦ Σαμουὴλ μισήσας ἐδίωξε καὶ ἠγάγετο τὴν πανωραίαν Εἰρήνην τὴν Λαρισσαίαν καὶ τὸ γ ένος ἀνέσειε τῶν Βουλγάρων, πρὸ ὀλίγου τὸν τράχηλον ὑποβαλὸν τῇν δουλείᾳ καὶ λίαν ὀριγνῶμενον ἐλευθερίας[340]. διὸ καὶ πιστεύσαντες τοῖς παρ᾽ αὐτοῦ λεγομένοις βασιλέα τε αὐτὸν Βουλγαρίας ἀναγορεύουσι, καὶ ἄραντες ἐκεῖθεν διά Ναισσοῦ καὶ τῶν Σκούπων, τῆς μητροπόλεως Βουλγαρίας, ἵεντο ἀνακηρύττοντες καὶ

[340] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; *ГИБИ,* VI, 302 – 306 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 – 102.

ἀνευφημοῦντες τοῦτον, καὶ πάντα τόν παρευρεθέντα Ῥωμαῖον ἀνηλεῶς καὶ ἀπανθρώπως ἀναιροῦντες. ὅπερ μαθών Βασίλειος ὁ Συναδηνός στρατηγὸς Δυρραχίου τυγχὰνων, ἄρας τάς ἐγχωρίους δυνάμεις ἒσπευδεν ὑπαντῆσαι τῷ Δελεάνῳ πρὶν ἐπὶ μέγα ἀρθῆναι τὸ κακὸν καὶ πυρκαΐὰν ἀναφθηναι. γενόμενος δὲ κατὰ τὴν λεγομένην Δέβριν, καὶ προσκρούσας κατὰ τι μετά τινος τῶν ὑποστρατήγων Μιχαὴλ τοῦ Δερμοκαΐτου διαβάλλεται ἐς βασιλέα ὡς μελετῶν τυραννίδα. καὶ ὁ μέν εὐθύς παραλεύτεται τῆς ἀρχης καὶ ἐν Θεσσαλονίκῃ ἀχθεὶς ἐν φυλακῇ βάλλεται, στρατηγεῖν δὲ ἀντ᾽ αὐτοῦ προχειρίζεται ὁ Δερμοκαΐτης ὅς ἀπείρως καὶ φαύλως διοικῶν τὴν ἀρχὴν ἐν βραχεῖ χρόνου τὰ πάντα ἀνέτρεψε. πλεονεκτούμενοι γάρ οἱ ὑπ᾽ αὐτον καὶ ἀδικοῦμενοι, καὶ τοὺς ἑαυτῶν ἵππους καὶ τὰ ἅρματα ἀφαιρούμενοι καὶ αλλο πᾶν ὅπερ ἦν αὐτοις ἄξιον λόγου, κατεξανί στανται τοῦ στρατηγοῦ. ἀλλ᾽ ὁ μέν ὡς ᾔσθετο ἐπιβουλευόμενος νυκτός διαλαθὼν ἒφυγεν. Οἱ δὲ τῷ ἐκ βασιλέως δέει βαλλόμενοι ἀποστασίαν τεμελετῶσι καὶ τινα τῶν συνόντων αὐτοῖς στρατιωτῶν, Τειχομηρὸν τοὔνομα ἐπ᾽ ἀνδρείᾳ καὶ συνέσει μεμαρτυρημένον, βασιλέα προχειρίζοντα Βουλγαρίας. καὶ λοιπὸν γεγόνεσαι δύο στάσεις Βουλγάρων ἡ μὲν τὸν Δελεάνον ἀνευφημοῦσα, θατέρα δὲ τὸν Τειχομηρόν[341]. ἀλλ᾽ ὁ μὲν Δελεάνος γράμματα φιλικὰ πρὸς τὸν Τειχομηρὸν γράψας καὶ ἐπὶκοινοπραγίαν καλέσας ἒπεισεν ἐλθεῖν. ἐπεὶ δὲ ἡνωθη τὰ δύο στρατήματα τῶν Βουλγάρων, συγκαλεσάμενος ἅπαντας ὁ Δελεάνος παρεκάλει εἰ μὲν πεπληροφόρηνται ἀπὸ τοῦ Σαμουὴλ ἔκειν αὐτὸν τὴν σειρὰν καὶ ὑπ᾽ αὐτοῦ αἱροῦνται βασιλεύεσθαι, καὶ ἐκποδὼ ποιήσασθαι τὸν Τειχομηρόν εἰ δ᾽ ἀπὸ τρόπου τοῦτο αὐτοις, αὐτὸν μεν ἀποσκευάσασθαι, ἄρχεσθαι δὲ ὑπὸ τοῦ Τειχονηεροῦ. ῾δύο γάρ φησιν ἐριθακοὺς μία λόχμη οὐ τρέφει, οὔτε χώρα εὐοδωθήσεται ὑπὸ δύο κυβερνωμένη ἀρχηγῶν. Ταῦτα δὲ εἰπόντος αὐτοῦ θόρυβός τε ἤρθη πολὺς καὶ μόνον αὐτὸν βούλονται ἒχει ἒφασαν αὐτοκράτορα ἀρχεγον[342]. καὶ ἅμα τῃ βουλῇ λίθους ἄραντες λιθολευ στοῦσι τὸν ἄθλιον Τειχομηρόν. καὶ ὁ μὲν ὡς ἐν ὀνείρῳ δόξας σὺ τῇ ἀρχῇ καταστρέφει καὶ τὴν ζωή, πᾶσα δὲ ἡ ἐξουσία μεθίσταται εἰς τὸν

[341] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; *ГИБИ*, VI, 302 - 306 ; *Византиски извори*, III, 141 - 155 ; *Документи*, 1, 97 – 102.

[342] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; *ГИБИ*, VI, 302 - 306 ; *Документи*, 1, …97 - 102 ; *Византиски извори*, III, 141 – 155.

Δελεάνον[343]. ἀποστέλλει γε μὴν καὶ καθαιρεῖ τὸ φρούρον τὴν βασιλίδα αὗτος δὲ τὰς δυνάμεις ἄρας ἁπάσας πρὸς Θεσσαλονίκη κατὰ τοῦ βασιλέως. ὅπερ μαθὼν ἐκεῖνος ἀσυντάκτως ᾤχετο ἐς Βυζάντιον, καταλιπὼν πᾶσαν τὴν ἀποσκευὴν καὶ τὴν σκηνὴν καὶ ὅσον χρυσίον ἦν καὶ ἄργυρος καὶ ὑφάσματα ἅπερ Μανουὴλ ὁ Ιβάτζης ᾠκειωμένος ὧν τῷ βασιλεῖ προσταχθείς ἀφελέσθαι καὶ ἐπακολουθεῖν, ἀναλαβόμενος προσεχώρησε τῷ Δελεάνῳ μετὰ καὶ τινος Κοιτωνίτου, ἑνος τῶν θαλαμηπόλων εὐνοῦχων[344].

Γέγονε δὲ καὶ αὐχμας κατὰ τοῦτον τὸν χρόνον, ὡς σχεδὸν ἀποξηρανθῆναι τὰς ἀφθόνους πηγὰς καὶ τοὺς ἀεννάους ποταμούς ἐγένετο δὲ καὶ τῇ Ἐξαρτὴσει, κατὰ τὴν ἕκτην τοῦ Αὐγοὺστου μηνός, καὶ ἐνεπρήσθησαν αἱ ἐκεῖσε ἱστάμεναι πᾶσα τριήρεις μετὰ τῆς ἑαυτῶν παρασκευῆς.Ὁ δὲ Δελεάνος ἀποσκευσάμενος, ὡς εἲπομεν, τὸν Τειχομηρὸν καὶ πάντων τῶ πραγμάτων κύριος καταστὰς γενναίως ἐξηγεῖτο τῶν ἔργων, καὶ πρότερον μέν ἀποστείλας πλῆθος στρατηγὸν ἔχον τὸν λεγόμενον Καυκάνον εἵλε τὸ Δυρράχιον. ἀπέστειλε δὲ καὶ στρατιὰν ἑτέραν ἐν Ἑλλάδι, στρατηγουμένην ὑπο Ἀνθίμου, ἧτινι ὑπαντιάσας ὁ Ἀλακσασεὺς καὶ συμμίξας ἐν Θήβαις τρέπεται, καὶ ὀναιρεῖτται πλῆθος τῶ Θηβαίων πολὺ. τότε δὴ καὶ τὸ θέμα Νικοπολῶν, πλὴν Ναυπάκτου προσερρύη Βουλγάροις δι᾽ αἰτίαν τὴν ῥηθήσεσθαι μέλλουσαν[345].βυζάντιος γάρ τις ἄνθρωπος ᾽ Ιωάννης τοὔνομα Κουτζομύτης τὴν ἐπωνυμίαν πράκτωρ τῶ ἐκεῖσε δημοσίων φόρων πεμφθεὶς καὶ βαρέως προσενηνεδμὶνος τοῖς ἐγχωρίοις ἑαυτῷ τε ὄλεθρον προεξένησε καὶ ἀποστάσεως αἲτιος γέγονε τοῖς Νικοπολίταις[346]. μὴ φέροντες γὰρ τὴν αὐτοῦ πλεονεξίαν ἀποστατοῦσι,καὶ αὐτὸν μέν εἰς μέλη καὶ μέρη κατέτεμον, αὐτοὶ δὲ τὸν βασιλέα δυφημήσαντες Ῥωμαίων τοῖς Βουλγάροις προσέθεντο. οὐ τοσοῦτον δὲ διὰ τὸ πρὸς τὸν Δελεάνον φίλτρον ἀφηνίσασν καὶ τὸν Ῥωμαΐκὸν ζυγὸν ἀπέρριψαν ὅσον διὰ τὴν τοῦ ὀρφανοτρόφου ἀπληστίαν καὶ πρὸς τὰς ὑπάρξεις ὑπερβολήν. Βασιλείου γὰρ τοῦ Βασιλέως ὁπηνίκα Βουλγάρους ἐχειρώσατο, μὴ νεοχμῶσαι θελήσαντος ὅλως μηδὲ μετακινῆσαι τὰ πράγματα

[343] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; *ГИБИ*, VI, 302 - 306 ; *Византиски извори*, III, 141 - 155 ; *Документи*, 1, 97 – 102.

[344] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; ГИБИ, VI, 302 - 306 ; *Документи*, 1, 97 – 102.

[345] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; *ГИБИ*, VI, 302 - 306 ; *Византиски извори*, III, 141 - 155 ; *Документи*, 1, 97 – 102.

[346] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; *ГИБИ*, VI, 302 - 306 ; *Византиски извори*, III, 141 - 155 ; *Документи*, 1, 97 – 102.

ἀλλ᾽ ἐπὶ τῆς αὐτῆς μένειν καταστάσεως καὶ οὕτω διεξάγεσθαι, καθώς που ὁ Σαμουὴλ διωρίσατο, καὶ διδόναι τὸν ζεῦγος βοῶν ἔχοντα Βούλγαρον εἰς τὸ κοινὸν σίτου μόδιον ἕνα καὶ κέγχρου τοσοῦτον καὶ οἶνον στάμνον ἕνα ὁ ὀρφανοτρόφος ἀντὶ τῶν εἰδῶν νομίσματα δίδοσθαι διωρίσατο. ὅπερ μὴ εὐφόρως οἱ ἐγχώριοι φέροντες, εὑρόντες δὲ καὶ καιρὸν εὔκαιρον τὴν τοῦ Δελεάνου ἐπιφάνειαν, τὴν Ῥωμαϊκὴν ἀπεσείσαντο ἡγεμονίαν καὶ πρὸς τὸ ἀρχαῖον ἐπανέδραμον ἔθος[347].

Σεπτεμβρίου δὲ μηνός ἰνδικτιῶνος ἐννάτης τοῦ ςφμθ᾽ ἔτους Ἀλουσιάνος πατρίκοις καί στρατηγὸς Θεοδοσιουπόλεως ὁ τοῦ Ἀαρὼν δεύτερος υἱος ἄφνω τῆς πόλεως ἀποδρὰς τῷ Δελεάνῳ προσέρχεται ἔξ αἰτίας τοιαύτης. ἔν Θεοδοσιουπόλει καὶ γὰρ στρατηγῶν οὕτος καὶ ὡς ἄδικος κατηγορηθείς, πρὶν ἤ ἔξετάσει δοθῆναι τὰ κατ᾽ αὐτοῦ λεγόμενα, ἀπητηθη παρὰ τοῦ Ἰωαννου λἶτρας χρυσίου πεντήκοντα, προσαφῃρέθη δὲ καὶ γυναικεῖον χωρίον. ὅπερ εἶχεν ἐν τῷ Χαρσιανῷ κάλλιστον.δεηθεὶς δὲ περὶ τούτου τοῦ βασιλέως πολλὰ καὶ μὴ τυχὼν ἐπιστραφῆς πάντοθεν άπογνούς στολὴν λαβὼν Ἀρμενίων, καὶ ὥς τάχα θεράπων τοῦ Θεοδωροκάνου Βασιλείου ἐς τὸν βασιλέα εἰς Θεσσαλονίκην ἀπιών, λαθὼν πάντας ἔγυγε καὶ ἐν Ὀστροβῷ διασῴζεται ἐκεῖσε πανσυδὶ τοῦ Δελεάνου ἐστρατοπεδευμένου τυγχά. Τοῦτον περιχαρῶς δεξάμενος ὁ Δελεάνος (ἐδεδοἰκει γὰρ, μή πως προστεθῶσιν αὐτῷ μᾶλλον οἱ Βούλγαροι ὡς εἰς βασιλικὸν αἶμα τὴν ἀναφορὰν ἔχοντι) καὶ κοινωνόν, ὡς ἐδόκει, τῆς βασιλείσς παρειληφώς, στρατιὰν αὐτῷ δίδωσι χιλιάδας τεσσαράκοντα ἀπελθεῖ κελεύσας καὶ ἐκπολιορκῆσαι Θεσσαλονίκην.ἦρχε δὲ τότε τῆς πόλεως Θεσσαλονίκης Κωνσταντῖνος πατρίκιος ὁ τοῦ βασιλέως ἀνεψιός ὅς ἀπελθὼν καὶ τάφρον περιβαλλόμενος ἐπιμελῶς εἴχετο τῆς πολιορκίας. ἐπὶ ἕξ δὲ ἡμέρας ἀποπειρασάμενος τῆς πόλεως ἑλεπόλεσι καὶ μηχαναῖς καὶ πάντοθεν ἀποκρουσθεὶς καὶ τοῖς πᾶσιν ἀπειρηκὼς διὰ προσεδερείας ἐδὸκει ἀνύσαι τὰ σπουδαζόμενον. μιᾷ δὲ τῶν ἡμερῶν τῷ τάφῳ τοῦ μεγαλομάρτυρος Δημητρίου προσελθόντες οἱ ἐπιχώριοι, καὶ πάννυχον ἐπιτελέσαντες δέησιν καὶ τῷ μύρῳ τῷ ἐκ τοῦ θείου τάφου βλύζοντι χρισάμενοι, ὡς ἐκ μιᾶς ὁρμῆς ἀναπετάσαντες τὰς πύλας ἐξέρχονται

---

[347] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; *ГИБИ,* VI, 302 - 306 ; *Византиски извори*, III, 141 - 155 ; *Документи*, 1, 97 – 102.

κατὰ τῶν Βουλγάρων[348]. συνῆν δὲ τοῖς Θεσσαλονικεῦσι τὸ τὰγμα τῶν μεγαθύμων ἐξελθόντες δὲ καὶ τῷ ἀπροσδοκῆτῳ καταπληξάμενοι τρέπουσι τοὺς βουλγάρους μηδ᾽ ὅλως πρὸς ἄμυναν ἢ ἀλκὴν στῆναι βουληθέντας τοῦ μάρτυρος προηγουμένου τῆς Ῥωμαϊκῆς στρατιᾶς καὶ τὴν πορείαν προομαλίζοντος καθὼς ἐνωμότως διεβεβαίουν οἱ αἰχμαλωτισθέντες Βούλγαροι, λέγοντες νεανίαν ἒφιππον ὁρᾶν προηγούμενον τῆς Ῥωμαϊκῆς φάλαγγος, ἐξ οὗ πῦρ ἐξαλλόμενον ἐπυρπόλει τοὺς ἐναντίους. ἒπεσον οὖν πλείω τῶ πεντεκαίδεκα χιλιάδων δορυάλωτοι δὲ ἐλήφθησαν οὐκ ἐλάττους τούτων. οἱ δὲ λοιποὶ αἰσχίστων σὺν τῷ Ἁλουσιάνῳ πρὸς τὸν Δελεάνον διασῴζονται. Τούτῳ τῷ ἒτει ἰνδικτιῶνος ἐννάτη Ἰουνίου δεκάτῃ περὶ ὥραν τῆς ἡμέρας δωδεκάτην γέγονε σεισμός[349].

Μετὰ δὲ τὴν τροπὴν ἑνωθέντες ὅ τε Δελεάνος καὶ ὁ Αλουσιάνος ὑπενοοῦντο ἀλλήλους ὁ μὲν διὰ τὴν ἧτταν αἰσχυνόμενος ὁ δὲ προδοσίαν ὑποπτεύων καὶ ἐπεβούλευον ἀλλὴλοις καιροφυλακοῦντες. σκευασάμενος οὖν ὁ μετά τινων οἰκείων αὐτῳ καὶ ἄριστον ποιῆσας καὶ εἰς εὐωχίαν καλέσας τὸν Δελεάνον. Κραιπαλοῦντα καὶ μεθύοντα κατασχὼν ἀπετύφλωσες, ὡς μηδὲ συναίαθησιν ὅλως τοῖς Βουλγάροις δοθῆναι τοῦ γεγονότος. καὶ μὲν ὁ βασιλεὺς εἰς τὸ Βυζάντιον πρὸς τὸν ὀρφανοτρόφον ἐκπέμπει, ἐς τὸ τῶν μαγίστρων ὕψος ἀναβιβάσας αὐτὸς δὲ ἄρας ἐκ Μουσυνουπόλεως ἂπεισιν ἐν Θεσσαλονίκῃ. ἒπεμψεν δὲ διαβὰς εἴσεισιν ἐν Βουλγαρίᾳ, καὶ τὸν Δελεάνον κατασχὼν ἒπεμψεν ἐν Θεσσαλονίκῃ αὐτὸς τὰ ἐνδότερα γενόμενος ἐτι γὰρ Μανουὴλ ὁ Ἰβάτξης δέμα ξύλινον κατασκευάσας κατά τὸν Πρίλαπον ᾧετο ἀπεῖρξαι προσωτέρω χωρεῖν τὴν βασιλικὴν στρατιὰν καὶ ἒνδον κατέχειν. ἀλλ᾽ ὁ βασιλεὺς ἐκεῖσε γενόμενος λόγου θᾶττον τό τε ξύλινον τεῖχος διέρρηξε καὶ τὸ σύστημα τῶν Βουλγάρων διεσκέδασε καὶ τὸν Ἰβάτζην κατέσχε. καὶ καταστησάμενος πάντα τὰ ἐν Βουλγαρίᾳ στρατηγοὺς ἐν τοῖς θέμασι τάξας εἴσεισιν ἐν τῇ βασιλίδι ἐπαγόμενος μεθ᾽ ἑαοτοῦ τόν τε Δελεάνον καὶ τὸν Ἰβάτζην. τῇ δὲ κατεχούσῃ τοῦτον νόσῳ ἐντρυχωθεὶς καὶ πάντοθεν τῆς ἰδίας ἀπογνοὺς σωτηρίας ἀποκείρεται μοναχός παρὰ τοῦ μοναχοῦ Κοσμᾶ τοῦ Τζιντζιλουκίου ὃς διὰ παντὸς συνῆν αὐτῳ καὶ ἐνουθέτει τὰ δέοντα,

[348] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; *ГИБИ*, VI, 302 - 306 ; *Византиски извори*, III, 141 - 155 ; *Документи*, 1, 97 - 102.

[349] Scylitzae, *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; *ГИБИ*, VI, 302 - 306 ; *Византиски извори*, III, 141 - 155 ; *Документи*, 1, 97 - 102

Δεκεμβρίου δὲ δεκάτῃ τοῦ ϛφν ἔτους ἰνδικτιῶνος δεκάτης θνῄσκε ἐν μετανοίᾳ καὶ ἐξομολογήσει τῆν εἰς τὸν βασιλέα Ῥωμανὸν ἁμαρτάδα ἀποκλαιόμενος βασιλεύσας ἐπὶ ἔτη ἑπτὰ καὶ μῆνας ὀκτώ ἀνὴρ τἆλλα μὲν ἐπικεικῆς καὶ χρηστὸς καὶ εὐλαβῶς δόξας βιοῦν, πλὴν τοῦ εἰς τὸν βασιλέα Ῥωμανὸν ἁμαρτήματος. ἀλλὰ καὶ τοῦτο οἱ πολλοί τῷ ὀρφανοτρόφῳ προσάπτουσιν[350].

(Таа година се кренаа Бугарите (Македонците) и тоа на овој начин. Некој Бугарин (Македонец) Петар наречен Делјан кој што беше роб на некој човек од Цариград избега од градот и талкаше низ Бугарија (Македонија) и стаса до Морава и Белград, тврдини кои што лежат на спротивниот брег на Дунав и се соседни на Унгарскиот крал. И разгласи дека е тој син на Роман (Гаврил Радомир) синот на Самуил, роден од ќерката на унгарскиот крал која што уште додека беше жив Самуил овој (Гаврил Радомир) ја замрази, изгони и се ожени со убавата Ирина од Лариса, и го бунтуваше народот на Бугарите (Македонците) кои што пред кратко време го подметнаа вратот на ропството и силно тежнееа за слобода. Заради тоа му поверуваа во она што го зборуваше и го прогласија за крал на Бугарија (Македонија) и се кренаа и го поминаа Ниш и се упатија кон Скопје престолнината на Бугарија (Македонија) тие по патот беа пречекувани со песни. А кога ќе сретнеа Ромеи тие сурово ги убиваа. Кога слушна за тоа Василиј Синадин тогашниот стратег на Драч ги крена тамошните војски и побрза да го пресретне Дељан пред злото да стане поголемо и да запали пожар. Но кога стигна кај Дебар тој за нешто се скара со еден од стратезите Михаил Дермокаит и беше наклеветен пред царот дека размислува за узурпација и веднаш беше сменет од службата и однесен во Солун и фрлен во затвор. На негово место беше назначен Дермокаит кој што заповедаше неопитно и лошо и за кусо време се преврте наопаку. И неговите потчинети беа оставени без коњите и колите и се друго што имаше вредност за нив се побунија против

[350] Scylitzae *Synopsis historiarum*, 409, 87 - 415, 56 ; *ГИБИ*, VI, 302 - 306 ; *Византиски извори*, III, 141 - 155 ; *Документи*, 1, 97 - 102

стратегот. А тој кога слушна дека подготвуваат заговор против него избега тајно една ноќ. Тогаш тие од страв од императорот кренаа востание и го прогласија за цар на Бугарија (на Македонија) еден од своите по име Тихомир кој што се докажа по својата храброст и мудрост. И така настанаа две востанички војски од бугарите (од македонците) едната го признаваше Дељан а другата Тихомир. И Дељан му напиша на Тихомир пријателско писмо во кое што го повикуваше да дојде и заедно да дејствуваат. Кога двете бугарски (македонски) војски се здружија Дељан ги собра сите и ги повика да го отстранат Тихомир ако му веруваат дека води потекло од Самуил и ако сакаат тој да им биде цар. Ако пак тоа за нив е непожелно, да го напуштат него и да му се придружат на Тихомир. Затоа што рече тој еден жбун не може да рани две црвеношии, ниту пак една држава напредува ако е управувана од двајца водачи. Кога ги кажа тие зборови настана голема мешаница и сите рекоа дека го сакаат само него за владетел. Кога ја донесоа таа одлука веднаш зедоа камења и го убија несреќниот Тихомир, кој што само како на сон ја доби власта и ја изгуби заедно со животот, а целата власт мина во рацете на Дељан. Тој ја крена војската и тргна кон Солун против императорот. Кога слушна за тоа императорт замина за Цариград и го остави зад себе шаторот и целото злато и сребро и облеката. Мануил Ивец кој што беше во неговата придружба доби наредба да ги земе тие работи и да му ги донесе. Но тој откако ги зеде се приклучи кон Дељан заедно со евнухот Китонит. А Дељан кога го отстрани Тихомир како што беше кажано и стана господар на се започна храбро да раководи со востанието. Најпрво испрати една војска предводена од Кавкан која го заседе Драч. А друга војска на чело со Антим беше испратена во Елада. Против неа тргна Алексиј кој што откако влезе во судир со нив кај Теба беше разбиен и многу Тебанци беа убиени. Тогаш и темата Никопол со исклучок на градот Навпакт им се приклучи на Бугарите (на Македонците) а причината за тоа ќе биде изложена. Имено еден цариградец по име Јован а по прекар Куцомит беше испратен да ги собира тамошните државни даноци. Бидејќи тој сурово се однесуваше кон месното население ја предизвика својата смрт и беше причина за востанието на Никополчани. Тие бидејќи не можеа повеќе да ја поднесат неговата алчност се разбунтуваа и го исекоа на парчиња, а самите бидејќи зборуваа лошо за императорот на византијците им се приклучија на Бугарите (на Македонците) Тие кренаа востание и ја отфрлија

византиската власт не толку од благонаклоност кон Дељан, колку од ненаситноста на Орфанотрофот и поради прекумерното собирање на даноци. Затоа што царот Василиј кога ја покори бугарската (македонската) земја не сакаше ништо да смени ниту воопшто да воведе новини туку ги остави работите во предходната состојба така како што ги нареди Самуил, имено секој Бугарин (Македонец) кој што има чифт волови да дава на државата по една мера жито исто толку просо и една стомна вино. А наместо храна Орфанотрофот нареди да се даваат номизми. И така бидејќи месното население не можеше лесно да го поднесе тоа кога најде погоден случај кога се појави Дељан ја отфли византиската власт и се врати на стариот начин на управување. Во месецот септември во деветиот индикт 1040 година вториот син на Арон, Алусијан кој што беше патрикиј и стратег на Теодосиопол му се приклучи на Дељан од следната причина. Како стратег на Теодосиопол тој беше неправедно обвинет и пред да бидат разгледани доказите против него Јован му наложи да плати 50 литри злато и му го зема величествениот имот на неговата жена. Алусијан и пред тоа се жалеше пред царот за тоа но не доби поддршка, се откажа од се и откако се облече во ерменска облека како слугата на Василиј Теодоркан кој што оди кај императорот во Солун излезе тајно од сите од градот и избега во Острово каде што тогаш престојуваше Дељан со целата војска. Дељан го прими многу срдечно затоа што се плашеше Бугарите (Македонците) да не сакаат да се приклонат кон него затоа што беше потомок од царска крв. Можеби затоа ја подели со него царската власт и му даде четириесет илјади војска и го испрати да го опседне Солун. Управникот на тој град тогаш беше патрикиј Константин. Кога отиде Алусијан го огради градот со ровови и ја почна жестоката опсада. Шест дена тој се обидуваше да го освои градот со катапулти и други машини. Тој од секаде беше одбиван и кога се откажа од нападите и се реши да ја постигне целта со долготрајна опсада. Во еден од тие денови жителите отидоа на гробот на великомаченикот Дикитриј цела ноќ бдееа таму и се служеа со миро кое што избликуваше од божествениот гроб. Потоа веднаш ги отворија вратите и излегоа против Бугарите (Македонците) Со солунчаните беше и одредот на скандинавците. Кога ненадејно излегоа тие ги исплашија и ги натераа во бегство Бугарите (Македонците) кои што не се ни обидоа да се бранат или да се спротивставаат, бидејќи маченикот ја предводеше византиската војска и им го расчистуваше патот како заколнати велеа заробените Бугари

(Македонци) Тие велеа дка виделе како византиската војска ја води еден млад коњаник. И тогаш загинаа повеќе од петнаесет илјади бугари (македонци) а не помалку беа заробени. А останатите заедно со Алусијан избегаа кај Дељан. По поразот Дељан и Алусијан започнаа да се сомневаат еден во друг, бидејќи вториот се срамеше од поразот, а првиот затоа што насетуваше побуна. Тие почнаа да се подготвуваат за да се пресметаат и чекаа погоден момент. Алусијан подготви гозба со неколку луѓе и го покани Дељан. Кога главата на Дељан му беше заматена од пиењето тој го фати и го ослепе пред Бугарите (Македонците) да забележат што се случило тој избега кај императорт во Мосинопол. Царот го испрати во Цариград кај Орфанотрофот, а потоа го произведе во чин магистер откако и самиот од Мосинопол отиде во Солун. Оттаму премина и навлезе во Бугарија (Македонија) го фати Дељан и го испрати во Солун а самиот змина во внатрешноста на земјата. Затоа што Мануил Ивец крена дрвена преграда кај Прилеп затоа што сметаше дека така ќе ја запре царската војска да не напредува и да не ја заземе внатрешноста на земјата. Но царот дојде молскавично брrу ја разурна преградата и го фати Ивец. И откако ги среди работите во Бугарија (во Македонија) и постави стратези на темите се врати во престолнината водејќи ги со себе Дељан и Ивец. Измачуван од својата болест царот сосема изгуби надеж за спас и беше потстрижан за монах од монахот Козма Цинцукул кој што постојано беше со него и му ги даваше неопходните совети. На 10 декември 1041 година во десетиот индикт царот умре откако се исповеда и откако си ги окаја гревовите. Тој царуваше околу седум години и осум месеци и беше разбран, добар и живееше благочестиво, ако ги исклучиме гревовите кон Роман. Но многумина и тоа му го припишуваат на Орфанотрофот.)[351]

За востанието на Петар Дељан зборува и современикот на тие настани историчарот Михаил Псел кој што со презир зборува за македонскиот цар Дељан затоа што како што е познато во науката тој го познавал братучедот на Петар Дељан, Алусијан и со цел да го престави како доблесен и праведен својот пријател го оцрнува и зборува презриво за Дељан. Еве ги зборовите на Псел за тоа : Πολλί μὲν οὖν εὖ οιδ᾽ ὅτι τών ἐκείνον βίον εἰς χρονικὰς ιστορίας

[351] Scylitzae, *Synopsis historiarum,* 409, 87 - 415, 56. ; *ГИБИ,* VI, 302 - 306 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102 ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390 – 391 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 711 – 725 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 67 - 73

ἀνενεγκόντες ἄλλο τι παρὰ τὴν ἡμετεραν ἴσως γραφὴν ἀφηγήσοντα. ἡ γὰρ τοῦ ἐναντίου· ὑστόνοια τῆς ἀληθείας μᾶλλον ἐν τοῖς κατ᾽ ἐκεῖνον χρόνοις ἐκράτει· ἀλλ᾽ ἐγὼ ἐν αὐτοῖς παρεντυχὸν τοῖς πράγμασι, τὰ δὲ καὶ παρα τῶ πεπλησιακότων ἐκείνῳ μεμαθηκὼς ὁπόσα ἀπορρητοτέραν ἔχει τὴν ἱστορίαν δίκαιος εἰ ω δικαστὴς, εἰ μὴ μοί τις τῶν λόγων μεμψοιτο ᾧν τε τεθέαμαι καὶ ᾧν ἠκηκόειν· πλὴν ἀλλὰ τὰ μὲν πλείω ὧν εἰρήκειν θύραν ἴσως ἀνοίξει γλωσσαλγίας τοῖς κακοήθεσι, περί δὲ ὧν μέλλω ἐρεῖν οὐκ οἶδα εἴ τις τῆς ἀληθείας ἀμφισρητήσιεν ᾿Αλλ᾽ ὅσα μὲν ἐκεῖνος πρός τε τάς ἐμφλίους στάσεις καὶ τοὺς ἐθνικοὺς πολέμους ῳκυνόμησε καὶ διήτησε μακρὸν ὦ εἴη καταλέγειν ἕν δὲ τῶν πάντων ἐκλεξάμενος, φημὶ δὴ τὸν κατὰ τῶν βαρράρων ἀγῶνα κεφαλαιώδει τοῦτο ἐπιδραμοῦμια ἐπιτομῆ[352].

Το γάρ δὴ γένος {τῶν Βουλγάρων} πολλοῖς πρότερον κινδύνοις καὶ μάχαις μέρος τῆς Ῥωμαίων ἐπικρατείας γενόμενον, Βασιλείου ἐκείνου τοῦ ἐν αὐτοκρατορσι λάμψαντος λείαν, ὃ δὴ λέγεται, τὰ ἐκείνων ποιησαμένου, καὶ τὸ μὲν κράτος ἀφελομένου, ὥσπερ δὲ παντάπασιν ἠσθενητὸς τῇ τῶν Ῥωμαίων ἰσχύι προσερεῖσαν βραχύν τινα χρόνον τὴν τοιαύτην ὑπομεμενηκὸς ἧτταν ἐπὶ τὴν προτέραν ἀλαζονείαν παλινδρομεῖν ἐπεχείρησαν· καὶ τέως μὲν οὐκ ἐν τῷ φανερῷ ἐξέφαινε τὴν ἀποστασίαν ἐπεὶ δέ τις τῶς ἐξ ἑτοιμου παρακινούντων τὸ ἐκείνων θράσος προσγέγονεν, ἀθρόον εἰς ἀντίπαλον ἑαυτοῖς μοῖραν κατεστήσατο[353].

Τὸ δὲ κινῆσαν τούτους πρὸς τὴν τοιαύτην ἀπόνοιαν, τέρας τι, ὡς ἐκείνοις ἐδόκει τοῦ γένους αὐτῶν ἀποφύεται. ἀνὴρ τὸ μὲν γένος οὐδ᾽ ὅσον ἀξιοῦσθαι μνήμης, ποικίλος δὲ τὴν γνώμην καὶ καταπανουργεύσασθαι τοὺς ὁμοφύλους δειότατος, Δολιάνος τὸ ὄνομα οὐκ οἶδα εἴτε πατρόθεν τῆς τοιαύτης προσηγορίας κληρονομήσας εἴθ ᾿ἑαυτῷ τὴν κλῆσιν ἐπιφημίσας οὗτος ἐπειδὴ τὸ σύμπαν ἐθνος ἀποστῆναι Ῥωμαίων βεβουλευμένον διένωκεν, ἐρημία δὲ τοῦ ἄρξαντος καὶ πρὸς τοῦτο χειραγεγήσαντος μέχρι τῶν βεβουλεωμένων ἱστάμενον, πρῶτα μὲν ἀξιολογώτατον ἑαυτὸν ἀποδείκνουσι καὶ πρὸς μὲν βουλὴν συνετώτατον, πρὸς δὲ πολεμικὴν πρᾶξιν ἐπιπτηδειότατον. Ἐπεὶ δὲ ἐντεῦθεν τὰς ἐκείνων εἰλήφει γνώμας καὶ μόνον αὐτῷ γένους ἔδει λαμπροῦ

[352] Michel Psellos *Chronographie,* I - II, ed, E. Renauld, Париз, 1926 ; 1928 ; *ГИБИ,* VI, 94 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102

[353] Michel Psellos Chronographie, I - II, ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *ГИБИ,* VI, 94 ; *Документи,* 1, 97 - 102

πρὸς τὴν τῆς ἡγεμονίας αἵρεσι (ἐν ἔθει γὰρ Βουλγάροις τοὺς ἐκ βασιλείου γένους εἰς ἐπιστασίαν τοῦ ἔθνους παραλαμβάνειν), ἐπεὶ τοῦτο ᾔδει πάτριόν τε καὶ νόμιμον εἰς τὸν Σαμουὴλ ἐκεῖνον καὶ τον τούτου ἀδελφὸν Ἀαρὼν, τοὺς πρὸ μικροῦ τοῦ παντὸς γένους ἀρξαντάς τε καὶ βασιλεύσαντας, ἑαυτὸν ἀναφέρε μονον, οὐχὶ γνησίους γονάς τῆς βασιλείου ὀσφύος προσμαρτυρήσας ἑαυτῷ ἀλλ᾽ οἷον παραβλάστημα τῆς ἐκεῖθεν ῥίζης ἢ ἀποδείξας, πείθει τε εὐφυως, καὶ ἐπὶ τῆς ἀσπίδος ἄραντες τὴν ἀρχην αὐτῷ ἐγχειρίζουσι· κἀντενεῦθεν τὰς μελετωμένας γνώμας δημοσιεύσαντες περιγράμουσιν ἑαυτοὺς ἐπιγράφουσιν, ἐντεῦθεν ἐπιδρομάς τε καὶ λῃστείας κατὰ τῶν Ῥωμαϊκῶν χωρίων ποιούμενοι[354].

Εἰ μὲν οὖν εὐθὺς εἰς τὴν βασίλειον ἀρχὴν ἀναβάντι τῷ αὐτοκράτορι ἡ τοιαύτη τοῖς βαρβάροις ἐτολμήθη ἀπόω, ἔγνωσαν· ἄν οὐκ εἰς μακρὰν οἵω προσκεκρούκασαιν βασιλεῖ· ἤνθει γὰρ τηνικαῦτα τὸ σῶμα ἐκείνω καὶ ῥωμαλέως εἶχε πρὸς τοὺς κινδύνους καὶ οὐδὲν ἦν ἐκείνῳ πρᾶγμα εὐθίς τε τα ὅπλα λαβεῖν καὶ σὺν τοῖς λογάσι τῶν στρατηγῶν ἐπὶ τὴν ἐκείνων ἐληλυθέναι καὶ διδάξαι μὴ ταχέως Ῥωμαίων ἀφίστασθαι ἐπεὶ δὲ φθίνοντι ἤδη καὶ ἀπεγνωσμένως τοῦ σώματος ἔχοντι ἡ τῆς ἀποστασίας αὕτη ὠδὶς αὐτοῖς ἐξερράγη ὁπηνίκα καὶ ἡ βραχεῖα τούτῳ ἐδυσχεραίνετο κίνησις καὶ οὐκ ἦν εὐπετῶς τὴν περιβολὴν ἐνεγκεῖεν, ἔδοξάν τοι οἵσπερ ἐπὶ σκηνῆς βραχύν τινα χρόνον σχηματίσασθαι τὰ τῆς τυραννίδος καὶ ἀπολαῦσοι τῆς ὁμοιώσεως, ἕως ἄν ἐκεῖνον ἡ τῆς ψυχῆς ζέσις ὁ περὶ τὰ καλὰ ζῆλος ἀπροσδοκήτως ἐπέρρωσαν, καὶ μετάρσιον ἄραντες ἐπ᾽ ἐκείνους ἀπήνεγκαν[355].

Ὡς γὰρ ἠκηκόει τὸ πράγμα ἐβουλήθη μὲν εὐθὺς πρὶν ἤ τον λόγον τῆς ἀγγελαίς πέρας λαβεῖν πόλεμόν τε κατ´ ἐκείνων ἐξενεγκέσθαι καὶ αὐτὸς τῆς ὁλης προιστασθαι παρατάξεως· ἀνατεῖχε δὲ το σῶμα καὶ ἡ νόσος εἰς τοὐναντίον ἀπῆγε τὴν γνώμην οἵ  τε τῆς πρώτης βουλῆς καὶ παντάπασιν ἀπηναντιοῦντο τοῖς ἐκείνοι βουλεύμασιν αἱ δὲ τῶν συνγγενῶν παρακαλήσεις οὐδ᾽ ὅσον ἐξιέναι ἠξίοιν τοῦ Ἀστεως. Ὁ δὲ ἀθύμως τε εἶχε καὶ μόνον πρός τὸν  κατὰ τῶν Βουλγάρων ἐσφάδαζε πόλεμον· δεινὸν γὰρ ἐποιεῖτο, καὶ ὥσπερ ἐκεῖνος εἰώθει λέγειν εἰ μηδεν τι προοθείη, ε ὑθύνεσσθαί τε καὶ

[354] Michel Psellos Chronographie, I - II ; *ГИБИ,* VI, 94 – 95 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102

[355] Michel Psellos Chronographie, I - II, ; *ГИБИ,* VI, 94 - 95 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102

παρ ἀνθρώποις ὑπώπτευε καὶ παρὰ τῷ Θεῷ εἰ ἐπιρρᾳθυμήσας τῷ γεγονότι ἐθελοντὴς ὥσπερ παραχωρήσοι τῆς ἀποστασίας Ῥωμαίων[356].

Τοῦτο τὸν αὐτοκράτορα ἐπὶ μάλιστα τῶν ἀλγειῶν ἠνία τοῦ σώματος καὶ ἣν ἐξ ἀντιθέτου τούτων ἡ κάκωσις τὸ μὲν γὰρ νόσημα ὄγκου τὸ οώμα τὸ δ᾽ ἐπὶ τοῖς συμρερηκόσι ἀλγεῖν ἀντέσπατε καὶ ἐξεκένου, καὶ δυσὶν ἐκεῖνος ἐναντίοις ἐπεμερίζετο πάθεοιν. Νῖκᾳ γοῦν πρὸ τῶν βαρβάριων τοὺς οἰκειοτάτους καὶ τρόπαιον καὶ κατὰ συγγενείας καὶ κατὰ φιλίας καὶ καθ᾽ ἑαυτοῦ ἵστησιν ἐνισχύει γὰρ [τὸ] τοῦ σώματος ἀσθενές τῃ της ψυχῆς προθυμὶᾳ καὶ Θεῷ ἀφεὶς ἑαυτὸν τὰ πρὸς τον πόλεμον ἐξαρτύεται. βουλῆς τε κατάρχει καὶ σκοτόν τίθεται καὶ πρὸς τοῦτον πάντα ποιεῖ οὐκ εὐθὺς ἀσύντακτος δραμὼν. ἀλλ᾽ ἵνα μὴ καθ᾽ ἑξῆς λέγω ἀποχρῶσαν πρότερν τὴν τοῦ στρατοῦ παρασκευὴν ἐργασάμενος καὶ οὐδὲ πᾶσαν τὴν στρατιάν συγκινεῖ οὐδὲ θυρρεῖ πλῆθεσιν, ἀλλὰ τοὺς λογάδας τῶν στρατευμάτων ἐπιλεξάμενος καὶ τῶν στρατηγῶν τοὺς ἀκριβεστάτους τὴν στρατηγίαν σὺν τοὺτοις ἐπὶ τοὺς Σκὺθας χωρεῖ κατὰ τὰξιν τε προιὼν καὶ διατaττων κατὰ στρατηγικοὺς λόγους τὴν φαλαγγα[357].

Ἐπεὶ δὲ πρός τοῖς τῶν Βουλγάρων ὁρίοις ἐγένετο ἐν καλῷ τε στρατοπεδεύεται, καὶ πρῶτον μὲν βουλευμάτων κατάρχει εἶτα δὲ καὶ πολεμεῖν πρὸς ἐκείνους διέγνωκε, πρᾶγμα τῶν πάνυ ἀπιστουμένων, καὶ περὶ οὗ καὶ αὐτοὶ δὴ οἱ προστυχόντες ἀμφιρόλους εἶχον τὰς γνώμας· νυκτὸς γὰρ νουοκομούμενος καὶ παρ᾽ ἐνίαις ἀνατνοαῖς ζῶν ἐπειδὴ ἡμέρα ἐπέφαινεν ἀνιοτατό τε ἀθρόον ὥοπερ τινὸς ἐπιρρωνύντος ἀνέραινε τε τὸν ἵππον καὶ τῆς ἕδραεῖχετο κσρτερῶς καὶ τῷ χαλινῳ τοῦτον ἐρρύθμιζε δεξιῶς εἶτα δὲ εἵπετο συνδέων τά τμήματα, καὶ θαῦμα τοῖς δρῶσι γινόμενος[358].

Ἔτι δὲ τοῦ πολέμου ἀναβολὴν ἐχοντος γίνεταί τι τῶν θαυμασιωτάτων καὶ τοῖς ἐκείνου μακροῦ δεῖν παραπλήσιον ὁ γάρ τοι χαιριέστερος τῶν τοῦ Ἀαρὼν υἱέων (οὗτος δὲ βασιλεὺς ἐγεγόνει τοῦ ἔθνους), Ἀλουσιάνος τὴν κλῆσιν, τό τε ἦθος ἡδὺς καὶ τὴν γνώμην λαμπρὸς καὶ τὴν τύχην ἐπίσημος αἰτιώτατος τῆς νίκης τῷ βασιλεῖ γίνεται οὐ τοῦτο βουλόμενος ἀλλὰ πρός

---

[356] Michel Psellos Chronographie, I - II ; *ГИБИ,* VI, 96 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102

[357] Michel Psellos Chronographie, I - II, ; *ГИБИ,* VI, 96 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102

[358] Michel Psellos Chronographie, I – II ; *ГИБИ,* VI, 96 ; *Византиски извори,* III, 141-155 ; *Документи,* 1, 97 - 102

τοὐναντίον ὁρμήσας ἀλλ᾽ ὁ κινήσας τοῦτον Θεὸς ἐκ τῶν ἐναντίων περιποιεῖται τὴν νίκην τῷ βασιλεῖ[359].

Οὗτος γὰρ ὁ ᾿Αλουσιάνος οὐ πάνυ τι τῷβασιλεῖ κατὰ γνώμην γενόμενος οὔτε βουλῆν μετεῖχεν, οὔτε τινός ἐκοινώει λαμπρότητος ἀλλ᾽ ἦν αὐτῷ προστεταγμένον ἐπ᾽ οίκου τε μένειν, καὶ μὴ ἄλλως εἰσειναι εἰς τὸ Βυζάντιον, εἰ μὴ βασιλεὺς αὐτὸς ἐπικελεύσει τὴν εἴσοδον ἀθύμως οὖν καὶ δυσμενῶς εἶχε τῷ πράγματι ἀλλ᾽ οὐκ ἦν ὅτι καὶ δράσειετέως. Ἐπεὶ δὲ τὰ περί τοῦ ἔθνους ἐγνώκει, καὶ ὅτι ἐρημίᾳ τοῦ βασιλείου γένους τὸν νόθον καὶ πεπλασμένον ἑαυτοῖς βασιλεύειν εἵλοντο τολμᾷ τι νεανικώτερον· καὶ κατολογαιρεῖ μὲν παίδων, στοργὴν δὲ ἀποτίθεται γυναικὸς καὶ μηδενὸ τούτων θαρρήσας τὸ βούλεμα ἀλλ᾽ ὀλίγοις τισὶ τῶν περὶ αὐτον ὅσους ᾔδει ῥέκτας ἀτόπων ἔργαν καὶ τολμητίας, ἐξ ἀκρας σχεδὸν ἑῴας ἐπὶ τὴν ἑσπέραν χωρῆσαι τολμᾷ καὶ ἵνα μηδὲν γνωσθείν μηδὲ τοῖς ἐν τῇ πόλει κατάδηλος γένοιτο μεταμφιέννυοι παντάπασιν ἑαυτὸν οὐ τὰ μὲν ἀφελὼν τὰ δ᾽ ἀφεὶς τῷ σώματι τῆς ἀρχαίας περιβολῆς, ἀλλὰ σχηματισάμενος κατὰ τὸν μισθοφόρων τρόπον τοὺς πὰντων διέλαθεν ὀφθαλμούς[360].

Τῷ γοῦν τοῦ λόγου πατριοὺς μοι εἰρήκει δίς που καὶ τρός ἐπὶ τῆς μεγαλοπόλεως προσεγένετο· ἦν γὰρ μοι ἐθὰς ὁ ἀνὴρ καὶ με ἠσπάζετο εὐμενῶς ἀλλ᾽ οὐδ᾽ ὧς ἐγνώκειν ὥσπερ οὐδ᾽ ἄλλος τις οἷς ἐκεῖνος πεπλησίακε. Διέδρα οὖν καὶ τὴν πολυόματον τοῦ ὀρφανοτρόφου δύναμιν, καὶ οὐδὲ τοὺτῳ γέγονεν ἁλωτός καίτοι γε ἀφανης ἀθρόον γενόμενος τὰς τῶν κρατούτων γνώμας διήγειρεν, εἴ πως οὕτως εἴποιμι πάντας λαθὼν ὀφθαλμοὺς ἐπὶ τῆς τῶν Βουλγάρων γίνεται γῆς καὶ οὐκ εὐθὺς ἑαυτὸν δῆλον τοῖς πολλοῖς καθιστᾶ ἀλλ᾽ ἐν μέρει τισὶ προσιὼν καὶ περὶ τοῦ πατρὸς ὡς περὶ ἀλλοτρίου λόγον ποιούμενος καὶ τὴν ἐκείνου γενεὰν αἴρων καὶ λαμβάνων διάπειραν ὡς εἴ γή τις τῶν ἐκείηου παίδων ἐνταυθοῖ ἐγεγόνει πότερον ανθείλιντο οἱ ἀποστατήσωντες τοῦ νόθου τὸν γνήσιον, ἤ ἐπειδὴ οὗτος τῶν ὅλων προέστη, ἐν καρὸς ἐκεῖνος ἐλογίσθη μοίρᾳ[361].

---

[359] Michel Psellos Chronographie, I - II ; *ГИБИ,* VI, 97 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102

[360] Michel Psellos Chronographie, I - II, ; ГИБИ, VI, 97 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102

[361] Michel Psellos Chronographie, I - II ; *ГИБИ,* VI, 97 - 98 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102

Ἐπεὶ δή πάντας ἑώρα τοῦ ἀμφιβόλου τὸν ἀποδεδειγμένον προκρίνοντας τολμᾷ πως ἑνι τούτων ὅν μᾶλλον ἐγνώκει περὶ τὸ γένος θερμότερον, ἑαυτὸν μυστηριωδῶς ἀνειπεῖν ὁ δὲ τοὺς ὀφθαλμοὺς ἐπερείσας εὐθὺς πρὸς ἐκεῖνον, ἦν γὰρ ἀκριβῶς αὐτὸν ἐπιστάμενος, καὶ τὸ εἶδος ἀναλαβὼν προσπίπτει τοῖς ἐκείνου γόνασι καὶ τοὺς πόδας καταφιλεῖ ἔπειτά τι καὶ κρύψιον ἀπαιτεῖ γνώρισμα, ἵνα πανταπάσιν ἀνενδοίαστος μένη τὸ δὲ ἦν χῶρμα τι μέλαν τοῦ δεξιοῦ κατακεχυμένον ἀγκῶνος τριχὶ δασερίᾳ ἐξηνθηκός ὡς δὲ καὶ τοῦτο εἶδεν, ἔτι μᾶλλον προσφὺς τὸν τράχηλόν τε τούτου καὶ τὸ στῆθος καταφλεῖ, καὶ δρξιῶς ἄμφω τὸ ἔργον μεταχειρίζονται. ἑκαστοις γοῦν προσιόντες ἐν μέρει τὴν φήμην ἐπηρύξησαν καὶ πρὸς τὸ γνήσιον οἱ πλείους σπέρμα τὰς γνὼμας μετέθεσαν. Γέγονεν οὖν ὡσανεὶ πολυαρχία ἡ μοναρχία, τῶν μὲν τοῦτον, τῶν δὲ ἐκεῖνον αἱρουμένων εἶτα δὴ καὶ πρὸς ἀλλήλοις καταλλάητου σπεύδονται, καὶ τοὺς ἡγεμόνασ άλλήλοις καταλλάητου κἀντεῦθεν ὁμοδιαίτε μὲν ἤστην ἀλλήλοιν[362].

Ἀλλὰ φθάνει τὴν τοῦ Ιολιανου ὁ Ἀλουσιάνος ἐπιβουλὴν, καὶ συλλαβὼν ἀθρόον τῆς τε ῥινος καὶ τῶν ὀφθαλμῶν ἀφαιρεῖται μαγειρικῇ σφαγίδι ἀμφω συνεξελὼν καὶπεριισταται τὸ Σκυθικὸν εἰς μίαν αὖθις ἀρχήν. Καὶ ὁ Ἀλουαιάνος οὐκ εὐθὺς τῷ βασιλεῖ προσχωρεῖ, ἀλλὰ τὰς δυνάμεις λαβὼν κατ᾽ ἐκεῖνου χωρεῖ, καὶ προσβαλὼν ἡττᾶται, καὶ φυγὼν σῴζεται· εἶτα δὴ γνοὺς ὡς οὐκ ἄν ἐκ τοῦ ῥάστου τῷ βασιλεῖ Ῥωμαίων ἀντιπαρατάξαιτο, μνήμην καὶ τῶν φιλάτων λαβὼν δι᾽ ἀπορρήτων ᾳνωρίζει τῷ βασιλεῖ ὡς εἴγε καὶ εὐμενείας τύχοι καὶ τῆς ἄλλης λαμπρότητος, ἑαυτόν τε ἐκείνῳ καὶ τὰ αὑτοῦ ἐγχειρίσοι. πράγματα. Δέχετια τὸν λόγον ὁ βασιλεὺς καὶ αὖθις ἀπορρητοτέρως αὐτῷ ὡς ἐβουλετο διαλεγέται. καὶ οὕτω δὴ τὸ δεύτερον ὡς παραταξόμενος προσιὼν ἀθρόον τὴν ἰδίαν μεθίηισ φαλαγγα καὶ τῶ βασιλεῖ προσχωρεῖ Καὶ τοῦτον μὲν τῆς πρώτης τιμῆς ἀξιώσας ὁ αὐτοκράτωρ ἀναπέμπει εἰς τὸ Βυζαντιον, τό γέ τοι ἔθνος διαφόροις πολέμοις διεσπασμένον ἤδη καὶ οὔπω τετυχηκὸς ἀρχοντος τρέπεταί τε καὶ κακαπολεμεῖ καὶ ὑπήκοον αὖθυις τῆς αφ᾽ ἧς ἀπεστάτης τίθησι καὶ λαμπρὸς ἐις τὰ βασίλεα ἀναζεύγνυσιν αἰχμαλώτους τε ἀγων πολλοὺς καὶ

362 Michel Psellos Chronographie, I - II, ; *ГИБИ,* VI 98 ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102.

δῆτα τοὺς παρ᾽ ἐκείνος σεμνοτάτους καὶ αὐτὸν δὴ τὸν νόθον ἐκείνους ἀρχηγον τήν τε ῥῖνα διαλελωβημένον καὶ θπεστερημένον τῶν ὀφθαλμῶν[363]

Ἐίσεηι γοῦν τὸ Ἄστυ λαμπρός ἁπάσης προσχιπείσης αὐτῷ τῆς Πόλεως· ἐθεσάμην γοῦν τοῦτον ἐγὼ τηνικαῦτα ὥσπερ ἐν ἐκφορᾷ ἐπὶ τοῦ ἵππου σαλεύοντα οἱ γοῦν χαλινόν κατέχοντες τούτῳ δὼκτυλοι τοῖς τῶν γιγάντων ἐῴκεισαν βραχιακος γὰρ ἑκαστος ἀπέσωζε πάχος καὶ μέγγεθος (εἰς τοσοῦτον γάρ αὐτῷ τὸ σπλάγχνον κεκάκωτο). τὸ δὲ πρόσωπον οὐδ᾽ ἴχνος τι τῆς ἀρχαίας αὐτῷ ἔσωζεν ὁμοιότητος. Καὶ οὕτως δὴ ἀποκομισθεὶς ἐις τὰ ἀνακτορα θρίαμβον κατάγει λαμπρὸν ἐπὶ μέσου θεάτρου τοὺς αἰχααλώτους διαβιβάσας καὶ δείξας Ῥωμαίοις ὀυ προθυμία νεκροὺς ἀνίστησι, καὶ ὁ περὶ τὰ καλὰ ζῆλος τὴν τοῦ σώματος ἀυτονίαν νικᾷ[364] (Меѓутоа добро знам дека многумина го опишуваа неговиот живот, во историските хроники ќе раскажат нешто друго, настрана од нашиов опис, затоа што во неговите времиња повеќе владееше мислењето спротивно на вистината ; јас пак бев присутен на самите настани и ги дознавав од неговите блиски, такви - какви што ги чува тајната историја, според тоа ќе бидам праведен судија доколку не ми се префрли за работите за кои или сум бил очевидец или сум ги слушнал. Сепак повеќето од ова што го реков ќе им отвори можеби врата на злобниците за озборување, но незнам дали ќе ја оспори некој вистинитоста на она што сакам да го соопштам. Долго ќе треба да се раскажува за тоа што го направи тој против внатрешните немири – истовремено и за тоа како ги задуши народните востанија. Од сите тие едно ќе одберам, ќе говорам имено за битката против варварите, па и тоа ќе го одбележам сосема кратко во еден воопштен исечок. Тоа племе (на Македонците), порано причина за могубројни опасности и битки стана дел од ромејската власт, откако Василиј еден од самодршците ги зазеде нивните поседи и ги направи плен како што се зборува и потоа им ја одзеде власта. Така тоа (племе) ослабено во секоја смисла се потпре на ромејската моќ ; но не по долго време откако го согледа таквиот пораз се потруди да се врати кон предходната горделивост ; некое време не се пројави со јавно востание, но кога

[363] Michel Psellos *Chronographie,* I - II ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *ГИБИ,* VI, 99 ; *Документи,* 1, 97 - 102

[364] Michel Psellos *Chronographie,* I - II ; *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *ГИБИ,* VI, 99 ; *Документи,* 1, 97 -102

дојде еден од тие што беа готови да ја подбуцнат нивната дрскост, се појави згустена веќе нивната определеност за непријателство.

Кон таквата избезуменост ги поттикна едно чудовиште зашто ним им се чинеше дека потекнува од нивниот род. Тој маж, родот не му е достоен за спомнување, беше превртлив и особено искусен да ги измами своите сонародници. Името му беше Дељан, а јас не знам дали тој го беше наследил овој прекар по татко или самиот се нарекол така. Тој откако дозна дека целиот народ замислува да се одметне од Ромеите, а поради недостиг на предводник и раководител во таа замисла остана само на наумени одлуки, им се престави отпрвин како најдостоен и како најискусен во советувањето, а најопитен во воената вештина. Откако се здоби со нивната доверба, му беше потребно само да има сјаен род за да ја заземе врховната власт. (На македонците им беше обичај на чело на народот да ги постават тие што се од царски род) Сега бидејќи знаше дека тоа е по стариот татковински обичај законски, се издигна самиот себеси до оној Самуил и брат му Арон, кои пред тоа владееја и над целиот народ царуваа. Тој не можеше да посведочи за себе дека е од законското потекло на царското колено, туку измислуваше и посочуваше некоја од гранките на тој корен. Лесно ги убеди, па тие откако го воздигнаа на штит, му ја предадоа власта. Сега тие ги објавија своите замисли и настојувања, се потврдија со тоа, па го отфрлија од вратот ропството на ромејската власт и самостојно ја објавија својата слобода. Оттогаш и пленат по ромејските земји. Да се осмелеа варварите со таква безумност во времето кога самодржецот се издигна до царската власт, веднаш ќе сватеа со каков император се судриле ; тогаш нему геслото му беше силно наспроти опасностите и ништо не преставуваше за него веднаш да го грабне оружјето па откако навлезе во нивната земја со одбрани војсководци да ги научи дека не ќе можат бргу да се одметнат од Ромеите.

Но тоа несреќно одметнување се случи кога телото веќе му копнеше и му беше во очајна состојба ; кратко движење го измачуваше и не му беше лесно да ја поднесува дури и наметката, токму тогаш тие смислија да изигруваат неограничена власт, сепак за кратко време како на сцена, и да уживаат во поддржувањето на тоа се додека неочекувано не го засилија императорот, неговата моќ на духот и неговиот стремеж кон подвизи, па издигајќи се гордо и високо го понесоа против нив. Кога слушна тој за оваа работа, пред да заврши веста веднаш реши да поведе војна против нив и самиот да застане на чело на

целата војска. Телото сепак го задржуваше, а болеста го влечеше наспроти замислата. Покрај ова и тие во врховниот совет се спротивставуваа на неговите замисли, а блиските со молби настојуваа и од градот да не излезе. Но тој беше избезумен и единствено се стремеше за војна против Бугарите (против Македонците), бидејќи станувaше страшно како што имаше обичај да каже ако ништо не додаде кон ромејското царство, или ако му се одземе некој дел, да не биде обвинет пред луѓето и пред бога за такво нешто ; се грижеше исто така да не се однесува лекоумно кон настанот и да не се чини дека доброволно им дозволува на Бугарите (на Македонците) да се одделат од Ромеите. Тоа го измачуваше императорот многу повеќе од телесните болки, а маката произлегуваше од спротивставувањето на тие работи ; болеста му го подуваше телото, настаните го влечеа кон страдање и го измачуваа па тој беше поделен меѓу двете спротивни страдања. Сепак ги победи тој своите блиски пред да ги победи варварите, се здоби со трофеј над роднините, над пријателствата и над самиот себеси ; душевната волја му го јакнеше ослабеното тело. Му се препушти на Бога и се приготвуваше за војна ; донесе решение, постави цел и во таа смисла правеше се. Не се затрча тој веднаш, без ред туку да не набројувам. Најмногу се потруди да ја подготви војската. Не ја раздвижи целата војска, ниту не ја охрабри со множество, туку собра одбрани војски и одбрани војсководци, опитни во воените вештини. Со нив тој тргна против Скитите, како предводник на бојот, подредувајќи ја фалангата по војните правила.

Кога пристигна во краиштата на Бугарите (на Македонците) постави логор на убаво место, потоа прво се советуваше, а потоа реши да војува против нив. Ова беше неверојатна работа за која и самите колебливи мислења, ноќе тој се лекуваше и живееше едвај дишејќи, а штом ќе се разденеше, станувaше зајакнат од нешто, го јавнуваше коњот, цврсто го држеше за уздата коњот. Потоа минуваше и ги поврзуваше деловите на војската и предизвикуваше чудење кај тие што гледаа.

Војната уште се одложуваше кога се случи нешто чудесно, слично некако на овие негови чуда ; имено еден од Ароновите синови (Арон му беше цар на народот) наречен Алусијан пријатен по карактер, сјаен ум значаен и успешен, стана највиновниот за победата на царот, и тоа не по негова сопствена волја, туку токму спротивно устремен. Но Бог го поттикна и тој како од спротивна страна ја овозможи победата на императорот. Овој Алусијан не беше

сосема во императорската благонаклоност ; тој не беше член на Советот, не учествуваше во блескавите почести, нему му беше заповедано да остане дома и да не доаѓа во Византијон поинаку освен ако не му дозволи влез самиот император. Иако беше незадоволен и несреќен поради тоа, тој до тогаш не презема ништо. Но кога разбра за случувањата кај неговиот народ, кога дозна дека тие во недостиг на царски род, незаконски син преправен си избрале да царува, тој се осмели да направи нешто многу храбро ; ги напушти децата, ја отфрли љубовта на сопругата, никому не доверувајќи се за одлуките, освен на малкумина околу него, за кои што знаеше дека се способни за невозможни дела и дрскости, Така тој се дрзна од крајниот исток, речиси да тргне на запад, а да не се дознае за тоа и да не биде препознаен од тие во градот, тој сосема се преправи, не симна само едно од старата облека, а другото го остави на телото, така сосема преправен како наемник, тој се криеше од очите на сите.

Тој дури и кај авторот на овој спис доаѓаше во главниот град, како што ми раскажа подоцна два - три пати ; близок ми беше тој маж и мило ми беше да ме посетува, но тогаш не го препознав, како што не го препозна ниту еден од тие на кои што им се приближил Тој побегна и од многуоката моќ на Орфанотрофот, ни тој не го улови. Сепак бидејќи ненадејно исчезна, ги поттикна духовите на оние што беа на власт да го пронајдат и да го фатат ако е воопшто возможно. Значи откако се скри од очите на сите, да се изразам така, тој пристигна во земјата на Бугарите (во земјата на Македонците). Таму не и се откри веднаш на толпата, туку на понекои само, пооделно им се приближи и за татко си како за некој туѓ разговараше, го издигаше својот род и се обидуваше да дознае ако се јави тука некој од неговите синови, и дали востаниците ќе го претпочитаат законскиот син или незаконскиот, па бидејќи незаконскиот е веќе на власт би бил почитуван. Кога свати дека сите повеќе го ценат признатиот син пред сомнителниот, се осмели некако да се открие тајно пред еден од тие на кои што знаеше дека се загреани за родот (на Алусијан). Овој ги впери очите во него и го препозна, па откако му го препозна ликот, падна на колена и му ги бакна нозете, а потоа го побара тајниот белег за да го отфрли секое сомневање ; имаше некоја темна дамка на десниот лакт, обрасната со густи влакна. Кога го виде и белегот, го прегрна цврсто и му ги бакна вратот и градите. Потоа се зафатија и двајцата вешто за работа ; им се приближуваа пооделно на сите и гласот го ширеа. Се случи повеќето да го сменат мислењето и во полза на

законскиот потомок. Монархијата стана некаква полиархија, бидејќи едни се определија за едниот други за другиот. Тие се спријателија меѓу себе и ги зближија и водачите, така почнаа да работат заедно, да заговараат еден со друг иако едниот се сомневаше во другиот. Но Алусијан го испревари лукавството на Дељан, откако ненадејно го фати и му го исече носот и му ги извади очите, а сето тоа го стори со готвачки нож. Повторно се собра скитскиот народ под една власт. Алусијан не му пристапи веднаш на императорот, туку откако ја зеде војската тргна против него, нападна но претрпе пораз и одвај се спаси со бегство. По ова тој свати дека не би можел лесно да му се спротивстави на ромејскиот император. Истовремено се потсети и на своите најмили, па тајно му јави на императорот дека ако ја добие царската благонаклоност и другите почести ќе му се предаде. Императотот го прифати предлогот и веднаш разговараше со него по негова желба, тајно. Алусијан повторно како да е подготвен да напаѓа но ненадејно ја остави својата фаланга и премина на страната на императорот. Автократорот го почести со врвни почести и го испрати во Византион. Потоа го натера во бегство народот којшто растргнат од различни војни, без водач беше повторно потчинет на власта против која востана. По сето тоа императорт блескаво се врати во царските дворци водејќи со себе многу заробеници, а меѓу нив највиден самиот незаконски војсководец со отсечен нос и извадени очи. Така во блесок влезе во Цариград, а целиот град излезе да го пречека. И јас го видов тогаш и се клатеше на коњ како на погреб. Прстите со кои ја држеше уздата му прилегаа на прсти на гигант, секој прст беше голем колку рака (толку лоша му беше состојбата) на лицето го немаше предходниот изглед. Така во сјаен триумф го одведоа во дворецот, а тој ги водеше заробениците низ средината на театарот покажувајќи им на Ромеите дека цврстата волја подига и мртовци, а стремежот кон подвизи ја победува бессилноста на телото) [365].

Уште од првите години на византиското господство македонскиот народ водел како и стихијна така и организиран ослободителна борба. Псел пишува дека не минало долго време откако императорот Василиј II ја уништил државата

[365] Michel Psellos Chronographie, I - II, ; *ГИБИ,* VI, 99 ; *Документи,* 1, 97 - 102 ; Острогорски Г., Историја на византија, 390 - 391 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 711 - 725 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 289 - 306, ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438 ; Византиски извори, III, 141 - 155 ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век / 67 - 73

Самуил и откако ја присоединил кон ромејската власт, потчинетиот народ почнал одново да пројавува поранешната своја дрскост. И Скилица известува дека народот „ кој штотуку го свил вратот под ропство ” се стремел „ силно кон слободата ”. Охриѓаните - пишува тој - биле готови да се вооружат и да се дигнат против Византија, веднаш по паѓањето на градот Охрид под византиска власт. И Теофилакт Охридски пишува во своите писма дека во провинцијата Макдонија работите биле секогаш пред „ сеништето на војната ” затоа што варварите (Македонците) не престанувале „ да мислат на нивните честити времиња ”[366].

Веќе во 1040 година во потчинетата Македонија избувнало народноослободително востание. Непосреден повод била финансиската реформа што византиската централна власт ја спровела во истата 1040 година. Оваа реформа подготвена од Јован Орфанотрофот брат на императоротот Михаил IV (1034 - 1041), од корен ги изменила работите. Кога Василиј II ја потчинил Македонија - пишува Скилица - не го изменил многу даночниот систем што бил на сила во времето на управувањето на царот Самуил. Но Јован Орфанотрофот наредил македонското население да плаќа „ нумизми наместо храна ”. Промените значителнио ја влошиле и онака тешката состојба и положба на македонскиот народ. Отсега требало на пазарот да носат повеќе производи за да ги претворат во пари. Нумизмите што се одземале од македонскиот народ - соопштува - Теофилакт биле покриени „ со солзи и болки ” затоа што било тешко да се добијат. „ Месното население - вели Скилица - не можело да го поднесе тоа, па затоа кога нашло погодна прилика со појавата на Дејлан, го отфрлило ромејското господство и се вратило на својот стар закон[367].

Водачот на востанието Петар Делјан потекнувал од царски род. Тој бил син на Гаврил Радомир од неговата прва жена, ќерката на унгарскиот крал која што известува Михаил Деволски бремена ја избркал за да се ожени со Ирина убавата робинка од Лариса. Неслучајно на чело на востанието застанал Петар

---

[366] *Византиски извори,* III, 141 – 155 ; *Документи, 1,* 97 – 102 : Панов Б., *Средновековна Македонија од македонската средновековна историја* том трети, Мисла, Скопје, 1985, 51. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390 – 391 ; Антолја С., *Средновековна Македонија,* 711 – 725 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 429 - 438. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 67 - 73

[367] *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 – 102 ; Панов Б *Средновековна Македонија.,* 51 - 52. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390 - 391 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 711 - 725 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 67 - 73

Дељан. Се уште биле свежи традициите за македонската држава па затоа народот барал како што известува Псел предводници „ од царски род ”. Со оглед на тоа што другите преставници на самуиловиот род биле одведен далеку во малоазиските предели на Византија, а Делјан бил најблиску, решението паднало тој да ги педводи. Иако за некои од византиски автори Делјан важел за „ незаконороден ” бидејќи се родил по разводот на Гаврил Радомир и унгарската принцеза, тоа не пречело народот да го издигне „ на штит ” и да му ја довери „ власта ”[368].

Востаниците си обезбедиле и извесна надворешна поддршка во лицето на унгарскиот крал. Фактот дека востанието почнало во моравско - белградската област која што граничи со Унгарија, јасно покажува дека во него бил вмешан и унгарскит крал, Според Псел, Дељан бил доста „ опитен во военто дело ” што најверојатно го изучил на унгарскиот дворец. Петар Дељан откако бил признат „ за цар ” од многубројната востаничка војска која се насобрала околу Белград тргнал - известува Скилица- кон Ниш и Скопје. Насекаде каде што поминувала војската на Дељана била убаво пречекувана и зголемувана.

Кога се кренало востанието, византискиот император Михаил IV се наоѓал на лекување во Солун, па не можел благовремено да итервенира. Тој дури и не мислел дека опасноста е толку голема. Бил изненаден и управникот на Скопје. Со помош на месното население востаниците бргу го освоиле Скопје. Дури тогаш со паѓањето на овој важен стратегиско - управен центар, Византијците му обрнале поголемо внимание на делјановото востание [369].

Стратегот на Драчката тема Василиј Синадин ставајќи се на чело на „ месните војски ”, побрзал - известува Скилица - да излезе против Делјан пред злото да се зголеми и да запали пожар ”. Но кога стигнал до Дебар, тој се скарал со еден од подстратезите Михајло Дермокант, и бил наклеветен пред царот дека замислува преврат. Веднаш бил отстранет од службата и бил затворен во солунските зандани. Неговото место го зазел Михајло Дермокант кој ја „

---

[368] *Византиски извори,* III, 141 – 155 ; *Документи,* 1, 97 – 102 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 51 - 52. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390 - 391 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 711 – 725 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 67 - 73

[369] *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 - 102 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 52 - 53. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390 - 391. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 711 – 725 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 67 - 73

извршувал неопитно должноста и за кусо време се превртел наопаку ”. Неговите потчинети измамувани и ограбувани лично од него не му укажале послушност. Војниците дигнале дури и бунт против него. Исплашен и оставен без поддршка Дермокант избегал. Побунетите војници - известува Скилица - „ од страв пред императорт ” кренале востание и за цар прогласиле еден војник „ од својата средина по име Тихомир познат по својата храброст и разум ”[370].

Новите настани се закanувале востанието да биде расцепено, затоа што се создале два востанички центри од кои едниот - известува Скилица - го признавал за цар Делјан а другиот Тихомира. Но откако биле убедени и војниците на Тихомира дека единствено Петар Дељан го води своето „ потекло од цар Самуил” Тихомир бил убиен и на тој начин „ целата власт минала во рацете на Делјан ”.

Обединувајќи ги востаничките сили под единствена команда царот Петар ги проширил своите акции. Со цел да се обезбеди од кај Драч, каде што византиската флота во секој момент можела да истовари нова војска, Дељан таму испратил дел од својата војска. Поддржувана од населението испратената војска успеала да ја потчини Драчката тема. На овој начин слободната востаничка триторија била значително зголемена. Царот Петар Дељан ставјќи се на чело на поголемиот дел од војската, се упатил кон Солун. Изненадениот византиски император кој сеуште се лекувал во овој град, избегал во Цариград. Нему не му пошло од рака дури ни да го однесе своето богатство. Сиот багаж, шаторот заедно со златото среброто и алиштата му ги оставил на Мануил Ивец, еден од неговите блиски луѓе, тој да му ги донесе. Мануил Ивец, кој што му бил син на верниот и храбар македонски војсководец под команда на Самуил, Ивец, кој долго време успешно му се спротивставувал на Василиј II, заедно со евнухот Китонит и довереното богатство им се придружил на востаниците[371]

Паничното бегство на болниот император предизвикало дезориентација во редовите на византиската војска што била сконцентрирана по балканските

---

[370] *Византиски извори,* III, 141 - 155. ; *Документи,* 1, 97 – 102 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 53 - 54. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390. - 391 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 711 - 725 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 67 - 73

[371] *Византиски извори,* III 141 - 155, ; *Документи,* 1, 97 – 102 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 54 - 55. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390 - 391 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 711 - 725 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 67 - 73

теми. Искористувајќи ја ваквата состојба а и се поголемото незадоволство кај потчинетото македонско население, Дељан упатил свои војски на повеќе страни. Една војска под команда на Антим испратил кон југ во темата Елада. Антим се спуштил длабоко во средна Грција и стигнал се до градот Теба. Тука бил пресретнат од силна византиска војска под команда на Алексиј. Победил Антим и голем број тебанци биле убиени. Востанието било проширило и во темата Навпакт која што се наоѓала јужно од Драчката тем, а на местото на стариот Епир. Со исклучок на Навпакт, целата тема била ставена под власт на македонскиот цар Петар Дељан.

Главната причина за прифаќањето на востанието на населението на темата Навпакт според Скилица било тоа што практорот Јован Куцомит кој што дошол од Цариград за да ги собира државните даноци пројавувал глема алчност па поради тоа жителите се побуниле и го исекле на парчиња, ним им бил омразен и императорот па затоа му се придружиле на Дељан. Охрабрен од победоносниот тек на востанието Петар Дељан се готвел да го нападне Солун. Во Тесалија успеал да ја заземе Деметријада град кој што се наоѓал на северниот брег на Пегејскиот залив денешен Волос. Освен тоа Кекавмен известува дека и Сердика паднала во рацете на Дељан. Со проширувањето на востанието во средна Грција, Албанија, Србија и Бугарија под власт на македонскиот цар Петар Дељан се наоѓала една голема територија, во која покрај Македонците живееле и Грци, Власи Албанци и Бугари и Срби. Составот на востаниците укажува дека на сите не им биле исти побудите што ги натерале да се кренат против ромејското господство. Сето тоа зборува дека востанието предводено од македонскиот цар Петарв Дељан имало народноослободителен карактер.

Брзото ширење на востанието предизвикло незадовослство кај високите кругови во Цариград. Погоден од тоа императорот решил да тргне во поход против востаниците и да застане на чело на целата војска пишува Псел[372].

Откако се ставил на чело на одбараната војска византискиот цар се упатил кон Македонија. Во меѓувреме „ додека траела војната - известува Псел -се случило нешто многу чудно ”, затоа што најубавиот Ароновиот внук Алусијан, кој бил „ со блескав ум ” станал причина „ за победата на

[372] *Византиски извори,* III, 141 – 155 ; *Документи,* 1, 97 – 102 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 55 - 56. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390 - 391 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 711 – 725 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 67 - 73

императорот без и самиот да го сака тоа, стремејќи се токму кон обратното ”. Имено кон крајот на 1040 година или почетокот на следната година Алусијан вториот син на Јован Владислав (1015 – 1018 г) кој што бил патрикиј и стратег на Теодосипол, град во Ерменија избегал со цел да им се приклучи на востаниците во Македонија. „ Кога научил - вели Псел - што станува со неговиот народ и дека поради немање на царски потомок си одбарале да ги управува незаконороден и невистински цар, тој презел една голема дрскост. Ги презрел своите деца, ја заборавил нежноста на жена си и без да му го довери на некого однив своето решение... се упати, на запад од Далечниот Исток ”. Преоблечен Алусијан отишол во Цариград а оттаму скришно избегал и им се придружил на востаниците во Острово, каде што бил Дељан со својата војска[373].

Петар Дељан го примил Алусијан и оставајќи му по команда 40000 војници го исратил да го преземе Солун. Градот бил утврден и бранет од опитна војска под команда на управникот на градот патрикиј Константин. Последниот пружил силен отпор на Алусијан. Набргу Алусијан станал жртва на својата воена тактика. Без да постави опсада на здрави основи, тој почнал веднаш да го напаѓа градот. Меѓу тоа византиските војски нанадејно излегле од градот и ја разбиле војската на Алусијан.

Според Скилица, Алусијан изгубил околу 15000 војници. Мал бил бројот на оние кои што успеале да пристигнат кај Дељан во Острово, затоа што голем број биле заробени. Меѓу избеганте се наоѓал и Алусијан. Поразот на Алусијан го изменил текот на востанието. Наскоро дошло до раздор во востаничките редови. И Дељан и Алусијан се подготвувале за меѓусебна пресметка. Алусијан го испреварил Дељан. Приредил гозба го поднапил и без да разберат неговите го ослепел. Набргу потоа Алусијан ги оставил востаниците на милост и немилост и му се предал на императорот. Тој го удостоил со магистерски чин и го испратил во Цариград кај Орфанотрофот. Обезглавено востанието било осудено на пропаст. Ослепениот Дељан не можел да ја спречи паниката што завладеала насекаде[374].

---

[373] *Византиски извори,* III, 141 – 155 ; *Документи,* 1, 97 – 102 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 55 - 56. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390 - 391 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438.

[374] *Византиски извори,* III, 141 – 155 ; *Документи,* 1, 97 – 102 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 56 - 57. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390 - 391 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 711 - 725 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438. ;

На византискиот император Михајло IV не му било тешко да го ликвидира востанието. Откако во пролетта или летото 1041 дошол од Мосинопол во Солун тој веднаш се упатил кон востаничкиот центар Острово. Слепиот Дељан без да пружа сериозен отпор бил фатен и испратен во Солун. Императорот сега се упатил кон внатрешноста на Македонија за да го докрајчи востанието. Во Прилепрско тој се сретнал со отпорот на од војските на Мануил Ивец кој - вели Скилица - „ кај Прилеп направил дрвена дема ” со која мислел да го поречи подлабокото напредување на императорската војска и да ја здржи внатрешноста”. Меѓутоа царот бргу ја разурнал дрвената преграда и го заробил Ивец. Потоа, откако го „ покорил и потчинил на својата власт ”- вели Псел - и откако поставил стратези во темите, императорот се вратил во престолнината заедно со многу заробеници меѓу кои бил и „ нивниот незаконски предводник со исечен нос и извадени очи ”. Заедно со Дељан бил одведен и Ивец. Триуфалмиот пречек на императорот во Цариград означувал дека востанието на Петар Дељан насекаде било ликвидирано.

Постоеле повеќе причини за неуспехот на востанието. Главна била таа што дошло до раздор во востаничките редови. Еден дел од раководителите на востанието, преставници на македонската феудална класа се исплашиле од текот на востанието кое имало ослободителен и антивизантиски карактер. Појавата на Алусијан уште повеќе придонело да се разбијат востаничките редови. На страната на Алусијан поминале токму оние што го прифатиле востанието само од лични причини а не и од општонароден интерес. Токму тие заедно со Алусијан по поразот кај Солун побрзале да му се предадат на византискиот цар за да ги зачуваат своите имоти и привилегии. По задушувањето на востанието во Македонија одново на секаде била воспоставена византиска власт. Византисите гарнизони пак ги запоседнале воено -

---

Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 67 - 73

стратегиските места, биле обновени старите и изградени нови тврдини, биле назначени управници на поразнетите теми[375].

Последиците од востанието биле тешки. Византиските војски во чии состав влегле и викиншки наемници командувани од војсководецот Хералд Хаедрад ја опустошиле Македонија. Мкедонското население било казнето на тој начин што во голен број било претворено во робје. Покрај тоа во Македонија надошла уште по голема администрација која што зедно со војската легнала на грбот на потчинетите Македонци. Дошле и голем број нови феудалци кои што се здобиле со имоти и привилегии. Не бил мал бројот и на туѓите колонист кои што византиската држава ги населила со цел да го разбие етничкото единство на македонскиот народ. Баквите мерки на визнтиската централна власт придонеле за уште повеќе да се зголеми политичкото и духовното угнетување на македонското население. Како резултат на таквиот гнет во Македонија одново се засилил отпорот во Македонија. Класната борба зазела големи и силни размери. Богомилското движење започнало да станува се помасовно. Богомилите биле борци против византиското господство.

## Востанието на Георги Војтех од 1070 година

Тешката положба во која се нашол македонскиот народ под византиска власт била влошена по задушувањето на востанието од 1040 година под водство на Петар Дељан. Суровиот однос на византиската власт кон македонското население уште повеќе го зголемил незадоволството и гневот кај обичниот Македонец, а секако и кај делот од македонските благородници кои што им останале верни на своите македонски корени и државотворни традиции и на споменот на македонската држава од времето на царот Самуил на кои што ни ветувањата за богатство и титули од страна на византиската власт не можеле да

[375] *Византиски извори,* III, 141 - 155 ; *Документи,* 1, 97 – 102 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* ....58 - 60 ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 390 - 391 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 711 - 725 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 429 - 438. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието* / X – XV век /, 67 - 73

ги натраат да заборават. Таквата состојба довела до ново ослободитлно востание кренато во 1070 година под водство на македонскиот благородник Георги Војтех. За овие настани пишува и нашиот извор Јован Скилица а според некои неговиот продолжувач. Имено според него : Τῷ δὲ πρώτῳ τῆς βασιλείας αὐτοῦ, ἐνδικτιῶνος ια΄ τὸ τῶν Σέρβων ἔθνος οὕς δὴ καὶ Χροβάτας καλοῦσι τὴν Βουλγαρίαν ἔξῆλθε καταδουλωσάμενον. τὸν δὲ τρόπον ἄνωθεν ἀναλαβὼν διηγήσομαι. Βασιλείου γὰρ τοῦ βασιλέως ὁπηνίκα τὴν Βουλγαρίαν ὑπηγάγετο μὴ θελήσαντος τε νεοχμῆσαι τῶν ἐθίμων αὐτοῦ, ἀλλ᾽ ὑπὸ τοῖς σφετέροις ἄρχουσί τε καὶ ἤθεσι τὰ καθ᾽ ἑαυτοὺς ὁρίσαντος διεξάγεσθαι, καθώς που καὶ ἐπὶ τοῦ Σαμουήλ, ὅς αὐτῶν ἀρχηγὸς ἐγένετο, ἤδη μὲν οὖν καὶ πρότερον τὸ ἔθνος τετάρακτο, τὴν ἀπληστίαν μὴ φέρον τοῦ ορφανοτρόφου, ὅτε τὸν Δολεάνον ἑαυτῶν βασιλέα επευφήμησαν, περὶ ὧν κατὰ μέρος δεδήλωται ἄνωθεν, ἀπέβλεψε δὲ καὶ νῦν πρὸς ἀποστασίαν. τὴν γὰρ τοῦ Νικηφόρου μὴ φέρον ἀπληστίαν καὶ ἃ κατὰ πάντων αὐτῷ μεμηχάνητο, οὐδενὸς ἐπιστρεφομένου τοῦ βασιλέως, ταῖς παιδαριώδεις δὲ παιδιαῖς μόνον προσανέχοντος, οἱ κατὰ τὴν Βουλγαρίαν προέχοντες ἀξιοῦσι τὸν Μιχαηλᾶν ἀρχηγὸν ὄντα ἐπαρῆξα αὐτοῖς καὶ συνεργῆσαι, δοῦναι, δοῦναί τε αὐτοῖς τὸν υἱὸν αὐτοῦ, ὡς ἄν αὐτὸν βασιλέα Βουλγαρίας ἀνακηρύξωσι καὶ τῆς τῶν Ῥωμαίων ἐλευθερωθεῖεν καταδυναστείασ καὶ βαρύτητος. ὁ δὲ ἀσμένως ὑπακούει αὐτῶν, τριακοσίους τε τῶν ἑαυτοῦ ἀπολεξάμενος καὶ τῳ οἰκείῳ υἱῷ Κωνσταντίνω τῷ καὶ Βοδίνῳ ὀνομαζομένῳ παραδοὺς εἰς Βουληαρίαν ἔξαποστέλλει. ἶξεισιν οὖν εἰς τὰ Πρισδιάνα, ἔνθα συναθροισθέντες οἱ ἐν τοῖς Σκοπίοις προέχοντες, οἷς ἔξαρχος ἦν Γεώργιος ὁ Βΐτάχος, τοῦ τῶ Κομχάνων γένους καταγόμενος, βασιλέα Βουλγάρων αὐτὸν ἀνεκήρυξαν, Πέτρον ἀντὶ Κωνσταντίνου μετονομάσαντες[376]. ὅπερ ἀκούσας ὁ ἐν Σκοπίοις διέπων τὴν ἀρχὴν τοῦ δουκὸς Νικηφόρος ὁ Καραντηνός, τοὺς ὑφ᾽ αὐτὸν στρατηγοὺς παραλαβὼν ἄπεισιν εἰς τὰ Πρισδίανα μετὰ τῶν Βουλγαρικῶν δυνάμεων. ἐν ὅσῳ δὲ οὗτος τὰ πρὸς πόλεμον ἐξήρτευεν ἐπικατέλαβε διάδοχος αὐτοῦ Δαμιανὸς ὁ Δαλασσηνός ἑνωθεὶς τοίνυν μετὰ Καραντηνοῦ, πολλα΄ τι κερτομήσας αὐτόν καὶ ἐς ἕκαστον δὲ τῶν σὺν αὐτῷ στρατηγῶν ἐμπαροινήσας οὐκ ὀλίγα καὶ ὡς ἀνάδρους μυκτηρίσας αὐτούς συνταξάμενος

[376] Cedreni G., *Historiarum compendium,* 714 - 720 ; *ГИБИ,* VI, 334 - 338 ; *Византиски извори,* III, 177 – 186.

συμβάλα τοῖς Σέρβοις εὐθέως. καὶ γίνεται μάχη φρικτὴ καὶ τροπὴ τῶν Ῥωμαίων φρικωδεστέρα· πίπτους γὰρ πολλοὶ ἔκ τε Ῥωμαίων καὶ Βουλγάρων ζωγροῦνται δὲ πλεῖστοι καὶ αὐτὸς δοὺξ Δαμιανὸς ὁ Δαλασσηνὸς ὅ τε λεγόμενος Προβατᾶς καί ὁ Λογγοβαρδόπουλος καὶ ἕτεροι συνχοι σὺν αὐτοῖς. ἐλήφθη δὲ καὶ ἡ παρεμβολὴ ἅπασα, καὶ τῶν ἐν αὐτῇ πάντων διασκύλευσιν γένεται. ἐντεῦθεν ἀναίδην οἱ Βουλγαροι τὸν Βοδίνον βασιλέα ἀναγορεύσιν, ὡς εἴρηται, Πέτρον μετονομάσαντες. διχῇ τε διαιρεθέντες οἱ μὲν μετὰ Βοδίνου εἰς τὸν Νίσον άκῆσαν, οἱ δὲ Πετρίλον τινὰ πρῶτα παρὰ τῷ Βοδίνῳ φέροντα παραλαβόντες κατὰ τῶν ἐν Καστορίᾳ Ῥωμαίων ἀπίασιν· ἐκεῖσε γὰρ διατετειχίσθαι τὴν πὸλεν οἱ τὰ Ῥωμαίων φρονοῦντες, ὡς εἴρηται, δ᾽ τε τῆς Ἀχρίδιος στρατηγὸς Μαριανὸς καὶ ὁ Διαβόλεως ὁ πατρίκιος καὶ ἀνθύπατος Θεόγνωστος ὁ Βούρτζης, σὺν αὐτῷ δὲ καὶ ὁ ἐν Καστορίᾳ στρατηγῶν. μεθ᾽ ὧν καὶ ὁ Βορίσης Δαβὶδ καὶ ἄλλοι πολλοι΄ οἵτινες δεδιότες τὴν ἐκ τῶν ἰθαγμενῶν Βουλγάρων ἀπειλὴν ὡς εἰς κρησφύγον[377]. Καταλαβὼν οὖν ὁ Πετρίλος τὴν Καστορίαν μετὰ πλῆθος Βουλγάρων ἀμυθήτου τὰ πρὸς τὸν πόλεμον συνεσκευάζετο. οἱ δὲ Ῥωμαῖοι καὶ οἱ συνταξάμενοι ἐξῆλθον κατ᾽ αὐτῶν καὶ μετὰ ῥύμης σφοδρᾶς συμβαλόντες αὐτοῖς τρέπουσι τὸν Πετρίλον, καὶ φυγεῖν καταναγκάζουσι δι᾽ ὀρέων ἀβάτων πρὸς τὸν ἑαυτοῦ κύριον τὸν Μιχαηλᾶν ἀφικόμενον,κτείνουσι δὲ καὶ τῶν Βουλγάρων πολλούς· αἱροῦσι δὲ καὶ μετὰ τὸν Πετρίλον ἐν Χροβάτοις τεταγμένον, καῖ πρὸς τὸν βασιλέα δεσμώτην ἀπάγουσιν. ὁ δὲ Βοδίνος τὸν Νίσον καταλαβὼν ὡς ἤδη βασιλεὺς τῶν Βουλγαρικῶν πραγμάτων ἀντείχετο πᾶν τὸ προστυχὸν ληΐζομενος, καὶ τοὺς μὴ δεχομενός μηδὲ δουλουμένους αὐτῷ κεραΐζων καὶ λυμαινόενος. ὅπερ ἀκηκοὼς ὁ βασιλεύς τήν τε τοῦ δουκὸς ἦτταν δηδαλὴ καὶ τὴν αὐτοῦ ἀναγόρευσιν τὸν Σαρωνίτην κατ᾽ αὐτοῦ ἐξαπέστειλε, πρὶν ἐξαφθῇ τὸ κακὸν καὶ εἰς μεγάλην ἐξαρθῇ φλόγα, κατασβέσαι τοῦτο κατεπειγόμενος. συνξαπέστειλε δὲ αὐτῷ καὶ στράτευμα ἀξιλογον συγκείμενον ἔκ τε Μακεδόνων καὶ Ῥωμαίων καὶ Φράγγων. ἀλλ᾽ οὗτος μὲν πρὸς τὴν Σκοπίων πόλιν τὴν ὁρμὴν ποιούμενος τῶν ἐν τῷ Νίσῳ οὐδεμίαν φροντίσα ἐτίθετο. παραγενόμενος οὖν καὶ τῷ πιστευομένῳ ταύτην Γεωργίω τῷ Βοιταχῳ λόγον δεδωκὼς ὡς οὐδεν φλαῦρον ὑποστήσεται, τὴν πόλιν τῶν Σκοπίων αἱρεῖ, κἀν

[377] Cedreni G., *Historiarum compendium,* 714 - 720 ; *ГИБИ,* VI, 334 - 338 ; *Византиски извори,* III, 177 - 186

ταύτη τὴν στρατοπεδείαν πήγνυσι, καὶ περὶ τῶν ἐν τῷ Νισῳ τὸ ποιητέον ἐσκοπει καὶ ἐμελέτα.[378] ἀλλ᾽ ὁ Βοΐτάχος μεταμεληθεὶς ὅτι δὴ ποσῶς ἀγαθὸς γέγονε καὶ τὰ Ῥωμαίων ἐφρόνησε, λαθαρίως τοῖς ἐν τῷ Νίσῳ ἐδήλου ἀφικνεῖσθαι μὲν τὲ τάχει πρὸς αὐτόν καὶ ἐν τῷ Νισῳ ἐδήλου ἀφικνεῖσθαι μὲν ἐν τάχει πρὸς αὐτόν κα τοὺς περὶ τὸν Σαρωνίτην ῥᾳθυμότερον διάγοντας καὶ ἀμελέστρον ἀνοίκτως καὶ ὠμῶς ἡβηδὸν ἀποσφάξαι. οἵ δὴ τὴν ἀγγελίαν δεξάμενοι ἄραντες ἐκ τοῦ Νίσου, πρὸς τὰ Σκόπια ἵεντο χιόνι κεκαλαυμμένης οὔσης τῆς γῆς· χειμὼν γὰρ ἦν Δεκεμβρίου ἱσταμένου μηνός συναισθήσιως δὲ τοῖς περὶ τὸν Σαρωνίτην γενομένης ἔξεισι κατ᾽ αὐτῶν παμπληθεί, καὶ καταλαβὼν αὐτοὺς κατὰ τὴν ὁδὸν ἔν τινι τόπῳ λεγομένῳ Ταωνίῳ ἀναιρεῖ σχεδὸν τοὺς σύμπαντας· ἁλίσκεται δὲ καὶ ὁ Βοδίνο. ὁ δὲ Λογγιβαρδόπουλος, ὡς εἴρηται, ἀρθεὶς πρὸς τὸν Μιχαηλᾶν καὶ λόγον δοὺς καὶ λαβών, ζεύγνυται τῇ τούτου θυγατρὶ καὶ λαὸν ὅτι πλεῖστον πιστεύεται ἀπό Λογγιβάρδων καὶ Σέρβων συγκείμενον, μεθ᾽ οὗ καὶ πρὸς βοήθειαν τοῦ Βοδίνου ἀποσταλεὶς αὖθις τοῖς Ῥωμαίοις ἀποκαθίσταται. ὁ δὲ Σαρωνίτης τὸν Βοδίνον ἐξαπέστειλε πρὸς τὸν βασιλέα δέσμιον. περιορισθεὶς δὲ ἐν τῇ τοῦ ἁγίου Σεργίου μονῇ, μετὰ βραχὺ παραδοθεὶς τῷ Κομνημῷ Ἰσαακίῳ ἤδη προβεβλημένῳ Ἀντιοχείας δουκὶ ἀπήχθη εἰς Ἀντιόχειαν. ὅπερ ἀκουσας ὁ τούτου πατὴρ ὁΜιχαηλᾶς μισθωσάμενος Βενετίκους τινὰς βαλαντίου ἁδροῦ οἷς ἔργον θαλαττοπρεῖν ἀπλέκλεψε τοῦτον ἐκεῖθεν καί τοῖς ἡμετέροις χρόνοις διήνυσεν. ὁ δὲ Βοΐτάχος ἐσταθείς σφοδρῶς ἐν τῷ ἀπιέναι πρὸς τὸν βασιλέα τελευτᾷ μὴ ἐξαρκέσας ταῖς ἐκ τῶν πληγῶν ὀδύναις. οἵ γε μὴν Ἀλαμάνοι καὶ Φράγγοι (γένη δὲ οὗτοι δυτικὰ) κατὰ τῆς χώρας ἀφεθέντες καθαιροῦι μὲν τὰ ἐν τῇ Πρίσπᾳ τῶν Βουλγάρων ὑπολελειμμένα βασἀλεια, σκυλεύουσι δὲ καὶ τὸν ἐκεῖσε ναόν ὅς ἐπ᾽ ὀνόματι τοῦ Ἀχιλλίου ἵδρυται, μηδενὸς τῶν ἐν ἐκείνῳ φεισάμενοι ἱερῶν ὧν τινα μὲν αὖθις ἀνεσώθησαν τὰ δὲ λοιπὰ ὁ στρατὸς διανειμάμενος εἰς χρῆσιν ἰδίαν μετεσκεύν[379]. τὶς οὖν τῶν στρατιωτῶν τῆς Μακεδονικῆς φάλαγγος ὤν, ἀξιούμενος ἀποδῦναι ὅπερ εἰλήφει ἱερόν ἐπεὶ μὴ ἐπείσθη, ανθρακιῶσας μετελθούσης αὐτὸν εἰς

[378] *Византиски извори*, III, 177 - 186 ; Cedreni G., *Historiarum compendium,* 714 - 720 ; *ГИБИ,* VI, 334 - 338

[379] Cedreni G., *Historiarum compendium,* 714 - 720 ; *ГИБИ,* VI, 334 - 338 ; *Византиски извори,* III, 177 - 186

ὑπόδειγμα τοῖς ὀψιγόνις. ἐν δὲ ταῖς παρακειμένας τῇ ὄχθῃ τοῦ Ἴστρου πόλεσι τῶν στρατιωτῶν ἠμελημένων οἷα μηδὲν εἰς διοίκησιν λαμβανόντων, στέλλεται ὁ βεστάρχου Νέστωρ δοῦλος γεγονὼς τοῦ πατρὸς τοῦ βασιλέως, δοὺξ τῶν Πραιστρίων ὀνομασθείς καὶ συμφωνήσας τῷ Τάτους ὡς ὁμογνώμοι, Πατζανάκοις πλείοσιν ὁπλισθέντες εἰς τὴν βασιλεύσαν παρεγόνοντο· κακαταθεῖναι δὲ τὰ ὅπλα ἐγκελεύομενος μὴ ἂν ἄλως ποιῆσαι τοῦτο ἔλεγεν εἰ μὴν τῶν λογοθέτην Νικηφόρον ἐκ μέσου ποιήσειν ὡς κοινὸν ἐχθρὸν καὶ πολέμιον κοσμικόν, καὶ αὐτὸν οὐκ ὀλίγα λυπήσαντα καὶ τὴν αὐτοῦ περιουσίαν δημεύσαντα. ἀλλ᾽ ὁ βασιλεὺς οὐκ ἐπείθετο ἅπαξ ἑαυτὸν ταῖς αὐτοῦ γοητείαις καὶ ἀπάταις ἐκδεδωκώς. ὁ δὲ Νέστωρ ἐπιβουλευθεὶς ὑπὸ τῶν οἰκείων ἀπανίσταται μὲν ἐκεῖθεν ληιζεται δὲ τήν τε Μακεδονίαν καὶ Θρᾴκην καὶ τὰ παρακείμενα τῆς Βουλγαρίας καὶ εἰς τὴν τῶν Πατζενάκων ὑποχωρεῖ. μοῖρα δὲ στρατιωτῶν Μακεδονικῶν στερουμένη προσῆλθε τῷ βασιλεῖ τὴν στέρησιν ἀποκλαιομένη. προστάξει οὖν βασιλικῇ τυφθέντες καὶ ὑβρισθέντες ἐδιώχθησαν, μηδεμιᾶς ἐπιστροφῆς αὐτῶν γενομένη. ἀλλ᾽ οἵ γε πρὸς τὰ οἰκεῖα λὺπης οὐ μικρᾶς ἐπιστραφέντες ἀνάμεστοι οὐκ ἤθελον μένειν ἔτι ἐπι τοῦ αὐτοῦ φρονήματος, ἀλλὰ τοὺς πολεμίους πᾶσι τρόποις ἀμύνασθαι διεσκέπτοντο (Во првата година од царувањето на неговото (на владеењето на Михаил) во единаестиот индикт српскиот народ кој што се нарекуваше и хрватски тргна да ја покори Бугарија (Македонија). Јас ќе раскажам на каков начин се случи тоа од самиот почеток. Кога царот Василиј откако ја покори Бугарија (Македонија) не сакаше таму ништо да менува од обичаите и нареди да се раководат нивните (македонските) управници според нивни (македонски) обичаи како што беше во времето на Самуил кој што беше нивни (македонски) владетел, народот не ја поднесуваше алчноста на орфанотрофот започна да се бунтува и порано кога го прогласи Дељан за свој цар (за што беше претходно раскажано во детали) и сега започна да мисли на востание. Народот не можеше да ја трпи алчноста на Никифор и тоа што им го правеше на сите, затоа што царот не се грижеше за ништо и се занимаваше со несериозни и децки работи. Првенците на Бугарија (Македонија) мислеа дека Михаил кој што водеше потекло од Самуил и им беше владетел (на Дукљаните) дека ќе им го прати својот син за да го прогласат за цар и за да се ослободат од власта на Ромеите. Тој (Михаил) со задоволство им помогна и откако избра

триста од своите луѓе и му ги даде на својот син Константин наречен Бодин го испрати во Бугарија (во Македонија) Тој замина во Призрен каде што беа собрани скопските првенци кои што беа предводени од Георги Војтех роднина на Комханите. Тие го прогласија Бодин за цар на Бугарија (на Македонија) и го прекрстија од Константин во Петар. Кога слушна за ова Никифор Карантин кој што тогаш ја вршеше должноста дукс на Скопје, замина во Призрен зедно со потчинетите стратези и додека се подготвуваше за битка пристигна и Дамјан Даласин. Откако се здружија веднаш започнаа битка со Србите (Македонците) и Ромеите претрпеа уште поголем пораз. Паднаа многу Ромеи и уште повеќе беа заробени заесно со самиот Дамјан Даласин наречен Проват и со него Лангобардот и многу други заедно со нив. Беше освоен и целиот воен логор и се во него беше ограбено. Потоа откако Бугарите (Македонците) го прогласија Бодин за цар и го нарекоа Петар како што беше кажано, тие се поделија на два дела, и Бодин со војската тргна кон Ниш, а другите под водство на некојси Петрило кој што беше прв по Бодин тргнаа против Ромеите во Костур. Таму приврзениците на Ромеите ; охридскиот стратег Маријан, деволскиот стратег, патрикиј и антипат Теогност Вурцис и со него и стратегот на Костур беа утврдени во градот како што беше кажано. Со нив беше и Борис Давид и многу други кои што плашејќи се од гневот на локалните Бугари (на локалните Македонци) побараа засолниште во Костур. Кога Петрило стаса пред Костур со војската и започна да се подготвува за борба. Кога Ромеите се наредија и излегоа против Бугарите (против Македонците) и ги нападнаа со голема сила и ги натераа во бегство. А Пертило беше принуден да бега и преку непроодните планини стигна кај својот господар Михаил. Тие убија многу Бугари (многу Македонци) а го заробија и човекот кој што го заземаше првото место после Петрило меѓу Хрватите (меѓу Дукљаните) и окован го донесоа пред царот. Бодин пак кога пристигна кај Ниш почна да ги распоредува бугарските (македонските) работи како цар. Ограбуваше се што ќе му излезеше на пат и ги убиваше и измачуваше оние кои што не го признаваа и не му се потчинуваа. Кога царот слушна за тие случувања, имено за поразот на дуксот и за прогласувањето на Бодин за цар, го испрати против него Саронит за да побрза да го задуши злото пред тоа да се разгори и да стане поголем пожар. Со него тој испрати и силна војска составена од Македонци, Ромеи и Франки. Но тој (Саронит) се упати кон градот Скопје и не обрнуваше внимание на Ниш. Откако

пристигна таму и му вети на Георги Војтех кому што му беше доверен на чување градот дека ништо лошо нема да му се случи го презеде градот Скопје и го намести логорот таму и почна да размислува како да се справи со оние во Ниш. Но Војтех се покаја за стореното и беше толку благонаклон кон Ромеите што тајно ги извести оние во Ниш веднаш да дојдат и да ги убијат безмилосно и жестоко сите луѓе на Саронит, кои што беа безгрижни и немарни. Кога го слушнаа известувањето тие веднаш тргнаа кон Скопје. Земјата беше покриена со снег затоа што беше зима месец декември. Но Саронит рзабра за тоа и со целата војска излезе против разбунтуваните и откако ги пресретна на патот на местото наречено Таониј ги погуби сите. Беше заробен и Бодин. А Лангобардот како што кажавме премина на страната на Михаил и му се заколна на верност и се ожени со неговта ќерка. Тој доби голема војска составена од Лангобарди и Срби и со која што му беше испратен напомош на Бодин, тој повторно мина на страната на Ромеите. Саронит го испрати Бодин окован кај царот. Тој беше затворен во манастирот Св. Сергиј, а малку подоцна му беше предаден на Исак Комнен кој што беше назначен за дука на Антиохија и го одведе таму. Кога слушна за ова татко му Михаил со пари најми Венети кои што пловеа по море да го земат од таму и да го донесат во неговата држава. Тој (Бодин) по смртта на татко му владееше и во наши денови. А Војтех кој што беше многу измачуван умре на патот кон царот, затоа што неможеше да ги издржи болките од ударите. Алеманите и Франките (кои што се западни народи) кои што навлегоа во земјата и останаа и ги уништија дворците на бугарските (на македонските) цареви кои што останаа во Преспа, и го ограбија храмот посветен на Свети Ахил и не поштедија ниедна од светиите кој се наоѓаа таму. Некои од нив беа спасени а некои војската си ги раздели меѓу себе и ги приспособи за свои потреби. Еден македонски војник што беше испратен да ги врати светите предмети откако ги зел. Но грабежот не беше заборавен туку се пренесуваше за пример на поколенијата. Во градовите по крајбрежјето на Дунав војниците беа гневни затоа што не добија никаква награда, затоа беше испратен вестархот Нестор кој што служеше кај таткото на царот и беше поставен за дука на крајдунавските градови. Тој влезе во сојуз со Татуш како со свој истомисленик и заедно со него појде кон престолнината заедно со многу Печенези. Кога му заповеда да го одложи оружјето, тој рече дека ќе го направи тоа само ако го тргнат логотетот Никофор затоа што му беше најголем непријател и му уби многумина и му ги

зеде имотите. Но царот не сакаше да слуша, затоа што еднаш веќе му поверува на неговите лаги. А неговите луѓе му направија заговор против него. Нестор ги напушти тие места и ја ограби Македонија и Тракија и земјите во соседството на Бугарија (во соседството на Македонија) и премина на страната на Печенезите. Дел од ограбените македонски војници дојдоа кај царот но тој не им укажа никакво внимание и тие беа натепани и малтретирани. Но кога се вратија во својата земја исполнети со голема мака не сакаа да повеќе да бидат верни поданици туку почнаа да се стремат да ги отфлат непријателите )[380].

Византискиот историчар Никифор Вриени вака вели за востанието на Георги Војтех : Ἐπειδὴ τῶν παίδων τοῦ θειοτάτου καίσαρος ὁ μὲν νεώτερος Κωνσταντῖνος ἀνὴρ ἀγαθός γενόμενος ἐξφαίνης ἀπειβίω, ὁ δὲ πρεσβύτερος Ἀνδρώνικος τὸ γενναῖον αὐτοῦ τῆς ψυχῆς παραστήσας κἀν τῶ κατὰ Οὐροελίου πολέμῳ καὶ ἑαυτὸν προέμενος ὑπὲρ τῆς τοῦ πατρὰς σωτηρίας δεινῶς τεττραυμάτιστο ὡς μικροῦ δεῖν ἔξαμος γεγονὼς ἐπανῆλθε πρὸς τὸ Βυζάντιον ἐπανελθὼν δὲ καὶ ἐπιμελείας τυχὼν ὅτι πλείστης τῶν μὲν ἐκ τῶν τραυμάτων ἀλγηδόνων ἀπῆλλακτο καχεξίᾳ δὲ σπλὸγχνων συσχθείς ὑδέρῳ ληφθείς ἀπηγορευτο πρὸς τῶν ἰατρῶν ἀτονησάσης τῆχνης ἐπικουρῆσαι τῷ κάμνοντι· ἐπεὶ γοῦν αὕτω ταῦτα συνέρη καὶ ὁ καῖσαρ τὸν εὐκλεῆ βίον εἰς τὸν μοναδικὸν μετήμευψε, ὁ βασιλεὺς Μιχαὴλ ηροντίσο μυρίαις ἐπάλαιε τῶν τε Σκυθῶν Θρᾴκην τε καὶ Μακεδονίαν καταρεχόντων, τοῦ Σθλαβίων ἔθνους τῆς δουλείας Ῥωμαίων ἀφηνιάσαντος καὶ τὴν Βουλγάραιν δηοῦντός τε καὶ ληιζομένου. Σκοῦποί τε καὶ Ναίσος ἐπορθοῦντο, καὶαὔτο δή τὸ Σίρμιον καὶ τὰ περὶ τὸν Συβίαν ποταμὸν χωρία καὶ αἵ παρίστριοι πόλεις αἵ μέχρι Βυδίνης κακῶς διετίθεντο. Ἐκεῖθεν δ᾽ αὖθις Χωροβάτοι καὶ Διοκλεῖς ἀποστάντες ἅπαν ὸ Ἰλλυρικὸν κακῶς διετίθουν. Τούτων οὕτως γινομένων ό βασιλεύς Μιχαὴλ εἱς δέος ἐκπέπιωκε μέγα καὶ ἐΰκεπτετο κοινωνόν τινα προσλαβέσθαι καὶ τὴν δεύτεραν αὐτῷ ἀπονεῖμαι τιμήν,φημὶ δὴ τὴν τοῦ

[380] Cedreni G., *Historiarum compendium* 714 – 720 ; *ГИБИ,* VI, 334 - 338 ; *Византиски извори,* III, 177 – 186 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 62 - 64. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 415 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 726 -772 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку, …*289 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 438 - 444. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 75 - 77

καέσαρος. Ἐπεὶ δὲ τὰ συγγενες αὐτου ἅπαν καθήρητο πρός τῶν ἐν τέλειτοὺς στρατηγοτάτους ἀπέβλεψε καὶ ἐζήτει καθ᾽ ἑαυτόν μετὰ τῶν περιοικιδίων τὸν πείρᾳ προγμάτων καὶ φρονήσει καὶ ἀρετῃ τῶν ἀλλων πλεονεκτοῦντα. ὡς δὲ πᾶσιν ἐδόκει τοῖς περὶ αὐτὸν καὶ ἀὐτῷ τῷ λογοθετη τοιιῦτος εἶναι ὁ Βρυέννιος Νικηφόρος οὗ πρόσθεν ἡ ἱστορία ἐμνήσθη, τὰ πρὸς τὸν θεὸν πιστός τὰ πρὸς φιλίαν βέβαιος δεινός τε ὑπαισθέοθαι τὸ μέλλον καὶ προφυλάξασθθι στρατηγῆσαὶ τε κατ᾽ ἐχτρῶν δοκιμώτατος εὐθὺς γράμασσι βασικοῖς ἐξ Ὀδρυσῶν μετεπέμπετο[381]. (Тогаш помалиот син на пресветлиот цар Константин маж доблесен неочекувано почина а постариот син – Андроник кој што го докажа своето јунаштво во војната со Урсел и не се штедеше себеси за да го спаси својот татко беше тешко ранет и за малку ќе му истечеше крвта, се врати во Цариград. А кога се врати поради големите грижи од тешките рани обземен од внатрешна слабост се наполни со вода, лечењето беше откажано од лекарите бидејќи беше бесполезно и неможеше да му помогне на болниот, кога тоа се слиучи царот го смени световниот со монашкиот живот, тогаш царот Михаил се бореше со многубројни грижи бидејќи Скитите напаѓаа во Тракија и Македонија, племето на Словените (на Македонците) го отфрли ромејското господство и ги пустошеше и ограбуваше Бугарија (Македонија), исто така беа освоени Скопје и Ниш, во опасност се наоѓаше и Сирмиум и земјите што лежеа околу Сава до самиот град Видин. А потоа Хрватите и Дукљаните востанаа и го опустошија целиот Илирик. Кога се случија овие работи императорот Михаил многу се исплаши и размислуваше да избере свој помошник во власта и да му го даде кесарското достоинство. Бидејќи сите негови роднини беа починати тој се сврте кон војсководците и меѓу оние кои што го опкружуваа бараше таков човек кој што ќе ги надмине другите во опитноста во работата, со умот и доблеста. Сите околу него сметаа и самиот логотет мислеа дека таков е Никифор Вриениј, кој што беше споменат во предходното излагање, како човек предан на бога, верен во пријателството, способен да ги предвиди идните настани и да преземе мерки и да војува со непријателите, зато тој по наредба на царот веднаш беше повикан во областа на Одрисите.)[382]

---

[381] Nicephori Bryennii, Historia, ed. A. Meineke, Bonnae, 1836. ; *Византиски извори,* III, 177 - 186, 237 ; *ГИБИ,* VII, 115

[382] *Византиски извори,* III, 177 - 186, 237 ; *ГИБИ,* VII, 115 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 62 - 64. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 415 ; Антолјак С *Средновековна*

Во 1072 година се кренало ново востание во Македонија на чело со Георги Војтех. Причината за ова востание била влошената положба на народот како резултата на спроведувањето на новиот курс на византиската фискална политика на Балканот, кон која се прибегнало по претрпените порази во Мала Азија и Италија. Имено во 1071 година Византиај била катастрофално поразена од Турците Селџуци кај Манцикерт. Како резултат на тоа империјата била лишена од богатите поседи во Мала Азија. Истата година Визнтија претрпела уште еден пораз. Норманите го зазеле Бари. Со тоа и последниот посед во јужна Италија и бил одземен на Византија. Само што Никифорица алчниот соработник на царот Михаил VII Дука (1071 - 1078) започнал да ја спроведува својата финансиска политика населението во Македонија се кренало на востание. Центар на востанието бил градот Скопје. Со цел да обезбедат поддршка однадвор македонските првенци побарале помош од зетскиот владетел Михаил (1052 - 1081) кој што бил син на Војислав, односно во роднински врски со македонскиот царски род предводен од царот Самуил. Михаил со задоволство се одзвал на барањето и избрал 300 души од своите и заедно со својот син Константин Бодин им го испратил на востаниците. Кога пристигнал Бодин во Призрен, каде што биле собрани скопските првенци на чело со Георги Војтех бил прогласен за цар од востаниците и бил преименуван во Петар во чест на Петар Дељан[383].

Кога чул за востанието во Скопје Никифор Карантин ги собрал соседните стратези и со здружена војска се упатил кон Призрен. Меѓутоа поради небудноста што дозволил во неговата област да дојде до востание Карантин бил сменет од својата должност од василевсот Михаил VII Дука, иако отишол да ги спречи востаниците да навлезат во Македонија. Новиот дукс на Скопје, Дамјан Даласин откако се соединил со војската на Карантин се однесувал потценувачки кон другите стратези навредуваќи ги дека биле страшливци. Битката која што се случила кај Призрен била жестока.

---

*Македонија*, 726 - 772 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 304 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 438 - 444. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век/ 75 - 77

[383] *Византиски извори,* III, 177 - 186 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 60 - 61 ; Острогорски Г., Историја на византија, 415. ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 726 - 772 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 304 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 438 - 444. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 75 - 77

Византиските војски биле тешко поразени. Многумина од нив биле убиени, а не бил мал бројот и на заробените меѓу нив и самиот дукс Дамјан Даласин. По овој успех востанието зело широк замав и имало големи размери. Бодин ја разделил востаничката војска на два дела. На едниот дел бил на чело самиот Бодин, а на другиот дел од војската командата му ја доверил на Петрило, кој што бил прв меѓу неговите луѓе. Царот Петар со својата војска се упатил кон Ниш, а Петрило го испратил да ја ослободи внатрешноста на Македонија. Бидејќи Скопје веќе било ослободено и било под управа на Георги Војтех, Петрило се упатил кон Охрид. Преземањето на овој град било олеснето и поради тоа што Охриѓаните го дочекале Петрило како ослободител од византиската власт. Без отпор бил заземен и Девол. Стратегот на Девол патрикиот и антипат Вурцис како и охридскиот стратег Марјан, а и многумина други меѓу кои и многумина провизантиски настроени македонски феудалци избегале во Костур за да најдат заштита во неговата тврдина[384].

Таму бил и костурскиот стратег. Насобраните таму се готвеле со заеднички сили да му пружат отпор на војсководецот Петрило. Откако дошол пред Костур и со војска го нападнал градот се сретнал со силен отпор. Здружените византиски војски дури излегле од тврдината и неочекувано и ненадејно ја нападнале војската на востаниците. Востаниците биле разбиени и натерани во бегство, а не биле малубројни ни оние што паднале во заробеништво. Меѓу заробениците бил и првиот заменик на Петрило. Самиот Петрило пак успеал да избега и да се врати кај својот господар Михајло во Зета. Овој катастрофален пораз го прекинал победоносниот тек на востанието. Охрабрени од победата Византијците преминале во офанзива. Другата војска која што ја прдводел Бодин успеала да ги истисне Византијците од нишката област. Но поразот кај Костур и преминот во офанзива на византиската војска го запрела победоносното движење на војската на Бодин[385].

---

[384] *Византиски извори,* III, 177 - 186 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 62 - 64. ; Острогорски Г., Историја на византија, 415 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*, 726 - 772 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку*, 304 - 306 ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 438 - 444. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 75 - 77

[385] *Византиски извори,* III, 177 - 186 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 62 - 64. ; Острогорски Г., *Историја на византија*, 415 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија*, 726 - 772 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 304 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,*1, 438 - 444. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 75 - 77

Кога во Цариград императорот Михаил VII Дука дознал за срамниот пораз на дуксот Дамјан Даласин и за прогласувањето на Бодин за цар го испратил против него Михаил Саронит. Планот на војсководецот Саронит бил прво да го заземе центарот на востанието - Скопје, а потоа откако ќе се утврди во него да тргне во поход против Бодин. Кога пристигнал во Скопје Саронит го повикал Војтех да се предаде ветувајќи му дека ќе биде помилуван и тој и неговата војска. Војтех ја прифатил понудата и  го предал градот. Меѓутоа тој не престанал да работи за повторното ослободување на градот. Користејќи зготен момент го известил Бодин за случувањата и го повикал да дојде и со здружени сили повторно да го ослободат градот. Известен за тоа Саронит со голема војска излегол од градот и го пресретнал Бодин кај местото Тенион (денес Паун на Косово Поле). Бодиновата војска била поразена. Во ропство паднал и царот Бодин. Бил Фатен и Георги Војтех и зедно со Бодин бил испратен во Цариград. Но на патот поради суровите мачења Војтех умрел. Бодин бил затворен  во  црквата Св Сергеј во Цариград, а по извесно време му бил предаден на дуксот на Антиохија Исак Комнен. Со помош на платеници - венецијанци зетскиот владетел Михаило успеал да го ослобди Бодин од затвор и да го врати дома во Зета. По обезглавувањето на востанието се ближел неговиот крај. Во текот на 1073 година Византија упатила нови сили во Македонија за да ги уништат одбранбените пунктови на оние изолирани востанички сили што продолжиле да пружаат отпор. Во докрајчувањето на востанието учествувале наемнички војски составени од Алемани и Франки.  Пустошејќи во одделните делови на Македонија тие ги разурнале дворците на македонските цареви во Преспа и го ограбиле тамошниот храм. Но и покрај репресалиите македонскиот народ продолжувал да пружа отпор. Византиската централна власт морала да

испрати друга голема војска на чело со дуксот Никифор Вриениј. Палејќи и уништувајќи се што му се спротивставувало Вриениј најпосле успеал до крајот на 1073 да го скроти народот на Словените (македонкиот народ) ставајќи го одново под јаремот на Ромеите. Со тоа вистанието на Георги Војтех било дефинитивно задушено[386]

За неуспехот на востанието постоеле повеќе причини. Една од нив секако е тоа што востаничките сили не успеале да создадат една поголема и компактна слободна територија која би служела како база за понатамошните успешни дејствија. Како и востанието на Дељан и против ова востание дејствувале голем број на македонски феудалци. Бранејќи ги своите лични интереси тие ги помагале византиските војски за уништување на востанието[387]

---

[386] *Византиски извори,* III, 177 - 186 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 62 -64. ; Острогорски Г., *Историја на византија,* 415 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија,* 726 - 772 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку,* 304 - 306. ; *Историја на македонскиот народ,* 1, 438 - 444. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 75 - 77

[387] *Византиски извори,* III, 177 - 186 ; Панов Б., *Средновековна Македонија,* 62 -64. ; Острогорски Г., Историја на византија, 415 ; Антолјак С., *Средновековна Македонија* 726 – 772 ; Атанасовски А., *Македонија и Црна Гора у средњем веку.* 304 – 306 ; *Историја на македонскиот народ* 1, 438 - 444. ; Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военa история през средновековието* / X – XV век /, 75 - 77

# ЗАКЛУЧОК

Јован Скилица или Јован Тракезијанецот е византиски хроничар кој што живеел и творел во единаесетиот век а неговото дело под наслов *ΣΥΝΟΨΙΣ ΙΣΤΩΡΙΟΝ* - Преглед на настаните е завршено кон крајот на единаесетиот век, која што се вбројува во редот на царски хроники. Современикот и човекот од доверба на царот Алксиј I Комнен (1081 - 1118 ) имал намера да ја овековечи историјата за времето во кое што живеел и се разбира и да го наслика владеењето на неговиот пријател царот Алексиј I Комнен. Нашиот извор не го следи хронолошкиот тек на настаните, но сепак изнесува важни податоци од историјата на Византија од крајот на идинаестиот век а во тие рамки и настани од македонската средновековна историја.

Од обемното дело на овој византиски хрониочар во кое се наоѓаат податоци и за византиската држава и за оние држави и области кои што во средновековието биле дел од неа, за нас беа интересни податоците што се однесуваат на македонскта средновековна историја. Имено тој дел од приказната авторот го започнува со обидот за обновувањето на мировниот договор од 927 година откако умрела бугарската царица и сопруга на царот Петар, Марија - Ирина која што била гарнат за истиот, тој обиде бил во форма на испратени гласници во Цариград во 966 година токму во времето кога императорот Никифор II Фока седнал на византискиот трон, и кога ги чул барањата на бугарските пратеници не само што не ги прифатил туку и откако наредил да бидат натепани и изгонети, што практично значело објавување на војна на Бугарија што траела од 966 до 968 година во која што на повик на Византија се вмешала и Киевска Русија владеена од великиот кнез Свјаторслав кој што пак оваа покана ја прифатил поради тоа што и самиот имал интереси и завојувачки план кон византискиите поседи што пак резултирало од една страна со две појавувања на руската војска на балканските простори при што во 968 година ја освоиле Бугарија со нејзините престолнини а во исто време и довело до потпишување на нов бугарско – византиски мировен договор во 968 година кога и како гаранти за истиот биле дадени во заложништво синовите на царот Петар, Борис и Роман во Цариргад а второто навлегвање на Свјатослав во

Бугарија 969 година довело до смртта на царот Петар но истата година и во атентат паднал и виазнтискиот цар Никифор II Фока.

Нашиот автор понатаму приказната ја продолжува со изветување за востанието од 969 година кренато од македонските млади кнезови комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил синовите на кнезот Никола кои што го започнале својот пат кон создавање на самостојна држава токму преку тоа востание. Скилица известува и за тоа дека одговорот на Византија на ова апостасија на македонските кнезови од бугарската држава било испраќањето на Борис и Роман со задача да го заземат престолот на нивниот татко и да го спречат понатамошниот успех на востанието.

Понатаму во оваа хроника се изнесени податоци и за смртта на кнезовите Давид и Мојсеј, едниот загинал кај месноста Убави Дабови во битка со Власи скитници а другиот во битката за Сер. Нашиов автор зборува и за предавството и ликвидацијата на Арон и целото негово семејство кај Разметаница со што целата власт во дражавата останала во рацете на енергичниот и храбар Самуил.

Јован Скилица се задржува и на востанието кое што во 976 година по смртта на царот Јован Цимискј го кренале самите Бугари и кога со своја одлука ги повикале за свои владтели македонските кнезови и со тоа самите станале вазали на македонската средновековна држава.

Предмет на известувањето на Скилица е и проширувањето кон југ а во рамките на тој поход и заземањето на Лариса околу 985 година. Следната 986 година Василиј II го доживеал катастрофалниот пораз од Самуила во битката кај Трајановата порта.

Веднаш по тоа истата 986 или следната 987 година кнезот Самуил го извел својот поход кон Далмација и Дукља кој што завршил со склучувањето на бракот меѓу ќерката на кнезот Самуил, Косар и дукљанскиот крал Валадимир и со тоа потпаѓање на Дукља во вазален однос кон Самуила.

Во извесутувањето на Скилица наоѓаме и податоци дека византискиот цар сватил дека цел на Самуила бил градот Солун и затоа презел и мерики за негово зајакнување и заштита од нападите кнезот Самуил и неговата војаска. И за управник на градот го наименува Григориј Таронит. Така во 995 година македонскиот кнез се појавил пред градо Солун и според Скилица поголемиот дела од војската ја распредил во заседи околу градот а само мал одеред пратил директно пред градските тврдини битката, завршила со заробување на синот на

градскиот управиник, Ашот Таронит и загинувањето на неговиот татко Григориј.

Потоа кнезот Самуил продолжил на југ и се пробил се до Пелопонез. Нов упоравник на Солун станал Никифор Уран кому василевсот му дал задача да го реши овој проблем што се викал Самуил. Но кога Никифор Уран приситигнал во Солун кнезот Самуил веќе бил заминат од таму и Уран тргнал по него и го стасал дури кај реката Сперхеј 996 година каде што се случил следниот византиско - македонски судир кој што завршил со пораз на македонската војска.

Хроничарот во своето дело отстапува место и на податоците за мажачката на другата ќерка на Самуил, Мирослава за синот на солунскиот дукс Ашот Таронит и нивното испраќање во Драч, и за нивното предавство и бегството во Цариград.

Скилица не изнесува конкретни податоци за крунисувањето на Самуила за цар но со самото тоа што вели дека македонскиот владетел имал свои приврзеници и поддржувачи и во самата Византија меѓу нејзините видни благододници како што биле Павле Вов и Ватац и многу други кои што претчувствувајќи ја опасноста да бидат откриени и казнети спасот го барале во засолнувањето на дворецот на македонскиот цар, што ќе рече дека имал углед и влијание меѓу видните луѓе во самото царство кои што не се согласувале со постапките на Василиј II.

Скилица известува и за тоа дека во 1003 година византискиот імперарот тргнал во поход на градот Видин кој што на крајот од осуммесечната опсада и го освоил а пак македонскиот цар Самуил на тоа одговорил со ненадеен напад на Одрин на денот на вознесението на пресвета Богородица кога во градот се одржувал голем панаѓур и според податоците откако зел богат плен се повлекол.

Веќе следната 1004 година се случил македонско – визнтискиот судир кај Скопје кој што завршил катасторфално за македонската војска и од кој што и самиот македонски цар едвај успеал да жив да се спаси.

Во хрониката на Скилица понатаму наоѓаме навестување за премолчениот мировен договор во периодот од 1004 до 1014 година за кој што нашиот автор освен што кусо известува за тоа дека во тој период византискиот

цар секоја година вклаегувал во македонска територија и пустошел секаде каде што стигнел и потоа се враќал во Цариград со богат плен. Но од друга страна изгледа дека се работи за премолчен мир кој што им одговарал на давата владетели подгвотовки за натсмошните планови.

Хроничарот зборува и за битката кај Беласица која што се случилава 1014 года кога визнантискиот импеаратор успеал да го порази својот долгогодишен непријател. Во таа прилика автотрот зборува и за трагичната смрт на македонскиот цар Смуил која што се случила на 6 октомвти 1014 година.

Во делото Преглед на настаните од Скилица наоѓаме податоци и за наследниците на македонскиот цар. Имено Јован Скилица заборува за македонскиот цар Гаврил Радомир кој му бил син и наследник на царот Самуил и владеел со македонското царство од 1014 до 1015 година, за него вели дека по физичка сила и храброст го надминувал таткаси но дека по мудрост заостанувал зад него.

Скилица зборува и за царот Јован Владислав 1015-1018 кој пак бил внук на царот Самуил од неговиот брат Арон, кој пак се приклонил кон византискиот цар и по негов наговор и поддршка го убил својот братучед и ја зел власта во свои раце но подоцна и тој се обидел да му се спротивстави на византискиот цар Вадилиј II за да најпосле и самиот загине во битката кај Драч 1018 година. Неговата смрт всушност значела и крај на средновековната македонска држава и нејзино потпаѓање по византиска власт.

Скилица се осврнува и на востанијата кои што во 11 век биле кренати во Македонија. Имено во 1040 година било кренато ослободително востание против византиската власт, Водач на тоа востание бил Петар Дељан внукот на царот Самуил од неговиот син Гаврил Радомир. Ова востание иако во почетокот имало успеси сепак на крајот било крваво задушено а неговиот водач ослепен и заробен од визнтиската војска. Во 1070 година било кренато уште едно востание на чело со Георги Војтех и Бодин. И ова востание било одраз на желбата македонскиот народ да се ослободи од византиската доминација и да ја обнови некогашната држава, но и во овој случа иако во почетокот било успешно на крајот било крваво задушено а Георги Војтех им подлегнал на измачувањата и умрел а Бодин по долгогодишно заробеништво бил ослободен и се вратил кај својот татако во Зета каде што подоцна ја презел и власта во државата. Така

завршил и овој обид на македонскиот народ за ослободување од византискиот гнет.

На крајот од овоја заклучок би сакале да изразиме надеж дека во ова наше научно истражувачко патување низ македонската средновековна историја преку делото на Јован Скиливца успеавме да дадеме мал придонес кон расветлувањето на вистината за нашата средновековн историја која што е од големо значење и за нашето денешно опстојување.

## ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

### *ИЗВОРИ*:


Agathiae, Historia, Bonnae,1828.

Browning, R. The corespodence of a tenth century Byzantine Scholar // Byzantion. 1954, N 24. Basilicorum libri L X /ed.G.E.Heinbach // Lipsae, 1833-1870. Веселковский, А. Василий Новий, Видение Василияа Нового походе русских на Византию в 941. г.// @.М.Н.П. 1889. № 26.

Хазе, Забелешки, Хазе, К.// Leo Diaconis. Genesios Iosephus, Basilea eis 4 biblia. Bonnae, 1834.

Византиски извори за историју народа Југославије, I, обрадили : Фрањо Баришић, Мила Рајковић, Бариша Крекић, Лидија Томић, Беогад, 1955.

Византиски извори за историју народа Југославије, том III, Београд 1966. *Всеопщя историiа Степана Таронскаго*, гл. XXIII, 175-177, гл. XXIV 177

Gorgius Cedrenus, Ioannis Scylitzae ope, Immanuele Bekero, supletus et emendatus, Tomus alter, Bonae impensi ed. walter MDCCCXXXIX, ..372

Geographi graeci minores / Ed. Mullerus, C. P., 1855-1861. Vol. 1-2.

Geometrae Johannis, poemata // PG., 1863. Vol.106.

Darruzes, J, Epistoliers byzantins du Xe siecle. P., 1960; Idem. Documents inedits d`ecclesiogie byzantine // Archives de l`orient chertien. P. 1966. T. 10.

Dujčev, I., Les Miniatures de la Manasses, Sofia, 1963.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава Т. 1. Скопје 1981.

Downey, G. The Tombs of Bizantine Emperors // Journal of Hellenic Stadies, 1959. Vol.

Древности, Patria Constatinoupoles // Scriptores originum constantinopolitanarum / Ed. Preger, Th. Lipsiae, 1907. Fasc. 2.

Diaconis, Leo, *Historia*, Bonnae, ed. Weberi, 1827

Diakonis, Leon Caloenis Historiae libri decem /E recensione C.B. Hasii. Bonnae. 1828.

De ceremoniis aulae Byzantinae libri II Constantini VII Porphirogeniti. Bonnae 1828-1830.

Die Werke Liutprands von Cremona / Ed. Becer,J. Hannover, 1915. Превод од делото на Лиутпранд Кремонски се наоѓа во Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Т.1. Скопје, 1981. стр.74.

Estrattio de miser san Triphon marfireconfulon et protector de Citade de Catharo, ed. Gelchich G., Storia dela Marinnezza Bochezze Ragusa, 1889

Гръцки извори за българската история V, съставили: М. Войнов, Ив. Дуйчев, Л. Йончев, П. Тивчев, В. Тързкопва-Заимова, Г. Цанкова-Петкова; редактирали: Ив. Дуйчев, Л. Йончев, П. Тивчев, В. Търпкова-Заимова, Г. Цанкова- Петкова; София, 1964, 16-321.

Гръцки извори за българската история VI, съставили: Ив. Дуйчев, Л. Йончев, П. Тивчев, В. Търпкова-Заимова, Г. Цанкова- Петкова; София, 1965, 198- 340.

Гръцки извори за българската история VII, съставили: Ив. Дуйчев, Л. Йончев, П. Тивчев, В. Търпкова-Заимова, Г. Цанкова- Петкова; София, 1965, 198- 340.

Император Василий Болгаробойца: Извлечения из летописи Яахъя Антиохийского. Розен, В.Р., СПб. 1883, Reprint 1972.

Й. Заимов, В. Ззимова Бъитолски натпис на Иван Владислав, самодржец български. Старобългаски паметник от 1015-1016 година, София, 1970

Ioannis Scylitzae Synopsis historiarum, Rec. : Ioannes Thurn, apud Walter de Gruyter et socios berolini et novi eboraci MCMLXXIII. (1973).

Ioannis Zonarae Epitomae historiarum, tomus III libri XIII - XVIII ed. Th. Buttner - Wobst, Bonnae 1897.

Cameniatae Ioanis, De expugnatione Thesalonicae, Apud Walter de Gruyter et Socios Berolini Novi Eboraci ,1973.

Cedreni, Gregorii, Synopsis historiarum. Bonnae, 1838. Vol. 1.

De ceremoniis aulae Byzantinae libri II Constantini VII Porphirogeniti. Bonnae 1828-1830.

Сюзюмов, М. Я. Византийская книга эпарха. М. 1962.

Codinii, Georgii Excerpta /Ed. Bekkeri,I. Bonnae,1843; Verpeaux, J. Pseudo-Codinos, Traite des offices. P., 1966.

Constantine Porphyrogenitus. De administrando imperio. / Ed. Gy. Moravcsik; Jenkins,R.I.H., Budapest, 1949.

Cecaumeni, Strategicon, et incerti scriptoris de officiis regiis libelus, ediderunt B. Wassilewski, V. Jernsted, accredit exemplum codicis phototypicum, Petropoli, typis academiae caesareae scientarum, MDCCCLXXXVI,

Chronice di Ragusa, opera di Ggiugno Resti ed. S. Nodilo, Zagrabiae

Кулаковсий, Ю. Военивый лагерь византийцев в X в. // BB. 1903.Т. 10

Лев Диакон, История, превод : Копыленко М. М, статия : Сюзюмова М. Я. , коментарий : Сюзюмова М. Я. , Иванова С. А. Издательство наука, Москва, 1988.

Monumenta Germaniae historica, inde ab anno Christi quingentisimo usque ad annum milesimum et qungentisimo, auspiciis Societatis aperiendis fontibus rerum germanicorum medii avei ed. Georgius Henricus Pertz scriptorium t. xvl, Hannoverae, impensis bibliopoli MDCCCLVIIII.

Mošin, V., Ljetopis popa Dukljanina, Zagreb,1950

Michel Psellos, Chronographie I - II, ed. E. Renauld, Paris, 1926, 1928

Michaelis Attaliotae, Historia, ed. J. Bekkero, Bonnae, 1853

Nikiphoros Phokas, Der bleiche Tod der Sarazenen, und Johannes Tzimiskes. Die Zeit von 959 bis 976 in der Darstellung des Leo Diakonos / Übers. Von F. Loreto. Graz; Wien; Kőln , 1961.

Nicephori Phocae De velitatione bellica //Leo Diaconis.

Noaille P. ; Dain, A. Les nouvelles de Leo VI le P., 1944.

Petit, L. Office inédit en l`honneur de Nicephore Phocas // BZ. Psellos.

Chronographie, / Ed. Renauld,E., P. 1926.

Nicephori Bryennii, Historia, ed. A. Meineke, Bonnae, 1836.

Oikonomides, N. *Les Listes de preseance Byzantines,* Paris, 1972

Повесть временых лет, Санкт- Петрбург, 1996,

Розен, *Извлечения изъ Летописи Яахъи Антиохискаго* Theophanis Chronographia / Ed. C.de Boor. Lipsiae, 1883.

Theophylacti, Simpcattae Historia / Ed. C.de. Boor. Lipsiae,1887.

## *ЛИТЕРАТУРА:*


Анастасиевић, Д., Лев Дякон о годе отвоевания Цимисхием Болгарии от русских, Seminarium Kondakovianum III (1929), p. 1-4.

Anastasiević, D., La chronologie de la guerre russe de Tzimiscės, Byz. VI (1931), p. 337-342.

Атанасиевич, Д., Царский год в Бизантии, Sminarium Kondakovia XI (1940), p. 147-200.

Антолјак С., Самуиловата држава, Скопје 1969.

Антолјак С., Средновековна Македонија, том први, Мисла, Скопје, 1985

Ангелов Д., Чолпанов Б., Българска военa история през средновековието / X – XV век /, издателство на Българската Академия на науките, София, 1994,

Аџиевски К., Пелагонија во средниот век (од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт), Скопје, 1994.

Ангелова - Панова, М, Богомилството во духовната култура на Македонија, Скопје, 2004

Атанасовски А., Влијанието на Русија во создавањето на самуиловата држава и црковно – дипломатските врски на Самуил со Киевска Русија 527 – 532.

Атанасовски А., Саракински В., Кои биле комитопулите и од кого отпаднале, Самуиловата држава во историската, воено - политичката, духовната и културната традиција на Македонија, Завод за заштита на споменициte на културата и музеј - Струмица, 2015,

Атанасовски А., Македонија и Црна Гора у средњем веку, Матица часопис задруштвена питања, науку и културу, бр. 65, Цетиње, Подгорица, 2016

Атанасовски А., За некои недоречености во средновековната историогафија и потребата за нивно корегирање, Зборник 70 години институт за национална историја, 70 години македонска историографија, зборник на трудови од научната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 во Скопје, УКИМ/ФЗФ, 2017,

Благоев. Н. П., Критичен поглед върху известията на Лъв Дякон за българите. Македонски преглед VI (1930), 1 стр. 25-48, 155; 2, стр. 23-40, 161.

Boneff, N., L` Ėclipse totale de solei du 24 novembre et 29 l`ere moderne, ГСУФМФ(1948-1949), p.93 – 110.

Бек, Ханс, Георг, Цутеви византијске књижевности, Београд, 1967,

Божилов, Ив. Към въпроса за византийското господство на Долния Дунав в крае на X век, Софя т. II, 1970.

Божков, А., Миниатюри от мадридския ръкопис на Йоан Скилица, София, 1972.

Божилов, И, Анонимът на Хазе, София, 1979.

Бухвалд, В. Холвег, А., Принц, О., Речник грчких и латинских писаца антике и средњег века, Тускулум лексикон превео А. Вилхар, Београд 1984.

Басотова, Љ, Летописот на попот Дукљанин како извор на историјата на македонскиот народ, Споменици за средновековната и поновата историја на македонскиот народ, т. V, Прилеп 1988.

Бошкоски, М, Македонија во XI и XII век, надворешни упади на територијата на Македонија, Скопје 1997.

Божилов, И, Гюзелев, В. *История на средновековна България*, VII - XIV век, София, 1999.

Бошкоски, М. Имињата Македониа и Македонци во средновековните извори, Скопје, 2003.

Бошкоски, М, Великаните на македонскиот среден век, книга 1, Скопје 2007.

Белчовски Ј., Совети и раскази од Кекавмен, Македоника Литера, Скопје 2015

Vasilev, A. A., The second Russian Attack of Cinstantinople, Dumbarton Oaks paper VI (1951) p. 160 - 225.

Gombocz, Z., Die bulgarische Frage und die ungariche Hunnensage.-Ungarisce Jarbűcher, 1-3 (1921), 194- 204.

Grumel, V. La Chronologie, Paris, 1958.

Dolger, Franc., Die Chronologie des grossen Feldzuges des Kaizeres Iohannes Tzimiskes gegen die Russen, BZ XXXII (1932), p. 275-292.

Димитров, Х, Българо-унгарски отношения през средновековието, София, 1998.

Живковић, Т.  Јужни Словени под византиском влашћу, Београд, 2002.

Живковиќ Т., Поход бугарског цара Самуила на Далмацију

Златарски, В. Н., История на българската държава през средните векове, том 1/ч. 2 София 1970.

Иречек, К., История на българите, Поправки  и  добавки на самия автор, Софя 1939 стр.102

Историја Црне Горе I (група автори), Титоград 1967.

Историја на македонскиот народ, книга прва, Скопје, 1969.

Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972.

*История на България*, том втори, първа българска държава, София, 1981,

Историја на македонскиот народ,  т., 1, (под редакција на Б. Панов), Скопје 2000.

Историја на македонскиот народ, (кратка историја, дел: М.Б. Панов), Скопје, 2008.

Krumbacher, K., Geschchte der  Buzantinischen Litteratur , München 1897; p. 266-269.

Карвишковский, П., Русско-болгарские отношенияа во время балканских войн Свяатислава, Вопросы истории 1951, 8,стр. 101-105.

Карвишковский, П., О хронологии русско- византийской войны при Свяатославе, ВВр. V (1952), стр. 127-138.

Карвишковский, П., Балканские бийны Свяатослава в византийской исторической литературе ВВр. VI (1953), стр. 36-71

Каждан, А. П., Из истирии византийской хронографии X в. 2. Источники Льва Диакона и Скилицы для истории третьей четверти X stoletix, ВВр. 1961, стр. 106-128.

Карвишковский, П., К истории балканских походов Руси при Светославе, АН СССР, Институт Славяноведения, Краткие сообщтения XIV (1955) стр. 26-30.

Klajić N., Povest Hrvata

Munkachi, B, Die Urheimat der Ungarn.-Keleti Szemle, 6, (1905), 185-222

Мутафчиев, П. Русско-болгарские отношения при Святославе, Seminarium Kondakovianum IV (1931), p. 77-94.

Мутафчиев, П., Маждарите и българско-византийските отношения през третата четврт на X в., ГСУИФФ, XXXI, 8, (1935), стр. 18, бел 1.

Moravscik, Gyla, Byzantinoturcica, I Die byzantinishen quelle der geschichte der tũrkvolkvlker; II Sprachreste der Turkvfolker in den byzantinischen Quellen Budapest, 1942, 1943, Ново издање 1958.

Молинген - Лероа А., Синовите на Петар бугарски и Комитопулите, Зборник Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на самуиловата држава, Скопје, 1973, ....63

Острогорски, *Г.* Византија и киевска кнегиња Олга, Сабрана дела књига 4, 1970,

Острогорски, Г. Киевски кнез Владимир и Византија, *Сабрана дела* књига 4, 1970,

Оболенски, Д, Византиски комонвелт, Београд 1991.

Острогорски, Г., Историја на Византија, Скопје,1992.

Панов Б., Средновековна Македонија од македонската средновековна историја том трети, Мисла, Скопје, 1985

Прокић Б., Постанак једне словенске царевине у Маћедонији у X веку, Глас Српске краљевске Академије, (СКА), LXXVI, Београд, 1908.

Прокић, Б, Јован Скилица као извор за најстарију историју македонских Словена, Глас САН 84 (1910) 61- 156.

Петров, П., Образуване и укрепване на Западната българска държава, ч. 1. Към хронологияата на периода 966-986. ГСУФИФ, т. LIII, 2 (1960), стр. 135 - 188.

Петров, П., Към вьпроса за образуването набългатската држава, Славйанска филология, 5, 1963.107-108.

Полевой, Н, История руского народа, собрание сочинаний в трех томах, шести книгах, (1829), том 1, Москва 1997.

Пириватић, Самуилова држава, 1998.

Пулески Ѓ., Славјано-македонска општа историја

Runciman, St. History of first Bulgarian empire, London 1930, p. 303.

Саскин, С.Д., Гутова, Е.В., Данаилов, А.И., Левицки, Ј. Истоија на средниот век, т. 1. Скпје, 1970.

Сахаров, А. Н., *Дипломатия Святослава*, Международные отношения, Москва 1982.

Сюзомов, М, *Об источниках Льва Дякона и Скилицы, Византйское* обозрение II (1916) Москва 1988, стр. 106-166.

Стојчев, В., Воена истоија на Македонија, Скопје, 2000

Станковић, Влада, *Цариградски патријарси и царевимакедонске династије*, Београд, 2003,

Tapkova-Zaimova, Vasilka, Les Frontieres occidentals, des territories conquis par Tzimitsces

Ташковски, Д, Самуиловото царство, Скопје 1961.

Томовски Т., Македонија низ вековите, градови, тврдини, комуникации, Матица македонска, Скопје, 1999,

H. Vambéry, Der Urspung der Magyaren, Ein ethnologische Studie, Leipzig, 1882.

Cankova - Petkova, G., Bulgarians and Byzantium during the first decades after the foundation of Bulgarian State, Bsl. XXIV, 1, 1963, p. 52-53.